Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 243, 2 декември 2019 година

декември 2019 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

## С О Д Р Ж И Н А


**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИРУСИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................5**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................24**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................49**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО – НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ОПШТА СОЦИОЛОГИЈА И СОЦИОЛОГИЈА НА ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП .70**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ - ГЕРМАНИСТИКА И ПРЕВЕДУВАЊЕ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................89**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................106**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕАТРОЛОГИЈА (СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА И ТАНЦИ - СОВРЕМЕН ТАНЦ НА ФИЛМСКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................128**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ БАНКАРСТВО И ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........................................................138**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ТЕХНОЛОГИЈА И ОБРАБОТКА НА МЕТАЛИ И АЛАТНИ МАШИНИ И ЕЛАСТИЧНОСТ И ПЛАСТИЧНОСТ, РЕОЛОГИЈА, НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..................140**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХЕМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................153**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНАТОМИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................162**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ / НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НЕФРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................165**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................182**

**Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КИНЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........................................................189**

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ....................203

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ„ СОВРЕМЕНИ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМИ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈА (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - ПРАКТИКУМ” ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ВОН. ПРОФ. ДР. МАРИЈА МАГДИНЧЕВА-ШОПОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ....................227

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ„ СОВРЕМЕНИ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМИ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈА (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - СКРИПТА” ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ВОН. ПРОФ. ДР. МАРИЈА МАГДИНЧЕВА-ШОПОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ....................229

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА РАКОПИСОТ - УЧЕБНИК „ УПРАВУВАЊЕ НА ИТ ПРОЕКТИ “ ОД АВТОРИТЕ ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ, ВОН. ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ЗДРАВЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ....................233

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ - ПРАКТИКУМ „ УПРАВУВАЊЕ НА ИТ ПРОЕКТИ “ ОД АВТОРИТЕ ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ, ВОН. ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ЗДРАВЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ....................235

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА РАКОПИСОТ - СКРИПТА „ АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ “ ОД АВТОРИТЕ ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ, ВОН. ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ЗДРАВЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ....................237

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА РАКОПИСОТ - СКРИПТА „ ПРИМЕНЕТО СОФТВЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО ТЕХНИЧКИТЕ НАУКИ “ ОД АВТОРИТЕ ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ И ДОЦЕНТ Д-Р ДАЛИБОР СЕРАФИМОВСКИ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА И ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ....................240

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА РАКОПИСОТ НА ПРАКТИКУМ ПО ПРЕДМЕТОТ „ГЕОМЕХАНИКА“ ОД ДОЦ. Д-Р ЃОРГИ ДИМОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ....................242

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА РАКОПИСОТ „КЛИНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ – ИНТЕРНИСТИЧКИ АСПЕКТИ НА ПРЕГЛЕД НА АДУЛТЕН БОЛЕН” ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ГОРДАНА КАМЧЕВА И ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ВАВЛУКИС, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ....................245

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФИЗИКА НА ЗЕМЈАТА” ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р БЛАГИЦА ДОНЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ....................248

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФИЗИКА НА ЗЕМЈАТА (ПРАКТИКУМ)” ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р БЛАГИЦА ДОНЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ....................252

МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ ....................255

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИРУСИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1302-208/6 од 13 ноември 2019 година, донесена на 171 седница на Наставно - научниот совет на Земјоделскиот факултет, одржана на 13 ноември 2019 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област Вируси на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- Проф. д-р Саша Митрев, редовен професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип (претседател),
- Проф. д-р Душан Спасов, редовен професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип (член),
- Проф. д-р Љупчо Михајлов, редовен професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип (член).

На конкурсот, објавен на 9 октомври 2019 година во дневните весниците „Слободен печат“ и „Коха” за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област Вируси (40204) на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во предвидениот рок се пријави само кандидатката **д-р Емилија Арсов**, во звање доцент во наставно-научната област Вируси.

После внимателно разгледување на пријавата на кандидатката која е комплетна и навремено доставена, со уредно подредена документација:

- Диплома за одбранета докторска дисертација (еден примерок оригинал и три копии заверени на нотар);
- Уверение за положени испити од прв, втор и трет циклус на студии;
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Список на објавени научни и стручни трудови (примероци од трудовите во оригинална форма се прикачени и одобрени во базата на УГД е-репозиториум);
- Доставена по една копија од трудовите;
- Доставена копија од монографиите;
- Доставено копија и линк до репозиториум од рецензирани и објавени учебни помагала за студентите од прв циклус на студии за Земјоделски факултет;
- Доставено копија и линк до репозиториум од рецензиран практикум за студентите од прв циклус на студии за Земјоделски факултет – студиска програма фитомедицина;
- Одлуки за менторство на прв и втор циклус на студии (потврда за наставно образовната дејност)
- Уверение за странски јазик (оригинал);
- Примерок од докторскиот труд (оригинал);
- Уверение за државјанство (оригинално, не постаро од 6 месеци);
- Сертификати од обуки, семинари, работилници и конференции (оригинал);
- Одлуки и Решенија за членство во Факултетски комисии;
- Решение за избор во доцент;
- Решенија за избор / реизбор во продекан за настава.

До Наставно - научниот совет на Земјоделскиот факултет го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Емилија Арсов** е родена на 27 јули 1981 година во Штип, каде завршила основно и средно медицинско образование (струка: забен техничар). Во академската 1999/2000 година се запишала на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, на Институтот за биологија, наставна насока. Дипломирала прва во својата генерација и во 2005 година се здобила со звањето дипломиран професор по биологија.

Веднаш после дипломирањето, кандидатката во учебната 2005/2006 година запишува втор циклус на студии на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" – Скопје, на Институтот за биологија. Сите предвидени испити, според програмата ги положила со просечна оценка 9,63 и го изработува магистерскиот труд со наслов „Фитоплазмите како причинители на жолтило кај виновата лоза (*Vitis vinifera* L.) во Република Македонија, под менторство на Проф. д-р Саша Митрев, и се здобила со научно звање магистер по биолошки науки, со посебен акцент на заштитата на виновата лоза со примена на современи молекуларни методи.

Во однос на истражувачките активности на кандидатката, после дипломирањето и запишувањето на последипломски студии, од 2005 г. започнала да волонтира во ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури, во Одделението за заштита на растенијата во Штип, под раководство на Проф. д-р Саша Митрев. Активно била вклучена во извршување на сите тековни активности во лабораторијата за заштита на растенијата.

На 25.8.2006 год. била избрана во звање помлад асистент во ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури, Струмица, во Одделението за заштита на растенијата во Штип. Со Одлука за започнување со работа на Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип, од 01.09.2007 г. кандидатката била вработена како помлад асистент на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

На 25.08.2009 г. кандидатката се избира во звање соработник – асистент за наставно - научната област Фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

На 26.12.2012 г. кандидатката се избира во соработник во научно звање асистент за научната област Фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" Штип.

Како продолжување на долгогодишното научно истражувачко искуство во областа на заштитата на растенијата, во учебната 2011/12 година, кандидатката се запишува на трет циклус на студии – докторски студии на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, студиска програма: заштита на растенијата. Докторира во учебната 2014/15 г. (24.11.2014) на тема *„Флоемски ограничени патогени кај виновата лоза во Република Македонија"* под менторство на Проф. д-р Саша Митрев, и се стекнува со научен назив Доктор на биотехнички науки – заштита на растенијата. Оваа докторска дисертација била прва по новата акредитирана студиска програма – студии на трет циклус на Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип.

Со Одлука бр. 1302-120/4 од 05.05.2015 година до денес, кандидатката е избрана во наставно научно звање доцент од областа Вируси (40204) на Катедра за заштита на растенијата и животната средина при Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. **Доцент од научната област во која се избира:**

Кандидатката **д-р Емилија Арсов** е доктор на биотехнички науки. Јавно ја брани докторската дисертација на 24.11.2014 г. на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип, на тема *„Флоемски ограничени патогени кај виновата лоза во Република Македонија"* под менторство на Проф. д-р Саша Митрев, и се стекнува со научен назив Доктор на биотехнички науки – заштита на растенијата. Со Одлука бр. 1302-120/4 од 05.05.2015 година, кандидатката е избрана во наставно научно звање ***доцент*** за областа Вируси (40204) на Катедра за заштита на растенијата и животната средина при Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип.

2. **Објавени најмалку шест научно истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:**

| Бр. | Автор/и | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Bojkov, Gligor and Mitrev, Sasa and **Arsov, Emilija** (2019) . | Impact of ampelotechnical measures in the grapevine protection from occurrence of grey mould (Botrytis cinerea) (full paper) | Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS. pp. 29-41. ISSN 2545-4447 | 2017 |
| 2 | Mitrev, Sasa and **Arsov, Emilija** (2019) | First report of health condition of potato samples from border crossings in the Republic of North Macedonia. | 2nd International Meeting Agriscience & Practice. | 2018 |
| 3 | **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2019) | One Step Real Time Polymerase Chain reaction using for detection of Plum Pox Potyvirus. | 2nd International Meeting Agriscience & Practice. | 2018 |
| 4 | **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2019) | Phytoplasma infection causes physiological changes in systemic pepper leaves. | 2nd International Meeting Agriscience & Practice. | 2018 |
| 5 | Donev, Ivan and Mihajlov Ljupco and **Arsov Emilija** and Mitrev Sasa (2018) | Agroecological conditions for growing some hybrids of sunflower in Ovche Pole region. | In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018). | 2018 |
| 6 | Zdravev, Zoran and **Arsov, Emilija** and Trajkova, Fidanka and Mitrev, Sasa (2018) | Implementation of modern it tools in agricultural practice. | 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018). | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Tuckovska, Biljana and **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2018) | Study of stolbur phytoplasma on wine grapevine variety in the Republic of Macedonia. | 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018). | 2018 |
| 8 | **Arsov, Emilija** and Ivanova, Galina and Mitrev, Sasa (2017) | Multigene characterization of 'Candidatus phytoplasma solani' in pepper and tomato plants in the Republic of Macedonia. | Journal of Agriculture and Plant Sciences, 15 (1/2). pp. 7-15. ISSN 2545-4455 | 2018 |
| 9 | Karov, Ilija and **Arsov, Emilija** (2017) | Present status of *Zymoseptoria tritici* (Mycospharella graminicola /Fuckel/ Schroter) of the wheat cultures in the Republic of Macedonia. | Agricultural Science and Technology, 9 (3). pp. 227-229. ISSN 1313-8820 | 2009 |
| 10 | **Arsov E.,** Mitrev S., Karov I. (2015) | Occurrence of grapevine leafroll-associated virus complex in the Republic of Macedonia (full paper). | Agricultural Science and Technology, 7 (4). Pp. 455-460. ISSN 1313-8820 | 2009 |

**Или три научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години:**

| **Бр.** | **Автор/и** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Импакт фактор** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ivanova, Galina and Mitrev, Sasa and **Arsov, Emilija** (2017) | New evidence for the stolbur phytoplasma development in pepper in Republic of Macedonia | Comptes rendus de l'Acade'mie bulgare des Sciences, 70 (11). pp. 1609-1616. ISSN 2367-5535 | **0.233** |
| 2 | Arsova J., **Arsov E.,** Mitrev S. (2017) | Present status of Fire Blight Caused by *Erwinia amylovora* on Quince Trees in the Republic of Macedonia. | VEGETOS: An International Journal of Plant Research, 30 (2). ISSN 2229-4473 | **0.18** |
| 3 | Mitrev S., **Arsov E.** (2016): | Isolation and molecular determination of the fire blight pathogen, *Erwinia amylovora*, isolated from apple trees in the Republic of Macedonia. | Journal of Plant Pathology, 98 (3). pp. 571-574. | **0.45** |
| 4 | Gorgieva B., Karov I., Mitrev S., Markova Ruzdik N., **Arsov E.,** Kovacevik B. (2015): | Correlation and path analysis in sunflower (*Helianthus annuus* L.). | Hellia - International Scientific Journal, 38 (63). pp. 201-2010. ISSN 1018 – 1806. | **0.32** |
| 5 | Markova Ruzdik N., Karov I., Mitrev S., Gorgieva B., Kovacevik B., **Arsov E.** (2015) | Evaluation of sunflower (*Helianthus annus* L.) varieties using multivariate statistical analysis. | Helia, International Scientific Journal, 38 (63). pp. 175-187. ISSN 1018-1806. | **0.32** |

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Првиот избор во звање на кандидатката **д-р Емилија Арсов**, започнал на 25.8.2006 год. кога била избрана во звање помлад асистент во ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури, Струмица, во Одделението за заштита на растенијата во Штип.

Со Одлука за започнување со работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, од 01.9.2007 г. кандидатката била вработена како помлад асистент на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во време на основањето на Универзитетот кандидатката започнува со настава – практични вежби по предметот Растително производство.

На 25.8.2009 г. кандидатката се избира во звање соработник – асистент за наставно - научната област Фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На 26.12.2012 г. кандидатката се избира во соработник во научно звање асистент за научната област Фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

Во периодот на двата избора за асистент во наставно-научната област Фитопатологија, кандидатката активно учествувала во практичната лабораториска и теренска настава со студентите во Наставните центри во Штип, Струмица, Кавадарци и Свети Николе.

Од 5 мај 2015 година до денес, кандидатката е избрана во наставно-научно звање доцент од областа Вируси (40204) на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина при Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип. Во текот на овој период, кандидатката остварила плодна педагошка наставно-образовна дејност со изведување на настава на **прв циклус на студии** за предметите: Фитопатологија (3+2+2, 8 ЕКТС), Заштита на овошките и виновата лоза (стара програма 2+2+1, 6 ЕКТС), Заштита на виновата лоза (нова програма 2+2+1, 6 ЕКТС), Вирологија (2+2+1, 6 ЕКТС), Анатомија и физиологија на болните растенија (2+1+1, 4 ЕКТС).

Освен на Земјоделскиот факултет, кандидатката д-р Емилија Арсов била активно вклучена и во реализација на наставата на заедничката студиска програма Прехранбена технологија со Техничко-технолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за предметот Заштита при работа во лабораторија (2+1+1, 4 ЕКТС).

Кандидатката во наставната дејност се јавува и како координатор на студиската програма Биологија (Решение од страна на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со број 0801-1002/1 од 21.11.2018), која до уписна академска година 2019/20 се реализираше на Факултетот за Природни и технички науки како заедничка студиска програма, а по новата акредитација е под менторство на кандидатката но под Земјоделски факултет (академска година 2019/20).

Д-р Емилија Арсов како предметен професор учествува во реализација на електронскиот испит и компјутерското тестирање на Универзитетски изборен предмет – Заштита на животната средина, кој предмет секој парен семестар има избор од повеќе од 600 студенти на ниво на Универзитетот.

Од целокупната наставно-образовна дејност во периодот од 2015 до изборниот период 2019, кандидатката била ментор на повеќе од 20 дипломски трудови.

Освен на прв циклус, својот труд и внимание кандидатката го посветува и на студентите од **втор циклус на студии** запишани на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, студиска програма Фитомедицина со своите базични предмети: Вирологија, Анатомија и физиологија на болните растенија, Молекуларна биологија, Лабораториска практика 1.

Со Решение за акредитација на ментор на студентите на втор циклус на студии од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, д-р Емилија Арсов има

право да биде ментор на најмногу 12 кандидати годишно, кои изработуваат магистерски трудови на втор циклус на студии.

Во текот на периодот од 2015 до 2019 год., д-р Емилија Арсов има успешно реализирано менторство на втор циклус на студии на неколку кандидати (вкупно 4 кандидати од кои 1 кандидат е веќе магистер а останатите 3-ца се пред одбрана).

После изборот во звање доцент, кандидатката со Одлука број 1302-219/3 од 18.09.1015 била избрана за Продекан за настава на Земјоделски факултет во период од четири години.

Со Одлука број 1302-166/4 од 25.09.2019 година, д-р Емилија Арсов повторно е избрана за уште еден мандат за Продекан за настава на Земјоделски факултет, и според новиот закон за високо образование избрана е за период од три години (2019-2022).

Во текот на нејзината плодна наставна и образовна дејност, д-р Емилија Арсов има активности околу изработка на флаери и брошури за новите и идните студенти, како и организирање на отворени промотивни денови, обезбедување на стипендии за прв циклус на студии – ослободување од школарина.

Во координација секогаш со студентите, нивните потреби и идеи, д-р Емилија Арсов учествувала во организација и прво учество на студентскиот натпревар Агрономијада 2019, со тенденција учеството да премине во традиција.

Во периодот од 04. - 08.12.2017 г., д-р Емилија Арсов има обавено и предавања во рамките на ЕРАЗМУС стипендиски престој на наставници на Софискиот Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Софија, Република Бугарија.

Кандидатката д-р Емилија Арсов во периодот од 2015 до 2019 година, има објавено 21 научни публикации, во списанија со фактор на влијание (импакт фактор – вкупно 5), како и научни публикации презентирани на меѓународни конференции и советувања (вкупно 16):

1. Bojkov, Gligor and Mitrev, Sasa and **Arsov, Emilija** (2019) Impact of ampelotechnical measures in the grapevine protection from occurrence of grey mould (*Botrytis cinerea*) (full paper). Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS. pp. 29-41. ISSN 2545-4447
2. Mitrev, Sasa and **Arsov, Emilija** (2019) First report of health condition of potato samples from border crossings in the Republic of North Macedonia. In: 2nd International Meeting Agriscience & Practice.
3. **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2019) One Step Real Time Polymerase Chain reaction using for detection of Plum Pox Potyvirus. In: 2nd International Meeting Agriscience & Practice.
4. **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2019) Phytoplasma infection causes physiological changes in systemic pepper leaves. In: 2nd International Meeting Agriscience & Practice.
5. Donev, Ivan and Mihajlov, Ljupco and **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2018) Agroecological conditions for growing some hybrids of sunflower in Ovche Pole region. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).
6. Mitrev, Sasa and Kovacevik, Biljana and **Arsov, Emilija** (2018) Detection of Pectobacterium carotovorum subsp. carotovorum, bacterial stalk and heat rot disease on sunflower seeds. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).
7. Manevska, Kristina and **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2018) Xylella fastidiosa – possible threat in production of grapevine and olive trees in the Republic of Macedonia. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).
8. Bojkov, Gligor and **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2018) Impact of ampelotechnical measures in the grapevine protection from occurrence of grey mould (Botrytis cinerea). In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).
9. Zdravev, Zoran and **Arsov, Emilija** and Trajkova, Fidanka and Mitrev,

Sasa (2018) Implementation of modern it tools in agricultural practice. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).
10. Tuckovska, Biljana and **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2018) Study of stolbur phytoplasma on wine grapevine variety in the Republic of Macedonia. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).
11. Ivanova, Galina and Mitrev, Sasa and **Arsov, Emilija** (2017) New evidence for the stolbur phytoplasma development in pepper in Republic of Macedonia. Comptes rendus de l'Acade'mie bulgare des Sciences, 70 (11). pp. 1609-1616. ISSN 2367-5535
**12.** **Arsov, Emilija** and Ivanova, Galina and Mitrev, Sasa (2017) *Multigene characterization of 'Candidatus phytoplasma solani' in pepper and tomato plants in the Republic of Macedonia.* Journal of Agriculture and Plant Sciences, 15 (1/2). pp. 7-15. ISSN 2545-4455
13. Karov, Ilija and **Arsov, Emilija** (2017) Present status of Zymoseptoria tritici (Mycospharella graminicola /Fuckel/ Schroter) of the wheat cultures in the Republic of Macedonia. Agricultural Science and Technology, 9 (3). pp. 227-229. ISSN 1313-8820
14. Arsova J., **Arsov E.,** Mitrev S. (2017): *Present status of Fire Blight Caused by Erwinia amylovora on Quince Trees in the Republic of Macedonia.* VEGETOS: An International Journal of Plant Research, 30 (2). ISSN 2229-4473
15. Mitrev S., **Arsov E.** (2016): *Isolation and molecular determination of the fire blight pathogen, Erwinia amylovora, isolated from apple trees in the Republic of Macedonia.* Journal of Plant Pathology, 98 (3). pp. 571-574.
**16.** **Arsov (Kostadinovska) E.,** Mitrev S., Rusevski R., Karov I., Dimovska V. (2015): Presence of Grapevine leafroll associated virus in the vineyards in the Republic of Macedonia. Yearbook, Faculty of Agriculture, Goce Delcev University, 13 (1). pp. 5-25. ISSN 1857-8608
**17.** **Arsov (Kostadinovska) E.,** Mitrev S., Karov I. (2015): *Occurrence of grapevine leafroll-associated virus complex in the Republic of Macedonia (full paper).* Agricultural Science and Technology, 7 (4). pp. 455-460. ISSN 1313-8820
18. Gorgieva B., Karov I., Mitrev S., Markova Ruzdik N., **Arsov (Kostadinovska) E.,** Kovacevik B. (2015): *Correlation and path analysis in sunflower (Helianthus annuus L.).* Hellia - International Scientific Journal, 38 (63). pp. 201-2010. ISSN 1018 – 1806.
19. Markova Ruzdik N., Karov I., Mitrev S., Gorgieva B., Kovacevik B., **Arsov (Kostadinovska) E.** (2015) *Evaluation of sunflower (Helianthus annus L.) varieties using multivariate statistical analysis.* Helia, International Scientific Journal, 38 (63). pp. 175-187. ISSN 1018-1806.
20. Boev B., Stefanova V., Lazarova M., **Arsov (Kostadinovska) E.,** Mitrev S. (2015): *SEM Analysis of Placer Gold Deposits from Eastern Macedonia.* In: 3rd Croatian Microscopy Congress, 26-29 Apr 2015, Zadar, Croatia.
21. Boev B., Mitrev S., **Arsov (Kostadinovska) E.**, Lazarova M. (2015) *SEM analyses of minerals from Allchar deposite - Republic of Macedonia.* In: 3rd Croatian Microscopy Congress, 26-29 Apr 2015, Zadar, Croatia.

**Објавени монографии**

1. Mitrev Sasa, **Arsov Emilija** (2018) *Presence of fire blight in apple, pear and quince in the Republic of Macedonia.* **LAP LAMBERT Academic Publisher**. ISBN 978-613-9-86479-3
**2.** **Arsov Emilija**, Mitrev Sasa (2016) *Phloem Limited Pathogens of Grapevine in the Republic of Macedonia.* **LAP LAMBERT Academic Publishing**. ISBN 978-3-659-82658-0
3. Mitrev Sasa, **Arsov Emilija**, Kovacevik Biljana, Spasov Dusan (2017) *Integrated pest management (IPM).* ISBN 978-608-244-480-2.

**Скрипти објавени во е-библиотека за студентите на УГД**

1. Митрев Саша, **Арсов Емилија** (2018) *Бактериологија - практикум.* ISBN ISBN 978-608-244-594-6. (рецензирано практично лабораториско помагало)
2. **Арсов Емилија,** Митрев Саша (2017) *Заштита при работа во лабораторија.* ISBN 978-608-244-363-8. (рецензирана скрипта)
3. **Арсов Емилија,** Митрев Саша (2017) *Анатомски и физиолошки промени кај болните растенија - скрипта.* ISBN 978-608-244-426-0. (рецензирана скрипта)
4. Митрев Саша, **Арсов Емилија** (2017) *Бактериологија - скрипта.* ISBN 978-608-244-457-4. (рецензирана скрипта)
5. Митрев Саша, **Арсов Емилија** (2015) *Заштита на животната средина - скрипта.* ISBN 978-608-244-156-6. (рецензирана скрипта)
6. Митрев Саша, **Арсов Емилија** (2015) *Практикум по фитопатологија.* ISBN 978-608-244-158-0. (рецензирано практично лабораториско помагало)

Во текот на периодот од 2015 до 2019 година, кандидатката активно учествувала во 6 научно истражувачки проекти, од кои 4 домашни проекти, еден ЕРАЗМУС проект (*Developing OER and Blended Modules for Agriculture and Rural Development, Erasmus+ KA202 Project.*) каде зема учество како главен асистент на проектот. Од овој проект активно произлегле неколку монографии, прирачници и update на web страна за заштита на растенијата – база на податоци (http://obp.ugd.edu.mk/) – web и мобилна апликација, како и агрохемиски калкулатор за ѓубрење (https://play.google.com/store/apps/details?id=com.kalkulator.agrohemiski) – мобилна апликација.

Координатор од македонска страна на еден билатерален проект за вмрежување во рамките на COST акцијата (*EuroXanth: Integrating science on Xanthomonadaceae for integrated plant disease management in Europe.* [Project] COST Project).

Во прилог наведени научно-истражувачките проекти во кои д-р Емилија Арсов, земала активно учество:

1. Mitrev Sasa, **Arsov Emilija**, Kovacevik Biljana, Arsova Julijana, Donev Ivan, Manevska Kristina, Gligorova Monika, Petkovski Mario, Risteska Simona (2017) *Multidisciplinary approach to the production of new varieties of sunflower.* [Project] – учесник
2. Mitrev Sasa, **Arsov Emilija**, Rusevski Rade, Kovacevik Biljana, Arsova Julijana, Gligorova Monika, Manevska Kristina (2017) *Study of plum pox potyvirus disease of stone fruits in the Republic of Macedonia.* [Project] – учесник
3. Taleski Vaso, Boev Blazo, Mitrev Sasa, Mirakovski Dejan, Zdravkovska Milka, **Arsov Emilija**, Dimitrova Marija, Kebakoska Sara, Stefanoska Glorija, Jusufovski Emilijan, Mitev Kiril (2017) *Изолација и идентификација на бактерии од рудниците Алшар и Саса Isolation and identification of bacteria from mines Alshar and Sasa.* [Project] – учесник
4. **Arsov Emilija**, Mitrev Sasa (2016) *EuroXanth: Integrating science on Hanthomonadaceae for integrated plant disease management in Europe.* [Project] – координатор од македонска страна
5. Zdravev Zoran, Mitrev Sasa, Zlatkovski Vasko, **Arsov Emilija**, Trajkova, Fidanka, Spasov Dusan, Mihajlov Ljupco, Balabanova Biljana, Kovacevik Biljana, Koleva Gudeva Liljana, Gulaboski Rubin (2015) *Developing OER and Blended Modules for Agriculture and Rural Development, Erasmus+ KA202 Project.* [Project] – главен асистент на проектот
6. Karov Ilija, Mitrev Sasa, Kovacevik Biljana, **Arsov Emilija** (2015) *Патогени габи на пченицата и јачменот во Република Македонија и можности за заштита.* [Project] – учесник

**Кратка евалуација на издавачката дејност на кандидатката д-р Емилија Арсов, за периодот од 2015 до 2019 г. - објавени учебни помагала, практикуми, како и трудови објавени во списанија со импакт фактор, во меѓународни списанија и меѓународни стручни публикации:**

**Докторска дисертација:**

1. **Емилија Арсов:** „*Флоемски ограничени патогени кај виновата лоза*“, докторска дисертација, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, ноември 2014 г. (интерен ментор: Проф. д-р Саша Митрев, редовен професор, Земјоделски факултет Универзитет „Гоце Делчев“ Штип и екстерен ментор Проф. д-р Раде Русевски, редовен професор, Факултет за Земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј, Скопје)

Во својата докторска дисертација, кандидатката д-р Емилија Арсов навлегла длабоко во едно ново истражување во нашата земја, а тоа било дијагностицирање на група на флоемски микроорганизми (фитоплазми и вируси), кои го населуваат спроводниот систем кај виновата лоза. Широко и комплексно повеќегодишно истражување (2008-2013 г.), во кое се опфатени 27 лозарски единици од 17 локалитети на ниво на нашата територија. Покрај теренските анализи, постојаната комуникација со одгледувачите на лозовите насади, во текот на истражуваниот шестгодишен период, вкупно биле анализирани 766 примероци од винова лоза со симптоми од фитоплазматско потекло, 40 изолати од фитоплазматска инфекција кај околната вегетација, како и 382 изолати од вирусна симптоматологија кај виновата лоза. Анализите биле направени со најсовремени молекуларни испитувања, со цел да се дијагностицираат причинителите на болести кај лозата за да може агрономите и производителите на терен да бидат информирани точно и навремено за примена на соодветните мерки за заштита. Докторската дисертација на кандидатката, претставува едно оригинално научно дело со огромен практичен допринос во производството на винова лоза, а од таму и добивање на квалитетно и брендирано македонско вино. Од ова поле на истражување се отвораат нови хоризонти и правци во заштитата на растенијата, и на оваа дисертација се надградуваат нови магистерски истражувања, што значи дека со дисертацијата е отворена можност за понатамошни истражувања.

**Рецензирани учебни помагала (скрипта):**

За потребите на студентите, за полесно совладување на предвидената наставна содржина, кандидатката заедно со стручниот тим од Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, имаат објавено неколку учебни и практични помагала:

1. **Арсов Емилија,** Митрев Саша (2017) *Заштита при работа во лабораторија.* ISBN 978-608-244-363-8. (рецензирана скрипта за студентите на студиска програма Биологија и студиска програма Прехранбена технологија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип)

Оваа рецензирана скрипта објавена во делот на е-библиотека на платформата на УГД, е особено корисно помагало за сите студенти кои сакаат директно да работат во лабораториски услови. По тематски единици, детално е разработен целиот процес од моментот на влез во лабораторија, до практична и рутинска работа.

Овој курс е предвиден по програма само за две студиски програми, меѓутоа со задоволство го изучуваат и редовни и вонредни студенти, и лаборанти во лабораторија, студенти на втор циклус како прирачник за лабораторија, и општо се користи како практично помагало при лабораториска работа.

2. **Арсов Емилија,** Митрев Саша (2017) *Анатомски и физиолошки промени кај болните растенија - скрипта.* ISBN 978-608-244-426-0. (рецензирана скрипта за студентите на студиска програма Фитомедицина, на Земјоделски факултет во Наставните центри во Штип и Прилеп)

Стручна скрипта наменета како продолжување на курсот Фитопатологија, која ги изучува анатомските и физиолошките промени кај растенијата настанати како резултат на патогени причинители на болести кај различни култури. Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во две главни поглавја и тоа: Поглавје 1. Анатомија на болните растенија и Поглавје 2. Физиологија на болните растенија. Со помош на ова учебно помагало, студентите имаат можност да го збогатат своето познавање во областа на фитопатологијата и на лесен и разбирлив начин, со многу практични примери, да можат стекнатото знаење да го применат во пракса.

3. Митрев Саша, **Арсов Емилија** (2017) *Бактериологија - скрипта.* ISBN 978-608-244-457-4. (рецензирана скрипта за студентите на студиска програма Фитомедицина, на Земјоделски факултет во Наставните центри во Штип и Прилеп)

Стручна скрипта наменета како продолжување на курсот Фитопатологија, која ги изучува специфичната група на патогени причинители на болести кај растенијата – фитопатогените бактерии кај различни култури. Рецензираната скрипта е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик, со материја која ѓи опфаќа основни поими од Бактериологијата, конципирани во т.н. општ дел Бактериологија. Со помош на ова учебно помагало, студентите имаат можност да го збогатат своето познавање во дијагностиката на болестите предизвикани од фитопатогените бактерии.

4. Митрев Саша, **Арсов Емилија** (2015) Заштита на животната средина - скрипта. ISBN 978-608-244-156-6 (рецензирана скрипта за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за Универзитетски изборен предмет).

Ракописот е наменет како учебно помагало за сите студенти на ниво на Универзитет, и е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во неколку поглавја и тоа: Прв дел: Вовед, Втор дел: Проблеми со животната средина во земјоделието, Трет дел: Екологија – предмет за изучување и основни поими; Четврти дел: Екосистем, Петти дел: Политички, институционални и технички можности за намалување на уништувањето на ресурсите, Шести дел: Загадување и заштита на атмосферскиот воздух, Седми дел: Поважни компоненти на атмосферскиот воздух и нивно влијание врз живите организми, Осми дел: Децентрализација и зачувување на биоразновидноста, Деветти дел: Кон стратегија за предоминантната биоразновидност во агрокултурниот развој, Десетти дел: Бизнис можности во агробиоразновидноста во агрокултурниот развој.

Поглавјата ги задоволуваат потребите на ниво на сите студиски програми на секоја факултетска единица, и овој предмет опфаќа најголема група на студенти (околу 600 студенти во евиденција за е-тестирање).

**Рецензирани практични помагала (практикум за лабораториски вежби):**

1. Митрев Саша, **Арсов Емилија** (2018) *Бактериологија - практикум.* ISBN ISBN 978-608-244-594-6. (рецензирано практично помагало за студентите на студиска програма Фитомедицина, на Земјоделски факултет во Наставните центри во Штип и Прилеп)

Како надополнување на општиот дел од предметот Бактериологија, и за полесно совладување на практичниот лабораториски дел, практичното помагало Бактериологија е богато со корисни практични лабораториски анализи, се со цел олеснување на реализацијата на практичната настава за предметот Бактериологија.

Полето на заштитата на растенијата изобилува со многу практични лабораториски вежби за кои студентите со овој практикум имаат можност пред секоја практична работа да се подготват за лабораториската вежба.

2. Митрев Саша, **Арсов Емилија** (2015) Практикум по фитопатологија. ISBN 978-608-244-158-0. (рецензирано практично помагало за студентите на сите студиски програми на Земјоделски факултет во сите четири Наставни центри)

Првото рецензирано практично помагало Практикум по фитопатологија за студентите на сите студиски програми во сите наставни центри на Земјоделскиот факултет, претставува многу корисна практична работна тетратка, која им овозможува појаснување на лабораториската вежба, со можност за запис во слободниот простор од текот на вежбата. Корисно практично помагало кое им овозможува на студентите пред колоквиум или испит, да го олеснат совладувањето на материјата преку повторување на сите записи, скици и цртежи во практикумот.

**Во рецензираниот период (2015-2019), кандидатката покрај стручна литература (учебни и практични помагала), има објавено и неколку монографии во странски издавачки куќи:**

**Научна монографија (реден број 1):**

3. Mitrev Sasa, **Arsov Emilija** (2018) *Presence of fire blight in apple, pear and quince in the Republic of Macedonia.* **LAP LAMBERT** Academic Publisher . ISBN 978-613-9-86479-3

Оваа научна монографија е објавена преку интернационалниот издавач LAP LAMBERT Academic Publisher, и претставува една комплексна тема која е актуелна во полето на заштитата на коскестите овошни видови, не само кај нас туку и многу пошироко од нашите простори. Во оваа монографија акцентот е ставен на една бактерија која предизвикала целосно уништување на насадите под јаболка и дуња во 70-те години во Македонија. Монографијата е еден детален преглед што се случува со развојот на оваа бактерија кај нас, нејзиниот епидемиолошки статус и конкретните мерки за заштита кои се применуваат при присуство и за отсуство на овој економски значаен патоген.

**Научна монографија (реден број 2):**

4. **Arsov Emilija**, Mitrev Sasa (2016) *Phloem Limited Pathogens of Grapevine in the Republic of Macedonia.* **LAP LAMBERT** Academic Publishing. ISBN 978-3-659-82658-0

Уште една научна монографија објавена под името на издавачот LAP LAMBERT Academic Publisher, која е всушност дел од докторската дисертација на кандидатката д-р Емилија Арсов. Темата на монографијата е научна, академски и светски призната, и особено со големо внимание се следи динамиката на појавата и ширењето на фитоплазматските и вирусните промени кај виновата лоза. Многу корисна, цитирана и побарувана монографија, која има свој уникатен белег според примената на најсовремените и најосетливите молекуларните техники на лабораториска работа, со групи на патогени (фитоплазми и вируси) кои се најтешки за идентификација.

**Научна монографија (реден број 3):**

5. Mitrev Sasa, **Arsov Emilija**, Kovacevik Biljana, Spasov Dusan (2017) *Integrated pest management (IPM).* ISBN 978-608-244-480-2.

Монографија која има голема практична примена кај нас и пошироко (ја има во македонска и англиска верзија), е наменета за производителите, агрономите, научните работници, а се однесува на принципите на интегралната заштита, со комплетна анализа на болестите, штетниците и плевелите, и примената на интегралната заштита.

Овие монографии се објавени во рамките на ЕРАЗМУС+ КА202 акцијата (Developing OER and Blended Modules for Agriculture and Rural Development, Erasmus+ KA202 Project)

**Евалуација на научни трудови (од 1 до 5 во списанија со импакт фактор):**

1. Ivanova, Galina and Mitrev, Sasa and **Arsov, Emilija** (2017) New evidence for the stolbur phytoplasma development in pepper in Republic of Macedonia. Comptes rendus de l'Acade'mie bulgare des Sciences, 70 (11). pp. 1609-1616. ISSN 2367-5535 **IF 0.233**

Оваа научна публикација претставува прво научно истражување за појавата на столбур фитоплазмата кај пиперката во Македонија. Преку теренска анализа на одгледувана пиперка на отворено во Струмичкиот и Кочанскиот регион, биле пронајдени примероци од пиперка со карактеристични симптоми од фитоплазматска природа: големи листови со просветлување (пожолтување) и стерилни цветови кои не формираат плод. Преку молекуларна детекција, била направена анализа на геномската структура и било докажано присуството на столбур фитоплазмата (16SrXII-A), која предизвикува значително намалување на квалитетот и приносот на пиперка. Специфичниот tuf ген за идентификација на столбур фитоплазмата, бил идентификуван со специфична група на прајмери, а потоа типизација на видот била направена со *Hpa*II рестрикцискиот ензим и со RFLP техниката на раздвојување на геномот на *tuf* генот за идентификација на групата *tuf* type II. Авторите го потенцираат економското значење на фитоплазмите при едно земјоделско производство, во овој случај кај градинарските култури.

2. Arsova J., **Arsov E.,** Mitrev S. (2017): *Present status of Fire Blight Caused by Erwinia amylovora on Quince Trees in the Republic of Macedonia.* VEGETOS: An International Journal of Plant Research, 30 (2). ISSN 2229-4473 **IF 0.18**

Во овој научен труд, групата на автори акцентот го ставиле на една многу значајна фитопатогена бактерија – бактериска пламеница (*Erwinia amylovora*) кај дуњата во Македонија. Симптоматологијата и лабораториската анализа се детално претставени, што наведува на фактот дека трудот лесно може да се користи и цитира во научното истражување за *Erwinia amylovora*. Оваа фитопатогена бактерија, е доста честа на нашата територија и предизвикува значителни економски загуби, и резултатите во трудот од научна и практична гледна точка, се многу значајни во производството на дуња кај нас и во светот.

3. Mitrev S., **Arsov E.** (2016): *Isolation and molecular determination of the fire blight pathogen, Erwinia amylovora, isolated from apple trees in the Republic of Macedonia.* Journal of Plant Pathology, 98 (3). pp. 571-574. **IF 0.45**

Испитувањето на бактериската пламеница (*Erwinia amylovora*) кај овошните култури во Македонија, е комплексно научно поле на истражување со голем интерес за следење на присуството со посебен акцент кај јаболката, како култура домаќин на оваа бактерија. Следење на здравствената состојба на ново подигнати овоштарници под јаболка во Кочанскиот регион, било главен предмет на ова научно истражување. Континуираното испитување на патогените и симптоматолошките карактеристики, потврдено со лабораториски биохемиски и молекуларни анализи, преку оваа научна публикација, овозможува навремена контрола на старите и постојан мониторинг и здравствен преглед на новите насади под јаболка.

4. Gorgieva B., Karov I., Mitrev S., Markova Ruzdik N., **Arsov E.,** Kovacevik B. (2015): *Correlation and path analysis in sunflower (Helianthus annuus L.).* Hellia - International Scientific Journal, 38 (63). pp. 201-2010. ISSN 1018 – 1806. **IF 0.32**

Една од високоприносните култури кај нас, која во последната деценија достигнува значително зголемување на површините е сончогледот (*Helianthus annuus L.*). Испитување на квалитативните и квантитативните својства на различни хибриди на сончоглед, овозможуваат да се фаворизира еден хибрид во производството во однос на друг, со цел

да се добие поголем и поквалитетен принос. Експерименталниот дел на ова истражување вклучува анализа на 20 различни генотипови на сончоглед, во период на истражување 2013/14.

5. Markova Ruzdik N., Karov I., Mitrev S., Gorgieva B., Kovacevik B., **Arsov E.** (2015) *Evaluation of sunflower (Helianthus annus L.) varieties using multivariate statistical analysis.* Helia, International Scientific Journal, 38 (63). pp. 175-187. ISSN 1018-1806. **IF 0.32**

Дел од истражување за генетските особини на 20 генотипови на сончоглед, одгледувани на опитните површини на УНИ Сервис Агро ДООЕЛ, во периодот 2013/14. Посебен акцент е ставен на статистичките анализи и пресметка на добиените резултати со помош на статистички АНОВА пакет (SPSS 19 статистички пакет 2010). Во текот на генетската анализа на различните хибриди, опишано е и присуство на габни причинители на болести кај сончогледот (*Macrophomina* и *Phoma*), кои имаат големо економско значење.

**Евалуација на научни трудови (од 1 до 9 во меѓународни часописи и советувања):**

6. Bojkov, Gligor and Mitrev, Sasa and **Arsov, Emilija** (2019) Impact of ampelotechnical measures in the grapevine protection from occurrence of grey mould (*Botrytis cinerea*) (full paper). Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS. pp. 29-41. ISSN 2545-4447

Агротехниката на одгледување на виновата лоза како култура е многу важна во едно производство на грозје со висок квалитет од кое понатаму ќе се произведува високо квалитетно и брендирано македонско вино. Влијанието на ампелотехничките мерки во заштитата на виновата лоза од патогениот причинител на симптом на сиво гниење (*Botrytis cinerea*), биле предмет на испитување во текот на неколку годишен период на постојан здравствен надзор.

7. Mitrev, Sasa and **Arsov, Emilija** (2019) First report of health condition of potato samples from border crossings in the Republic of North Macedonia. In: 2nd International Meeting Agriscience & Practice.

Здравствена контрола на компирот при увоз на граничните премини во Македонија, е од особено значење во едно здраво и квалитетно производство на компир. Анализите на увезениот компир покажаа отсуство на следниве групи на патогени: *Ralstonia solanacearum*, *Synchitrium endobioticum* perc., *Clavibacter michiganensis* subsp. *sepedonicum* како и штетници *Globodera pallida* (Stone) Behrens и *Globodera rostochiensis.* Истражувањето е спроведено во рамките на магистерски труд, со кои се следи фитосанитарната гранична контрола и лабораториски анализи на увезениот материјал на граничните премини во Македонија.

8. **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2019) One Step Real Time Polymerase Chain reaction using for detection of *Plum Pox* Potyvirus. In: 2nd International Meeting Agriscience & Practice.

Вирусот на шарка кај сливата (*Plum Pox* Potyvirus), е широко распространет вирус за кои постојат многу малку пишани податоци за присуството на овој вирус на нашата територија. Ова истражување вклучува примена на најсовремена молекуларна техника на дијагностика - One Step Real Time Polymerase Chain reaction, за докажување на PPV вирусот. Симптоматологијата е лесна за препознавање на терен, но лабораториската дијагностика е многу осетлива и една од најскапите техники. Истражувањето е дел од магистерската анализа на кандидатка на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина.

9. **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2019) Phytoplasma infection causes physiological changes in systemic pepper leaves. In: 2nd International Meeting Agriscience & Practice.

Фитоплазмите се патогени причинители кои се полифагни и како најчести домаќини се јавуваат виновата лоза, градинарските култури, пченката, како и плевелната вегетација, која често се јавува како примарен домаќин на столбур фитоплазмата. Од групите на фитоплазми, истражувањето кај примероци од пиперка, со молекуларна дијагностика го потврдила присуството на столбур фитоплазмата (16 Sr XII A група), која е економски значаен патоген. Карантинската група на фитоплазма *Flavescence doree*, сеуште не е лабораториски потврдена кај нас.

10. Donev, Ivan and Mihajlov, Ljupco and **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2018) Agroecological conditions for growing some hybrids of sunflower in Ovche Pole region. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Проучување на агроеколошките услови за одгледување на различни хибридни сорти на сончоглед во Овчеполскиот регион, во постојано следење на растот, развојот како и појавата и присуството на болести и штетници.

Истражувањето наведува и анализа на најотпорна сорта и високо приносна од испитуваните 6 различни хибриди. Одгледување на сончоглед, па и било која друга култура во услови на суша е невозможно да даде очекуван или задоволителен принос.

11. Mitrev, Sasa and Kovacevik, Biljana and **Arsov, Emilija** (2018) Detection of *Pectobacterium carotovorum* subsp. *carotovorum*, bacterial stalk and heat rot disease on sunflower seeds. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Бактериска трулеж кај семе од сончоглед *Pectobacterium carotovorum* subsp. *carotovorum*, е патоген кој предизвикува изумирање на ртулците кај сончогледот во фаза на ртење. Во ова истражување, контролирана е здравствената состојба на семе од сончоглед (турски хибрид), кај кое беше забележано појава и присуство на бактериска трулеж (15-20%), која се спречува и лекува само со навремено пред сеидбено третирање на семето.

12. Zdravev, Zoran and **Arsov, Emilija** and Trajkova, Fidanka and Mitrev, Sasa (2018) Implementation of modern it tools in agricultural practice. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Имплементацијата на информатичката технологија, за подобрување на земјоделската пракса во поново време се повеќе е тренд и навлегува длабоко во производството. Во рамките на ова истражување, кое е директно поврзано со ЕРАЗМУС + КА202 акцијата, произлегува web страна за заштита на растенијата – база на податоци (http://obp.ugd.edu.mk/) – web и мобилна апликација, како и агрохемиски калкулатор за ѓубрење
(https://play.google.com/store/apps/details?id=com.kalkulator.agrohemiski) како мобилна апликација, корисни ИТ алатки кои се применуваат во добрата земјоделска пракса.

13. Tuckovska, Biljana and **Arsov, Emilija** and Mitrev, Sasa (2018) Study of stolbur phytoplasma on wine grapevine variety in the Republic of Macedonia. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018).

Истражување за присуство на столбур фитоплазмата кај виновата лоза, како и следење на ефектот на биолошко опоравување на заболените лози. Ова стручно, научно и пред се практично истражување, е дел од магистрската тема на кандидатка на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина. Резултатите од истражувањето покажале дека производителите на грозје и одгледувачите на виновата лоза, веќе се свесни за економската загуба со појавата и присуството на оваа група на патогени кај лозата.

14. **Arsov, Emilija** and Ivanova, Galina and Mitrev, Sasa (2017) *Multigene characterization of ‘Candidatus phytoplasma solani’ in pepper and tomato plants in the Republic of Macedonia.* Journal of Agriculture and Plant Sciences, 15 (1/2). pp. 7-15. ISSN 2545-4455

Доматот и пиперката одгледувани на отворено, често пати се домаќини на многу патогени кои се пренесуваат со помош на инсектите вектори. Флоемски ограничените патогени – фитоплазмите од групата на столбур, за прв пат детално се анализирани. Симптоматологијата на терен во сите анализирани површини во Струмичкиот регион, не беше јасна и сите примероци не беа со сигурни симптоми. Истражувањето вклучувало и по случај земени примероци (без јасно препознатливи симптоми), со цел да се провери здравствениот статус за присуство на фитоплазми. Лабораториските молекуларни анализи потврдиле присуство на столбур фитоплазмата, *tuf* type II (b), економски штетна фитоплазма која предизвикува намалување или воопшто не создавање на плод. Начинот на пренесување е јасно опишан, со цел истражувањето да добие практично и применето значење.

**Стручно апликативна и организационо-развојна дејност**

Во периодот од 2015 до 2019 година, кандидатката д-р Емилија Арсов, хронолошки поредени по години имала активно учество во Универзитетски и факултетски комисии, за развој на стручно-апликативната и организационо развојна дејност.

**Активности поврзани со Одлуки за периодот 2015-2019 г.**

1. Одлука за ментор на генерација 2019/20 (1302-123/10 од 12.06.2019)
2. Одлука за изборна комисија за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (1302-121/5 од 07.06.2019)
3. Одлука за конкурсна комисија за упис на студенти за прв циклус на студии за учебната 2019/20 (1302-123/8 од 12.06.2019)
4. Одлука за конкурсна комисија за упис на студенти за втор циклус на студии за учебната 2019/20 (1302-123/9 од 12.06.2019)
5. Одлука за администратор на веб страната ма Земјоделски факултет и фб профилот (1302-272/6 од 27.12.2018)
6. Решение за координатор на студиска програма Биологија (0801-1002/1 од 21.11.2018)
7. Одлука за организационен одбор за Второто меѓународно научно-стручно советување (Агро-наука и пракса) (1302-252/10 од 16.10.2018)
8. Одлука за организационен одбор за Првото меѓународно научно-стручно советување (Агро-наука и пракса) (1302-227/11 од 13.12.2017)
9. Одлука за конкурсна комисија за упис на студенти за прв циклус на студии за учебната 2018/19 (1302-157/6 од 29.05.2018)
10. Одлука за конкурсна комисија за упис на студенти за втор циклус на студии за учебната 2018/19 (1302-157/7 од 29.05.2018)
11. Одлука за конкурсна комисија за упис на студенти за прв циклус на студии за учебната 2017/18 (1302-117/6 од 01.06.2017)
12. Одлука за конкурсна комисија за упис на студенти за втор циклус на студии за учебната 2017/18 (1302-117/4 од 01.06.2017)
13. Одлука за спроведување на комисиски испит Биологија на Факултетот за биотехнички науки – Битола ( 02-1068/1 од 28.11.2017)
14. Решение за член на рецензентска комисија за избор на еден наставник (1302-80/31 од 06.04.2017)
15. Одлука за член на дисциплинска комисија (1302-80/38 од 06.04.2017)
16. Решение за стручна комисија за набавка на потрошен материјал за лаборатории (0507-885/2 од 01.11.2016)
17. Решение за формирање на комисија за интервју на пријавени кандидати за ЕРАЗМУС

+ престој (0204-683/2 од 02.09.2016)

18. Одлука за конкурсна комисија за упис на студенти за втор циклус на студии за учебната 2016/17 (1302-103/8 од 26.04.2016)
19. Одлука за формирање на работна група за изготвување на студиски програми за акредитација / реакредитација на Земјоделски факултет (1302-52/4 од 15.02.2016)
20. Одлука за ментор на генерација (1302-231/3 од 08.10.2015)
21. Решение за формирање на стручна комисија за реализација на предмет набавка на Поправка и тековно одржување на лаборатории (0507-1133/2 од 15.10.2015)
22. Одлука за конкурсна комисија за упис на студенти за прв циклус на студии за учебната 2015/16 (1302-150/5 од 01.07.2015)

Активно кандидатката учествувала и во организациониот одбор на Првото и Второто Меѓународно научно – стручно Советување на Земјоделски факултет, кое за прв пат се организира 2018 (првото) и оваа година (2019) Второто Советување. На Второто Советување, покрај во стручниот дел, кандидатката д-р Емилија Арсов била и модератор на настанот.

Кандидатката **д-р Емилија Арсов** е дел од научно-истражувачкиот центар при Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, УНИЛАБ лабораторијата, каде освен што учествува во научно-истражувачка и апликативна работа од областа на заштитата на растенијата, кандидатката активно е вклучена во логистичка поддршка на лабораторијата (околу потребите од набавка за нормален тек и работа во лабораторијата), како и подготовка на документацијата за акредитација / реакредитација на лабораторијата. Во периодот 2018/19, активно учествуваше и во изработка на промотивната брошура за УНИЛАБ лабораторијата.

Во однос на стручно-апликативната и организационо развојна дејност, кандидатката д-р Емилија Арсов, во периодот од 2015 до 2019 г. активно се надградувала со учество на семинари, работилници, лабораториски обуки:

- Сертификат за учество на Стручен семинар во организација на Лабена ДООЕЛ Скопје на тема: БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА – иновативни методи и современа анализа 23.04.2019
- Учество на 15-то советување за заштита на растенијата одржано во периодот од 26 до 30 ноември 2018 г. на Златибор
- Сертификат за учество на Стручен семинар во организација на Лабена ДООЕЛ Скопје на тема: Иновативни брзи решенија и Модерна аналитика кај жито и производи од растително потекло 24.04.2018
- Сертификат за учество на работилница на тема: Genes and the environment, 16.02.2018 УГД Штип
- Сертификат за присуство на семинар под наслов: „Нови молекуларни методи за испитување на храна и болести кај животните – апликации и можности“ 07.12.2016 обучувач: д-р Јелена Грујович, Биосистеми Група.
- Сертификат за учество на јубилејна научна конференција – 20 години Тракиски Универзитет 19.05.2015
- Сертификат за учество на јубилејна конференција со меѓународно учество – 90 години Институт по Земјоделие во Карнобат, Република Бугарија 3-4 јуни 2015.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатката **д-р Емилија Арсов**, од моментот на своите почетоци во академската средина до денес, особено во периодот на евалуација на нејзината работа како доцент (2015-2019), покажува значителен напредок во научно - истражувачко, стручно и работно искуство во областа на заштитата на растенијата, каде има постигнато апликативни и значително забележителни резултати.

Подготвена за тимска работа, што како доказ се бројните публикации, електронски изданија на скрипти и практикуми, како и учество во проекти како координатор, главен асистент или соработник истражувач.

Секогаш достапна за студентите, преку навремено завршени обврски, прашања, префрлувања на студенти од други универзитети, активирања на студии на студенти, во функција на добрата педагошка пракса и доследно обавување на функцијата продекан за настава.

Активно учествува и во реализација на сите активности во научно-истражувачкиот центар УНИЛАБ, покрај научно-истражувачката работа во полето на заштита на растенијата, учествува и како логистика во координација и набавка во целата лабораторија.

Согласно со сите горенаведени податоци, како и согласно со Законот за високо образование, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно - научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип и распишаниот конкурс, **д-р Емилија Арсов** во целост ги исполнува сите предвидени услови да биде избрана во звање **вонреден професор во наставно - научната област Вируси** на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го усвои предлогот **д-р Емилија Арсов** да биде избрана во звање **вонреден професор за наставно-научната област Вируси**, на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Саша Митрев, редовен професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев"– Штип, Претседател**

**Проф. д-р Душан Спасов, редовен професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев"– Штип, Член**

**Проф. д-р Љупчо Михајлов, редовен професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев"– Штип, Член**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

**(бодување во табелата согласно П р а в и л н и к за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, објавен во Универзитетски билтен 42 од септември 2019)**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Монографија или научна книга | | | 3 | 15 | **45** |
| **2** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори)<br>**Втор автор: 2 и 3**<br>**Останати автори: 1, 4 и 5** | | | 2x10 поени=20<br>3x5 поени=15 | | **35** |
| **3** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>трудови бр.<br>**прв автор: 3, 4, 8, 10**<br>**втор автор: 2, 6, 7, 9**<br>**останати автори: 1, 5** | | | 4x9= 36<br>4x6= 24<br>2x3= 6 | | **66** |
| **4** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | **8** |
| **5** | Раководител на научен проект | | | 1 | 6 | **6** |
| **6** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 2 | 1 | 3 | **6+3= 9** |
| **7** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 1 | 4 | | | **4** |
| **8** | Член на научна лабораторија | 1 | 4 | | | **4** |
| **9** | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | **8** |
| **10** | Рецензент на научен труд | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **217** |

| Р. бр. | Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | | |
| 1 | Продекан | 2 | 8 | | | **16** |
| 2 | Член на факултетски орган / комисија | 22 | 2 | | | **44** |
| 3 | Класен раководител, согласно со Кредит - трансфер системот - ЕКТС (за четири години) – ментор на генерација | 2 | 4 | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **68** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **285** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-168/5 од 20.11.2019 година донесена на 186 седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 19.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на Наставник во сите звања за наставно-научна област Право на Европска унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 05.11.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- **Д-р Ана Никодиновска Крстевска, доцент на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.**

Врз основа на приложената документација и по разгледување на пријавата на кадидатката д-р Ана Никодиновска Крстевска, **Комисијата утврди дека кандидатката ја има доставено соодветната документација согласно Конкурсот и дека со тоа дека ги исполнува условите наведени во истиот**.

**Тргнувајќи од тоа,** чест нѝ е на Наставно - научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Доцент **д-р Ана Никодиновска-Крстевска** е родена на 31 мај 1980 во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје – во Државното средно економско-правно училиште „*Васил Антевски-Дрен“.* На 7 јули 2005 година дипломира на Универзитетот „Orientale” во Неапол, Италија, на Факултетот за политички науки со оценка 9,41. Дипломира на предметот Меѓународно јавно право на тема „Македонскиот конфликт во 2001 година во меѓународното право“ и се стекнува со *диплома по меѓународни и дипломатски односи. Кандидатката ја има нострифицирано дипломата од додипломски студии со* Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство бр. 09-5632/2 од 19.07.2007 година за додипломски студии, издадена од Министерството за образование и наука на Република Македонија , и има извршено еквиваленција на оценките од додипломските студии, врз основа на Решение за екевиваленција на оценки бр. 12-1790/2 од 10.03.2010 г. за додипломски студии, издадено од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Постдипломските студии ги завршува во октомври 2006 г. на Универзитетот во Болоња „Alma Mater Studiorum“, Италија, на Факултетот за политички науки со просечна оценка 9,25 и се стекнува со академски степен *магистер по социјални политики и стратешки* менаџмент за одржлив територијален развој. И кај постдипломските студии, кандидатката ја има нострифицирано дипломата од постдипломски студии со Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство бр. 09-4774/2 од 04.07.2008 година за постдипломски студии, издадена од Министерството за образование и наука на Република Македонија, а воедно има и извршено еквиваленција на оценките

со Решение за еквиваленција на оценки бр. 12-1971/2 од 12.03.2010 г. за постдипломски студии, издадено од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

*Во декември 2009 година, Никодиновска Крстевска ја пријавува докторската дисертација под наслов „*Односот меѓу вредностите и принципите на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика“, *од областа* Европски студии за интеграција *на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје под менторство на д-р Билјана Ванковска, редовен професор на истоимениот факултет, и истата ја одбранува на 13 јануари 2015 година. Во меѓувреме, дел од научните истражувања за дисертацијата, д-р Никодиновска Крстевска ги спроведува на Католичкиот универзитет во Лувен, Белгија, под менторство на проф. Стефан Куклер на Институтот „LINES“ за меѓународна политика и европски студии, за што впрочем во 2011 година добива стипендија за шестмесечен студиски престој.*

*Своето работно искуство д-р Ана Никодиновска Крстевска го започнува во јуни 2006 година на Одделението за мир и меѓународни односи при Територијалната единица* на Болоња, Италија, каде што стажира вршејќи активности поврзани со проекти за меѓународна соработка на Територијалната единица на Болоња. По враќањето од Италија, се занимава со преведувачка дејност за потребите на Одделението за организиран криминал при Јавното обвинителство на Република Македонија во врска со Твининг проектот за борба против корупција и организиран криминал меѓу Италија и Република Македонија (во 2006 и 2007 год.). Во декември 2007 година се вработува во Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија како асистент на проектот *Градење на административни капацитети за ЕУ интеграции*, финансиран од Обединетото Кралство. Во октомври 2008 година, д-р Никодиновска Крстевска е избрана за помлад асистент по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европска унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, и во јули 2011 гододина за асистент од областа Право на Европска унија на истоимениот факултет. Во јуни 2015 гододина, Ана Никодиновска Крстевска е избрана за доцент од областа Право на Европска унија со Одлука бр. 1102-173/5 од 02.06.2015 год. на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, и одржува настава по предметите П*раво на Европска унија, Политики на ЕУ, Институции на ЕУ, Надворешна политика на ЕУ и Меѓународни односи.*

*Од областа на научноистражувачката работа, д-р Ана Никодиновска Крстевска работела на повеќе проекти меѓу кои како поважни можеме да ги наведеме*: *Проект Жан Моне за вмрежување – МАПС од областа на азилот и миграцијата Jean Monnet Network MAPS: Migration and Asylym policies systems. Weaknesses, shortcomings and reform proposals?* (2018 – 2021), *предводен од Унверзитетот во Неапол „Ориентале“, како истражувач и координатор на Правен факултет (УГД); понатаму, на Проект Жан Моне за вмрежување – БОРДЕУР од областа на миграцијата, азилот и надворешната политика на ЕУ BordEUr: Jean Monnet ‘New European Borderlands’ Network/BORDEUR* (2019 – 2022), предводен од Централно*европскиот Универзитет од Будимпешта, како истражувач и координатор за Правен факултет (УГД); и во Проектот The sea at the crossroad: the legal repercussions of the superposition of legal regimes on the effectivity of the police at sea (MERCRO),* под раководство на Кјара Нери од Универзитетот 3 во Лион, финансиран од Agence nationale de la recherche - France, (2018 – 2021), во улога на истражувач. Д-р Никодиновска Крстевска исто така има учествувано и во два проекти Cost, COST Action IS1105 MARSAFENT *Network of experts on the legal aspects of maritime safety and security од областа на меѓународното право на морето (2012 – 2016), предводен од Националниот истражувачки центар во Италија*, *во улога на помлад истражувач и координатор за Р. Македонија, и во проектот* COST Action CA16211 RECAST *Reappraising Intellectual Debates on Civic Rights and Democracy in Europe’* (2018-2021), *од областа*

*на демократија и граѓански права, предводен од Универзитетот во Малага во улога на истражувач и координатор за Р. Македонија.*

*Таа е автор на повеќе трудови од областа на меѓународното јавно право и на правото на морето, на теориите за европска интеграција и за меѓународни односи, областа на миграција и азил, надворешнополитичка анализа, итн.* Нејзиниот придонес во науката е особено насочен кон Европската унија, нејзината надворешна политика, политиките на миграција и азил на Европската унија, *а во последните години се зафаќа со меѓународно-правна анализа на содржината и ефектите на Договорот од Преспа.* Во контекст на последново, *заслужува да се нагласи фактот што по покана на проф. Џузепе Каталди има одржано предавање на Универзитетот во Неапол „Ориентале", а во рамки на предметите Меѓународно јавно право и Право на Европска унија.*

Никодиновска Крстевска е автор на:

- книгата Односот помеѓу вредностите и политиките на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика (2015);
- скрипта и практикум со наслов Надворешна и безбедносна политика на Европската унија (2015);
- скрипта и практикум со наслов Институции на Европска унија (2019);
- коуредник, со Борка Тушевска Гавриловиќ, на книгата *Migration at sea: International Law Perspectives and Regional Approaches*, Giannini Editore, Италија (2016);
- коуредник, со Олга Кошевалиска и Борка Тушевска, на книгата Ромите во текот на претходните анализи на Рамковниот договор (2018);
- коуредник со Јана Јакимовска на Публикација на студентски трудови и плакати Не е шега: дискриминација, цензура;
- коуредник со Борка Тушевска Гавриловиќ и Олга Кошевалиска на Збирка на трудови Европска унија: право и политики (во фаза на објавување);
- коуредник со Јана Јакимовска на Публикација од студентски трудови и плакати со наслов *Миграција и човекови права* (во фаза на објавување).

*Во рамките на научноистражувачката работа, д-р Ана Никодиновска Крстевска во учебната година 2018/2019 добива стипендија од Министерството за надворешни работи на Република Италија за студиски престој во Италија, на Универзитетот во Неапол „Ориентале". Престојот го искористува за истражување од областа на меѓународното право, под раководство на проф. Џузепе Каталди.* Во рамките на својот престој соработува со Институтот за меѓународни правни студии при Националниот истражувачки совет во Рим, *каде што на 09 мај 2019 год. организира семинар на тема „Европската унија и решавањето на грчко-македонскиот спор: помеѓу нормативни принципи и двојни стандарди" (l'Unione Europea e la risoluzione della disputa greco-macedone: tra principi normativi e doppi standard* ?), во *чии рамки учествува како главен пленарен излагач.*

Д-р Ана Никодиновска Крстевска учествува на конференции, семинари и тркалезни маси, како во земјата така и во странство. Меѓу последните може да се спомнат „Меѓународната конференција за Системи на политики за миграција и азил" (Migration and asylum policies systems), одржана на Универзитетот во Неапол „Ориентале" на 23.09.2019; Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана на 5-6 Септември 2019 на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип; Семинарот „L'Unione Europea e la risoluzione della disputa greco – macedone: tra principi normativi e doppi standard" одржана на Институтот за меѓународни правни односи при Националниот истражувачки совет во Рим и други. Таа одржува постојани врски со Универзитетот „Ориентале" во Неапол, и со Институтот за меѓународни правни студии при Националниот истражувачки совет во Рим.

*Д-р Никодиновска Крстевска одлично ги познава и активно ги зборува италијанскиот јазик како јазик со којшто се користела за време на нејзините додипломски и постдипломски студии, англискиот јазик за што има доставено* Уверение за познавање на англиски јазик First certificate in English бр. 0400543 од Јуни 1998 година, и има познавање од францускиот јазик кој го изучувала за време на додипломските студии во Неапол.

*Д-р Никодиновска Крстевска е член на меѓународниот научен програмски одбор за Меѓународната конференција „Опитествени промени во глобалниот свет", којашто се одржува на годишно ниво на Правниот факултет при УГД – Штип. Таа е научен координатор и организатор на неколку меѓународни и национални конференции, меѓу кои, освен погоре наведената, се и следните: Семинар на тема „Европската унија низ призмата на правото и политиките" и „Борба против насилството", кој се одржа на 08 мај 2019 на Правниот факултет – Штип, по повод одбележувањето на Денот на Европа; меѓународната конференцијата Migration at sea: International Law Perspectives and Regional Approaches во рамките на проектот MARSAFENT, која се одржа на 6 октомври 2015 г., во Охрид; Втора студентска конференција на тема* „Студентската мисла во правото, политиката и општеството", која се одржа на 3 ноември 2017 *г. на Правниот факултет во Штип и други*.

ОПШТИ УСЛОВИ

КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНОСТРУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

1. Кандидатката е доктор на науки од соодветната научна област „Право на Европска унија", врз основа на одбранета докторска дисертација под наслов *„Односот меѓу вредностите и политиките на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика"*.
2. Кандидатката има остварено просечен упех од 9,41 на додипломски студии и просечен успех од 9,25 на постдипломски студии, со што го исполнува критериумот пропишан во конкурсот за просечен успех над осум на студиите на прв и втор циклус посебно.
3. Кандидатката била претходно избрана во звањето доцент од наставно-научната област Право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со Одлука бр. 1102-173/5 од 02.06.2015 год. на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
4. Кандидатката има објавено 11 научноистражувачки трудови од соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации согласно законските одредби и правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Дечев" - Штип, со што го исполнува критериумот пропишан во конкурсот за објавени најмалку 5 научноистражувачки трудови или меѓународни публикации од соодветната област во последните 5 години, согласно табелата прикажана подолу.
5. Кандидатката има способност за изведување на високообразовна дејност што се согледува во фактот што одржува настава на прв и на втор циклус на студии по предметите П*раво на Европска унија, Политики на ЕУ, Институции на ЕУ, Надворешна политика на ЕУ и Меѓународни односи*.

| Реден број | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А. | *Договорот од Преспа помеѓу Република Македонија и Република Грција низ призмата на меѓународното право* | Годишен зборник на Правен факултет бр. 8 (2018) (ISSN 1857 – 7229) | 8 години (од 2009 год.) |
| 2. | НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А. и **СТОЈАНОВСКИ, С** | *Меѓународни аспекти и идентитетски прашања на принципот на самоопределување на народите низ призмата на Договорот од Преспа* | Зборник на трудови од Шеста меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2019. (ISSN 978-608-244-548-9) | 6 години (од 2013 год.) |
| 3. | НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А. | *Нутела версус Нутела, Република Македонија версус ФИРОМ* | Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2018 (ISSN 978-608-244-548-9) | 6 години (од 2013 год.) |
| 4. | **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana:** | *Externalization of European Union Security out of EU Borders: a Myth or Reality?* | Yearbook of the Faculty of Law n. 7, University Goce Delcev – Stip, 2017. (ISSN 1857-7229) | 8 години (од 2009 год.) |
| 5. | НИКОДИНОВСКА КРСТВСКА, А. | *Создавање на Армија на Европската унија: Теориска анализа низ призмата на концептот на нормативната моќ на Европската унија* | Годишен зборник на Правен факултет бр. 6, Универзитет “Гоце Делчев“ – Штип, 2016. (ISSN 1857 – 7229) | 8 години (од 2009 год.) |
| 6. | **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, ANA** AND SHIKOVA, NATALIJA | Демократијата како вредност на политиките за проширување на Европската унија. | Зборник на трудови од Трета научна меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2016 (ISSN 978-608-244-548-9) | 6 години (од 2013 год.) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | VEIGEL, CHARLES AND KO-SEVALISKA, OLGA AND TU-SEVSKA, BOR-KA AND **NIKODI-NOVSKA KRSTEVSKA, ANA** | The 'Gazi Baba' Reception Centre for Foreigners in Macedonia: migrants caught at the crossroad between hypocrisy and complying with the rule of law | The International Journal of Human Rights, volume 21 Issue 2. pp. 103-119, 2017. (ISSN 1744-053X) | 22 години (Од 1997 год.) |
| 8. | **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana:** | *The double caracter of EU's Neighborhood Policy* | Зборник на трудови. Втора меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Штип, 2016, стр. 101 – 109. (ISSN 978-608-244-548-9) | 6 години (од 2013 год.) |
| 9. | НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А.**:** | „Текот на Евроатлантските интеграции после украинската криза" | Годишен зборник на Правен факултет бр. 5, Година 2015, Универзитет „Гоце Делчев'" – Штип, Штип, 2015, стр. 189 – 196. ISSN 1857 - 7229 | 8 години (од 2009 год.) |
| 10. | **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А.:** | *„Енергетска безбедност – причина за некохерентната политика на Европската унија кон Украина и кон Украинската криза"* | **in** The Man in the Global World, Collection of papers from International Scientific Conference Voronezh, May 18 – 20, 2015, Ministry of Education and Science of the Russian Federation Voronezh State University and University "Goce Delcev" – Stip, Republic of Macedonia, Voronezh, 2015, стр. 18 – 20 (ISSN 978-5-9273-2207-7) | Еднократна објава: меѓународна публикација |
| 11. | KOSHEVALISKA, O., TUSHEVSKA GAVRILOVIKJ, B. and **NIKODINOVS-KA KRSTEVSKA, A.:** | *Migration crisis: Macedonia at crossroad* | **in** NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A. and TUSHEVSKA GAVRILOVIKJ, B. (eds): Migration at sea: International Law Perspectives and Regional Approaches, Giannini Editore, Napoli, 2016 pp. 61 – 76. (ISBN 978-88-7431-818-6) | Еднократна објава: меѓународна публикација |

ПОСЕБНИ УСЛОВИ
КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНОСТРУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

1. **Кандидатката д-р Никодиновска Крстевска учествува како истражувач во 5 научно-истражувачки проекти кои се прикажани подолу во делот на Научноистражувачката дејност, и во тие рамки има постигнато значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.**
2. **Кандидатката има придонесено во оспособувањето на помлади наставници и соработници, што се согледува од нејзините менторства на студенти од додипломски и постдипломски студии во рамките на Наставно-образовната дејност, како и нејзиниот придонес во рецензирање на научни трудови**.
3. **Кандидатката има објавено вкупно четири рецензирани учебни помагала од областа во која се избира и тоа:**

Во последните пет години:

1. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: *Институции на Европска унија – скрипта,* Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2019.
2. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: *Институции на Европска унија – практикум,* Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2019.

Пред изборот во доцент:

3. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: Надворешна и безбедносна политика на Европската унија – Скрипта, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2015.
4. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: Надворешна и безбедносна политика на Европската унија – Практикум, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2015.

ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНИК – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР СОГЛАСНО ТАБЕЛАТА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ЗА ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Ана Никодиновска Крстевска на ден 14.10.2008 год., со одлука бр. 1602-147 од 27.10.2008 год., била избрана за помлад асистент **(10 поени)** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европска унија. Од 24.08.2014 год. со одлука бр. 1602-112/6 од 26.08.2014 год., таа е избрана во асистент **(15 поени)** од областа „Право на Европска унија“ на истоимениот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од изборот во помлад асистент и асистент на Правниот факултет во Штип, д-р Ана Никодиновска Крстевска одржува вежби на првиот циклус на студии по следните предмети: *Меѓународно јавно право (2+2+1), Вовед во право на Европска унија (2+2+1), Политики на Европска унија (2+2+1), Политички систем (2+2+1), Социологија на правото (2+2+1), Права и слободи на човекот во РМ (2+2+1), Граѓанско општество (2+2+1) и Реторика и право (2+2+1).*

На 2.6.2015 год. со одлука бр. 1102-173/5 од 2.6.2015, кандидатката д-р Ана Никодиновска Крстевска била **избрана за доцент (30 поени)** во наставно-научната област Право на Европска унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, и одржува настава по предметите *Право на Европска унија (3+2+2), Политики на Европската унија (3+2+2), Институции на Европска унија (2+2+1), Надворешна политика на Европската унија (2+2+1) и Меѓународни односи (2+2+1).*

Кандидатката е ментор на 6 дипломски трудови и на 2 магистерски трудови.

Освен овие активности поврзани со наставата, кандидатката во рамките на факултетот активно се вклучува во дебати, трибини и други активности од наставно-образовен и научноистражувачки карактер.

Кандидатката е исто така добитник на следниве стипендии во последните 5 години од претходниот избор во звање доцент:

1. Ricerca in co-tutela – истражување од областа на меѓународно право со проф. Џузепе Каталди при Универзитетот во Неапол „Ориентале" (Италија) во периодот од 01.09.2018 до 01.09.2019. Истражувањето е финасирано од Министерствота за надворешни работи на Италија (MAECI).

Стипендии пред изборот во звање доцент:

2. JoinEU-SEE scholarship (Erasums Mundus program – Action II) за размена на студенти – докторанти на Katholieke Universiteit Leuven во Лувен, Белгија од 01.10.2011 до 30.04.2012.
3. 16th CEI International Summer School *"Beyond Enlargement. The wider Europe and the New - Neighbourhood"*, 5 – 8.09.2011, Cervia, Italia.
4. Master di II livello, „Politiche sociali e direzione strategica per lo sviluppo sostenibile del territorio", Università di Bologna "Alma Mater Studiorum", anno 2005 – 2006, Bologna, Italia (универзитетски мастер од II ниво по Социјални политики и стратешки менаџмент за одржлив територијален развој, Универзитет на Болоња).

Според тоа, согласно правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Делчев" за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и согласно Табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање на истоимениот Универзитет, КАНДИДАТКАТА ИСПОЛНУВА 55 ПОЕНИ ОД НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во рамките на научноистражувачката дејност, во согласност со табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање, во последните 5 години од последниот избор во звање доцент, кандидатката д-р Ана Никодиновска Крстевска ги има објавено следните трудови со соодветните бодови:

*Во делот на научни трудови објавени во меѓународно научно списание* ***кандидатката ги има објавено следните трудови***:

1. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А. „Договорот од Преспа помеѓу Република Македонија и Република Грција низ призмата на меѓународното право“, *Годишен зборник на Правен факултет*, бр. 8, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2019, стр. 125-131. ISSN 1857-7229. **(11,7 поени)**

Краток опис на трудот: **Трудот говори за Договорот од Преспа склучен меѓу Република Македонија и Република Грција, со кој всушност ѝ се наметна обврска на Република Македонија да го смени името во Република Северна Македонија, како ѝ да изврши серија на промени во внатрешно-политичкиот систем со кои се поткопуваат и се уништуваат државно-правниот и етничкиот идентитет на Републиката и на македонскиот народ. Договорот, освен тоа што е склучен на противправен начен со повреда на суштински норми од внатрешниот поредок на македонската држава, тој според општото меѓународно право поседува и недозволен предмет на преговарање кој е спротивен на основните јус когенс норми на меѓународното право**, како што се: правото на самоопределување на народите, принципот на суверена еднаковст на државите и забраната за мешање во внатрешните работи на државите. Тргнувајќи од тоа, трудот го анализира Договорот од Преспа низ приз**мата на меѓународното право, ги елаборира повредите и ги утврдува основите за ништовност врз основа на одредбите од Виенската конвенција за договорното право од 1969 г.**

2. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А. и **СТОЈАНОВСКИ, С.**: „Меѓународни аспекти и идентитетски прашања на принципот на самоопределување на народите низ призмата на Договорот од Преспа“, *Шеста меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2019. ISBN 978-608-244-548-9 **(6 поени)**

Краток опис на трудот: Принципот на самоопределување на народите претставува камен темелник на меѓународното право врз основа на кој се регулираат меѓусебните односи на земјите од меѓународната заедница. Овој принцип, иако е предмет на многубројни меѓународни документи и декларации кои заради нивната универзалност, веќе му имаат придадено задолжителен карактер, сепак неговото почитување во меѓународните односи не секогаш е загарантирано. Така, гледано низ одредбите од Договорот од Преспа, принципот на самоопределување на народите којшто му припаѓа на македонскиот народ, напати се повредува. Повредите се однесуваат на најразлични аспекти од принципот, тргнувајќи од правото на избор на сопствено име, право на сопствено политичко уредување, право на сопствена историја, право на јазик, право на култура, право на суверена еднаквост и еднаков третман во меѓународните односи и слично. Врз основа на ова, целта на овој труд ќе биде да ги истражи меѓународните аспекти и идентитетските прашања на принципот на самоопределување на народите низ призмата на Договорот од Преспа.

3. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А.: „Нутела версус Нутела, Република Македонија версус ФИРОМ“, *Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2018, стр.637-652. ISBN 978-608-244-548-9 **(11,7 поени)**

Краток опис на трудот: Трудот тргнува од фактот дека постојат двојни стандарди во политиките и во законодавните акти на Европската унија во однос на производството и пласманот на храната и на прехрамбените производи во европскиот пазар, па како примери ги посочува разликите, на пример, кога во Германија и Австрија се пласираат производи со повисок квалитет и попристапни цени, додека пак во Бугарија и Словачка се пласираат истите производи меѓутоа со повисоки цени и понизок квалитет. Слична е ситуацијата од областа на надворешната политика на Европската унија кон пристапните земји. Така, на пример, од една страна се овозможува приемот на Кипар и на Хрватска во Унијата и покрај нивните отворени територијални прашања, но од друга страна се кочат

евроинтеграциските процеси на Република Македонија заради спорот со името, во кој и покрај меѓународните документи кои го гарантираат правото на Република Македонија за влез во меѓународните организации, тие сепак не се применуваат. Врз основа на тоа, труд ја преиспитува кохерентноста на надворешната политика и политиката на проширување на Европската унија кон Република Македонија vis-á-vis приемот на Кипар и Хрватска.

4. **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana:** „Externalization of European Union Security out of EU Borders: a Myth or Reality ?", *Yearbook of the Faculty of Law n. 7*, University Goce Delcev – Stip, 2017. ISSN 1857-7229 **(11,7 поени)**

Краток опис на трудот: Во серијата на терористички напади што се случија во европските главни градови во последните години, беше докажано дека постои директна врска помеѓу напаѓачите и мигрантската криза, која се состои во тоа што напаѓачите не беа граѓани на ЕУ, туку беа бегалици коишто регуларно влегле во границите на Европската унија со миграцискиот бран. Како последица, овие две закани беа восприемени не само како врска, туку како еден континуум помеѓу внатрешната и надворешната безбедност на Европската унија. Според тоа овие закани не ги засегаат единствено областите на безбедност и одбрана, туку се повеќедимензионали и се однесуваат кон една плејада на прашања коишто потпаѓаат во целите на различните европски политики како азилот и миграцијата, трговијата и соработката, проширувањето и други. Имајќи го предвид ова, трудот се обидува да го анализира безбедносниот пристап на Европсакта унија во однос на овие две закани и да утврди како ЕУ ги третира овие прашања.

5. **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana** and SHIKOVA, Natalija: „EU's Democracy promotion towards Republic of Macedonia through the standard of fair and democratic elections", University S. Kliment Ohridski – Sofia, Sofia, 2017. (in press)

**Краток опис на трудот:** Во трудот се анализира промоцијата на демократијата од Европската унија кон Република Македонија, со посебен фокус на имплементирањето на стандардите за спроведување на фер и демократски избори. Истражувањето е спроведено преку анализа на Извештаите за напредокот на Република Македонија користејќи ги истовремено како референци и изборните извештаи од страна на ОДХИР (ОБСЕ). Целта на анализата е да се истражи вредноста на демократијата на Европската унија во однос на промоцијата на демократијата кон Р. Македонија, со цел да се дефинира кохрентноста и конзистентноста на Европската надворешна политика, односно да се утврди постоењето на двојни стандарди помеѓу Европската визија за 'демократија' и она што Унијата реално го промовира во својата надворешна политика кон Македонија. Резултатот од истражувањето дава суштински сознанија во однос на влијанието на Европската унија врз тековна политичка криза.

6. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А. „Создавање на Армија на Европската унија: Теориска анализа низ призмата на концептот на нормативната моќ на Европската унија", *Годишен зборник на Правен факултет*, бр. 6, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2016, стр. 83-89. ISSN 1857-7229 **(11,7 поени)**

***Краток опис на трудот:*** *Актуелните теориски пристапи за природата на Европската унија како меѓународен актер со нормативна моќ, беа доведени во прашање со настанувањето на Украинската криза и со настаните што следеа потоа. Имено, некохерентната надворешна политика на Европската унија кон украинската криза, која ја потенцираше двојноаршинската политика на Унијата во однос на европските аспирации за членство на Украина ги разниша токму нејзините нормативни цели и инструментите на надворешната политика*. Врз основа на тоа, трудот *ја истражува мерката во која евентуалното воспоставување на планираната Европска армија може да влијае врз концептот на нормативната моќ на Унијата, и дали тоа би било во судир со концептот или пак би можело да се вклопи во неговите постулати.*

7. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А. **и ШИКОВА, Н.**: „*Демократијата како вредност на политиките за проширување на Европската унија*", Зборник на трудови од Трета научна меѓународна конференција *„*Општествените промени во глобалниот свет*"*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип, 2016, *стр*. 697-719. ISSN 978-608-244-353-9 **(6 поени)**

***Краток опис на трудот:*** *Демократијата заедно со владеењето на правото, со човековите права и со заштитата на малцинствата се неопходни стандарди што државите заинтересирани за пристапување кон Европската Унија треба да ги гарантираат преку своите стабилни институции. Но, иако демократијата е предвидена како посебен предуслов, сепак оваа конститутивна норма нема прецизна дефиниција ниту во меѓународното право ниту во политиките на ЕУ. Врз основа на тоа, во трудот се разработува демократијата како вредност и како принцип на Европската Унија виден низ призмата на политиката за проширување*. Освен тоа, во трудот се *прави анализа на промоцијата на демократијата кон Република Македонија преку евро-интегративните процеси и преку надворешната политика на Унијата кон државата*, со цел да се утврдат *утврдат демократските стандарди и принципи што реално се применуваат во Република Македонија, а биле предмет на хармонизација со европското законодавство.*

8. VEIGEL, Charles and KOSEVALISKA, Olga and TUSEVSKA, Borka and **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana**: „The 'Gazi Baba' Reception Centre for Foreigners in Macedonia: migrants caught at the crossroad between hypocrisy and complying with the rule of law*", The International Journal of Human Rights*, volume 21 Issue 2. 2017. pp. 103-119. ISSN 1744-053X **(2,1 поени)**

**Краток опис на трудот:** Фокусот на трудот е примената и почитувањето на владеењето на правото во Република Македонија, и заштитата и гаранцијата на основните човекови права во националниот поредок. Конкретно, се истражува случајот на противправното задржување на 1003 мигранти во Прифатниот центар за странци во „Гази Баба" во периодот од 1 јануари до 15 јуни 2015. Врз основа на анализите од меѓународните организации за човекови права, во коишто се утврдува дека бегалците и мигрантите биле противправно задржувани во Центарот и биле подложни на нехумано однесување, трудот го утврдува степенот на согласност на македонските законски рамки со меѓународните и регионалните правила во однос на заштита на човековите права.

9. **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana:** „The double caracter of EU's Neighborhood Policy", *Зборник на трудови Втора меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет"*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Штип, 2016, стр. 101 – 109. ISBN 978-608-244-548-9 **(11,7 поени)**

**Краток опис на трудот:** Трудот говори за амбивалентниот односно двоен карактер на Европската политика за соседство. Имено, трудот ја истражува некохерентноста и злоупотребата на инструментот на проширувањето, како еден од најмоќните и најефективните инструменти на Унијата преку кој таа влијае на реформскиот процес во земјите од нејзиното соседство. Конкретно, во трудот се елаборира злоупотребата на инструментот за проширување од страна на Унијата кон Украина, кој покрај фактот што ја окарактеризира Унијата како некохерентен актер во нејзината надворешна политика, тој влијаеше на внатрешната политика во Украина што на некој начин придонесе кон случувањето на украинската криза и на настаните што следеа.

10. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: „Текот на Евроатлантските интеграции после украинската криза", *Годишен зборник на Правен факултет*, бр. 5, Година 2015,

Универзитет „Гоце Делчев'" – Штип, Штип, 2015, стр. 189 – 196. ISSN 1857-8713 **(11,7 поени)**

**Краток опис на трудот:** Во трудот се говори за изменетото меѓународно опкружување кое произлезе со Украинската криза и предизвика нови геополитички моменти и групирања на меѓународната сцена, но ја отвори и дебатата за враќање на Студената војна. Освен тоа, се разработуваат и опишуваат заклучоците кои произлегоа од Самитот на НАТО во Велс во врска со новата безбедносна стратегија која значително ќе влијае врз евроатлантските интеграции, а која е поврзана со украинската криза и припојувањето на Крим кон Русија.

11. **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана:** *„Енергетска безбедност – причина за некохерентната политика на Европската унија кон Украина и кон Украинската криза",* **in** *The Man in the Global World, Collection of papers from International Scientific Conference Voronezh*, May 18 – 20, 2015, Ministry of Education and Science of the Russian Federation Voronezh State University and University "Goce Delcev" – Stip, Republic of Macedonia, Voronezh, 2015, стр. 18 – 20. **(11,7 поени)**

**Краток опис на трудот:** Во трудот се разработува некохерентната политика на Европската унија кон Украина, која се олицетвори во непоканувањето на Украина да се придружи во членството на Европската унија како и во задоцнетото потпишување и задоцнетото влегување во сила на Договорот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската унија и Украина. Покрај тоа, во трудот исто така, се истражуваат и причините кои што стојат позади некохерентната надворешна политика на Европската унија, а кои во суштина се состојат од потребата да за Европската унија да си обезбеди поголема енергетска безбедност во однос на Русија.

Во делот на **монографија или научна книга** кандидатката го има објавено следното**:**

12. **НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А.:** *Односот меѓу вредностите и политиките на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика*, 2-ри Август – Штип, 2015. (монографија) **(10 поени)**

**Краток опис на трудот:** Книгата преставува објава на истоимениот докторски труд одбранет на Филозофскиот факултет во 2015 г., на студиите за Европска интеграција со менторство на проф. Ванковска. Трудот конкретно ја истражува надворешната политика на Европската унија низ теориската призма на концептот на нормативната моќ на Европската унија. Преку детална анализа на различните теориски пристапи од областа на меѓународните односи, теориите за европска интеграција како и теориите за анализа на надворешната политика, трудот прави анализа на надворешната политика на Европската унија во однос на т.н. замрзнати конфликти во земјите од Источното соседство на Европската унија, со посебен осврт кон Украина и украинската криза. Ова со цел да се утврди недоследноста и некохерентноста на Европската унија во промоција на нејзините вредности и принципи наспроти политики.

13. КОШЕВАЛИСКА О., НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А. и ТУШЕВСКА, Б.: *Ромите во текот на претходните анализи на Рамковниот договор*, Здружение на правата на Ромите – Штип, Штип, 2017. ISBN 978-608-245-243-2 (книга) **(10 поени)**

**Краток опис на трудот:** Публикацијата претставува една од активностите коишто се спроведени во рамките на проектот Мрежа на ромски граѓански организаци, под раководство на Здружението на правата на Ромите - Штип. Во книгата се прави анализа на досегашните документи коишшто вршеле анализа на Рамковниот договор. Ова со цел да се утврди застапеноста на Ромите во претходните анализи на договорот, наспроти застапеноста на Албанците или пак другите малцински населенија во Република Македонија.

Во однос на творештвото во форма на **дел од монографија или научна книга,** кандидатката го има објавено следното:

14. KOSHEVALISKA, O., TUSHEVSKA GAVRILOVIKJ, B. and **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A.:** "Migration crisis: Macedonia at crossroad" **in** NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A. and TUSHEVSKA GAVRILOVIKJ, B. (eds): *Migration at sea: International Law Perspectives and Regional Approaches*, Giannini Editore, Napoli, 2016, pp. 61 – 76. ISBN 978-88-7431-818-6 (поглавје од книга) **(10 поени)**

**Краток опис на трудот:** Трудот говори за македонскиот систем за азил и миграција низ светлото на миграциската криза од 2015 г. Имено, од една страна се евалуираат клучните карактеристики на македонскиот систем за азил и миграција и нивната усогласеност со меѓународните стандарди како на пример Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 г. и Протоколот од 1967 г., или пак усогласеноста со Даблинските правила за азил и миграција на Европската унија. Од друга страна пак, се утврдуваат недостатоците и спротивностите што ги поседува системот коишто излегоа на површина со миграциската криза, но и кои беа последица на наметнатата улога во која се најде Република Македонија како чувар на надворешните граници на Европската унија.

15. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: „Европската унија во меѓународните односи: Теориски гледишта за меѓународната улога на Унијата и концепции за европската надворешна политика" **in** СТОЈАНОВСКИ, Страшко (ed): *Зошто идеологијата е важна. Есеи за национализам, политички идеологии и бирократија*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Печатница 2-ри Август - Штип, Штип 2016, стр. 79 – 101. ISBN 978-608-244-289-1 (поглавје од книга) **(6 поени)**

**Краток опис на трудот:** Трудот претставува дел од збирка на трудови од областа на идеологиите, било да се национални, европски или меѓународни. Конректно трудот говори за Европската унија и за нејзиното дефинирање во меѓународните односи и како субјект во меѓународното право. Трудот говори за теориските гледишта од областа на меѓународните односи и европските интеграции кои ја проучуваат Унијата како субјект со специфична природа и како актер којшто е способен да креира и да спроведува политики.

Кандидатката има објавено **видео и аудио материјали** на интернет/јутјуб:

- https://www.youtube.com/watch?v=mPpRebz0Ol8&t=421s (**NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A.:** „L'Accordo di Prespa tra la Macedonia e la Grecia tra il diritto e politica internazionale" (Key speaker), Seminario sull'Unione Europea e la risoluzione della disputa greco-macedone: tra principi normativi e doppi standard? 09.05.2019, Istituto di Studi Giuridici Internazionali, CNR - Roma.) (Пленарно излагање на Никодиновска Крстевска, А. на семинарот одржан во Институтот за меѓународни правни студии во Рим, Национален инстражувачки совет, на тема: *Европската унија и решавањето на грчко-македонскиот спор: помеѓу нормативни принципи и двојни стандарди*, одржан на 09 мај 2019)
- https://www.youtube.com/watch?v=nPDuZh9H67Y (**NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A.:** „Macedonia e l'Unione Europea con l'accento sull'Accordo di Prespa tra la Repubblica di Macedonia e la Repubblica Grecia", Lezione svolta agli studenti di Diritto Internazionale e Diritto dell'Unione Europea all'Università degli studi di Napoli 'l'Orientale', il 07.11.2018 sull'invito di prof. Giuseppe Cataldi.) (Предавање одржано на Универзитетот во Неапол „Ориентале" на тема Македонија и Европската унија со акцент на Договорот од Преспа помеѓу Република Македонија и Република Грција, од 07 Ноември 2018).

Кандидатката ги има објавено следните трудови пред изборот во звање доцент од 2015 год.:

16. **NIKODINOVSKA, Ana, "**Renawal of the Albano-Macedonian and Turkish Relations: The perspectives of Corridor VIII***"*, **in** BULUT, Mehmet & IDRIZ, Mesut (eds) *Turkish Albanian Macedonian Relations. Past, Present and Future.* Ankara Center for Thought and Research (ADAM/ACTOR), Ankara, 2012, pp. 259-266.

    *Краток опис на трудот: Оваа глава од книга говори за односот и врските меѓу земјите од Југоисточната и Северозападната оска на Европскиот и Азискиот континент. Попрецизно, трудот говори за политичките, економските, социјалните и културните односи меѓу Македонија, Албанија и Турција, како и за нивното значење низ призмата на историскиот пат Виа Игнација и неговиот денешен близнак Коридорот VIII.*

17. **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA , A.,** ANANIEV, J. and STOJANOVSKI, S.: "The Ukraine Crisis and New Security Challenges for Euro Atlantic Integrations*", International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR)*, volume 20 No. 1, 2015, pp. 254-259.

    *Краток опис на трудот: Трудот говори за украинската криза која започна во ноември 2013 год., и предизвика нови геополитички групирања на меѓународната сцена, кои на некој начин ја возобновија дебатата за нова Студена војна, и допреа до две важни прашања и тоа: енергетската безбедност на Европската унија, а со тоа и безбедноста на НАТО алијансата и на нејзините земји членки, како и прашањето за поделбата на сфери на влијание меѓу Соединетите Американски држави и Европската унија преку НАТО, и Руската федерација преку Евроазиската унија. Според авторите овие нови безбедносни предизвици ќе влијаат и ќе ги условат тековните трендови и тенденции на евроатлантските интеграции.*

18. ANANIEV, J. , DENKOVA, J. and **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A**.*: "*Rule of Law and Inclusion in the Republic of Macedonia***"***, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research,* volume 19 No. 2, 2015, pp. 428-435.

    Краток опис на трудот: Концептот на владеење на правото подразбира дека правниот систем е еднаков за сите граѓани, и дека постојат прецизни и применливи механизми на контрола за неговото функционирање и за функционирањето на институциите кои го гарантираат и го имплементираат истото. Почитувањето на концептот на владеење на правото е клучен предуслов за демократија и за заштита на човековите права, но исто така е и главен услов за да се овозможи институционална и процедурална социјална инклузија на сите граѓани. Според тоа, една земја се смета дека е демократска доколку нуди еднакви можности за прогрес за секој поединец, се разбира доколку прогресот се заснова на правични и јасно дефинирани критериуми чијашто примена е категорична, без никакви надворешни и недозволени интервенции на поединци или на одредена група на индивидуи. Во спротивно, доколку прогресот не се базира врз правила, туку врз одредени центри на моќ, во тој случај процентот на исклучување на поединците кои немаат еднакви можности би бил многу висок. Така, владеењето на правото би се заменило со владеењето на нечија друга волја. Во рамките на овој труд се презентирани оригинални необјавени резултати од истражување на јавното мислење спроведено во 2011 год.

19. STOJANOVSKI, Strasko, ANANIEV, Jovan and **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana: "**Between Religion and Nation: The Identity of Makedonci muslimani in Republic of Macedonia", *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR)*, volume 20 No. 2, 2015, pp. 194 – 201.

Краток опис на трудот: Колективниот идентитет на муслиманското население со словенско потекло на Балканот, е резулат на повеќеконфесионалниот систем кој постоел во доцно-Османлискиот милетски систем, и се јавува како последица од воведувањето на националните идеологии во втората половина од 19 век. Со формирањето на Македонската држава, Македонците муслимани биле инкорпорирани во новата нација, но, заради нивните религиски разлики тие сепак не биле целосно вклучени во доминантниот христијански дискурс на македонската нација. Овој пример не е единствен, напротив, освен Република Македонија, тој може да се сретне и кај муслиманите во Република Србија, и кај Помаците во Република Бугарија. Оттука, етникумот на Македонци муслимани поседува стабилни културни карактеристики, кои меѓу другото го имаат македонскиот јазик, како мајчин јазик во нивниот говор, но сепак, тие се разликуваат, заради различните политички определби во однос на нивната национална идентификација.

20. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана**: „Критики и лимити на концептот на ‘нормативна моќ на Европската унија**’ “**,** Годишен зборник на Правен факултет бр. 4, Година 2013/2014, Универзитет „Гоце Делчев’“ – Штип, Штип, 2014, стр. 167 – 170.

*Краток опис на трудот: Концептот на „нормативна моќ на Европската унија“, формулиран од Манерс во 2002 г., кој ја опишува Европската унија како актер со нормативна моќ во меѓународните односи способен да ги менува концепциите за „она што се смета за нормално“ кај другите, претставува концепт кој не успева целосно да ја долови епистемолошката и онтолошката вистина за Европската унија. Како резултат на тоа, научните дисциплини на меѓународните односи, на европската интеграција и на анализата на надворешна политика, развиваат критички осврти насочени кон концептот, особено кон неговата природа, цели, инструменти и слично.*

21. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: „***Европската унија во меѓународните односи: помеѓу теориите за меѓународни односи и европска интеграција“,*** Годишен зборник на Правен факултет бр. 3, година 2011/2012, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2014, стр. 125-134.

*Краток опис на трудот: Специфичната организација и уредување на Европската унија предизвикува значајни тешкотии при нејзиното дефинирање, бидејќи од една страна ја надминува организацијата на меѓународна организација, но, од друга страна, сепак не го надминува класичниот концепт на европска држава. Во недостаток на една сеопфатна теорија која би можела да ги објасни нејзините карактеристики, овој труд говори за најблиските теориски гледишта кои ја проучуваат Унијата како субјект во меѓународниот систем, способен да креира и да спроведува политики, и кои се обидуваат да ја доловат нејзината природа, и тоа: теориите за меѓународни односи и теориите за европски интеграции. Тргнувајќи од нив, направен е подетален приказ на главните парадигми на теориите за меѓународни односи изразени преку реализмот, либерализмот и конструктивизмот, како и на позначајните теориски стојалишта на теориите за европска интеграција, содржани во федерализмот, функционализмот, интерговерментализмот и социјалниот конструктивизам.*

22. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: „**Концептот на нормативна моќ на Европската унија“,** Годишен зборник на Правен факултет бр. 2, година 2010, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Штип, 2013, стр. 163-172.

Краток опис на трудот: *Неспорниот меѓународен протагонизам на Европската унија*, заедно со заложбата да промов*ира вредности и принципи во поширокиот свет, ја прави*

*Унијата да се разликува и да отскокнува од традиционалните актери во меѓународните односи, при што таа е претставена како нов вид на моќ во меѓународниот систем. Оваа улога на ЕУ, предводена од етика на одговорноста, во литературата се здобива со различни епитети како цивилна моќ, сила за доброто, нормативна моќ, структурна сила, трансформативна моќ, етичка моќ, специфична империја и сл. Во овој труд фокусот се насочува кон концептот на нормативна моќ на Европската унија при истражување на специфичната улога на ЕУ, заснована на нејзината уникатна нормативна база и на нејзиниот sui generis карактер на поствестфалски ентитет. На крајот од трудот се прикажува со помош на скала на континуум, тројна спецификација (цивилна моќ, нормативна моќ и етичка моќ) на меѓународната улога на ЕУ.*

23. НИКОДИНОВСКА, Ана: "Правото на самоопределување на народите и правото на сецесија како последна инстанца од правото на самоопределување"**,** Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2009, стр. 197-211.

Краток опис на трудот: Традиционалното меѓународно право, поткрепено од праксата на Друштвото на народите не остави без сомнение никаков простор за одобрување и/или нормирање на правото на сецесија. Современото меѓународно право, врз основа на историските збиднувања и тенденции како и на праксата на Организацијата на Обединетите нации, му дава на правото на сецесија сè поголем простор. Правото на сецесија доби своја тежина со нормирање на принципот на самоопределување на народите сè до неговата потесна интерпретација како крајна нужда на истиот принцип. Оттука, феноменот отцепување се конфигурира како финална норма односно како последна инстанца на правото на самоопределување. Афирмирајќи се на тој начин, правото на сецесија всушност се стекна со една серија на гаранции кои произлегуваат од меѓународниот режим за признавање на нови субјекти во меѓународното право и се здоби со правото да биде третирано во рамките на меѓународната заедница.

24. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана**:** *„*'Демократијата' како основна вредност на надворешната политика на Европската унија*"*, Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2014, стр. 435-444.

*Краток опис на трудот: Од основањето на Европската заедница за јаглен и челик во 1952 г., сè до создавањето на Европската унија во 1992 г. и до Лисабонскиот договор од 2009 г., кој ѝ придаде меѓународен персоналитет, Европската унија во својата надворешната политика се раководи од сопствените вредности и принципи, и ги промовира истите во своите меѓународни односи со трети земји. Меѓу овие вредности кои произлегуваат од нејзината широка лепеза на закони и на политики содржани во acquis communautaire и acquis politique, се наоѓа демократијата. Според тоа, овој труд говори за демократијата како основна вредност на Европската унија и нејзината промоција во надворешната политика на ЕУ.*

25. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: *„***Мирот како вредност на надворешната политика на Европската унија",** Списание на научни трудови Петта меѓународна конференција „Меѓународен дијалог*: Исток – Запад" (Култура, Слав*јанство и Економија) бр. 1(5), Корпоративен меѓународен Славјански универзитет „Г.Р. Државин" - Св. Николе, Св. Николе, 2014, стр. 73-76.

*Краток опис на трудот: Напуштањето на геополитичките реалитети карактеристични за периодот на Студената војна, како и формирањето на заедничката надворешна и безбедносна политика во рамките на структурната поставеност на Европската унија, ѝ овозможија на Унијата да ја заснова својата надворешна политика врз една поширока агенда предводена од норми и вредности, меѓу кои како најзначајна*

*се издвојува вредноста на мирот. Во тие рамки, трудот говори за мирот како една од основните и обединувачки вредности на Европската унија, кој Унијата го претставува низ три историски димензии: оригинален мир, нов мир и глобален мир. Освен тоа, мирот е прикажан како движечка сила во надворешните политики на Унијата: проширување, развој, заштита на животната средина и превенција на конфликти.*

26. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана: *„**Нормативните инструменти на концептот на нормативна моќ на Европската унија кон украинската криза**“***, Списание на научни трудови Петта меѓународна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад“ (Култура, Славјанство и Економија) бр. 1 (5), Корпоративен меѓународен Славјански универзитет „Г.Р. Државин“ - Св. Николе, Св. Николе, 2014, стр. 77-79.

*Краток опис на трудот:* Концептот на нормативна моќ на Европската унија, според кој Европската унија е претставена како нормативна сила способна да ги обликува и да ги менува концепциите на „она што се смета за нормално“ во меѓународните односи, е составен од четири елементи, со кои Унијата ги шири своите норми и вредности, и тоа: нормативен идентитет, нормативни цели, нормативни инструменти и нормативно влијание. Во светлината на скорешните настани кои го засегнаа источно-европското соседство, во овој труд се разгледува примената на нормативните инструменти на Европската унија во однос на украинската криза.

27. НИКОДИНОВСКА, Ана: **„Био-библиографија на проф. д-р Ванче Стојчев“,** Годишен зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2009, стр. 9 -24.
    Краток опис на трудот: **Био-библиографија на проф. д-р Ванче Стојчев.**

Во делот на пленарно предавање на научен собир, кандидатката д-р Ана Никодиновска Крстевска има остварено предавање на семинарот „Европската унија и решавањето на грчко-македонскиот спор: помеѓу нормативни принципи и двојни стандарди?“ (L'Unione Europea e la risoluzione della disputa greco-macedone: tra principi normativi e doppi standard?), организиран во Институтот за меѓународни правни студии при Националниот истражувачки совет во Рим, Италија на тема „Договорот од Преспа помеѓу Македонија и Грција помеѓу право и меѓународна политика **(6 поени).** Освен тоа, таа била пленарен предавач на студентската Меѓународната научна конференција за Бугарија и Македонија: Различни предизвици, заедничка иднина одржан на Универзитетот Св. Климент Охридски – Софија, 24 – 25 април 2018, на тема „Двојните стандарди на Европската унија“ (Double standards of the European Union) **(6 поени).**

Што се однесува до **секциските предавања на научен собир**, кандидатката д-р Ана Никодиновска Крстевска, по покана на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и Државниот универзитет во Тетово во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во две последователни години (2016 и 2017) одржа по две предавања во рамките на Летната школа по кривично право и човекови права која во 2016 г. се одржа од 21 – 27 јули и во 2017 г. се одржа од 23 – 29 јуни 2017 г. во Охрид, Хотел Климентица. Предавањата беа на тема „Системи на заштита на човековите права на универзално, регионално и национално ниво“ и Работилница за меѓународни организации. **(4 поени).** Исто така во склоп на одбележување на Денот на Европа на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката во две прилики одржала предвања, и тоа на 09.08.2018 г. на тема „Двојните стандарди на Европската унија во политиките за проширување на Унијата“, и на 07.05.2019 на тема „Quo vadis Europa? Европската унија и Македонија“ **(4 поени**).

Во делот одржано предавање по покана од научна институција, кандидатката д-р Никодиновска Крстевска има одржано предавање по покана на проф. Д-р Џузепе Каталди од Универзитетот „Ориентале“ во Неапол на студентите по меѓународно јавно право и право на Европска унија, на тема Македонија и Европската унија со акцент на Догоовром од Преспа помеѓу Република Македонија и Република Грција, одржано на 07 ноември 2018 **(3 поени).** Освен тоа, д-р Никодиновска Крстевска одржала уште едно предавање по покана на проф. Анализа Ди Вита во Основното училиште „Луиџи Сетембрини“ во Рим, на тема „Македонија и балканските земји“, кое се одржа на 1 март 2019 г. **(3 поени).**

Што се однесува до учество на научен собир со реферат (постер/усно), д-р Никодиновска Крстевска учествувала на следните собири**:**

- **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA A. And KOSHEVALISKA, Olga: „**Migration and Asylum Policies Systems: The case of Republic of Macedonia“, *International Conference on Migration and Asylum Policies Systems*, University of Naples ‘Orientale’, Naples, 23 September 2019 (**2 поени).**
- **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A.: “**External Governance of the European Union through the prism of its Defense and Security Policy“, *Четврта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, 6 – 7 септември 2017, Штип **(1,5 поен).**
- НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А.: “Externalization of European Union security out of EU borders: myth or reality?“ *Third International Conference ‘The Balkans between East and West: Old and/or new security challenges’*, Institute for security, defense and peace, Faculty of Philosophy, University Ss. Cyril and Methodius – Skopje and Faculty of Security, University of Belgrade, 5 – 7 September 2017, Ohrid **(1,5 поен).**
- **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana** and SHIKOVA, Natalija: „EU’s Democracy promotion towards Republic of Macedonia through the standard of fair and democratic elections“, *International conference on the Future of EU and Eastern Europe*, University S. Kliment Ohridski – Sofia, 27 May 2017, Sofia **(2 поени).**
- НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А. и ШИКОВА, Наталија: „Демократијата низ призмата на политиката за проширување на Европсакта унија“, *Трета меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, 1 – 2 септември 2016, Штип **(1,5 поен).**
- НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, А.: „Создавање на Армија на Европската унија: Теориска анализа низ призмата на концептот на нормативната моќ на Европската унија“, *Трета меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, 1 – 2 септември 2016, Штип **(1,5 поен).**
- KOSHEVALISKA, O., TUSHEVSKA GAVRILOVIKJ, B. and **NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, A**.: „Migration crisis: Macedonia at the crossroad “, *International Conference Migration at sea: International Law Perspectives and Regional Approaches*, 6 October 2015, Ohrid **(1,5 поен).**

- Кандидатката д-р Ана Никодиновска Крстевска на 13.01.2015 год. на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Институт за социологија, ја има одбрането докторската дисертација под наслов Односот меѓу вредностите и политиките на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика, под менторство на проф. д-р Билјана Ванковска. **(вкупно 8 поени)**

*Краток опис на трудот:* Докторската дисертација говори за изменетото меѓународно опкружување и процесите на внатрешна трансформација на Европската унија кои настанаа во изминативе две децении, а кои доведоа до редефинирање на нејзината улога на мека сила во светската политика, во насока на прифаќање на однесување кое е повообичаено за класичните актери на меѓународната политика. Ова резултираше во зголемување на јазот меѓу декларираните вредности и принципи на Европската унија и нивното спроведување во нејзината надворешната политика. Во тој контекст, докторска дисертација ја испитува токму надворешната политика на Европската унија видена низ призмата на конкретната корелација меѓу прокламираните европски вредности и принципи и нивната практична примена во дејствувањето на органите на Унијата и на државите членки, и го истражува профилот на Унијата како актер со „нормативна моќ" во меѓународните односи и влијанието што таа го врши врз трети држави и во меѓународната заедница во целина.

Исто така, на Факултетот за политички науки, при Универзитетот „Алма Матер Студиорум" во Болоња, Италија, во септември 2006 година, кандидатката д-р Никодиновска Крстевска го има одбрането магистерскиот труд под наслов *„Relazioni internazionali della Provincia di Bologna".* **(вкупно 4 поени)**

Во делот раководител на научен проект, д-р Ана Никодиновска Крстевска е раководител за Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на проектот *Jean Monnet Network MAPS: Migration and Asylym policies systems. Weaknesses, shortcomings and reform proposals?*, предводен од Универзитетот „Ориентале" во Неапол (2018 – 2021 г.), финансиран од Европската унија **(6 поени).** Д-р Никодиновска Крстевска е раководител за Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на уште еден проект Жан Моне *BordEUr: Jean Monnet 'New European Borderlands' Network/BORDEUR* (2019 – 2021), предводен од Централниот Европски Универзитет и финансиран од Европопска унија **(6 поени).** Таа исто така се јавува како истражувач и член на управен одбор како претставник на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во Република Македонија во рамките на меѓународниот проект COST Action CA16211 '*Reappraising Intellectual Debates on Civic Rights and Democracy in Europe'*, 2017 – 2021, координиран од Универзитетот во Малага (проф. Хозе Мариа Розалес), и финасиран од Европската унија **(6 поени)**. Д-р Никодиновска Крстевска учествува и во уште еден проект COST Action како претставник за Република Македонија и е член на Управниот одбор на меѓународниот проект COST ACTION IS1105 „MARSAFENET - NETwork of experts on the legal aspects of MARitime SAFety and security", 2012-2016, координиран од Националниот истражувачки совет во Рим, Италија (проф. Џема Андреоне) **(6 поени). Покрај меѓународните проекти, кандидатката се јавува како координатор – ментор на студенти во рамките на проектот** Превенција од дискриминација и постапување во случаи на криминал од омраза и говор од омраза", поддржан од ОБСЕ (март – ноември 2017) (**4 поени**).

Што се однесува **до учеството во научни проекти**, кандидатката покрај тоа што учествува како истражувач во сите претходно наведени, таа се јавува како истражувач и во следните проекти: 1. Истражувач во рамките на проектот *The sea at the crossroad: the legal repercussions of the superposition of legal regimes on the effectivity of the police at sea (MERCRO),* под раководство на Кјара Нери од Универзитетот 3 во Лион, финансиран од Agence nationale de la recherche - France, 2018 – 2021 **(3 поени)**; Претставник на Правен факултет, УГД – Штип во рамките на мрежата SEELS (South East European Law Schools Network) и учесник во проектот проектот *„Education4progress"*, 2018 – 2021 **(3 поени)**.

Кандидатката е уредник на научно списание **и тоа:**

1. **Меѓународно научно списание: Годишен зборник на Правен факултет**, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (ISSN 1857-8713) број 5 за 2015 г., број 6 за 2016 г., и број 7 за 2017 г.и бр. 8 за 2018 г. **(вкупно 3** поени)
2. Меѓународно научно списание: Student's Social Science Journal на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (ISSN 2545-4021), број 1 и 2 за 2016 г., број 3 и 4 за 2017 г., број 5 и 6 за 2018 г., и број 7 за 2019 г**. (вкупно 3 поени)**

Д-р Никодиновска Крстевска е член на уредувачки одбор на следните научни списанија:

1. *Меѓународно научно списание Balkan Social Science Review* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за број 6 за 2015 г., број 7 – 8 за 2016 г., број 9-10 за 2018 г., број 11 – 12 за 2018 г. и број 13 за 2019 г. **(2 поени)**
2. *Меѓународно научно списание* Годишен зборник на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (ISSN 1857-8713) број 5 за 2015 г., број 6 за 2016 г., и број 7 за 2017 г.и бр. 8 за 2018 г. **(1** поен)
3. **Меѓународно научно списание** *SEE Law Journal*, онлајн списание (http://www.seelawjournal.org/) за 2017 г**. (1 поен)**
4. Меѓународно научно списание *Student's Social Science Journal* на Правен факултет при Univerизитетот „Гоце Делчев“ во Штип (ISSN 2545-4021), број 1 и 2 за 2016 г., број 3 и 4 за 2017 г., број 5 и 6 за 2018 г., и број 7 за 2019 г**. (1 поен)**
5. Меѓународно научно списание *Politea* на Универзитетот во Бања Лука (ISSN 2232 – 9641) (http://politeia.fpn.unibl.org/index.php/en/about-the-journal), од 2017 г. **(2 поени)**

Кандидатката се јавува како **уредник на зборник на трудови** на следните публикации:

**28. НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА, Ана и ЈАКИМОВСКА, Јана (уредници):** *Не е шега: дискриминација, цензура*, Публикација на студентски трудови и постери, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет и Ликовна академија, Штип, 2018. **(2 поени)**

**Краток опис на трудот:** Публикацијата претставува збирка на трудови и постери од студенти на Правниот факултет и на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на тема дискриминација и цензура. Всушност, публикацијата е производ од трудовите и плакатите презентирана на Втората студентска конференцијата „Студентската мисла во правото, политиката и општеството“ која се одржа на 3 Ноември 2017 г. во Штип. Во публикацијата има вкупно 9 трудови и 22 постери.

**29. NIKODINOVSKA KRSTEVSKA, Ana**., TUSHEVSKA GAVRILOVIKJ, Borka: *Migration at sea: International Law Perspectives and Regional Approaches*, Giannini Editore, Napoli, 2016. ISBN 978-88-7431-818-6 **(3 поени)**

**Краток опис на трудот:** Книгата „Миграција на море: перспективи на меѓународното право и регионални пристапи“ во заедничко уредништво на Никодиновска Крстевска и Тушевска Гавриловиќ, претставува збирка на повеќе трудови од областа на меѓународното право на морето, кои се стремат да дадат придонес кон постоечката литература за меѓународната и регионална правна легислатива. Трудовите говорат за миграцијата како феномен, за одговорноста на државите за спасување на море, за прашања поврзани со миграциската криза и Балканските земји и слично. Покрај правните анализи прикажани во трудовите, исто така има и трудови коишто ги разбработуваат хуманитарните аспекти на миграцијата, особено низ призмата на бегалската криза од 2015 г.

Во делот на претседател на организационен или научен одбор на научен собир кандидатката е претседател и научен координатор на меѓународната научна конференција под наслов “Migration at sea: International Legal Perspectives and Regional Approaches”, во организација на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во рамките на

проектот MARSAFENET, која се одржа на 6 октомври 2015 г. во Охрид во хотел Белви **(2 поени).** Таа е претседател и научен координатор на организациски одбор на Втората студентска конференција „Студентската мисла во правото, политиката и општеството" во организиација на Правен факултет, која се одржа на 03.11.2017 на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип **(2 поени).** Исто така, д-р Никодиновска Крстевска е претседател на организациски одбор на семинарот со наслов „Европската унија низ призмата на правото и политиките", во организација на Правен факултет, УГД – Штип, која се одржа на 07.05.2019 г. **(2 поени).**

Што се однесува до **член на организациски или научен одбор на научен собир**, кандидатката д-р Никодиновска Крстевска била:

1. член на Редакциски одбор на годишната Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет" во организација на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, која се одржува секоја година во месец септември и тоа: Втората меѓународна конференција во 2015 г., Третата меѓународна конференција во 2016 г., Четвртата меѓународна конференција во 2017 г., Петтата меѓународна конференција во 2018 г. и Шестата меѓународна конференција во 2019 г. **(вкупно 1 поен).**
2. Член на организациски одбор на семинар во Рим, Италија - Seminario sull'Unione Europea e la risoluzione della disputa greco-macedone: tra principi normativi e doppi standard? организиран во рамките на Инситутот за меѓународни правни студии при Националниот истражувачки центар во Рим (Istituto di Studi Giuridici Internazionali, CNR – Roma) кој се одржа на 09.05.2019. **(2 поени)**
3. Член на организациски одбор на меѓународна научна конференција 'Contemporary concepts of crisis management', Центар за управување со кризи на РМ, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (Правен факултет), Универзитет „Џонс Хопкинс" (САД), Универзитет „Колеџи Бизнеси", Косово, која се одржа во хотел Инекс, Охрид на 15 – 16 декември 2016. **(1 поен)**
4. Член на организациски одбор на меѓународна научна конференција International Scientific Conference on Bulgaria and Macedonia: Different Challenges, Common European Future, University St. Kliment Ohridski - Sofia, која се одржа во Софија на 24 – 25 Април 2018 г. **(2 поени)**

Во делот **основач на научна лабораторија** кандидатката д-р Никодиновска Крстевска е еден од основачите на Центарот за анализа на право и политики на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, основан во 2018 г. **(4 поени)**

Кандидатката има остварено студиски престој во странство и тоа во период од 01.09.2018 до 01.09.2019 на Универзитетот во Неапол „Ориентале" во Италија, заради спроведување на истражување во коменторство со проф. Д-р Џузепе Каталди од областа на меѓународно јавно право. Исто така има учествувано и присуствувано и на научни конференции во странство. (**вкупно 8 поени**).

Како рецензент на научни трудови д-р Никодиновска Крстевска е редовен рецензент на Balkan Social Science Review, Student's Social Science Journal, Годишен зборник на Правен факултет и Меѓународната научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", но и на други списанија или меѓународни собири. Таа има ги има рецензирано следните научни трудови **(вкупно 6 поени)**

1. An empirical study of the United Nations peacekeeping missions in post-conflict countries – the Kosovo case
2. International affairs of Balkan countries (geopolitics), internal- international cooperation as well as the prosperity of the Republic of Macedonia towards EU, USA and RUSSIA
3. Lives in a pocket: in the labyrinth of smuggling of migrants' business along the Balkan

route in times of "closed doors"
4. EMU's governance post-crisis: what role for intergovernmentalism?
5. Влијанието на реформите на Европската конвенција за човекови права врз зајакнувањето на ефикасноста на Европскиот суд за човекови права
6. Values and principles are the basis of respect for the rights and freedoms of refugees in the European Union in 2018

Согласно правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Делчев" за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и согласно Табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање на истоимениот Универзитет, КАНДИДАТКАТА ИСПОЛНУВА **263.5** ПОЕНИ ОД НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

**Како** претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир, д-р Никодиновска Крстевска се јавува при организирање на следните настани **(6** поени):
1. Обука на студенти од Alumni и од претставници на ОБСЕ за антидискриминација, превенција на говор од омраза и криминал од омраза, 7 април 2017, Правен факултет – Штип
2. Дебата за криминал од омраза - феноменологија, трендови и последици, 26 април 2017, Правен факултет – Штип
3. Работилница „Слобода на говор и говор на омраза", 17.11.2017, Правен факултет, УГД – Штип.

Кандидатката е Раководител на Катедра за меѓународни односи и европско право од 2016 г. и е повторно избрана за Раководител во септември 2019 г. Изборот е потврден и во септември 2019 г. **(6 поени).** Д-р Никодиновска Крстевска е исто така Раководител на Центарот за анализа на право и политики при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип **(3 поени)**.

Во делот член на универзитетски и владини тела, од 2010 год. па наваму, таа е член на Издавачкитот совет на Годишниот зборник на Правен факултет, УГД – Штип, член на Издавачки совет на Balkan Social Science Review од 2013 г. до денес, и член на издавачки совет на Student's Social Science Journal од 2016 г. до денес. **(15 поени).**

Во однос на нејзиното членство на факултетски орган или комисија, кандидатката д-р Никодиновска Крстевска била член на Уписната комисија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во 2015 и 2016 г. **(2 поени),** како и член на Дисциплинската комиисија на Правен факултет во 2015 и 2016 г. **(2 поени**). Член на Комисија за изработка на веб страницата на Правен факултет во 2019 г. **(2 поени).** Член на работна група за подготовка на акредитации за прв циклус на студии (Правни студии, Применета политика и дипломатија и Новинарство и медиумски студии); член и координатор на работна група за подготовка на акредитации за втор циклус на студии по Европско право во 2016 г.; член на работна група за подготовка на акредитации за трет циклус студии по Човекови права **(2 поени);** член на работна група за акредитација на прв циклус на студии (Правни студии) и координатор и член на работна група за акредитација на прв циклус студии по Меѓународно право и меѓународни односи – интернационална програма) и втор циклус на студии 2019 г. (Правни студии и Студии по европско право) **(2 поени).**

Кандидатката исто така има остварено иницијатива за потпишување на два Еразмус + меѓународни договори, и тоа со Универзитетот во Неапол „Ориентале" во Неапол, Италија и со Универзитетот во Салерно, Салерно, Италија.

Согласно правилниците и правните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и согласно Табелата на активности кои се бодираат при изборот во звање на истоимениот Универзитет, КАНДИДАТКАТА ИСПОЛНУВА 4**5** ПОЕНИ ОД СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата внимателно ја разгледа приложената документација и при донесувањето на заклучокот се раководеше првенствено од условите наведени во конкурсот, како и од одредбите на Законот за високото образование, Законот за работни односи, Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и од Правилникот за критериумите и постапката на избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Комисијата едногласно констатира дека кандидатката ги исполнува сите услови наведени во Конкурсот за избор во наставно звање – вонреден професор од областа *„Право на Европска унија“* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Перформансите и достигнувањата на д-р Ана Никодиновска Крстевска во периодот од изборот во звањето доцент до денес, даваат слика на исклучителен научен работник, подеднакво во поглед на нејзините академски квалификации и интереси, достигнувањата во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, и посветеноста во наставно-образовната дејност како доцент на Катедрата за меѓународни односи и Европско право на Правниот факултет, УГД-Штип. Станува збор за научен работник со огромен потенцијал и амбиција, за кој што веруваме дека има уште многу да понуди во развојот на академската дисциплина Правото на Европската унија, и генерално на македонската научна мисла.

Имајќи го предвид сето гореизнесено, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере **Д-Р АНА НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА** во наставно-научното звање – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА „ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА“.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Билјана Ванковска, редовен професор, претседател, с.р;**

**Јован Ананиев, редовен професор, член, с.р;**

**Дејан Маролов, вонреден професор, член, с.р.**

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР – ЗА Д-Р АНА НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА – Вкупно **363.5**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Избор во звање помлад асистент | 10 | | | | 10 |
| | Избор во звање асистент | 15 | | | | 15 |
| | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **55** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Монографија или научна книга | **2** | **10** | | | 20 |
| | Дел од монографија или научна книга | 1 | 6 | 1 | 10 | **16** |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 7 (прв автор)<br>2 **(два автори)**<br>1 (четири автори) | 11.7 + 12 + 2.1<br><br>(за прв автор се 9 бодови се множат со коефициент 1,3, за втор автор 6 бодови се множат со коефициент 1, и за повеќе од три автори 3 бодови се множат со коефициент 0,7) | | | **96** |
| | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | | 2 | 6 | **12** |
| | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 4 | 2 | | | **8** |
| | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | | 2 | 3 | **6** |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 5 | 1.5 | 2 | 2 | **11.5** |
| | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | | | 1 | 4 | 4 |
| | Раководител на научен проект | 1 | 4 | 4 | 6 | 28 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | | 2 | 3 | 6 |
| | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 2 | 3 | | | 6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 2 (ЦА) + 3 (останати) | 2 (ЦА) + 1 (останати) | | | 7 |
| | Уредник на зборник на трудови | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 3 | 2 | | | 6 |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 2 | 1 | 2 | 2 | 6 |
| | Основач на научна лабораторија | 1 | 4 | | | 4 |
| | Студиски престој во странство | | | | 8 | 8 |
| | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 6 | 1 | | | 6 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **263.5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | **Во странство** | | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир | 5 | 2 | | | **10** |
| | Раководител на катедра/оддел/центар | 2 | 3 | | | **6** |
| | Член на универзитетски или владини тела | 3 | 5 | | | **15** |
| | Член на факултетски орган, комисија | 7 | 2 | | | **14** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **363.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-311/3 од 28.10.2019 година донесена на 211-та седница на наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 23.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област Политички системи и Меѓународни односи и историја на дипломатијата на Факултет за туризам и бизнис логистика.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен Печат” и „Коха“ на 9.10.2019 година и во предвидениот рок се пријави д-р Анета Стојановска-Стефанова, доктор на политички науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Анета Стојановска - Стефанова** е родена на 28.1.1982 година во Штип. Основно образование завршила во Основно училиште „Димитар Влахов” – Штип каде во 1996 година е прогласена за најталентиран ученик на својата генерација.

Средно образование завршува во Гимназијата “Славчо Стојменски“ во Штип со одличен успех, каде била главен и одговорен уредник на средношколскиот весник “Мотив“. За време на средношколскиот период била потпретседател на Унијата на средношколци на Македонија. За време на основното и средното образование добитник е на бројни литературни награди за проза и поезија на литературни натпревари.

Образованието го продолжува како редовен студент на Правниот Факултет “Јустинијан Први“ во Скопје, на отсекот за политички науки, каде дипломирала со просечна оценка 9.32 и се стекнала со звање: дипломиран политиколог.

За време на студирањето била стипендијант на германската Фондација “Конрад Аденауер“ и практикант во Собранието на Република Македонија преку Програмата на американскиот Национален Демократски Институт (НДИ).

На постдипломски студии се запишува на Факултетот за политички науки и дипломатија при Универззитетот ФОН во Скопје, на насоката – меѓународна и европска политика и дипломатија, а студиите ги завршила со просечна оценка 9.75. Успешно го одбранила магистерскиот труд *“Уставно-правните и политичките аспекти на надворешната политика со посебен осврт на искуствата на Република Македонија”* под менторство на проф. д-р Димитар Мирчев и се стекнала со научен назив: магистер на политички науки, област европска и меѓународна политика и дипломатија.

На докторски студии се запишува на Правниот факултет во Штип, насока – политички науки-политички системи, а студиите ги завршила со просечна оценка 10. Успешно ја одбранила докторската дисертација *“Признавањето на државите во меѓународното право и меѓународните односи”* под интерно менторство на проф. д-р Јован Ананиев и екстерно менторство на проф.д-р Панде Лазаревски и се стекнала со научен назив: доктор на политички науки.

Моментално работи како асистент - докторанд на Универзитетот “Гоце Делчев“-Штип (УГД) на Факултетот за туризам и бизнис логистика, во научната област: меѓународни односи и историја на дипломатијата.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**Општи услови за избор:**

**Просечен успех:**

Кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова има завршено прв циклус студии со просечна оценка 9,32 и втор циклус студии со просечна оценка 9,75.

**Научен степен- магистер, доктор на науки од научната област за која се избира:** Кандидатката има научен степен доктор на политички науки, а со звањето доктор на политички науки се стекнува на Правниот факултет во Штип, на насоката политички науки-политички системи, по одбраната на докторската дисертација под наслов „*Признавање на државите во меѓународното право и меѓународните односи*“ која е од областа политичко-правните науки, а особено од областа на политичките системи и меѓународните односи и историја на дипломатијата.

**Претходен избор:**

Кандидатката моментално работи како асистент - докторанд на Универзитетот “Гоце Делчев“-Штип (УГД) на Факултетот за туризам и бизнис логистика, во научната област: меѓународни односи и историја на дипломатијата и има приложено соодветни препораки.

**Објавени научни трудови во референтна научна публикација:** Кандидатката има приложено над десет трудови објавени во референтни научни публикации во последните пет години, кои се од областа на политичките системи и меѓународните односи и историја на дипломатијата, меѓу кои:

- Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017), ***International Recognition of the countries and the foreign policy (theories and precedents)*** US China Law Review, 14 (5). pp. 271-283. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online)(индексирано во EBSCO database)
- Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017) ***Human Rights as a subject of world politics,*** US China Law Review, 14 (6). pp. 321-334. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online) (индексирано во EBSCO database)
- Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017) ***Influence of the politics on freedom of the media,*** US China Law Review, 14 (5). pp. 311-319. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online) (индексирано во EBSCO database)
- Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017) ***Democracy and media—Types of theories for means of mass communication***, US China Law Review, 14 (6). pp. 363-376. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online) (индексирано во EBSCO database)
- Stojanovska-Stefanova Aneta, Atanasoski Drasko, (2016), **“*State as a Subject of International Law*”**, US-China Law Review, Volume 13, Number 1, January 2016, pages 25-33. ISSN 1548-6605 (print) and 1930-2061 (online) (индексирано во EBSCO database)
- Stojanovska-Stefanova Aneta, Atanasoski Drasko, Stojanovska Katerina, (2016), **“*Position and Role of the Ambassadors According to Vienna Convention and Law on Foreign Affairs of the Republic of Macedonia*”**, US-China Law Review, Volume 13, Number 1, January 2016, pages 67-74., ISSN 1548-6605 (print) and ISSN 1930-2061 (online) (индексирано во EBSCO database)

- Stojanovska-Stefanova Aneta, Atanasoski Drasko, (2016), "***The Function President of the Republic of Macedonia and Leading of Macedonian Foreign Policy***", US-China Law Review, Volume 13, Number 1, January 2016, pages 81-87. ISSN 1548-6605 (print) and ISSN 1930-2061 (online) (индексирано во EBSCO database)
- Stojanovska-Stefanova Aneta, Atanasoski Drasko, (2015), "***Development of the Pan European Corridors in Macedonia as a Backbone of the South Eastern European Region*",** US-China Law Review, Volume 12, Number 12, December 2015, pages 984-992. ISSN 1548-6605 (print) and ISSN 1930-2061 (online) индексирано во EBSCO database)
- Stojanovska-Stefanova Aneta, Atanasoski Drasko, (2015), "***International Relations as Constitutional Matter in Republic of Macedonia*",** US-China Law Review, Volume 12, Number 12, December 2015, pages 1015-1025. ISSN 1548-6605 (print) and ISSN 1930-2061 (online) (индексирано во EBSCO database)
- Stojanovska-Stefanova, Aneta (2017), ***International Relations and Policy Development of the Republic of Macedonia,*** In: Proceedings book: International Conference on Economic and Social Studies (ICESoS'17) "The Rural Business Development in the Balkan Region". International Burch University, Sarajevo, Bosnia and Hercegovina, pp. 7-20. ISBN ISSN: 2303-4564 (индексирано во Thompson Reuters Conference Proceedings Indexed Citations, Web of Science)

**Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик:**

Кандидатката има приложено сертификат за познавање на англиски јазик Cambridge English – Level B1, издаден од овластена институција регистрирана за странски јазици, а кандидатката има напредни познавања и од германскиот јазик, исто така се служи и со хрватскиот јазик, бугарскиот јазик, и српскиот јазик.

**Способност за изведување на високообразовна дејност:**

Кандидатката д-р Стојановска-Стефанова има потврдена споспобност за изведување на високообразовна дејност, врз основа на одлуки за ангажирање на наставници и соработници на Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД, каде во академските години од 2015 до 2019 г., во зимски и летен семестар работи како асистент докторанд, а за својата работа има приложено и препораки.

**Посебни услови:**

**- Учество во научноистржувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати**: Кандидатката се истакнува и во афирмација на научно-истражувачката мисла преку објавување на научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации и бележи значајни постигнувања во примената на истражувачките резултати. Кандидатката д-р Анета Стојановска- Стефанова учествува и во научноистражувачки проект на Факултетот за туризам и бизнис логистика, каде истовремено е и обучувач на кандидати.

**- Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД:**

Кандидатката има издадено во коавторство позитивно рецензирани скрипта и практикум, и тоа:

- Атанасоски Д. и **Стојановска - Стефанова А.**, (2016), ***Право на договорите во меѓународниот промет - скрипта.*** ISBN 978-608-244-367-6.
- Атанасоски Д. и **Стојановска - Стефанова А.**, (2016), ***Право на договорите во меѓународниот промет - скрипта.*** ISBN 978-608-244-367-6.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Стојановска-Стефанова има потврдена способност за изведување на високообразовна дејност, врз основа на одлуки за ангажирање на наставници и соработници на Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД, за периодот од 2015 до 2019 г., за зимски и летен семестар, во ангажманот како унверзитетски асистент докторанд од академската 2014/2015 г. и тековно за академската 2019/2020 со Одлука бр.2102-242/7 од 10.09.2019 година на ННС на Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД, кандидатката досега реализирала часови по вежби на студиските програми Бизнис логистика и Бизнис администрација во Скопје, Штип и Гевгелија по предметите: Договори од меѓународен промет, Мултилатерална трговска регулатива, Односи со јавноста, Јавна и државна администрација, Бизнис Администрација, Административни процедури, Методи и техники во бизнис администрацијата, Методи и техники во бизнис логистиката и Административно право.

Кандидатката се истакнува и во афирмација на научно-истражувачката мисла преку објавување на научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации и бележи значајни постигнувања во примената на истражувачките резултати.

**Учебни помагала:**

За потребите на наставата, д-р Стојановска-Стефанова има издадено во коавторство позитивно рецензирани скрипта и практикум, кои се достапни во е-библиотеката на Универзитетот, и тоа:

1. Атанасоски Д. и **Стојановска - Стефанова А.**, (2016), ***Право на договорите во меѓународниот промет - скрипта.*** ISBN 978-608-244-367-6.

Во Скриптата “Право на договорите во меѓународниот промет“ предмет на проучување на авторите е правна дисциплина, како дел на меѓународното право, кое ги проучува договорните односи со странски елемент помеѓу субјектите во меѓународниот промет.

Со скриптата “Право на договорите во меѓународниот промет“ авторите имаат за цел на студентите да им ја претставаат материјата која е од суштествено значење за познавање на состојбите во меѓународниот промет, а особено: изворите на предметот, развојот на договорното право, начелата и принципите кои се применуваат кај меѓународните договорни односи, субјектите во меѓународниот промет, склучувањето договори во меѓународниот промет, решавањето на спорови по истите итн. Поатаму, особено внимание е посветено и на создавањето на меѓународното договорно право, а во тие рамки акцент е ставен на создавањето на правото на договорите во меѓународниот промет, како неодминлив процес кој ги следи современите движења во меѓународната трговија.

2. 2.Атанасоски Д. и **Стојановска - Стефанова А.**, (2016) ***Право на договорите во меѓународниот промет - практикум.***ISBN 978-608-244-366-9.

Во Практикумот “Право на договорите во меѓународниот промет“ авторите придонесуваат студентите да се стекнат со потемелни знаења од сферата на меѓународното право и меѓународните односи и да се оспособат за поефикасно извршување на конкретните задачи во реалноста преку креирање на договори со соодветни правни клаузули, кои се спроведливи во пракса. На овој начин авторите на практикумот прават значаен чекор за потемелно запознавање на студентите со правото на договорите од меѓународниот промет, објаснувајќи ги причинско-последичните врски преку примери од различните групи на договори како што се основните купопродажни договори, специјалните, индустриските и услужните договори. Авторите темелно и сеопфатно ја обработиле материјата од областа на правото на договорите во меѓународниот промет во ера на силна економска

конкуренција на национално и глобално ниво преку решавање на примери и задачи, осознавајќи ги договорите како многу важен правен инструмент на движењето на стоките како во домашниот така и во меѓународниот промет.

**Кандидатката е автор на следните позитивно рецензирани научни книги во земјава и странство:**

3. 3. **Стојановска-Стефанова, Анета**, Атанасоски, Драшко, (2014), ***Европски регионални искуства во делот на транспортната политика***, Печатница 2 Август- Штип (ISBN 978 608 4662 32 7);

Во книгата *"Европски и регионални искуства во делот на транспортната политика"* авторите на читателите им овозможуваат да се стекнат со сознанија од областа на спроведувањето на политики во транспортнот сектор, преку приказ на компаративните искуства на државите од Европската Унија и регионот. Со книгата преку методот на анализа и методот на компарација е прикажана улогата на надлежните институции кај анализираните држави, а читателите имаат можност да се стекнат со поголем број на сознанија за внатрешната организација, целите и позиционираноста на деловите од власта задолжени за транспортот во државите членки на ЕУ. Преку книгата читателите имаат можност да се здобијат со сознанија за наинот на кој функционираат овие сложени ресори во државите кои имаат степен на развој и организациски систем кој треба да биде имлементиран и во земјите кои претендираат да станат членки на ЕУ во иднина, а притоа имајќи ги во предвид сите специфичности кои произлегуваат од системот на организацијата и поделбата на власта во секоја од земјите.

4. **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Atanasoski, Drasko, (2016), ***European and Regional Experiences in the Transportation Politics,*** Lambert Academic Publishing, Lap Publishing. (ISBN 978-3-659-83539-1);

Во книгата *"European and Regional Experiences in the Transportation Politics"* целта на авторите е да се добијат поголем број сознанија преку компаративна анализа на примери за политиките на државите од ЕУ согласно воспоставената регулатива, а кои веќе имаат развиен и организиран транспортен систем, но и на земјите од регионот кои имаат аспирација за полноправно членство во Европската Унија, за која цел вршат апроксимација на домашната со европската легислатива и ја потврдуваат својата темелна определба за спроведување на европските политики во транспортниот сектор.

5. **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija and Atanasoski, Drasko (2019) ***State measures for the development of the modern Macedonian tourism,*** Lambert Academic Publishing, LAP Publishing. (ISBN 978-620-0-21485-0);

Во книгата *"State measures for the development of the modern Macedonian tourism",* авторите прават научен и теоретски осврт на државата како примарна организација на човештвото и на туризмот како еден од најбрзо растечките сектори во државите денес, со особено внимание и теоретски преглед на промоцијата на природните убавини во државата. Книгата нуди теоретски осврт и аналитичен преглед на активностите кои државата ги превзема во насока на развој и промоција на туризмот како што се промоција на културниот, езерскиот, речниот туризам, спортски туризам, планинарење, археолошки туризам, вински туризам, религиозен туризам, зимски туризам, рурален туризам, еко-туризам, конгресен туризам и сл.

**Листа на трудови објавени во научни списанија (домашни и странски), Годишни зборници, зборници од конференции (во земјава и во странство), научно-стручни трибини и сл.:**

6. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Dimitrov V. Nikola and Magdinceva-Sopova Marija (2019) ***The significant role of the tourism in achieving the United Nations sustainable development goals.*** International Journal Knowledge - Proceedings from XXII International Scientific Conference "Knowledge without borders", 11-13 October 2019, Kavala, Greece;

7. Stojanovska – Stefanova Aneta (2019), ***Self- determination as a fundamental principle and human right,*** Proceedings Books from 2th International Scientific Conference CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY – ISCTBL 2019;
8. Atanasoski, Drasko and Stojanovska – Stefanova Aneta and Magdinceva Sopova, Marija (2019, ***Characteristics of Contracts from International Trade – Key Legal Instrument for successful Foreign and Trade Operation***, Proceedings Books from 2th International Scientific Conference CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY – ISCTBL 2019
9. Magdinceva Sopova, Marija and Dimitrov, Nikola and Josheski, Dushko and Elenov, Risto and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2018) ***Innovative management concept as possibility for development of tourism in the Republic of Macedonia.*** International Journal Knowledge, 26.1 (1). pp. 83-89. ISSN 2545-4439 with Global Impact Factor 1.322;
10. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko (2018) ***UN goal: Sustainable Tourism as a key contributor for sustainable development in developing countries.*** First Internattional Scientific Conference, ISCTBL, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonia, 3 (2). pp. 152-161. ISSN 978-608-244-465-9
11. Magdinceva Sopova, Marija and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2017) ***Possibilities and perspectives for the development of social entrepreneurship - case study of Republic of Macedonia.*** International Journal "Knowledge in Practice", 20 (3). pp. 1329-1334. ISSN 2545 4439
12. Stojanovska-Stefanova, Aneta **(2017**), ***International Relations and Policy Development of the Republic of Macedonia,*** In: Proceedings book: International Conference on Economic and Social Studies (ICESoS'17) "The Rural Business Development in the Balkan Region". International Burch University, Sarajevo, Bosnia and Hercegovina, pp. 7-20. ISBN ISSN: 2303-4564
13. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Magdinceva Sopova, Marija (2017), The international society and the development of global political culture, ***International Journal "Knowledge in practice", 20 (3). pp. 1407-1414. ISSN 2545-4439***
14. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017), ***International Recognition of the countries and the foreign policy (theories and precedents)*** US China Law Review, 14 (5). pp. 271-283. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online)
15. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017) ***Human Rights as a subject of world politics,*** US China Law Review, 14 (6). pp. 321-334. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online
16. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017) ***Influence of the politics on freedom of the media,*** US China Law Review, 14 (5). pp. 311-319. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online)
17. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017) ***Democracy and media—Types of theories for means of mass communication***, US China Law Review, 14 (6). pp. 363-376. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online
18. Стојановска- Стефанова Анета, (2017), ***"Унапредување на социјалната заштита преку развојот на бесплатните форми на туризам во Република Македонија",*** Зборник на трудови од Научно-Стручна Конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката", Мај 2017, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, Македонија
19. Стојановска- Стефанова Анета, (2017), ***"Културни преобразби кај државите во услови на глобализација***", Зборник на трудови од Втората меѓународна научна конференција ФИЛКО - филологија, култура и образование, 10-12 мај 2017, Воронешки државен универзитет, Русија и Универзитет "Гоце Делчев"-Штип,

Македонија , стр, 573-578

20. Magdinceva-Sopova M, Bardarova S., Stojanovska-Stefanova A. (2017), ***The Role of the Regulation of the Labor Market in the Republic of Macedonia,*** In: Proceedings Book of First International Scientific Conference, Challenges of Tourism and business logistics in the 21st century – ISCTBL 2017, University Goce Delcev-Stip, pp.279-285**,** ISBN 978608-244-465-9.
21. Chacorovski, Zoran and Atanasoski, Drasko and Apostolov, Mico and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2017) ***South Sudan Vehicle Workshop Hazardous Waste Management,*** Journal of Traffic and Transportation Engineering, 5 (4). pp. 157-169. ISSN 2328-2142
22. Stojanovska-Stefanova Aneta**,** Vckova Nadica (2016), **"*International Strategy for Climate Change and The Countries' Commitment for Developing Polices*"**, Conference Proceedings of International Scientific Conference "Crisis Management: Challenges and Prospective", organized by Johns Hopkins School of Education, Crises Management Centre, Embassy of the United States of America, pages 197-208.
23. Stojanovska-Stefanova Aneta, Atanasoski Drasko, (2016), **"*State as a Subject of International Law*"**, US-China Law Review, ISSN 1548-6605 (print) and ISSN 1930-2061 (online) DOI:10.17265/1548-6605, Volume 13, Number 1, January 2016, pages 25-33.
24. Stojanovska-Stefanova Aneta, Atanasoski Drasko, Stojanovska Katerina, (2016), **"*Position and Role of the Ambassadors According to Vienna Convention and Law on Foreign Affairs of the Republic of Macedonia*"**, US-China Law Review, ISSN 1548-6605 (print) and ISSN 1930-2061 (online) DOI:10.17265/1548-6605, Volume 13, Number 1, January 2016, pages 67-74.
25. Stojanovska-Stefanova Aneta, Atanasoski Drasko, (2016), **"*The Function President of the Republic of Macedonia and Leading of Macedonian Foreign Policy*"**, US-China Law Review, ISSN 1548-6605 (print) and ISSN 1930-2061 (online) DOI:10.17265/1548-6605, Volume 13, Number 1, January 2016, pages 81-87.
26. Stojanovska-Stefanova Aneta, Atanasoski Drasko, (2015), **"*Development of the Pan European Corridors in Macedonia as a Backbone of the South Eastern European Region*",** US-China Law Review, Volume 12, Number 12, December 2015, pages 984-992; ISSN 1548-6605 (print) and ISSN 1930-2061 (online)
27. Stojanovska-Stefanova Aneta**,** Atanasoski Drasko, (2015), **"*International Relations as Constitutional Matter in Republic of Macedonia*",** US-China Law Review, Volume 12, Number 12, December 2015, pages 1015-1025. ISSN 1548-6605 (print) and ISSN 1930-2061 (online)
28. Стојановска-Стефанова, Анета, (2015), ***"200 години од Конгесот во Виена: Швајцарскиот пат до модерна демократија***", Политичка Мисла, меѓународно списание за политичко-општествени теми, јуни 2015, година 13, број 50, ISSN 1409-9853, издавач Фондација "Конрад Аденауер"-Скопје, страница 73-79.
29. Stojanovska-Stefanova Aneta, Taskov Nako, (2015), ***The role of the marketing in economic development and promotion of the countries***, Regional scientific conference ERAZ 2015, Beograd, (ISBN 978-86-80194-01-1, COBISS.SR-ID 216614924), pg.594-600.
30. Стојановска-Стефанова, Анета, (2014), ***"Светската економската криза, нејзините влијанија на македонската економија и владините антикризни мерки"***, Политичка Мисла, меѓународно списание за политичко-општественитеми, септември 2014, година 12, број 47, ISSN 1409-9853, издавач Фондација "Конрад Аденауер"-Скопје, страница 73-81.
31. Stojanovska-Stefanova Aneta, Drasko Atanasoski, Zoran Temelkov, Snezana Bardarova, Oliver Filiposki, University Goce Delcev, Stip, Republic of Macedonia, August 2014 (Volume 11, Number 8, Serial Number 106), ***"The Reforms in the Institutional Structure of the European Union in Compliance With the Lisbon Treaty"***, Journal of US- China

Public Administration (ISSN 1548-6591)

32. Snezana Bardarova, Drasko Atanasoski, Zoran Temelkov, Oliver Filiposki, Aneta Stojanovska, July 2014, Vol. 11, No. 7, ***Maastricht Treaty in the Shaping and Development of the Common Foreign and Security Policy (CFSP)***, Journal of US- China Public Administration, (ISSN 1548-6591)
33. Стојановска, Анета (2010), ***“Процесот и методите на признавање на државите”,*** Зборник на Правен факултет во Кочани, Универзитет “Гоце Делчев”, Штип, стр.259-268.
34. Стојановска, Анета (2006), ***“Балканот на распетие“,*** Политичка мисла, списание за политичко-општествени теми, 4 (14). стр. 95-100.
35. Стојановска, Анета (2005), ***“По изборот на Папата Бенедикт XVI, католицизмот свртен кон вистинските вредности на христијанството“***, Политичка мисла, списание за политичко-општествени теми, 3 (10). стр. 49-53.
36. Стојановска, Анета (2005) ***„Солидарност”, како одраз на желбите на народите од Југоисточна Европа за Обединета Европа.*** Политичка мисла, списание за политичко-општествени теми, 3 (11). pp. 59-63.
37. Стојановска, Анета (2004), ***“Историскиот развој на Европската Унија (политичко-економско гледиште)“,*** страници 11-30, Zbornik radova polaznika regionalnog online programa Evropske integracije - pogled s Balkana“, издавач Beogradska Otvorena Skopa Centar za proucavanje informacionih tehnologija, Beograd 2004, ISBN 86-83411-24-9.

***Во продолжение за потребите на овој Реферат следи евалуација на трудовите во авторство или коавторство на д-р Анета Стојановска-Стефанова, според погоре наведениот редослед:***

***Евалуација на труд бр.6***

Во овој труд се анализира значењето на историскиот договор помеѓу светските лидери во Обединетите нации од 2015 година за Универзална агенда до 2030 година за одржлив развој, која ќе ги поттикне сите земји да спроведат сет од 17 цели за одржлив развој, со што ќе доведат до подобра иднина за сите. Имено, на 25 септември 2015 година, Генералното собрание на Обединетите нации ја одобри Агендата за одржлив развој 2030 година и со неа Целите за одржлив развој, рамка која содржи 17 цели и 169 таргети, преку кои државите, граѓанското општество и приватниот сектор можат да ги водат и мерат нивните придонеси за одржлив развој до 2030 година. Оваа Агенда на ОН поставува глобална рамка за ставање крај на екстремната сиромаштија, борба против нееднаквоста и неправдата и утврдување на климатските промени до 2030 година. Особен акцент во трудот е ставен на подигнување на свеста за придонесот на одржлив туризам за развој кај носителите на одлуки на јавниот и приватниот сектор и меѓународната заедница, притоа мобилизирајќи ги сите засегнати страни да работат заедно и да го направат туризмот катализатор за позитивни промени.

***Евалуација на труд бр.7***

Во трудот се врши анализа на правото на народите на самоопределување, како колективно човеково право, кое претставува кардинален принцип во современото меѓународно право (кое често се смета за правило на jus cogens), а како такво е обврзувачко за Обединетите нации при толкување на нормите од Повелбата. Некои меѓународни експерти и професори по меѓународното право, се обидуваат да укажат на потребната дистинкција помеѓу самоопределување и самоповредување. Постоењето на оваа норма на меѓународното право (ius cogens) не гарантира нејзино автоматско спроведување. Со цел да се оствари правото на самоопределување, неопходно е поддршка на голема сила. Се разбира, правото на самоопределување е човеково право кое им припаѓа на народите - не

на државите. Но, во пракса, правото многу често се прекршуваше со неказнивост, бидејќи не постои меѓународен механизам за спроведување. Денес се погласни се укажувањата дека е време Обединетите нации да воспостават таков механизам како стратегија за спречување конфликти.

***Евалуација на труд бр.8***

Договорите се најважниот инструмент во меѓународната трговија, затоа што сите други инструменти што се применуваат при реализацијата на трговијата, како што се царината; странските валути, инструментите за административно регулирање итн. се последица на договорите во меѓународната трговија. Со појавата и развојот на меѓународната размена и развојот на меѓународните економски односи, склучувањето на договорите претрпе трансформација од нивниот почеток до денешниот динамичен развој. Тоа е целосно логично од причини што современиот степен на меѓународни односи се состои од динамичен и модерен начин на склучување и нормализирање во однос на првичните спори и симболични договори. Во трудот се анализираат и неколкуте концепти во врска со склучување договори за меѓународна трговија, поделени во групи што одговараат на степенот на развој на договорните односи.

***Евалуација на труд бр.9***

Во трудот се анализира влијанието на иновативниот менаџмент во развојот на претпријатијата во областа на туризмот во Југоисточниот регион на Република Македонија. Целта на овој труд е да го согледа значењето и влијанието на современиот-иновативен менаџмент за развојот на претпријатијата во областа на туризмот во Југоисточниот регион на Република Македонија, како и истакнување на потребата од примената на современ методолошки пристап во креирањето на потребните менаџмент одлуки.

***Евалуација на труд бр.10***

Туризмот е една од најбрзорастечките индустрии во светот и важен извор на меѓународна размена и вработување за многу земји во развој. Агендата за 2030 година за одржлив развој ги обврзува земјите-членки на Обединетите Нации, преку поставените Цели за одржлив развој да изготват и спроведат политики за промовирање на одржлив туризам што создава работни места и промовира локална култура и производи. Во овој труд се анализира важноста на одржливиот туризам, како двигател кај државите во светот за создавање работни места и промоција на локалната култура и производи.

***Евалуација на труд бр.11***

Во рамките на овој труд е даден теоретски приказ и дефинирање на термините социјално претприемништво, социјално претпријатие и социјален претприемач од различни аспекти. Социјалното претприемништво претставува нов современ пристап за решавање на социјалните проблеми преку кој се овозможува решавање на општествено корисни прашања и градење основи за одржлив развој на општеството. Претпријатија кои извршуваат одредена социјална мисија имаат за цел создавање на економски и социјални вредности преку извршување на забележливи социјални и економски промени во општеството.

***Евалуација на труд бр.12***

Во секоја демократска земја, подеднакво е важно да се регулираат и развиваат внатрешните и меѓународните односи. Република Северна Македонија е парламентарна демократија која има јасен модел на тројна поделба на власта. Надворешната политика е домен, уставно резервиран за шефот на државата, Собранието и Владата. Во пракса, шефот на државата извршува малку повеќе овластувања отколку што е вообичаено во парламентарните системи, додека владата ги извршува основните функции во

надворешната политика, оставајќи го Собранието во прилично послаба позиција. Овој труд прави анализа на меѓународните односи низ призма на политичкиот систем и уставните надлежности во државата, на кои е посветено Поглавјето VI од Уставот со цел регулирање на ова прашање.

***Евалуација на труд бр.13***

Во овој труд е направен теоретски осврт на поимите меѓународно општество, на државата како субјект на меѓународното право и на политичка култура. Во политичката теорија не постои едногласност околу дефинирањето на поимот политика. Политиката најопшто може да се дефинира како остварување на одредени идеи суштествени за една заедница. Тоа се, пред сѐ, идеите за општото добро, правдата и општата корисност. Квалитетот на практицирањето на политичката култура е тесно поврзан со демократскиот развој на една држава.

***Евалуација на труд бр.14***

Во овој труд е направен теориско дескриптивен приказ на признавањето на државите како субјекти на меѓународното право и меѓународните односи, прикажано преку елементите кои ја дефинираат државноста и главните теории кои ги препознава научната мисла. Притоа прикажан е и пример на исклучок при признавањето на државата во обид да стекне полн меѓународно правен субјективитет во Организацијата на Обединетите Нации.

***Евалуација на труд бр.15***

Ефикасната заштита и промоција на човековите права стана носечки столб на современата надворешна политика на државите. Тежнеењето кон заштита на човековото достоинство на сите човечки суштества се наоѓа во средиштето на концептот на човековите права. Овој концепт во центарот го оставува човекот и заедничкиот универзален систем од вредности посветен на светоста на животот и обезбедува рамка за изградба на систем на човекови права, заштитен со меѓународно прифатените норми и стандарди. Овој труд прави анализа на најважните документи за заштита на овековите права, разгледувајќи ги како предмет на светската политика, а во насока на подигнување на свеста за заштитата на човековата безбедност и достоинство во светски рамки.

***Евалуација на труд бр.16***

Јавното мислење претставува сложен општествен, но и политички феномен. Во секоја држава креирањето на јавното мислење завзема значајно место.

Властодржците, во зависност од степенот на демократијата, во зависност од политичкиот систем и уставното уредување, сите на свој начин тежнеат кон обезбедување на наклоноста на јавното мислење, со цел подолго и посигурно да владеат. Во овој труд даден е теориски приказ на поимите медиуми, политика, меѓународна политика, на државата како субјект на меѓународното право, а особено на слободата на информирање, со цел да се анализира е влијанието на политиката врз државата.

***Евалуација на труд бр.17***

Слободата на изразувањето и слободата на медиумите претставуваат камен темелник на едно демократско општество. Улогата на медиумите е да информираат, а притоа секој има право да прима и пренесува информации без вмешување на властите. Ова право е загарантирано во Универзалната декларација на Обединетите нации за човекови права од 1948 година и во сите важни меѓународни документи за граѓанските и политички права. Во овој труд се анализира односот на демократската зрелост на општеството во насока на практикување на слободата на медиумите, а направен е и теориско хронолошки осврт на главните теории за печатот.

***Евалуација на труд бр.18***

Државата е посветена на подобрување на туристичката понуда, но води грижа и за ефикасна заштита на социјалните права на граѓаните и релизација на уставната определба на Република Северна Македонија како социјална држава. Системот на социјална заштита на државата како основен столб на оваа поддршка за граѓаните кои се нашле во положба од социјален ризик треба да обезбеди разновидност на услуги со кои ќе се овозможи не само ублажување на последиците, туку и излез од настанатата состојба. Во овој труд е даден теоретски осврт на поимите туризам и социјална заштита, како и на придонесот и влијанието на државата за развој на новите форми за бесплатен туризам во Република Северна Македонија.

***Евалуација на труд бр.19***

Предмет на трудот се културните разлики во државите во услови на забрзана глобализација се релевантни и за развојот на демократијата. Аналогно со брзите текови на глобализацијата кога се создаде еден пакет на процеси, вредности, идеји, уверувања, се појавија и амбициите на државите да ги воведат во своите национални општества овие глобализациски атрибути кои се составен дел на политичката култура и на политичката социјализација. Денешниот феномен на глобализацијата не ги опфаќа само елитите, тој го опфаќа целокупното општество во сите земји и култура.

***Евалуација на труд бр.20***

Овој труд има за цел да укаже на улогата и влијанието на претприемчот во креирањето и имплементирањето на стратегија за управување со стресот на работа, препознавање и откривање на причините за појава на стресот и намалување на влијанието на стресот кај вработените. Трудот е насочен кон истакнување на важноста на човечките ресурси за успешно работење на претпријатијата.

***Евалуација на труд бр.21***

На Јужен Судан од создавањето му беше потребна помош од агенциите на ООН и меѓународните невладини организации, со цел справуваање поддршка во справување со популации погодени од екстремна сиромаштија, конфликт и несигурност и периодично поплавување во Јужен Судан. Глобалната Организацја во изминатите години континуирано помага логистички на населението во Јужен Судан, помеѓу останатото и во потрагата по извори на вода. Овој труд е посветен на анализа за ефикасното управување со опасен отпад и идентификувањето на можности за економска рециклирање од страна на мисијата на Глобалната Организација во Јужен Судан.

***Евалуација на труд бр.22***

Од 2011 година, државите редовно се состануваат за да преговараат за Климатскиот Договор. Климатските промени денес се реалност. Промени има во временските прилики, тие влијаат на сите на Земјата, а влијанија најизразено ги чувствуваат сиромашните и ранливите. Многу решенија за справување ссо сотојбата се достапни и се имплементирани, но тие сè уште не се распоредени според обемот или потребната брзината за тоа да доведе кон ниско ниво на јаглерод и еластична економија. Овој труд ги анализира активностите и иницијативите на големите и високо развиени земји, претставени преку светските лидери, за склуување на Договорот од Париз кој претставува критична можност да се испратат недвосмислени сигнали и да се утврдат активности, дека светот ќе ја пренасочи својата економска и социјална активност во насока на справување со климатските промени и одржливоста на долг рок.

***Евалуација на трудот бр. 23***

Овој труд се однесува на државата како субјект на меѓународното право. Имено, поседувањето на правен капацитет, не е доволно за да се биде суверена држава во полна смисла. Во трудот се објаснети правните критериуми за постоење на една држава и тоа:постојано население, дефинирана територија, суверена власт, правен капацитет да влегува во односи со други субјекти на меѓународното право и волја да ги почитува основните начела и норми на меѓународното право.

***Евалуација на трудот бр. 24***

Дипломатското и конзуларното право е дел од важечкото право кое ги регулира принципите и нормите во врска со постапката по која што се одвиваат односите помеѓу државите и останатите субјекти на меѓународното право. Карактеристично за дипломатското и конзуларното право е тоа што се' до Втората светска војна практично сите негови норми се од непишан карактер, односно се базираат на обичајните меѓународно-правни правила. Кодификацијата на обичајните правила на дипломатското и конзуларното право е резултат на активностите на ООН. Овој труд ги анализира Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 и Виенската конвенција за конзуларни односи од 1963 година како сеопфатни документи и улогата на амбасадорите согласно Виенските конвенции и Законот за надворешни работи.

***Евалуација на трудот бр. 25***

Органите надлежни за водење на меѓународните односи можеме да ги поделиме во две групи и тоа внатрешни органи,со седиште во државата и надворешни органи, со седиште на територијата на други држави. Во првата група спаѓаат претседателот на Републиката, претседтелот на Владата и министерот за надворешни работи. Во втората група спаѓаат дипломатско-конзуларните претставници, како и претставниците на државите во меѓународните организации. Овој труд одблиску го анализира шефот на државата или претседателот и неговите конкретни надлежности, почести, привилегии и имунитети.

***Евалуација на трудот бр. 26***

Транспортот е витален крвоток на една земја, токму затоа властодршците секогаш оваа тема ја имаат високо на своите политички агенди. Овој труд е посветен на анализа значењето и потребата од целосна изградба на пан европските коридори кои се стратешки транспортни оски кои поминуваат низ Република Северна Македонија и кои на тој начин помагаат да се врши трговска размена и слободен проток на патници и добра.

***Евалуација на трудот бр. 27***

Во услови на меѓузависност помеѓу државите, прашањето за нивната меѓусебна соработка е од суштинско значење. За државите еднакво важен сегмент со внатрешно договорените односи е начинот на кој тие ги засегаат и регулираат меѓународните односи. Овој труд особено ги анализира меѓународните односи како уставна материја во Република Северна Македонија, од независноата до 2015та година, осврнувајќи се на органите за водење на надворешната политика.

***Евалуација на трудот бр. 28***

Конгресот во Виена го врати принципот на рамнотежа на моќта, заснована врз вербата дека сите страни имаат заеднички интерес, надминувајќи ги нивните соодветни амбиции, го запре територијалниот и идеолошкиот ревизионизам, воведе нов метод на дипломатија со конвенционалниот концепт на рамнотежа на моќ на Европа. Во трудот е направен историски осврт на 200 години од Конгресот во Виена (1815) кога, по победата

над Наполеон I, европските сили ја поставија идната карта на Европа, ги потврдија границите на денешната територија на Швајцарската Конфедерација и нејзината постојана вооружена неутралност.

***Евалуација на трудот бр. 29***

Степенот до кој секоја земја ги согледува своите можности и се справува со предизвиците на новото време, зависи од нејзините способности. Овој труд ги анализира способностите на државата да одговори на предизвиците на новото време и да помогне во развојот и промоцијата на државата, притоа како детерминанти земајќи ги: националната култура, ставовите и вредностите; социјалната кохезија; богатството со природни ресурси; индустриската организација како и политичката структура и власта.

***Евалуација на трудот бр. 30***

Судирајќи се со предизвикот наречен светска економска криза, државите започнаа со изготвување на акциони планови и изготвување на мерки со кои ќе се ублажи кризата. Како и сите останати светски економии, така и македонската економија беше погодена од светската економска криза. Овој труд ги анализира трите пакети на владините антикризни мерки со кои ќе се ублажуваат негативните последици од светската економска криза.

***Евалуација на трудот бр. 31***

Овој труд прави анализа на реформите кои се случуваат во институционалната структура на Европската Унија со Договорот од Лисабон. Имено, потребното прилагодување на политичката архитектура во Европа се смета дека е направено со Договорот од Лисабон. Договорот е обид да се направат прилагодувања во процесот на одлучување, да се обезбеди демократски легитимитет, зајакнување на институциите и овозможување на политичко дејствување ширум светот.

***Евалуација на трудот бр. 32***

Во овој труд е направена анализа на нормативниот модел на Европската заедничка надворешна и безбедносна политика воспоставена со Договорот од Мастрихт. Овој договор е дизајниран во важен политички момент, со огромни амбиции за радикален исчекор во полето на политичка интеграција на Западна Европа, кога е презаситено чувството дека мора да се стори нешто, за драстично да се надмине тековна фаза на соработка воевропската надворешна политика.

***Евалуација на трудот бр. 33***

Отворајќи го прашањето за признавањето на една од страна на друга држава, и како тоа влијае на нејзиното постоење и функционирање, доаѓаме до нај непрецизниот дел на меѓународното право и обичаи. До денес не постои конкретно правило според кое една држава станува меѓународно признаена и остварува право на државност и право да учествува како еднаква со другите држави во разните меѓународни организации. Направени се обиди за воспоставување на универзални критериуми за добивање на споменатите статуси и можности, меѓутоа ниту еден не успеал да се афирмира како релевантен и почитуван од сите држави во светот. Во овој труд се анализираат двата поголеми правци кои се занимаваат со оваа проблематика.

***Евалуација на трудот бр. 34***

Падот на Берлинскиот ѕид и обединувањето на Германија го означи крајот на биполарната поделба на светот. На Балканот, таквиот меѓник беше распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ). По надминувањето на проблемите предизвикани со дисолуцијата на федерациите и стивнувањето на еуфоричните

националиизми, започнаа процесите на транзиција во сите сфери на општественото живеење. Во трудот е направена анализа на книгата "Балканот на распетие", со цел да се долови пост-социјалистичкиот развој на државите од Балканот, кои трагаа по приклучок и иднина со развиените европските земји.

***Евалуација на трудот бр. 35***

Овој труд ги анализира постапката и куриозитетите поврзани со изборот на германскиот кардинал Јозеф Рацингер (еден од најблиските соработници на папата Јован Павле Втори), за нов Папа на Римокатоличката црква, денес познат како Бенедикт Шеснаесети, кој е осмиот германец во историјата на Римокатоличката црква кој станал поглавар на Светата римска црква.. Во трудот е направен теоретски приказ на процедурата за избор на папа и компаративна анализа со папите со геманско потекло кои се избирале во минатото.

***Евалуација на трудот бр. 36***

Во овој труд е даден осврт на значењето на синдикалното движење "Солидарност", во рушењето на комунизмот и креирањето на нови односи помеѓу државите на европскиот континент. Целта е преку прегледот на жртвата која ја дадоа работниците од бродоградилиштето во Грањск, да се укаже на потребата од нова енергија, произлезена од "обичниот човек", а во функција на европското заедништво и демократската иднина на сите држави на "стариот континент".

***Евалуација на трудот бр. 37***

Во овој труд се претставени развојните фази на европското обединување, изразено низ проектот Европска Унија, истакнувајќи ги разликите помеѓу институционалната, политиката и економската структуираност на Унијата. Исто така се разгледани и идните перспективи во развојот на Унијата.

**Магистерски труд:**

38. **Стојановска А., (2014),** *"Уставно-правните и политичките аспекти на надворешната политика со осврт на случајот на Република Македонија",* на Факултетот за политички науки, дипломатија и новинарство, насока: Меѓународна и европска политика и дипломатија, Универзитет ФОН, Скопје

Во магистерскиот труд, авторката избрала тема која е исклучително важна, а притоа е малку истражувано подрачје на надворешната политика, меѓународните односи и дипломатијата во нашава земја и во поширокиот регион. Истовремено, темата е од подрачје, што кај нас е, и научно и општествено и практично релевантно и актуелно, а не е доволно проучувано. Авторката се осврнува на уставно-правните и политичките аспекти, како и на институтот меѓународното признавање на државите, кои влијаат во значителна мерка на водењето на надворешната политика. Авторката применила комбинација од дедуктивна и индуктивна истражувачка стратегија. Со првата, се изнесуваат и проучуваат одредените ставови и се согледува нивното поврзување, а со втората се врши набљудување на податоците, нивна анализа и селекција по индуктивен пат, што доведува до нови сознанија за тоа како може да се интервенира во подобување на состојбите. Од методолошките постапки во магистерскиот труд, користени се: анализа на содржина на научни извори, документи и прописи, извештаи, а изведени се и длабински интервјуа со дипломатски претставници, структуирани интервјуа со високи функционери на министерството за надворешни работи и членови на кабинетот на Претседателот. Магистерскиот труд ги разгледува овластувањата во уставот и законите кои се однесуваат на водењето на надворешната политика на нашата држава, како и активностите кои биле спроведени на полето на надворешната политика. Се разгледува кохабитацијата на

релација претседател на држава и влада, како важен предуслов за полесно да се исполнуваат надворешно-политичките приоритети на земјата. Во магистерскиот труд се разгледуваат и особеностите и личните белези во водењето на надворешната политика на македонските претседатели. Внимание е посветено и на континуитетот на водењето на надворешната политика од страна на носителите на функциите низ годините, со цел задржување и развој на меѓународниот углед на државата.

Магистерскиот труд дава значаен стручен и научен придонес како на практиката, така и на теорискиот корпус на политичкиот систем, надворешната политика и меѓународните односи и дипломатијата.

**Докторски труд:**

39. **Стојановска-Стефанова А**., (2019), *“Признавањето на државите во меѓународното право и во меѓународните односи“*, на Правен факултет-Штип, насока: Политички науки-политички системи, Универзитет “Гоце Делчев“-Штип

Во докторската дисертација е обработена област која до сега на ваков начин и преку ваков истражувачки пристап не е обработувана кај нас. Темата е оригинална и постојано актуелна, како и пристапот кон предметот на истражувањето и содржината. Дисертацијата нуди и нови истражувачки резултати до коишто до сега не е дојдено преку спроведени научни истражувања. Таа е солидна основа за донесување на дополнителни заклучоци и препораки. Докторската дисертација дава придонес кон научните области политички системи, меѓународно право, меѓународни односи и историја на дипломатија, меѓународна политика и правни теории за државата.

Авторката во докторската дисертација укажува на најзначајните класификации на моделите на признавање на државите во меѓународното право и меѓународните односи и успешно ги идентификува моделите на стекнување на меѓународното признавање на државите, како и доминантните и алтернативните теории кои државите ги применуваат за водење на меѓународните односи, а кои преку примена на феноменот „политичка прагма“ ја релативизираат примената на меѓународното право. Предмет на дисертацијата се и импликациите врз меѓународните односи, предизвикани од начинот на признавање на државите, односно теориски осврт со научна дескрипција на импликациите од признавањето de jure и de facto, при даден однос на сили односно во даден конкретен меѓународно-политички контекст. Хипотетската рамка на истражувачкиот модел е дизајнирана со една генерална хипотеза и неколку помошни хипотези. Научните предвидувања и претпоставки во хипотетската рамка се во конзистентна кореспонденција со предметот, целите и задачите на истражувањето. Општата (генерална) хипотезата е дека за меѓународното право една држава не постои сè додека истата не биде признаена, а меѓународното право е релативизирано од феноменот на политичката прагма во меѓународните односи. Посебните хипотези се „политичкото постоење на една држава е независно од нејзиното признавање од други држави“ и „институтот признавање на државите во меѓународното право и меѓународните односи силно го детерминираат водењето на надворешната политика на државите во рамките на меѓународната заедница“. Поединечната хипотеза „стекнувањето на самостојност и меѓународен правен суверенитет на една држава е формално зависен од нејзиното меѓународно признавање, кое се темели на волјата на другите држави“. За потребите на докторската дисертација авторката применува комбинација од дедуктивна и индуктивна истражувачка стратегија. Со дедуктивната стратегија, кандидатката поаѓа од најопштото, а тоа се основните принципи врз кои се темели меѓународното право и понатаму ја следи линијата на операционализација на таквите принципи до правните интерпретации во практиката (од општото преку посебното до поединечното). Што се однесува до индуктивната стратегија, пак, авторката одејќи од поединечното, преку посебното до општото, акцентот го става токму на чинителите што доминираат во поединечни случаи, за на крај, преку нивно

сумирање и групирање, да дојде до констатации за феноменот на политичката прагма во меѓународните односи, кој го релативизира меѓународното право. Со помош на компаративна анализа кандидатката ја разгледува расположливата емпирија и доказите од меѓународното признавање на државите, како и воспоставувањето на дипломатските односи кои го детерминираат водењето на надворешната политика.

Врз основа на евалуацијата на трудовите на кандидатката, Рецензентската Комисија највисоко ја оценува научноистражувачката работа на д-р Стојановска-Стефанова во изминатиот период.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Кандидатката била особено активна и во делот на стручно-применувачката дејност, како и во дејностите од поширок интерес.

Во рамките на дејностите од поширок интерес, д-р Анета Стојановска-Стефанова била член на факултетски комисии, а земала учество и во државни комисии.

**Членство во факултетски Комисии:**

40. Одлука на Наставно-Научниот Совет (ННС) на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип бр. 2602-665/6 од 05.06.2014, за формирање комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии во учебната 2014/2015 година на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип - *член на Комисија*
41. Одлука на ННС на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип, бр.2102-286/13 од 20.05.2015 за формирање комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии во учебната 2015/2016 година на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип *член на Комисија*
42. Одлука на ННС на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип, бр.2102-246/8 од 30.05.2018 за формирање комисија за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии во учебната 2018/2019 година на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип –*член на Комисија*
43. Одлука на ННС на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип, бр.2102-74/8 од 13.02.2019 за организирање на Втора Меѓународна научна конференција на тема "Challenges of tourism and Business logistics-ISCTBL 2019" ("Предизвици во туризмот и бизнис логистиката") и формирање на организационен тим-*член на Организациски одбор*

**Членство во државни комисии:**

44. Решение бр. 51-5315/9 од 07.09.2010 на Владата на Република Македонија за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на Државниот празник – 24 Мај „Св.Кирил и Методиј" – Ден на Сесловенските просветители –*член на Одборот*
45. Решение бр.51-5315/4 од 07.09.2010 на Владата на Република Македонија за именување претседател и членови на Организациониот Одбор за прослава на Празникот – Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар – *претседател на Организациониот одбор*
46. Решение бр.51-5315/16 од 07.10.2010 на Владата на Република Македонија за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на Празникот – Велики Петок, петок пред Велигден – *член на Организациониот одбор*

47. Решение бр.51-5315/18 од 07.09.2010 на Владата на Република Македонија за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на Празникот – ДУховден, петок пред Духовден - *член на Организациониот одбор*
48. Одлука бр.07-8480/7 од 20.11.2017 на Советот на Град Скопје за формирање Комисија за меѓународна соработка на Советот на Град Скопје – *член на Комисијата*
49. Одлука бр.07-8480/12 од 20.11.2017 на Советот на Град Скопје за формирање Комисија за образование на Советот на Град Скопје –*претседател на Комисијата*

**Членство во научни проекти:**

Кандидатката е член и обучувач во наставно научниот проект "Центар за обука и стручно оспособување на кандидати за полагање на стручен испит за возачи и управители"на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип:

50. Одлука бр.2105-76/3 од 05.02.2015 на Катедрата за бизнис логистика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип и
51. Одлука бр.2102-207/7 од 03.04.2015 на ННС на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип.

**Покрај објавените научноистражувачки и стручни трудови, кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова поседува сертификати за успешно завршени обуки, тренинзи и семинари*:***

52. Certificate for successfully completed two-semester online programme "European integrations – a view from the Balkans", Centre for Research of Information Technologies of the Belgrade Open School and Olof Palme International Center –BOS, 20.11.2004
53. Certificate of participation of the *Summer School of Journalism 2003*, by Press Now, OSCE, and Faculty of Law, University Ss.Cyril and Methodius-Skopje
54. Признание за успешно завршување на *Програмата за практиканти во Собранието на Република Македонија 2002-2003*, од Собранието на Република Македонија и Националниот демократски институт за надворешни работи
55. Сертификат за успешно завршен дводневен семинар "*Комуникациски вештини и тимска работа*", од Центар за образование по менаџмент "Мотива"-Скопје, ноември 2005 година
56. Сертификат за успешно завршен еднодневен семинар "*Самостоен маркетинг за вработување и генерирање идеи за започнување со сопствен бизнис*", од Центар за образование по менаџмент "Мотива"-Скопје, декември 2005 година
57. Сертификат за успешно завршен дводневен семинар "*Менаџмент вештини*", од Центар за образование по менаџмент "Мотива"-Скопје, март 2006 година
58. Сертификат за успешно завршен дводневен семинар "*Менаџмент вештини*", од Центар за образование по менаџмент "Мотива"-Скопје, ноември 2007 година
59. Сертификат за успешно завршен дводневен семинар "*Управување со промени и управување со време*", од Центар за образование по менаџмент "Мотива"-Скопје, февруари 2008 година
60. Сертификат за успешно завршен дводневен семинар "*Управување со организациска култура*", од Центар за образование по менаџмент "Мотива"-Скопје, април 2009 година
61. Диплома за завршен курс по англиски јазик осми степен, од Центар за странски јазици и компјутерско образование Херц-Скопје, 18.04.2007 година
62. Потврда за учество на семинарот "*Да ги погледнеме стандардите ISO 9000:2000 од стрна на менаџментот",* Цопис обука и Smile IT Solutions, 24-25.12.2005 година

**Кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефаннова поседува и сертификати за учество и презентација на трудовите на значајни меѓународни конференции и симпозиуми во земјава и во странство, и тоа:**

63. Certificate of Publication scientific paper in Knowledge International Journal Vol.26, with Global Impact Factor 1.322 (2016), by Institute of Knowledge Management-Skopje
64. Certificate of Participation in the First International Scientific Conference "Challenges of Tourism and business logistics in the XXIst Century", University "Goce Delcev"-Stip, Faculty of tourism and bussines logistics-Gevgelija, 24-25 October 2017
65. Certificate of Participation in the Second International Scientific Conference "Challenges of Tourism and business logistics in the XXIst Century", University "Goce Delcev"-Stip, Faculty of tourism and bussines logistics-Gevgelija, 13 September 2019
66. Certificate of Publication scientific paper in Knowledge International Journal Vol.34, by Institute of Knowledge Management-Skopje, September 30, 2019

**Кандидатката за својата активна работа е добитник и на признанија, награди и благодарници, меѓу кои:**

67. Орден на заслуги за придонес во обновата на Бигорскиот манастир Св.Јован Крстител во Република Македонија, Април 2015;
68. Награда за посебни заложи од УСАИД- Агенција за меѓународен развој на САД, за докажано лидерство и континуирана поддршка во процесот на развој и имплементација на Автоматскиот Систем за распределба на ЦЕМТ дозволи, како и за раст на транспарентноста, чесноста и посветеноста во рамките на проектот на УСАИД, наречен ЕВлада, 8 Март, 2009 година;
69. Благодарница од Здружение на деца и младинци без родители "Градиме иднина", 2010 година;
70. Благодарница од Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип, септември 2019.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во целокупната доставена документација и стекнатото образование и искуство на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и највисоко ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Анета Стојановска-Стефанова. Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и после деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана со Конкурсот од 09.10.2019 година во дневните весници „Слободен Печат“ и „Коха “, Рецензентската Комисија констатира дека кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова ги исполнува сите услови за избор во наставно – научно звање доцент.

По прегледот на доставената документација, Комисијата цени дека кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова покажува перманентен интерес и желба за научно напредување. Д-р Стојановска-Стефанова ја оценуваме за искусен и квалитетен наставно-научен кадар, кој преку долгогодишен ангажман во наставно-образовната дејност и активна научно-истражувачка работа во публикации, покажува исклучително знаење и умеење во областа на политичко-правните науки, особено за политичките системи, меѓународните односи и историја на дипломатијата.

Д-р Стојановска-Стефанова има извонредна стручно-апликативна и организациско-развојна дејност потврдено преку учество на обуки, тренинг програми, научни конференции, учество во научни проекти, како и пренос на стекнатите практични знаења на часовите по вежби. Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатката, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатката д-р Стојановска-Стефанова со вкупно 371 поени (НО 30 + НИ 225+ САОР 116).

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научно-истражувачката работа стекнати за време на своето работење, како и на планот на стручното усовршување, учеството на обуки и конференции, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова да ја избере во наставник во наставно-научно звање доцент од обласка политички системи и меѓународни односи и историја на дипломатијата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Христина Рунчева-Тасев, доцент, претседател, с.р;**

**Проф. д-р Владо Поповски, редовен професор,член, с.р;**

**Проф. д-р Анета Цекиќ, вонреден професор,член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| 1. | Избор во звање помлад соработник | | 10 | | | 10 |
| 2. | Избор во звање асистент докторанд | | 20 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | | | | | | |
| 1. | Монографија или научна книга Реф.бр. 3,4,5 | 1 | 10 | 2 | 15 | 40 |
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) Реф.бр.12, 13, 14, 15, 16, 17, 23,24,25,26,27,28,31 | 1 | 9 | 12 | 9 | |
| | (втор автор) и Реф.бр.11<br><br>(останати автори) Реф.бр. 9, 21, 32 | | | 1<br><br>3 | 6<br><br>3 | 132 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир Реф.бр. 6,7,8,10,18,19 (дома) Реф.бр. 29,37 (во странство) | 6 | 2 | 2 | 3 | 18 |
| 4. | Одбранета докторска дисертација Реф.бр. 39 | 1 | 8 | | | 8 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Одбранет магистерски труд<br>Реф.бр. 38 | 1 | 4 | | | 4 |
| 6. | Учесник во научен проект<br>Реф.бр. 50,51 | 1 | 2 | | | 2 |
| 7. | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал<br>Реф.бр. 43 | 1<br>1 | 1<br>1 | | | 1<br>1 |
| 8. | Награди-признанија<br>Реф.бр.67,68,69,70 | 4 | 5 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **225** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Книга/учебник<br>Реф.бр. 1,2 | 2 | 10 | | | 20 |
| 2. | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>Реф.бр. 30,33,34,35,36 | 5 | 2 | | | 10 |
| 3. | Стручни награди и признанија<br>Реф. бр.52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66 | 15 | 4 | | | 60 |
| 4. | Член на универзитетски или владини тела<br>Реф. бр.44,45,46,47 | 4 | 5 | | | 20 |
| 5. | Член на факултетски орган, комисија<br>Реф.бр. 40,41,42 | 3 | 2 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **116** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **371** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО – НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ОПШТА СОЦИОЛОГИЈА И СОЦИОЛОГИЈА НА ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-152/3 од 6.11.2019 година донесена на 139-та седница на наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 6.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области Општа социологија и Социологија на етничките групи на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 16.10.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- **Д-р Даниела Коцева, доцент.**

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Доцент д-р Даниела Коцева е родена на 30.3.1984 год. во Штип. Основно и средно-гимназиско образование завршува во Штип со одличен успех.

Во 2002 година се запишува на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Штип на отсекот - одделенска насока. Студиите ги завршува во предвиденото време со среден успех 9.5, со што е прогласена за најдобар студент на генерацијата 2002/2006, пофалена и наградена од Деканот на Педагошки факултет “Гоце Делчев” во Штип, Ректорот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, како и од Премиерот на Владата на Република Македонија. По завршувањето на првиот циклус на студии се стекна со звање дипломиран професор по одделенска настава.

Веднаш по завршувањето на факултетот истата, 2006 година се вработува како одделенски наставник во ОУ “Страшо Пинџур” Карбинци.

Во учебната 2007/2008 година, како редовен студент, се запишува на постдипломски студии на Филозофскиот факултет, Институт за социологија на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Студиите успешно ги завршува со среден успех 9,6 и одбрана на магистерскиот труд под наслов: “Разликите во образовните постигнувања по етничка основа кај учениците во основните училишта во општините Штип, Кочани и Радовиш “ на ден 28.12.2010 година и се стекна со научен степен магистер на социолошки науки.

Образованието го продолжува понатаму на Филозофскиот факултет, Институт за социологија на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде на ден 29.09.2014 година успешно ја одбрани докторската дисертација под наслов: „Религиското образование во мултиетничките општества со осврт на македонското општество“, под менторство на проф. д-р Марија Ташева, со што се здоби со научен степен доктор на социолошки науки.

Во 2007 година избрана е за соработник помлад асистент на група педагошки предмети на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во 2012 година е избрана во звањето асистент за наставно-научната област Социологија на културата и Општа социологија, а во 2015 година е избрана во звањето доцент за наставно-научната област Општа социологија и Социологија на етничките групи на Факултетот за образовни науки.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област Општа социологија и Социологија на етничките групи, Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки на својата 73-та седница на 17.04.2015 год. донесе одлука д-р Даниела Коцева да се избере во звање доцент за наставно – научните области Општа социологија и Социологија на етничките групи.
2. Кандидатката има објавено вкупно 59 трудови, од кои 46 во меѓународни списанија, односно зборници од меѓународни научни конференции. Од изборот во доцент до денес кандидатката има објавено 41 трудови. Од нив ги изделуваме:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Koceva Daniela | „The Migrations in the Old and the New World“. | International Journal of Science and Research (IJSR). ISSN 2319-7064 Research Gate Impact Factor (2018): 0.28 \| SJIF (2018): 7.426 | 2019 |
| 2. | Mirascieva, Snezana and Koceva Daniela | „Comparative Perception of the Position and Treatment of Gifted Children in the Czech Republic and the Republic of Macedonia“. | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR). ISSN 2307-4531 Google Scholar Impact Factor: 0.31 | 2019 |
| 3. | Koceva, Daniela and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena | „Types of violent behaviors in schools and prevention measures of school violence“. | KNOWLEDGE – International Journal . ISSN ISSN 1857-923X, EBSCO | 2019 |
| 4. | Koceva, Daniela and Mirascieva, Snezana | „From mass media and culture to mass society“. | Balkan Social Science Review, Vol.12. ISSN 1857-8772, SCOPUS, EBSCO | 2018 |
| 5. | Koceva, Daniela | “Bronislaw Malinovski`s functinal view“ | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA. ISSN 2671-3144, | 2016 |
| 6. | Koceva, Daniela | “Religion and Migration” | LAP LAMBERT Academic Publishing . ISBN 978-3-659-89718-4 | 2016 |
| 7. | Koceva, Daniela and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija | „The parents’ level of education and its influence on the educational achievements of students from different ethnic groups“. | International Journal of Current Research, 7 (10). pp. 22041-22045. ISSN 0975-833X SJIF 2015 ( Scientific Journal Impact Factor Value for 2015) = 6.226 | 2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and Koceva, Daniela | „The language of education and the recommended bilingualism in the country“. | Наука 21 века: Вопросы, гипотезы, ответы научный журнал (6). ISSN 2307-5902 | 2015 |
| 9. | Koceva, Daniela | „Introduction of Religious Education in The Republic of Macedonia“. | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (2). pp. 225-233. ISSN 2307-4531 Google Scholar Impact Factor: 0.31 | 2015 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Наставно - научниот совет на Педагошки факултет, на 3та редовна седница одржана на 13.11.2007 година донесе одлука за избор на Даниела Коцева за соработник во звањето помлад асистент по група предмети (одделенска настава и предучилишно воспитување) на Педагошки факултет Штип.

Во учебната 2007/2008 година ( решение од 3.1.2008 год.) доцент д-р Даниела Коцева е ангажирана во наставата по предметите: Училишна педагогија, Педагошка практика и Педагогија на слободно време на одделот за одделенска настава на Педагошкиот факултет. А во учебната 2009/2010 година ( решение од 15.9.2009 год. и решение од 20.2.2010) е ангажирана во наставата по предметите: Социологија на образованието, Општествено уредување со просветно законодавство, Мултикултурно образование и Културологија, како и во наставата по предметот Македонски јазик со култура на изразување на Педагошки факултет.

Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки на 22-та седница одржана на ден 10.7.2012 год. донесе одлука за избор на м-р Даниела Коцева во звањето Асистент за научната област Социологија на културата и општа социологија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев„ во Штип. На 73-та седница на Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки одржана на ден 17.04.2015 год. донесе одлука д-р Даниела Коцева да се избере во наставник во звањето Доцент за наставно – научните области Општа социологија и Социологија на етничките групи на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

Доцент д-р Даниела Коцева е ангажирана во наставата на прв циклус на студии на Факултетот за образовни науки, Факултетот за медицински науки, Ликовната академија и Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип на следниве студиски програми и предметни дисциплини: Мултикултурно образование и Социологија на образование на студиските програми одделенска настава, предучилишно воспитување, педагогија; Воспитание и образование за демократско општество, на студиската програма педагогија; Социологија на уметноста и Историја на религии, на студиската програма по класично сликарство; Социологија на здравје и болест, студиската програма за дипломиран забен техничар протетичар, дипломирана стручна медицинска сестра, дипломиран стручен оптометрист; Воспитно-образовен систем на РМ, на студиските програми Географија и Биологија; Верските заедници во Македонија и Родови студии, на студиската програма Историја. Исто така доцент д-р Даниела Коцева е ангажирана и во наставата на втор циклус на студии на Факултетот за образовни науки, по предметите Образовен менаџмент и Интеркултурно образование, на трет циклус – Религиски системи како и во Програмата за стекнување наставнички компетенции за предметот Интеркултурно и мултикултурно образование.

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси до изборот за вонреден професор: (2008 – 2014)**

**Презентации:**

1. Ulanska, Tatjana and **Koceva, Daniela** (2014) *Промените во опиштеството како причина за семантичка екстензија во современиот македонски јазик*. In: International Scientific Conference "Influence of the scientific and tehnological development in the field of law, economy, culture, education and security in Republic of Macedonia", 30-31 Oct 2014, Skopje, Macedonia.
2. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2014) *Religious education in function of multiculturalism from Macedonian perspective*. In: 9th International Balkan Education and Science Congress, 16-18 Oct 2014, Trakya University, Edirne, Turkey.
3. Petrovski, Vlado and **Koceva, Daniela** (2014) *Мултикултурализмот и професионалниот развој на учителот*. In: Научно-стручна трибина на тема: „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век", 3 Oct 2014, Stip, Republic of Macedonia.
4. **Koceva, Daniela** and Petrovski, Vlado and Mirascieva, Snezana (2014) *Education and the labour market in R. Macedonia in the globalization context*. In: 3rd World Conference on Design, Arts and Education, 2-3 May 2014, Dubrovnik, Croatia.
5. Petrovski, Vlado and **Koceva, Daniela** (2013) *Наставникот современото образование и глобализацијата.* In: Научно-стручна трибина на тема „Наставникот - некогаш, денес, утре" , 4 Oct 2013, Stip, R. Makedonija.
6. Petrovski, Vlado and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2008) *The multiethnic and the reflections on the education in the Republic of Macedonia*. In: Scientific Conference "Intercultural dialogue and integration", 12-13 May 2008, Blagoevgrad, Bulgraia.

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси во изборниот период 2015-2019**

**Презентации:**

1. **Koceva, Daniela** (2019) *Religious education potential tool for social cohesion.* In: First European Conference on Religious Dialogue and Cooperation.14 -19.10.2019, Struga.
2. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2019) *Types of violent behaviors in schools and prevention measures of school violence.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. 11-13.10.2019, Kavala, Greece ISSN 1857-923X
3. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2019) *Intercultural schools need of modern society.* Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия,предизвикателства и перспективи" . 14 -16.06. 2019, Blagoevgrad, ISSN ISBN: 978-954-00-0200-2
4. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2019) *Детската градина и нейната роля во градението на общество на бъдещето.* Сборник Съвременни тенденции в предучилищното възпитание., Sandanski ISSN 2367-5284
5. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2018) *Dilemmas of multiculturalism.* Contemporary Education - Condition, Challenges and Perspectives VI International Scientific Conference, 11-12.05.2018, Stip. Proceeding Book –. ISSN ISBN: 978-608-244-525-0
6. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2018) *Развојот на културата под влијание на комуникациските медиуми.* Третата меѓународна научна конференција ФИЛКО (филологија, култура, образование). 26 – 27.04. 2018, Stip. ISSN ISBN: 978-608-244-593-9
7. **Koceva, Daniela** (2017) *Учителот и социјализацијата.* Петта научно-стручна трибина „Да се биде учител..."06.10.2017, Штип, ISSN ISBN: 978-608-244-470-3

**8.** **Koceva, Daniela** (2017) *Purpose and benefit of intercultural education in Macedonian society.* Education and Research across Time and Space, Third International Conference EDUCATION ACROSS BORDERS. 6-7.10. 2016, Bitola, pp. 950-956. ISSN ISBN: 978-9989-100-50-5

9. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2017) *The educator as a creativity ancourager in children.* VIII Međunarodna naučno-stručna konferencija „Unapređenje kvalitete života djece i mladih" 23. - 25. 06. 2017. godine, Aranđelovac, Srbija. pp. 99-102. ISSN 1986-9886

**10.** **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2017) *Образованието на Ромите и неговите слабости.* Петта научно - стручна конференција со меѓународен карактер на тема: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи17 мај Голема сала Собрание на Општина Штип, pp. 164-169. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

**11.** **Koceva, Daniela** (2017) *Улогата на црквата некогаш и денес.* International Scientific Conference St.Kliment's Lifework. 23-24 June 2016 Shtip, Macedonia ISSN ISBN: 978-608-244-404-8

12. Stojanovski, Strasko and **Koceva, Daniela** and Nikolova, Magdalena (2016) *Религиската дистанца во Република Македонија.* In: Меѓународна научна конференција: Новите предизвици на социолошката имагинација (во чест на Чарлс Рајт Милс), 25-26 Nov 2016, Skopje, Macedonia.

**13.** **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2016) *Култура, глобализација, идентитет.* Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО" - филологија, култура и образование, 18-19 March 2016, Stip. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

**14.** **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2016) *Интеркултурните компетенции – предизвик за наставниците во мултикултурните општества.* Научно - стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија", (одржана на ден 7.10.2016 година, Факултет за образовни науки, Штип). ISSN ISBN: 978-608-244-365-2

**15.** **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2016) *Семејството како средина за учење и позитивен развој.* Научно - стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој ",(одржана на ден 7.10.2016 година, Факултет за образовни науки, Штип). ISSN ISBN: 978-608-244-364-5

**16.** **Koceva, Daniela** (2016) *Меѓуетничките односи во образовниот систем.* Conditions, challenges and perspectives in education in the Republic of Macedonia. ISSN ISBN: 978-608-242-037-0

**17.** **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2016) *New educational policies and their reflections on social developments.* Education in XXI century – conditions and perspectives – International Scientific Conference Stip, 24-25 Sept 2015. ISSN ISBN: 978-608-244-275-4

**18.** **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2015) *Социјализација и е-учење.* Научно-стручна конференција со меѓународен карактер: „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија". 13.05.2015, Штип pp. 165-168. ISSN ISBN: 978-608-242-021-9

**СПИСОК**
**на објавени стручни и научни трудови**

**Објавени стручни и научни трудови до изборот за вонреден професор (2008-2014)**

1. V. Petrovski, S. Mirasčieva, **Daniela Jakimova**, (2008), „The multiethnic and the reflections of the education in the Republic of Macedonia", Scientific Conference "Intercultural dialogue and integration", Blagoevgrad 12-13 May.
2. В. Петровски, **Даниела Јакимова** (2008), „Религиско или религиозно образование – дилеми и потреби", Основното и предучилишно образование и воспитание – предизвик на 21-от век, Меѓународна научно-практична конференција, Штип. (во печат)
3. **Daniela Jakimova**, (2010), "Differences in educational achievements of pupils belonging to different ethnicities in R.Macedonia", World Conference on Educational Sciences (WCES-2010), Bahcesehir University, Istanbul, Turkey, 4-8 February 2010 - Innovation and Creativity in Education.
4. V. Petrovski, S. Mirasčieva, **Daniela Jakimova**, (2009), „Socialization and E-learning", V Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Novi Sad.
5. Petrovski, V., Mirasčieva, S., **Jakimova Daniela**, (2009), „Etnical nationality in Macedonia and the educational language of the members of ethnical communities", 12th International Conference on Inclusive Education in the Balkan Countries: Policy and Practice, Ohrid.
6. Vlado Petrovski, Snezana Mirascieva, **Daniela Jakimova** (2010), „Multiculturalism and the bilingualism in the Republic of Macedonia", Науката, образованието и изкуството през 21ви век, Годишник том IV, Съюз на учените в България клон Благоевград.
7. **Daniela Jakimova** (2010), "Theoretical assumptions of using ICT in education", 13- th Internacional conference "ICT in the education of the Balkan countries" Varna 17-19 June.
8. **Даниела Јакимова**, Т.Уланска, (2010), "Образованието и јазичното прашање како дел од мултикултуралноста" Петтиот меѓународен научен собир на тема: „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО",Охрид , 28 и 29 мај 2010 година, (во печат).
9. В.Петровски, С.Мирасчиева, **Даниела Јакимова**, (2010), "Мултикултуралноста-етничка дистанца во училиштата на Република Македонија" Петтиот меѓународен научен собир на тема: „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО",Охрид , 28 и 29 мај 2010 година.
10. В.Петровски, С.Мирасчиева, **Даниела Јакимова**, (2010), "Толеранцијата во мултикултуралните општества – социјална дистанца" Петтиот меѓународен научен собир на тема: „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО",Охрид , 28 и 29 мај 2010 година.
11. **Daniela Koceva,** (2011), "Social Changes, education and educational policy", VI Balkan Educational and Science Congres: The Modern Society and Education, Ohrid.
12. **Daniela Koceva**, (2011), "Meaning of education and differences in students educational achievements", International Scientific Symposium, 65 Years jubilee Institute of Pedagogy: Education between Tradition and modernity, Ohrid, 22-24 September, 2011.
13. **Даниела Коцева**, Владо Петровски, (2012) „Мултикултурализам – етнички конфликт како општествен феномен – причини и анатомија на конфликтот", Годишен зборник 2012, Факултет за образовни науки, ISSN 1409-9187, pp.77-85
14. **Daniela Koceva**, Vlado Petrovski, (2012) „Образовната политика и осврт кон образовните постигнувања по етичката основа во Република Македонија", Воспитание (списание за образовна теорија и практика), 8 (12). pp. 141-148. ISSN 1857/5331

15. Владо Петровски, **Даниела Коцева** (2013), „Образованието и воспитанието – од традицијата до современост“, Научна - стручна расправа на тема:Општина Штип, 22.5.2013 година.
**16.** **Даниела Коцева**, Снежана Мирасчиева, Владо Петровски, (2014), „Глобализацијата и нејзиното влијание врз образованието“, Меѓународна научна конференција на Филозофскиот Факултет при Државниот Универзитет во Тетово, на тема: Социо-културни проблеми и современи предизвици.
**17.** **Даниела Коцева**, Владо Петровски, Снежана Мирасчиева, (2014), „Стручната подготвеност на наставниците за реализација на наставата по религиско образование во Република Македонија“, Научно-стручна трибина „Наставникот-некогаш, денес, утре“ Факултет за образовни науки, Универзитет„Гоце Делчев“ – Штип.
18. Владо Петровски, **Даниела Коцева**, (2014), „Наставникот-современото образование и глобализацијата“, Научно-стручна трибина „Наставникот-некогаш, денес, утре“ Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
19. Владо Петровски, **Даниела Коцева**, (2014), „Образовните институции и јавната политика“, Научном скуп Савремене тенденције у наставним и ваннаставним активностима на учитељским (педагошким) факултетима, Универзитет у Нишу: Учитељски факултет у Врању
20. Владо Петровски, **Даниела Коцева** (2014), „Улогата и значењето на контролната функција во воспитно-образовниот процес“, Научно-стручна конференција „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“, Општина Штип, Факултет за образовни науки Штип, 14.05.2014
**21.** **Даниела Коцева**, Владо Петровски (2014), „Меѓурелигиска толеранција и дијалог во училиштата во Република Македонија“, Научно - стручна конференција „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“, Општина Штип, Факултет за образовни науки Штип, 14.05.2014
**22.** **Даниела Коцева**, Владо Петровски (2014), “Односот на религијата и глобализацијата во современиот свет“, Прва Меѓународна научна конференција: Општествената промена во глобалниот свет, Центар за правно - политички истражувања при Правниот Факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, 11-13.9.2014
23. Snezana Mirascieva, **Daniela Koceva** (2014), „For Some Aspects of Macedonian Multiculturalism in Textbooks for Primary Education“, 9-th International Balkan education and Science Congress: Trakya University, Turkey, cooperating with Ss. Cyril and Methodius, Makedonya, Trakia University, Bulgaria, and University of Zagreb, Edirne/Turkey, 16-18 Oktober 2014
24. Snezana MIRASCIEVA, **Daniela KOCEVA** (2014) „Religious Education in Function of Multiculturalism from Macedonian Perspective“, 9-th International Balkan education and Science Congress: Trakya University, Turkey, cooperating with Ss. Cyril and Methodius, Makedonya, Trakia University, Bulgaria, and University of Zagreb, Edirne/Turkey, 16-18 Oktober 2014
25. Владо Петровски, **Даниела Коцева** (2014), „Мултикултурализмот и професионалниот развој на учителот“, Научно-стручна трибина: Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, ФОН, 3.10.2014
**26.** **Даниела Коцева**, Владо Петровски (2014), „Проблеми и дилеми за воведување на религиско образование во образовниот систем во Р. Македонија “, Научно-стручна трибина: Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, ФОН, 3.10.2014
27. Татјана Уланска, **Даниела Коцева** (2014), „Промените во општеството како причина за семантичка екстензија во современиот македонски јазик“, Втора меѓународна научна конференција на тема: „Влијанието на научно - технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“, Универзитет „Евро - Балкан“, Скопје 30-31.10.2014

**28.** **Daniela Koceva**, Vlado Petrovski (2014), „Семејното насилство – социјална појава на денешницата", Воспитание (списание за образовна теорија и практика), Vol.9 (No.13). pp. 35-42. ISSN: 1857- 8705

**Објавени стручни и научни трудови во изборниот период (2015-2019)**

1. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena **(2019)** *Types of violent behaviors in schools and prevention measures of school violence*. KNOWLEDGE – International Journal . ISSN ISSN 1857-923X
http://eprints.ugd.edu.mk/22682/
Во овој труд е направена анализа на видовите насилство во училиштата и предлог мерки за превенирање од истите.

**2.** **Koceva, Daniela** (2019) *The Migrations in the Old and the New World.* International Journal of Science and Research (IJSR). ISSN 2319-7064 http://eprints.ugd.edu.mk/22611/1/ART20201473.pdf
Трудот ги анализира современите миграциски движења во земјите од новиот свет, претставувајќи ја новата глобална структура на земјите од стариот и нов свет, промените и причините од кои произлегува истата.

3. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2019) *Comparative Perception of the Position and Treatment of Gifted Children in the Czech Republic and the Republic of Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR). ISSN 2307-4531
http://eprints.ugd.edu.mk/22155/1/10002-29840-1-PB.pdf
Трудот претставува компаративна анализа за позицијата и третманот на надарените деца во Република Чешка и Република Македонија со цел да се увидат сличностите и разликите во работата со надарените деца во двете земји.

4. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2019) *Didactic issues in higher education and the future development of society.* Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия,предизвикателства и перспективи". ISSN ISBN: 978-954-00-0200-2
http://eprints.ugd.edu.mk/22458/1/SM.pdf
Целта на трудот е да ги посочи и актуелизира неопходните дидактички теми во високото образование како еден од начините за подобрување на степенот на образование на идните учители, а со тоа развој и квалитет во целокупното општество.

**5.** **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2019) *Intercultural schools need of modern society.* Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия,предизвикателства и перспективи" . ISSN ISBN: 978-954-00-0200-2
http://eprints.ugd.edu.mk/22456/1/DK.pdf
Се осврнува на мултикултурниот карактер на општествата, потребата од интеркултурно образование и средина за градење на интеркултурни компетенции, а со тоа полесно адаптирање во новите современи општества.

6. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2019) *Детската градина и нейната роля во граденето на общество на бъдещето.* Сборник Съвременни тенденции в предучилищното възпитание. ISSN 2367-5284
http://eprints.ugd.edu.mk/22205/1/SM.pdf

Во трудот се нагласува улогата на детската градинка денес и во иднина, претставувајќи компаративен приказ на градинките во Германија и Македонија со цел да се увиди како различните методи, форми, организациски структури влијаат врз целокупниот развој на личноста на детето.

7. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2018) *From mass media and culture to mass society.* Balkan Social Science Review, Vol.12. ISSN 1857-8772
   http://eprints.ugd.edu.mk/21052/1/BSSR.pdf
   Осврт на она што се случува денес во општеството, каде преку средствата за масовна комуникација се гради масовно мислење, масовна –потрошувачка култура, а сето тоа води кон создавање масовно (пасивно) општество.

8. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2018) *Ethical dimensions of teaching in interacting relations teacher –student.* Vospitanie - Journal of educational sciences, theory and practice, 10 (14). ISSN 1857-8705
   http://eprints.ugd.edu.mk/21053/1/2218
   Во овој труд е направена анализа заснована на прашалник со кој се измерени фрекфенциите на навреди и критицизам во комуникацијата, се со цел да се утврди етичката димензија во односот наставник – студент.

9. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2018) *Dilemmas of multiculturalism.* Contemporary Education - Condition,Challenges and Perspectives VI International Scientific Conference – Proceeding Book –. ISSN ISBN: 978-608-244-525-0
   http://eprints.ugd.edu.mk/21057/1/%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D0%BA_DK.pdf
   Во трудот се полемизираат дилемите околу мултикултурализмот како социјално-политичко движење во светот.

10. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2018) *Modeling of perspective concepts in education - planning and management -.* Proceeding book: Contemporary education - condition, challenges and perspectives, VI International Scientific Conference. ISSN ISBN 978-608-244-525-0
    http://eprints.ugd.edu.mk/22574/1/%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D0%BA_SM.pdf
    Трудот нуди одредени упатства за дизајнирање на функционален модел на планирање и управување кој е насочен кон напредокот на училиштата и е во функција на развој на образованието во целина.

11. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2018) *Развојот на културата под влијание на комуникациските медиуми.* Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција ФИЛКО (филологија, култура, образование). ISSN ISBN: 978-608-244-593-9
    http://eprints.ugd.edu.mk/22576/1/FD.pdf
    Како да се надмине бариерата и прифати различноста за развој на културите и целокупното општество е комплексно прашање, но истото е предмет на анализа во овој труд, но само од еден аспект, а тоа се комуникациските медиуми.

12. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2018) *Образование и практика:Нови истражувања за унапредување на воспитно-образовната практика.* Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција ФИЛКО (филологија, култура, образование). ISSN ISBN: 978-608-244-593-9

http://eprints.ugd.edu.mk/22577/1/FS.pdf

Трудот се обидува да даде одговор на прашањето кога и како да се оспособат младите за примена на знаењата, што е значаен придонес во унапредувањето на воспитно-образовната практика.

13. **Koceva, Daniela** (2017) *Современото семејство и неговата социјализирачка функција.* Годишен зборник Факултет за образовни науки . ISSN 1409-9187
http://eprints.ugd.edu.mk/19657/1/Godisen%20Zbornik%20FON%202017-1-17.pdf

Овој труд претставува теоретски приказ за она што претставува семејството кои се неговите функции, пред се задржувајќи се на неговата суштествена функција а тоа е социјализаторската, која се заснова на принципите на промовирање на семејните вредности, нивно вградување во начинот на однесување и размислување на личноста, принципот на изградба на хумана личност, прифаќање на социјалната улога на личноста и целосно етаблирање на социјалното однесување на личноста, уште во најраните фази на нејзиниот развој.

14. **Koceva, Daniela** (2017) *Учителот и социјализацијата.* Зборник на трудови Петта научно-стручна трибина „Да се биде учител...“. ISSN ISBN: 978-608-244-470-3
http://eprints.ugd.edu.mk/22578/1/Daniela%20%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D0%BA%20%D1%82%D1%80%D0%B8%D0%B1%D0%B8%D0%BD%D0%B0%20%D0%A4%D0%9E%D0%9D%202017-split-merge.pdf

Целта на овој труд е да се укаже на евидентните проблеми присутни кај децата уште од најрана возраст, утврдувајќи дел од причините зошто имаме проблеми со социјализирањето и кој е одговорен за тоа?

15. **Koceva, Daniela** (2017) *Purpose and benefit of intercultural education in Macedonian society.* Education and Research across Time and Space. pp. 950-956. ISSN ISBN: 978-9989-100-50-5
http://eprints.ugd.edu.mk/22579/1/Daniela%20BOOK%20OF%20PROCEEDINGS%20PART%201%20%281%29-split-merge.pdf

Потребата и бенефициите од интеркултурното образование во македонското општество се образложени во рамките на овој труд.

16. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2017) *The educator as a creativity ancourager in children.* Unapređenje kvalitete života djece i mladih. pp. 99-102. ISSN 1986-9886
http://eprints.ugd.edu.mk/19250/2/Zbornik_2017.%20kraj%20za%20pdf%20A.pdf

Трудот се фокусира на концептот на креативноста како ментално растројство, концептот на креативноста како суштината на самоуправуваното човечко суштество и социјалниот пристап кон креативноста.

17. **Koceva, Daniela** (2017) *Intercultural education for integrated education system.* International Journal for Education, Research and Training. ISSN 1857-9841
http://eprints.ugd.edu.mk/19417/1/INSTITUT%20SK.pdf

Овој труд е краток опис на тековните случувања во образовниот систем во земјата и потребата од негово реформирање. Во однос на меѓуетничките односи во образованието, најизразена е потребата за нејзина меѓуетничка интеграција. Еден од начините за зачувување и надминување на недоразбирањата и интеграцијата на овој систем се гледа токму во интеркултурното образование.

18. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2017) *Образованието на Ромите и неговите слабости.* Зборник на трудови Современото воспитание и образование -состојби, предизвици и перспективи-. pp. 164-169. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7
http://eprints.ugd.edu.mk/22580/1/Sobranie%20Daniela.pdf
Со овој труд повторно се актуелизира постоечките проблеми во образованието на Ромите каде сѐ уште како најважни слабости се издвојуваат: ниската стапка на вклученост во образовните процеси и осипувањето, нискиот квалитет на образованието, како и негативните ефекти на сегрегацијата во образованието.

19. Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and **Koceva, Daniela** and Kitanova, Irena (2017) *Фактори на успешна комуникација на менаџерот во училиштето.* Зборник на трудови: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи - 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7
http://eprints.ugd.edu.mk/22581/1/%D0%9C%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%81%D1%87%D0%B8%D0%B5%D0%B2%D0%B0%20%D0%A1%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5%202.pdf
Во овој труд се прави осврт на комуникацијата во училиштето која е доста комплексна, со цел да се укаже дека со ефикасна комуникација на менаџерот во училиштето се создаваат можности за креативна соработка и снаоѓање во сложениот контекст на современото воспитание и образование.

20. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and Kitanova, Irena and **Koceva, Daniela** (2017) *Приоритети на современото училиште од воспитен аспект.* Зборник на трудови: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи - 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7
http://eprints.ugd.edu.mk/22582/1/EMILIJA.pdf
Предмет на анализа на овој труд се проблемите од воспитен аспект кои се најсилно изразените проблеми со кои се соочува училиштето како институција, задолжена за воспитание и образование на младата личност. Насилствата, непочитувањето, честите отсуства од часовите, нетрпеливост и нетолеранција се најчесто изразените проблеми во нашите училишта.

21. Kitanova, Irena and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2017) *Активно слушање во наставата и поучувањето.* Зборник на трудови: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи - 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7
http://eprints.ugd.edu.mk/22585/1/%D0%98%D0%A0%D0%95%D0%9D%D0%90.pdf
Трудот е опис на значењето од активното слушање во наставата и поучувањето.

22. **Koceva, Daniela** (2017) *Улогата на црквата некогаш и денес.* International Scientific Conference St.Kliment's Lifework. ISSN ISBN: 978-608-244-404-8
http://eprints.ugd.edu.mk/22586/1/1%20Daniela%20%D0%97%D0%91%D0%9E%D0%A0%D0%9D%D0%98%D0%9A-%D0%9A%D0%9B%D0%98%D0%9C%D0%95%D0%9D%D0%A2%D0%9E%D0%92%D0%9E%D0%A2%D0%9E%20%D0%94%D0%95%D0%9B%D0%9E.pdf
Во овој труд се анализира улогата и значењето на црквата низ историјата вклучувајќи ја и дилемата околу неопходната секуларност.

23. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2016) *Култура, глобализација, идентитет.* Зборник на трудови, Прва

меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9
http://eprints.ugd.edu.mk/16793/2/DANIIII.pdf

Во овој труд е направена сеопфатна анализа на односот помеѓу културата и глобализацијата, вклучувајќи и начнувајќи го влијанието на глобализацијата врз идентитетот, дали глобализацијата овозможува поголема индивидуалност, или пак, глобализацијата создава висок степен на отуѓеност, губење на границите меѓу себството (идентитетот) и културата.

**24.** **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2016) *Интеркултурните компетенции – предизвик за наставниците во мултикултурните општества.* Научно - стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“, Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-365-2
http://eprints.ugd.edu.mk/17225/1/2016%20%D0%94%D0%9A.pdf

Трудот укажува на неопходност од развој на интеркултурни компетенции посебно за оние кои се вклучени во воспитно-образовниот процес, од основното училиште па се до универзитетот.

25. Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and **Koceva, Daniela** and Kitanova, Irena (2016) *За предизвиците и перспективите на професијата учител.* Научно - стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“, Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-365-2
http://eprints.ugd.edu.mk/17226/1/2016%20%D0%9C%D0%98%D0%A0.pdf

Трудот претставува анализа на општествените промени и барањата како нивна последица кои пред учителот поставуваат нови предизвици и перспективи.

26. Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and **Koceva, Daniela** (2016) *Средината за учење и актерите во неа.* Научно - стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој “, Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-364-5
http://eprints.ugd.edu.mk/17221/1/2015%20-%20%D0%9C%D0%98%D0%A0.pdf

Во трудот вниманието е фокусирано на проблемот на поврзаност меѓу средината за учење и актерите во неа и нивниот меѓусебен однос..

**27.** **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2016) *Семејството како средина за учење и позитивен развој.* Научно - стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој “, Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-364-5
http://eprints.ugd.edu.mk/17220/1/2015%20-%20%D0%94%D0%9A.pdf

Овој труд во својот фокус го има семејството како средина за учење и позитивен развој укажувајќи како истата влијае врз когнитивниот, социјалниот, емотивниот и физичкиот развој на детето.

28. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and Kitanova, Irena and **Koceva, Daniela** (2016) *Современото училиште како организациски систем.* Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9
http://eprints.ugd.edu.mk/16794/2/Emilija.pdf

Предмет на анализа во овој труд е современото училиште и неговите проблеми и дилеми пред се од организациски аспект.

29. Kitanova, Irena and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2016) *Читање и работата со текст во одделенска настава.* Зборник на

трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9
http://eprints.ugd.edu.mk/16796/2/Irena.pdf

Со овој труд се анализираат фазите кои го доведуваат ученикот до правилно совладување на техниките за читање и оспособување за разбирање на прочитаното.

30. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2016) *Поврзаноста меѓу образованието, практиката и воспитно-образовните цели во општествен контекст.* Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9
http://eprints.ugd.edu.mk/16797/2/Mirascieva.pdf

Во трудот се покренува прашањето за поврзаноста на образованието, практиката и целите со посебен акцент на функционалната поврзаност. Прашањето во суштина е прашање за квалитетно образование кое ги опфаќа знаењата, вештините, ставовите, или со еден збор способностите и оспособувањето на личноста за квалитет во работата и животот воопшто. Во трудот исто така се прави теориска анализа на односот меѓу теоријата и практиката од која произлегуваат конкретни предлози за натамошно концепирање на воспитно-образовниот процес во насока на зголемен квалитет.

31. Stojanovski, Strasko and **Koceva, Daniela** (2016) *Религија и религиската дистанца во Република Македонија.* Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229
http://eprints.ugd.edu.mk/17017/27/Binder1s.pdf

Овој труд се темели на две истражувања реализирани од истражувачки тим од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во текот на 2015 година. Религиската дистанца како примарен сегмент на општествената организација, заедно со етничката припадност, е клучен фактор за детерминирање на меѓугрупните односи во македонското општество.

**32. Koceva, Daniela** (2016) *Културата, културните разлики и предрасуди.* Annual Miscellaneous Collection, 6. pp. 49-58. ISSN 1409-9187
http://eprints.ugd.edu.mk/17125/1/ZBORNIK_FON-2016%20DANILELA.pdf

Трудот е теоретска анализа на она што е културата, културните разлики и предрасудите кои произлегуваат од истите.

33. Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and **Koceva, Daniela** (2016) *About some educational goals in teaching-socio-cultural problem or a challenge modern education.* Proceeding book Education in XXI century – conditions and perspectives – International Scientific Conference Stip, 24-25 Sept 2015. ISSN ISBN: 978-608-244-275-4
http://eprints.ugd.edu.mk/22588/2/D.K.2.pdf

Примарното прашање што е во фокусот на вниманието и е целта на интересот за овој труд го опфаќа обемот на едукативната страна на наставата и се однесува на работните навики на учениците. Имено, еден од предизвиците на современото воспитување и едукација кој исто така е социо-културен проблем е воспоставувањето работни навики на учениците.

**34. Koceva, Daniela** (2016) *Bronislaw Malinovski`s functinal view.* Review of the Institute of History and Archaeology RIHA. ISSN 2671-3144
http://eprints.ugd.edu.mk/22567/1/RIHA.pdf

Во овој труд се анализира функционалистичкиот пристап во учењето на познатиот антрополог Бронислав Малиновски, анализирајќи ја неговата стратегија во проучувањето на општеството.

35. **Koceva, Daniela** (2016) *Меѓуетничките односи во образовниот систем.* Conditions, challenges and perspectives in education in the Republic of Macedonia. ISSN ISBN: 978-608-242-037-0
http://eprints.ugd.edu.mk/22589/1/%D0%A1%D0%9E%D0%92%D0%A0%D0%95%D0%9C%D0%95%D0%9D%D0%9E%D0%A2%D0%9E%20%D0%92%D0%9E%D0%A1%D0%9F%D0%98%D0%A2%D0%90%D0%9D%D0%98%D0%95%20%D0%98%20%D0%9E%D0%91%D0%A0%D0%90%D0%97%D0%9E%D0%92%D0%90%D0%9D%D0%98%D0%95.pdf

Во трудот се анализираат меѓуетничките односи во образованието и политиката која се води кон нивно подобрување со цел да се изгради едно кохезивно општество.

36. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2016) *New educational policies and their reflections on social developments.* Proceeding book Education in XXI century – conditions and perspectives – International Scientific Conference Stip, 24-25 Sept 2015. ISSN ISBN: 978-608-244-275-4
http://eprints.ugd.edu.mk/22590/4/D.K.%201.pdf

Во овој труд накратко се презентирани некои од современите образовни реформи и како тие се рефлектираат во општеството.

37. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2015) *The language of education and the recommended bilingualism in the country.* Наука 21 века: Вопросы, гипотезы, ответы научный журнал (6). ISSN 2307-5902
http://eprints.ugd.edu.mk/14894/8/Rusija.pdf

Овој труд содржи анализа на Рамковниот договор и Уставот со измените од 2001 година во однос на употребата на јазик, т.е. јазиците на етничките заедници во јавниот живот и образовните институции, имајќи го предвид фактот дека официјалниот јазик во Република Македонија е Македонскиот и јазикот на заедницата кој во соодветните единици на самоуправа е претставен во процент поголем од 20%.

38. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija (2015) *The parents' level of education and its influence on the educational achievements of students from different ethnic groups.* International Journal of Current Research, 7 (10). pp. 22041-22045. ISSN 0975-833X
http://eprints.ugd.edu.mk/14180/1/11209%20%281%29.pdf

Овој труд претставува истражување кое даде одговор на прашањата што имаат каузална врска со подобри образовни достигнувања на учениците од другите етнички групи. Основната цел на истражувањето е да се испитаат разликите во образовните достигнувања на учениците засновани на етничката припадност во основните училишта во Македонија. Истражувањето се реализира преку утврдување на поврзаноста помеѓу образовните достигнувања на учениците од други етнички групи во македонските основни училишта и образованието на нивните родители. Анализата на резултатите покажа дека постојат разлики во постигнувањата на учениците и тие разлики се одговор на прашањата во врска со нивото на образованието на родителите како една од причините за недостигот на учениците. Методот што се користи за истражување е хибриден, а користени се пристапи за квантитет и квалитет.

39. Mirascieva, Snezana and Koceva, Daniela (2015) *Состојбата во воспитанието и образованието денес е предизвик за утрешнината и перспектива за иднината.* Зборник на трудови - Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија. ISSN ISBN:978-608-242-021-9
http://eprints.ugd.edu.mk/22598/1/%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%

BD%D0%B8%D0%BA%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%82%D1%80%D1%83%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8%20%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0%20%D0%A8%D1%82%D0%B8%D0%BF%20%281%29%20%281%29.pdf

Целта на трудот е да се претстави состојбата во воспитанието и образованието во национални рамки, од аспект на глобалните трендови како и рефлексијата врз развојната перспектива како предизвик за образованието и воспитанието во македонски контекст.

40. **Koceva, Dan**iela and Mirascieva, Snezana (2015) *Социјализација и е-учење.* Зборник на трудови - Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија. pp. 165-168. ISSN ISBN: 978-608-242-021-9
http://eprints.ugd.edu.mk/22599/1/%D0%97%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D0%BA%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%82%D1%80%D1%83%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8%20%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0%20%D0%A8%D1%82%D0%B8%D0%BF%20%281%29%20%281%29.pdf

Овој труд настојува да даде одговор на круцијалното прашање Дали е-учењето е во функција на социјализацијата? Дали е- учењето е во функција на општествениот развој, како и колку придонесува, се дел од прашањата кои се предмет на анализа во овој труд.

41. Koceva, Daniela (2015) *Introduction of Religious Education in The Republic of Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (2). pp. 225-233. ISSN 2307-4531
prints.ugd.edu.mk/11981/2/index.php_journal%3DJournalOfBasicAndApplied%26page%3Dissue%26op%3Dview%26path%5B%5D%3D102

Со овој труд се дава осврт на религиското образование во образовниот систем во Република Македонија која како и многу други земји се соочува со растот на плурализмот во верувањето, вредностите и начините на живот.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Доцент д-р Даниела Коцева од академската 2015/2016 е дел од проектот „Универзитетски курикулум за интеркултурна работа со млади“, Центар за балканска соработка НВО „LOJA“ Тетово како наставник.

Доцент д-р Даниела Коцева ја унапредува својата работа и преку други активности. Ја посетуваше обуката во Штип „Дидактичко-методските аспекти и литературно-уметничките специфики на списанието за најмали „Росица“ и прирачната литература за предучилишната програма, одобрени за употреба од МТСП при реализација на Програмата за рано учење и развој“ во организација на Универзитетот „Гоце Делчев“- Факултет за образовни науки Штип во соработка со „Просветно Дело“ – Скопје, април 2018 година.

Професионалниот однос на доцент д-р Даниела Коцева се изразува и во оценувањето и менторирањето на дипломски, специјалистички и магистерски трудови. Во 2016 година Државниот испитен центар доц. д-р Даниела Коцева ја ангажираше како надворешен соработник-контролор на прашања/задачи за екстерно проверување на постигањата на учениците во завршните години на средното образование од областа социологија, граѓанско образование, запознавање со религиите.

Досега има објавено:

- Книги:

1. **Koceva, Daniela (2017)** Религиското образование во мултиетничките општества со осврт на македонското општество. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-305-8

2. **Koceva, Daniela (2016)** Religion and Migration. LAP LAMBERT Academic Publishing . ISBN 978-3-659-89718-4

- Прирачник:

**1.** **Koceva, Daniela**, Mirascieva, Snezana I grupa avtori (2018) *Мултикултурно образование Концепти и методи.* In: Мултикултурно образование Концепти и методи. Центар за Балканска Соработка ЛОЈА. ISBN 978-608-66247-0-5

- Скрипта/практикум:

1. **Koceva, Daniela** (2014) Социологија на религијата - скрипта. ISBN 978-608-244-120-7.
2. **Koceva, Daniela** (2014) Социологија на религијата - практикум. ISBN 978-608-244-121-4.

Во однос на стручно-апликативната и организациско развојната дејност д-р Даниела Коцева била ангажирана:

- член на конкурсна комисија за запишување на нови студенти во учебните 2014/2015, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 и 2019/2020 година на Факултетот за образовни науки;
- претседател на изборна комисија за избор на Декан на Факултетот за образовни науки 05.06.2019;
- член на комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Универзитетски сенат, 2.04.2019;
- член на комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови на Комисијата за самоевалуација при Факултетот за образовни науки, 2.04.2019 год. и 13.04.2016 год.;
- член на Меѓународниот научен и уредувачки одбор за VI – та Меѓународна научно – стручна конференција со наслов „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи";15.02.2018
- член на Меѓународниот програмски комитет на Третата меѓународна научна конференција „ФИЛКО" – филологија, култура, образование, Филолошкиот факултет на 21.02.2018 год.
- заменик продекан на Факултетот за образовни науки, 25.10.2017;
- член на Организационен одбор за Меѓународна научно-стручна конференција со наслов „Современо воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи ",20.12.2017
- член на работна група за изработка на елаборати за студиските програми на прв циклус студии на студиските програми по одделенска настава и предучилишно воспитување на Факултетот за образовни науки на 3.02.2016;
- член на организациониот одбор на Четвртата научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи",15.03.2016;
- член на конкурсна комисија за запишување на кандидати на втор циклус универзитетски (академски) и специјалистички студии за учебната 2016/2017, 15.11.2016;
- член на пописната комисија за спроведување на попис на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за 2016;
- рецензент за статии на меѓународното списание Balkan Social Science Review индексирано во EBSCO и SCOPUS од академската 2015/2016;
- техничка поддршка на зборникот „Современото воспитание и образование-состојби, предизвици и перспективи", во издание на НУ-УБ „Гоце Делчев" Штип;
- член на редакциски одбор на Годишниот зборник на Факултетот за образовни науки.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Соглсно со член 164 од Законот за високото образование на Република Македонија и членовите 7,8,9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 43 од 16.09.2019), по деталното разгледување на доставената документација Рецензентската комисија констатира дека доцент д-р Даниела Коцева значително го надминува вкупниот предвиден квантум (НО + НИ + СА) на поени за избор во звањето вонреден професор, остварувајќи вкупно 291 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно апликативна и организациско развојна дејност на кандидатката д-р Даниела Коцева може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати. Во наставно-образовната дејност таа како доцент потврдила дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми. Во научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско развојната дејност се афирмирала како солиден млад истражувач кој ја совладал методологијата на научното истражување како од теориски така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјата и странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да и биде доверена, но едновремено дала свој придонес за афирмацијата на социолошката наука кај нас.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека таа ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме д-р Даниела Коцева да ја избере во звањето вонреден професор за наставно-научните области Општа социологија и Социологија на етничките групи.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Марија Ташева, редовен проф. претседател, с.р;

Константин Миноски, редовен проф. член, с.р;

Снежана Мирасчиева, редовен проф. член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Избор во звање доцент | 30 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **30** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Научна книга | 1 | 10 | 1 | 15 | **25** |
| **2.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>*трудови: 1/2/3/7/8/17/34/37/38/41 поени:9/11.7/6/11.7/6/11.7/11.7/3;9/11.7* | 9/6/3 | | | | **91.5** |
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | *во земјата: 9,10,11,12,13,14,15,18,19,20,21,22,23,24,25,26,27,28,29,30,31,32,33,35,36,39,40 = 27x2 =54*<br>*во странство:4,5 = 2x3* | 27 | 2 | 2 | 3 | **60** |
| **4.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | | | 1/1.5 | | 1.5/2 | |
| | | 14 | 1.5 | 3 | 2 | 21+6= **27** |
| **5.** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | | 5 | 1 | | | **5** |
| | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) (2/1.5/1) | 5x1,5 | | | | **7,5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **216** |
| | | | | | | |
| **Р. Бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Поглавје од книга | 1 | 4 | | | **4** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br><br>*труд.бр.6* | **Во земјата** | | **Во странство** | | **3** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | | | | 1 | 3 | |
| **3.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | **Во земјата** | | **Во странство** | | **1** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | | | | 1 | 1 | |
| **4.** | Учесник во научен проект | 1 | 5 | | | **5** |
| **5.** | Продекан | 8 | | | | **8** |
| **6.** | Член на факултетски орган, комисија | 12x2 | | | | **24** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **30** | | **216** | **45** | **291** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ - ГЕРМАНИСТИКА И ПРЕВЕДУВАЊЕ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-143/6 од 22.10.2019 година донесена на 200. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 22.10.2019 год., определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области: *германистика* и *преведување* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Комисијата е во состав:

- Проф. д-р Силвана Симоска – претседател, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
- Проф. д-р Билјана Ивановска – член, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,
- Проф. д-р Драгана Кузмановска – член, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и “Коха” на 09.10.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

**д-р Даринка Маролова – доцент**

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Даринка Маролова е родена на 16.9.1983 во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. Дипломира на катедрата за германски јазик и книжевност-наставна насока на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2006 година со просек на оцени од 9,27 и се стекнува со право на звањето дипломиран професор по германски јазик и книжевност. Потоа се запишува на постдипломските мастерски студии по конференциско толкување на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, јазици: а. македонски, б. германски. Предвидените испити ги положува со просек на оцени од 9,50 и во 2010 ја брани магистерската работа со наслов: „Анализа на синтаксичката повеќезначност во толкувањето од германски на македонски јазик“, со што се стекнува со право на звањето магистер по конференциско толкување. Во 2014 ја одбрани докторската работа со наслов: „Kultur in Prosatexten in übersetzungswissenschaftlicher Beleuchtung mit einer exemplarischen Analyse von Texten aus dem Deutschen und dem Makedonischen“ на Факултетот за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово и се стекна со академското звање доктор по филолошки науки. Првото искуство во образование го стекнува како наставник по германски јазик во ОУ „Димитар Влахов“ во Штип (во учебната 2006/2007 година), потоа работи како наставник по германски јазик во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип (во

учебната 2007/2008 година), а од 2008 година е вработена на Филолошкиот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, прво како кореспондент по германски јазик, потоа со соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област – германистика, а од 06.05.2015 година е избрана во наставничко звање доцент со Одлука бр. 1902-88/7 од 122. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип. Таа е член на повеќе организации и асоцијации чија цел е, воглавно, промовирање на германскиот јазик и германската култура во Р.Македонија, како што се: Гете-Институтот-Скопје, Сојузот на литературни преведувачи на Македонија, Друштвото на научни и стручни преведувачи на град Скопје, Институтот за јазици-Штип и др. Освен тоа таа е член на неколку уредувачки одбори на меѓународни списанија, како што се: Меѓународното списание за компаратвна книжевност и транслатологија (IJCLTS, издавач: Австралиски меѓународен академски центар), Меѓународното списание за IT и инженеринг (издавач: Меѓународни списанија за мулти-димензионални истражувања) и Годишниот зборник на Филолошки факултет (издавач: Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип), а била и рецензент на неколку научни трудови и учебни помагала.

***Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.***

***<u>Општи услови:</u>***

- просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус; кандидатката има просек на оцени од 9,27 од додипломските студии и просек на оцени од 9,50 од постдипломските студии.
- научен степен - доктор на науки од научната област за која се избира; кандидатката е доктор по филолошки науки од 2014 година.
- објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор;

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Год. на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| ***1.*** | Marolova, Darinka; Velinova, Eva | *Equivalence in Translation through German, French and Macedonian Examples* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, pp. 405-411. ISSN 2307-4531 | Vol. 24 (7) 2015 |
| ***2.*** | Маролова, Даринка | *Турцизмите во македонскиот и во германскиот јазик од две различни перспективи* | Hikmet, Journal of Scientific Research, pp. 70-76. ISSN 1857-5935 | Vol. 14 (28) 2016 |
| ***3.*** | Маролова, Даринка | *Синтаксичка повеќезначност* | Годишен зборник 2016 - Филолошки факултет, УГД - Штип, стр. 27-32. ISSN 1857-7059 | Vol. 7 (1) 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *4.* | Marolova, Darinka; Donev, Dragan | *Promoting Macedonian Literary Heritage in German-speaking Countries* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, pp. 316-320. ISSN 2307-4531 | Vol. 31 (2)<br>2017 |
| *5.* | Маролова, Даринка | *Културноспецифични феномени во интерлингвалната комуникација (германски-македонски, македонски-германски)* | Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, стр. 119-128. ISSN 1857-7059 | Vol. 9 (12) 2018 |

- претходен избор во звање доцент; кандидатката е избрана во наставно-научното звање доцент за наставно-научните области германистика и преведување со вкупно 136,5 поени (со Одлука бр. 1902-88/7 од 6.5.2015 година, усвоена на 122. седница на ННС на Филолошки факултет при УГД).
- способност за изведување на високообразовна дејност; кандидатката со нејзиното досегашно работно искуство покажа особена способност за изведување на високообразовна дејност.

***<u>Посебни услови:</u>***

- најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област објавена во е-библиотека и практикум со вежби од истиот предмет;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Издавач | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Маролова, Даринка | Скрипта по предметот преведување од германски на македонски јазик и обратно, (рецензирана скрипта) http://e-lib.ugd.edu.mk/803 | Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ISBN: 978-608-244-598-4 | 2019 |
| *2.* | Маролова, Даринка | Практикум по предметот преведување од германски на македонски јазик и обратно, (рецензиран практикум) http://e-lib.ugd.edu.mk/802 | Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ISBN: 978-608-244-597-7 | 2019 |

- учество во научноистржувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати;

1. Проект „Ментор“ (прифатен со Одлука бр. 1902-68/18 од 1.4.2016 донесена на 139. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип)
2. Проект „Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии“ (прифатен со Одлука бр. 1902-41/4 од 18.1.2016, донесена на 134. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип).
3. Проект „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование“ (прифатен со Одлука бр. 1902-68/3 од 1.3. 2018 година донесена на 168. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип).
4. Твининг проект „Развивање соработка помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и релевантните органи“ – Проект на Министерството за образование и наука на Р.Македонија, Министерството за национално образование високо образование и истражување – Франција и Министерството за вработување и учење – Обеднето кралство. Проектот е финанисиран од ЕУ (временска рамка од август 2016 до јуни 2018).

- придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници; кандидатката со нејзиното досегашно работно искуство даде свој придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
- има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени; деталниот приказ на поените е наведен во табелата на активности кои се бодуваат при избор во звање, како прилог на овој извештај.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

**Наставно-образовна дејност.** На Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип Даринка Маролова е вработена од самото отворање на факултетот т.е. од 2008 година, и е постојано активна во наставно-образовната и во научно-истражувачката дејност.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошкиот факултет кандидатката во изминатиот период се покажа како сериозен и активен педагошки работник, со максимална ангажираност и студиозен пристап во изведувањето на предавањата и вежбите по повеќе стручни предмети, како што се: преведување и толкување од македонски на германски јазик (1 и 2), преведување и толкување од германски на македонски јазик, преведување на стручни и книжевни текстови, терминологија, консекутивно и симултано толкување и др. Кандидатката се покажа како солиден и исполнителен соработник и во изведувањето на наставата по предметот современ германски јазик (од 3. до 8. семестар), како и на изборниот предмет германски јазик (1-4) за останатите групи на Филолошкиот факултет. Покрај обврските поврзани со предавањата и вежбите по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на катедрата, факултетот и универзитетот. Досега има учествувано во креирање и изготвување на разни извештаи, реферати за акредитација, наставни и предметни програми за групата - германски јазик и книжевност од прв и од втор циклус, во организација на разни настани, како што се конференции, работилници, изложби, наградни конкурси, а има членувано и во поголем број комисии и факултетски тела.

**Научно-истражувачка дејност.** Д-р Маролова важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни списанија, зборници и сл., објавувањето на рецензираната скрипта и на рецензираниот практикум во Е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ и др.

Во продолжение следуваат трудовите со куса евалуација за секој труд одделно, како и опис на останатите релвантни активности.

**I.** ***Позитивно рецензирана електронска скрипта***

1. Маролова, Даринка (2019) *Скрипта по предметот преведување од германски на македонски јазик и обратно,* Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISBN: 978-608-244-598-4

**Евалуација:**

Овој ракопис претставува еден вид прирачник за студентите на групата за германски јазик (насока преведување и толкување) за да би можеле да го користат за време на студирањето, но и потоа, за време на нивниот професионален ангажман како преведувачи од германски на македонски јазик и обратно. Во него се содржани најрелевантните транслатолошки теми и се става акцент на проблематичната природа на преводот од германски на македонски јазик и обратно.

**II.** ***Позитивно рецензиран електронски практикум***

2. Маролова, Даринка (2019) *Практикум по предметот преведување од германски на македонски јазик и обратно,* Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISBN: 978-608-244-597-7

**Евалуација:**

Овој ракопис претставува еден вид практично помагало наменето, пред сè, за студентите на групата за германски јазик (насока преведување и толкување) кое би им овозможило на студентите, како идни преведувачи и толкувачи, да вежбаат преведување на текстови со различна содржина од германски на македонски јазик и обратно, како би се стекнале со соодветните преведувачки компетенции. Во него се содржани одбрани извадоци од текстови на германски и на македонски јазик, поделени во две категории: литературни дела и стручни текстови, заедно со зададени задачи.

**III.** ***Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија***

3. Marolova, Darinka; Celik, Mahmud (2015) *About the Translation into German of Turkish Expressions found in Macedonian Folklore*. Bal-tam Türklük Bilgisi 23, pp. 291-296. ISSN 1452-2179

**Евалуација:**

Варијациите од дијахрониски аспект се јавуваат во еден јазик под влијание на надворешни околности и тие се доказ за тоа како соодветните корисници на јазикот живееле и зборувале во минатото. Поради фактот што тие не кореспондираат со лингвистичките норми, тие често се тешки за преведување, така што преведувачите користат разни методи за да избегнат можно погрешно разбирање или неправилно пренесување во целниот јазик. Овој труд истражува некои дихронични видови, т.е. архаични зборови со турско потекло, присутни во македонскиот фолклор, споредени со нивните преводи на германски јазик. Анализата се изведува врз избрани книжевни текстови од македонскиот фолклор, паралелно со нивните преводи на германски јазик. Фокусот е ставен на архаичните зборови со турско потекло во македонскиот јазик.

4. Marolova, Darinka; Velinova, Eva (2015) *Equivalence in Translation through German, French and Macedonian Examples*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 24 (7), pp. 405-411. ISSN 2307-4531

**Евалуација:**

Овој труд има за цел да даде кус историски преглед на дефинирањето и дебатирањето за терминот 'еквивалентност' во транслатологијата и преку примери од германски, француски

и македонски јазик, се обидува да ги примени теоретски ставови во преведувањето во пракса. Поимот ‘еквивалентност’ има предизвикано жестока контроверзија во транслатологијата, како и многу различни анализи на неговиот концепт, особено во поглед на неговата дефиниција, релевантност и применливост во транслатолошките полиња. До неодамна еквивалентноста се проучуваше во релација со процесот на преведување со користење на различни пристапи. Како резултат на тоа произлегоа идеи за понатамошни истражувања на оваа тема. И покрај очигледните разлики во ставовите на различни теоретичари, сепак, овој термин континуирано се користи како најпогоден во најголемиот дел од транслатолошката литература. За овозможување на комуникацијата неопходно е да се постигне комуникациска еквивалентност, што значи дека текстот-цел мора да ја има иста комуникациска вредност што ја има оригиналниот текст за неговиот оригинален реципиент. Не секогаш е можна целосна преводна еквивалентност, туку понекогаш се јавува нецелосна (делумна) еквивалентност или дури и непостоење на еквивалентност.

5. Маролова, Даринка; Кузмановска, Драгана (2015) *Повеќезначност во македонскиот и во германскиот јазик*. Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 6 (1), стр. 82-90. ISSN 1857-7059

**Евалуација:**

Ова истражување е спроведено со цел да се определи поимот ’повеќезначност’ и да се интензивира неговата употреба како термин во македонската лингвистика, како и да се поткрепат видовите повеќезначност со соодветни примери од македонскиот и од германскиот јазик. При тоа егземпларно и компаративно се анализираат лексичката, морфолошката, синтаксичката, семантичката, референциската, лажната и прагматската повеќезначност. За мнозинство од појавите на повеќезначност во комуникацијата, говорителите стануваат свесни дури кога ќе настане некое недоразбирање, па дури и комична ситуација. А во денешно време и доста вицеви се поврзани токму со повеќезначноста на исказите од кој било вид.

6. Маролова, Даринка (2016) *Синтаксичка повеќезначност*. Годишен зборник 2016 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 7 (1), pp. 27-32. ISSN 1857-7059

**Евалуација:**

Синтаксичката повеќезначност, како еден од видовите повеќезначност е доста непознат феномен за македонската лингвистика. Поаѓајќи од синтаксичката повеќезначност, пред сè во германската лингвистика за целите на овој труд е направено едно поопширно истражување, применувајќи ги теоретските објаснувања и поделби/потподелби на странските лингвисти (овде пред сè се мисли на германските) во македонската наука за јазикот. Ова истражување има за цел да укаже на присутноста на синтаксичката повеќезначност во македонскиот јазик, преку вршење на семантичка анализа на примери од секојдневниот живот. Иако е ретко препознатлив, овој феномен сепак може да доведе до попречувања во текот на комуникацијата.

7. Маролова, Даринка (2016) *Турцизмите во македонскиот и во германскиот јазик од две различни перспективи*. Hikmet, Journal of Scientific Reasearch, 14 (28), pp. 70-76. ISSN 1857-5935

**Евалуација:**

Цел на оваа научно-истражувачка работа е да се укаже на различните аспекти на зборовите со турско потекло во македонскиот и во германскиот јазик. Притоа ваквите лексеми се набљудуваат во поглед на времето т.е. дијахрониски и во поглед на јазичната употреба, т.е. дијафазички. Од дијахрониска перспектива турцизмите во македонскиот јазик имаат тенденција да се архаизираат, а од дијафазичка перспетива турцизмите во германскиот јазик го добиваат статусот на зборови со ограничена употреба.

8. Велинова, Ева; Маролова, Даринка (2016) *Традиционалниот азиски театар и драматургијата на Бертолд Брехт*. Годишен зборник 2016 - Филолошки факултет, УГД - Штип, VII (8), стр. 71-78. ISSN 1857-7059

**Евалуација:**

Наспроти строго востановените поларитети - западен и источен театар, драматургијата на XX век, со Брехт како еден од позначајните претставници, воспоставува релации со азиското тло и ги преработува техниките на тамошниот театар (кои се проникнати со зенистичка пракса, како резултат на интегрирањето на елементи од сите претходни традиции), со цел да се добие нова уметничка форма која ќе биде искористена за изнесување на сосема поинакви идеолошки гледишта. Својствата на азискиот театар кои придонесуваат за специфична атмосфера на проникнување во суштинските сфери на космосот и човековата душа се користат за да се направи спротивставување на миметичкиот театар и со тоа да се постигне нова свесност за есенцијата на човековите односи во модерното општество.

9. Marolova, Darinka; Donev, Dragan (2017) *Promoting Macedonian Literary Heritage in German-speaking Countries*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 31 (2), pp. 316-320. ISSN 2307-4531

**Евалуација:**

Овој научен труд се обидува да даде детален преглед на патиштата кон успехот кои ги следеле нашите писатели за да дојдат до меѓународната читателска публика, притоа фокусирајќи се на Германија и Австрија, каде што германскиот е официјален јазик. Притоа е направен преглед на македонски наслови на романи, раскази, народни приказни, драми итн., кои се преведени на германски јазик во целост или во фрагменти, наведувајќи ги нивните автори и преведувачи. Бројот на македонски книжевни дела преведени на германски јазик е зголемен со текот на годините, со што само се докажува зголемениот интерес на публиката од германското говорно подрачје да чита македонска литература.

10. Маролова, Даринка; Горгиева Билјана (2017) *Метафорите во романот „Црно семе“ од Ташко Георгиевски и нивниот превод на германски јазик*. Годишен зборник 2017 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 8 (9), стр. 27-35. ISSN 1857-7059

**Евалуација:**

Предмет на истражување на оваа научна работа се метафорите во романот „Црно семе“ од Ташко Георгиевски и нивните преводи на германски јазик. Целта на истражувањето е да се прикажат метафорите како потенцијални транслациски проблеми и да се одредат методите што ги применувал преведувачот на овој роман. Анализата е концентрирана на прашањето што преведувачот си ги поставува за примарна цел при преводот на метафората, т.е. дали да ја задржи сликата од оригиналот (со буквален превод), дали да врши субституција на сликата од оригиналот (со адаптација и модулација) преку друга слика својствена за јазикот-цел и културата-цел или, пак, да го предаде директното значење (со парафраза) на метафоричниот израз.

11. Маролова, Даринка; Кузмановска, Драгана (2017) *Топонимите во книжевниот превод (германски-македонски)*. Годишен зборник 2017 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (9), стр. 39-47. ISSN 1857-7059

**Евалуација:**

Предмет на истражување на овој труд се топонимите во германскиот јазик и нивните преводни еквивланети во македонскиот јазик. Корпусот на истражувањето го чинат дела од германската книжевност и нивните македонски преводи. Цел на истражувањето е од транслатолошки аспект да се определат постапките, применувани при преводот, односно дали и до која мера се преводливи топонимите. Притоа како што е очекувано се

покажа дека најголемиот број на топоними се непреводливи, затоа се преземаат по пат на транскрипција или транслитерација, со извесна адаптација кон јазикот-цел, а помал број топоними се преведуваат по пат на модулација или буквален превод.

12. Маролова, Даринка; Костадиновска, Роберта (2018) *Лексичка еквивалентност меѓу германскиот и македонскиот јазик согледана преку преводот на новелата „Смрт во Венеција“ од Томас Ман*. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11), стр. 43-49. ISSN 1857-7059

    **Евалуација:**

    Предмет на истражување на овој научен труд се начините на воспоставување лексичка еквивалентност согледани преку преводот на новелата "Смрт во Венеција" од Томас Ман на македонски јазик. Притоа се става акцент на преведувачките проблеми и постапките кои ги применувал преведувачот со цел да најде соодветен преводен еквивалент, кој најмногу ќе одговара на културата – цел. Детално се анализираат три вида на еквивалентни релации, и тоа: целосна еквивалентност, делумна еквивалентност и непостоењето на еквивалентност (нулта-еквивалентност).

13. Маролова, Даринка; Лукароска, Николина (2018) *Експлицирање на имплицитните искази во преводот од германски јазик на македонски јазик.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11), стр. 51-56. ISSN 1857-7059

    **Евалуација:**

    Предмет на истражување на оваа научна работа е експликацијата, како преведувачка постапка соодветна за превод на имплицитни искази. На учесниците во еднојазичната комуникација им е сосема јасно на што се алудира со одреден имплицитен исказ. А, при двојазична комуникација, т.е. комуникација со посредство на преведувач, реципиентот на преводот е сместен во поинакво културно опкружување, па следствено на ова и поседува поинакви предзнаења. Онаму каде што недостасуваат одредени информации, преведувачот врши експлицирање на имплицитните изрази. Цел на овој труд е да се покаже кога и зошто при преведување на имплицитните изрази понекогаш е неопходно екплицирање. Анализата се врши врз примери извадени од германски книжевни дела, паралелно со нивните преводи на македонски јазик.

14. Маролова, Даринка (2018) *Културноспецифични феномени во интерлингвалната комуникација (германски-македонски, македонски-германски)*. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (12), стр. 119-128. ISSN 1857-7059

    **Евалуација:**

    Предмет на истражување на овој научен труд се културноспецифичните феномени во комуникацијата меѓу говорителите на германскиот и на македонскиот јазик, како припадници на две различни култури. За остварување на оваа комуникација е неопходно солидно познавање на двата јазика и на двете култури. Најчесто како познавачи на двата јазика и на двете култури се преведувачите кои, во својство на посредници, овозможуваат непречен тек на комуникацијата. Културноспецифичните феномени се доста проблематични, затоа што за голем број феномени од изворниот јазик не може да се пронајдат соодветни целосни преводни еквиваленти во јазикот-цел. Оваа проблематика структурно се обработува во рамките на две категории, т.е. како културноспецифични феномени во јазикот, и тоа во лексиката, граматиката и графемиката; и културноспецифични феномени во начинот на комуницирање, каде што посебен акцент се става врз примената на фразеолошките изрази во комуникацијата.

**IV.** ***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборници од трудови на научни собири***

15. Marolova, Darinka (2015) *Kulturspezifische Lexik in der literarischen Űbersetzung*, Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето“, Скопје, стр. 295-300

    **Евалуација:**

    Ова истражување се базира на компаративна анализа на културни специфики од транслатолошки аспект. Анализата се врши конкретно на примери од романи и раскази од германската светски позната литература и нивните преводи на македонски јазик. Целта е да се стави акцент на јазичните културни специфики во литературата (постојат комуникативни, содржински, формални и др. културни специфики), како и да се објаснат и критички да се разгледаат методите што ги користи преведувачот при преведувањето на македонски јазик. Притоа се охрабруваат научниците да продолжат да се занимаваат со оваа тематика уште подлабоко, затоа што оваа статија претставува само капка во океанот на можности кои што ги имаат културните специфики како предмет на истражување.

16. Велинова Ева; Маролова Даринка (2016) *Кризата на историјата и на книжевниот лик во романот „Човек без својства“ на Роберт Музил*. ФИЛКО - Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, стр. 209-215. ISSN 978-608-244-308-9

    **Евалуација:**

    Овој труд се обидува да одговори на прашањето како литературата учествува во размислувањето за историјата, односно како концептот на историјата влијае на менувањето на концептот за човекот. Трудот го објаснува контекстот на историските случувања пред распадот на Австро-унгарската Империја и почетокот на Првата светска војна, реакциите на ликовите на новиот историски вакуум, нивните теориски размислувања за актуелните прашања во науката и општеството, за љубовта и мистиката.

17. Маролова, Даринка (2017) *Лексичките варијации во литературниот превод.* Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици, Скопје, стр. 297-302. ISBN: 978-608-220-045-3

    **Евалуација:**

    Варијациите во јазичната лексика се јавуваат под влијание на надворешните околности и сведочат за начинот на живеење и зборување на корисниците на јазикот во минатото и денес. Во стручната литература лексичките јазичните варијации се набљудуваат во однос на времето (од дијахрониски аспект), во однос на регионот (од дијатописки аспект), во однос на социо-културните слоеви на заедницата (од дијастратиски аспект) и во однос на јазичната употреба (од дијафазички аспект) и се доста присутни во литературата. Бидејќи литературата често се преведува од еден јазик на друг, со цел да добие помасовна читаност, нејзините преведувачи можат да се соочат со проблеми при контактот со некоја јазична варијација. Оваа статија ги расветлува можните преведувачки проблеми поврзани со појавата на јазичните варијации и критички се осврнува кон постојните преводи користејќи аналитички, егземпларни и дескриптивни методи.

18. Маролова, Даринка; Велинова Ева (2017) *Биргеровата „Леноре“ - парадигма за непреболна љубов.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 2 (2), стр. 367-372. ISSN 978-608-244-308-9

**Евалуација:**

Биргеровата балада „Леноре“, како парадигма за непреболна љубов е тема на овој научен труд. Целта на трудот е да се направи една книжевна анализа со критички осврт на повеќе значајни аспекти на баладата „Леноре“ од Готфрид Август Биргер. Ова е еден обид на авторите да го прикажат контекстот на оваа уметничка балада настаната во турбулентни времиња кога книжевноста на просветителството, како една од фазите на литературниот развиток, доживува возобновување, нов подем, влевајќи се во литературната револуција на Штурм и Дранг. Дејството на баладата се случува во Прусија и тоа во време на седумгодишната војна, историски момент кој преплетен со народниот тон на баладата го означува почетокот на новиот автентичен израз на германската предромантичарска поезија.

19. Маролова, Даринка (2018) *Воспоставување на преводна еквивалентност меѓу специфичните граматички феномени во германскиот и во македонскиот јазик.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 2018, стр. 385-394. ISSN 978-608-244-308-9

    **Евалуација:**

    Предмет на истражување на оваа научна работа е трансферот на некои специфични граматички феномени од германски на македонски јазик и обратно. Анализата се врши на примери од одбрани извадоци од германски и македонски книжевни текстови, компаративно со нивните преводи на македонски, односно на германски јазик. Притоа од транслатолошки аспект се разгледува присуството на специфики во граматиката, и тоа во поглед на употребата на субјектот во реченицата, развиениот атрибут, глаголскиот вид и колокациите. Цел на истражувањето е да се прикажат начините, како преведувачите воспоставуваат преводна еквивалентност при преведувањето на специфичните граматички елементи.

20. Маролова Даринка; Ѓорѓиева Ева (2018) *Фразеологизми со компонента „душа“ во германскиот, францускиот и во македонскиот јазик*, „За душата“ – Зборник на текстови од Меѓународната научна конференција, 1-3. Јуни 2016, Скопје, стр. 435-445. ISBN 978-608-4849-01-8

    **Евалуација:**

    **Предмет на истражување на оваа студија се фразеологизмите со компонентата „душа“ во германскиот, францускиот и македонскиот јазик. Поаѓајќи од општото и одејќи кон пособеното, прво се утврдува терминот „фразеологија“ и неговите најважни карактеристики, со посебен акцент на идиоматичноста, потоа се објаснува поимот „душа“ од семантички аспект, за конечно да се дојде до аналитичкиот дел. Во аналитичкиот дел семантички се анализираат германски, француски и македонски идиоми кои во нивниот состав го содржат поимот „душа“ со цел да се види степенот на блискост или сличност помеѓу овие изрази во споменатите јазици.**

**V. *Учество на научни собири со реферат (постер/усно)***

21. . Меѓународен симпозиум на книжевните преведувачи на Македонија „*Книжевниот превод - јазик на Европа*“, Сојуз на литературни преведувачи на Македонија, (31. Август и 01. Септември 2015), с. Лешок
22. Прва меѓународна научна конференција ФИЛКО - филологија, култура и образование, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и Филолошки факултет при Воронешкиот државен универзитет - Воронеш (18-19. март 2016), Штип
23. Втора меѓународна научна конференција „За душата“, Здружение за компаративна

книжевност на Македонија ЗККМ Скопје, Здружение на класични филолози „Антика“, Филозофско друштво на Македонија (1-3. Јуни 2016), Скопје

24. Трета меѓународна научна конференција ФИЛКО - филологија, култура и образование, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и Филолошки факултет при Воронешкиот државен универзитет – Воронеш, (26-27 април 2018), Штип
25. Меѓународна научна конференција “Климентовото дело“ (јазик, литература, образование, култура), Филолошки факултет, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (23-24.06.2016), Штип

**VI.** ***Учество во научни проекти***

26. Маролова, Даринка и др. (2016) Проект „*Ментор*“, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
**Евалуација:**

Проектот „МЕНТОР“ е заеднички проект на Филолошкиот факултет-Штип и Бирото за преведување ПСД ДОО со временска рамка од почетокот на 2016 до 2018 година. Тој опфаќа повеќе сегменти: пренос на знаења/информации на студентите на Филолошкиот факултет и другите факултети во рамките на УГД; преведување – инволвирање на двете страни во преведувачките проекти во Македонија и пошироко; обезбедување на пракса во ПСД за студентите на групите за преведување и толкување (сите јазици); обезбедување на обука за наставниот кадар во врска со софтверските помагала за преведување (ТРАДОС и сл.); мобилизирање на студентите со големи достигнувања за време на студирањето и можност за нивно дополнително обучување под менторство на искусни преведувачи и можност за нивно вработување во ПСД. Со проектот „МЕНТОР“ се опфатени следните теми: преведување, процеси на преведување, стандарди EN/ISO (нов ISO); имплементација на ISO/EN во софтверите на ПСД, Trados, Matecut; Machine translation; почитување на процесите: проектно водење, обезбедување на квалитет; апликација и речник (доделување на UN/PW на сите и доделување на лица за увоз во речникот/Мкд).

27. Маролова, Даринка и др. (2016) Проект „*Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии*“. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
**Евалуација:**

Овој проект започна да се реализира во февруари 2016 година во просториите на Филолошкиот факултет, УГД-Штип и е во времетраење од две години. Целна група се студентите на групите за преведување и толкување од сите јазици застапени на Филолошкиот факултет во Штип. Предмет на истражување на проектот се придобивките од примената на најновите транслатолошки достигнувања и технологии за студентите – идни преведувачи и толкувачи. Цел на проектот е стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување во поглед на: копјутерски-потпомогнатото преведување, конференциското толкување, судското преведување и преводот на книжевни текстови. За целите на проектот беа организирани многубројни работилници, семинари предавања, стручни дискусии и практична работа под надзор на докажани преведувачи/толкувачи од Р.Македонија, а беа потпишани и договори за соработка со граѓански здруженија и приватни фирми.

28. Маролова, Даринка и др. (2018) Проект „*Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование*“. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

**Евалуација:**

Предмет на истражување на овој проект се можностите за евалуација на наставниот процес во високото образование, во наставата по јазик и книжевност. Со него се предвидени истражувања на различни видови евалуациски постапки, со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето, кои се трансформираат во квалитативни и квантитативни промени во развојот на студентите. Евалуацијата се одвива и во самиот процес на учењето, како и на крајот, како завршна фаза во процесот на наставата, односно со формативно и сумативно оценување на постигнувањата и на студентите и на нивните наставници. Наставниците го евалуираат наставниот процес за да го определат нивото на успешност на својата наставна пракса и да ги споредат своите наставнички вештини со вештините на своите колеги. Со евалуација на наставата се следи и процесот на реализација на новите курсеви по одделни студиски програми, а од студентите се добиваат непосредни информации за тоа што навистина мислат за самиот курс. Повратните информации за наставниот процес се добиваат со собирање податоци од страна на студентите и колегите наставници, а евалуацијата се спроведува со помош на евалуациски ливчиња, анкети, структурирана групна дебата или по пат на e-mail прашалник. Проектот е наменет за студентите на Филолошкиот факултет од втора, трета и четврта година на студии, како и за дел од професорите што предаваат на овие студенти, и тоа не само задолжителни, туку и изборни предмети и курсеви. Временската рамка на проектот е од феруари 2018 до февруари 2020.

**VII.** ***Секциско предавање на научен собир во земјава***

29. Модератор на секцијата „ЈАЗИК“ на Првата меѓународна конференција ФИЛКО - филологија, култура и образование, Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и Филолошки факултет при Воронешкиот државен универзитет – Воронеш, (18-19. март 2016), Штип

***VIII Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание***

30. *International Journal of Comparative Literature and Translation Studies* (IJCLTS), ISSN: 2202-1817 (Print), 2202-1825 (Online), Publisher: Australian International Academic Centre, http://www.journals.aiac.org.au/index.php/IJCLTS/about/editorialTeam
31. *International Journal in IT & Engineering*, ISSN: 2321-1776 (Online), Publisher: International Journals of Multi-Dimensional Research, http://www.indianjournals.com/ijor.aspx?target=ijor:ijie&type=eboard
32. Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISSN 1857-7059

**IX.** ***Член на уредувачки одбор за објавување на речник во земјава***

33. Соработник во изготвување на „Речник на синоними во македонскиот јазик“ (2017) од авторите Толе Белчев и Снежана Веновска-Антевска, издавач: Филолошки факултет, Универзитет Гоце Делчев-Штип, ISBN 978-608-244-416-1

**Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност**

Во продолжение следуваат трудовите со куса евалуација за секој труд одделно, како и опис на останатите релвантни активности.

**X.** ***Трудови во стручни (научно-популарни) списанија во земјава***

34. Маролова, Даринка; Пачовска, Мирјана (2015) *Идиоматичност кај фразеологизмите во транслатолошко светло.* Македонски јазик, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, LXVI, стр. 81-90. ISSN 0025-1089

**Евалуација:**

Предмет на истражување на оваа научна работа е идиоматичноста, како една од основните карактеристики на фразеологизмите. Притоа се укажува на различните степени на идиоматичност, како и неидиоматичност на исказите, потпирајќи се на врвните лингвисти Бургер и Флајшер во германската фразеологија и Велјановска во македонската фразеологија. Почнувајќи со детерминирање на поимот 'идиоматичност', па преку правење дистинкција меѓу фразеолошкото и буквалното значење на исказите се доаѓа до класификација на фразеологизмите според степенот на идиоматичност на: целосни идиоми, делумни идиоми и неидиоми. Притоа се врши анализа на идиоматичните изрази (од секој степен) меѓу германскиот и македонскиот јазик од лингвистички и од транслатолошки аспект. Корпусот на истражување го чинат неколку книжевни дела од познати писатели од германско-јазичната литература, заедно со нивните преводи на македонски јазик.

35. Маролова, Дарина; Велинова, Ева (2015) *Фактори за квалитетот на усното преведување.* Огледало, XXVI (231-232), специјално издание со трудовите презентирани на 44. Меѓународен симпозиум на книжевните преведувачи во с. Лешок (31. Август и 01. Септември 2015), стр. 3, 7. ISSN 0351-2126

**Евалуација:**

Повеќе пати е зборувано за преведувањето и за факторите кои влијаат на квалитетот на транслатот, но, многу поретко се зборува за факторите кои влијаат врз квалитетот на транслатот при толкувањето, како усна репродукција на оригиналниот дискурс. За таа цел во овој труд се нуди листа на факторите кои посредно или непосредно влијаат врз толкувањето.Такви се учесниците во толкувачкиот чин, односно говорителот, толкувачот и слушателот; двата текста, појдовниот и текстот-цел, кодирани со два различни система; степенот на блискост меѓу јазиците и културите; некои надворешни фактори, како што се нарачателот на транслацијата, ситуацијата во која се одвива транслацијата, целта на транслацијата, времето, техничките услови и сл.

36. Marolova, Darinka (2015) *German lexical variations and their Macedonian functional equivalents.* International Journal of Linguistics, Literature and Culture, 2 (4), pp. 41-47. ISSN 2410-6577

**Евалуација:**

Предмет на истражување на овој стручен труд се лексичките варијации разгледувани од аспект на времето (од дијахрониски аспект), на регионот (од дијатописки аспект), на социо-културните слоеви во заедницата (од дијастратиски аспект) и на употребата на јазикот (од дијафазиски аспект). Бидејќи тие опфаќаат широка област, за секое поле е избрана по една репрезентативна под-категорија која е предмет на понатамошни анализи, како што се: архаизми, дијалектни зборови, вулгарни изрази и латински фрази. Анализата е направена врз германски примери, проследени со нивни соодветни македонски функционални еквиваленти.

37. Маролова, Даринка (2016) *Постапки при преведувањето наслови на книжевни дела од германски на македонски јазик*. Palimpsest - International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 1 (2), pp. 15-24. ISSN 2545-3998

**Евалуација:**

Предмет на истражување на оваа научна работа се преводите на насловите составени од именка (општа, сопствена или сложена) или именска група од германски на македонски

јазик. Целта на истражувањето е да се идентификуваат и прегледно да се претставаат преведувачките постапки кои преведувачите најчесто ги применувале при преведувањето на наслови и процентуално да се определи соодносот помеѓу преведувачки постапки и типовите на наслови според морфосинтаксичките особености. Корпусот на истражувањето го чинат одбрани наслови на дела од германско-јазичната книжевност во периодот од 17 до 20 век.

38. Маролова, Даринка; Пачовска Мирјана (2016) *Референцијалните фразеологизми во преводот од германски на македонски јазик и обратно*. Македонски јазик, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, LXVII, стр. 169-184. ISSN 0025-1089
**Евалуација:**
Предмет на истражување на оваа научна работа се фразеологизмите, како од теоретски, така и од практичен аспект. Цел на истражувањето е да се укаже на комплексната задача што ја има преведувачот на литературни дела, особено кога ќе наиде на некој од референцијалните фразеологизми. Трудот е структуриран во повеќе точки, кои начелно се подведуваат под два главни дела: теоретски и практичен. Во теоретскиот дел се определува поимот ‘фразеологизам’, што се чини дека не било едноставна задача за лингвистите, потоа се нудат неколку класификации на фразеологизмите од кои оваа научна работа најмногу ја поддржува онаа на Бургер. Тој ги дели фразеологизмите според критериумот на знаковна функција на: референцијални, структурни и комуникативни, кои понатаму може да се делат на посебни подгрупи. Во практичниот дел најмногу доаѓаат до израз референцијалните фразеологизми, пред сѐ идиомите, скаменетите фрази и пословиците. Тоа се културни феномени присутни во литературата на секој народ, и поради тој факт имаат навистина комплицирана природа во поглед на можностите за нивна интерпретација и превод на друг јазик. Па, во вториот дел од трудот се прави анализа на фразеолошките изрази присутни во книжевните дела и нивните можни преводни еквиваленти, се откриваат применетите преведувачки постапки и се одредува степенот на нивната оправданост.

39. Маролова Даринка (2018) *Експликација во преводот од македонски на германски јазик.* Македонски јазик, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, LXIX, стр. 65-71. ISSN 0025-1089
**Евалуација:**
Предмет на истражување на оваа научна работа е експликацијата, како преведувачка постапка особено соодветна за превод на специфични јазични феномени со културна заднина, кои имплицираат на одредени предмети, појави или дејствија. За нив постои основана претпоставка дека му се добро познати на читателот/слушателот во директната, еднојазична комуникација. А при индиректната, двојазична комуникацијата, т.е. комуникација со посредство на преведувач, реципиентот е сместен во поинаков социо-културен и општествен контекст, па следствено на ова и поседува поинакви предзнаења. Затоа е потребно експлицирање на одредени имплицитни изрази од страна на преведувачот. Цел на овој труд е да се покаже дека за преводот на некои имплицитни изрази е неопходно екплицирање. Анализата се врши врз примери извадени од македонски книжевни дела, и тоа раскази и народни приказни, паралелно со нивните преводи на германски јазик.

**XI.** ***Учество во научен проект***

40. Маролова, Даринка и др. (2018) Твининг проект „*Развивање соработка помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и релевантните органи*“. Министерство за образование и наука - Македонија, Министерство за национално образование високо образование и истражување – Франција и Министерство за вработување и учење – Обеднето кралство (од август 2016 до јуни 2018)

**Евалуација:**

Ова е проект на Министерството за образование и наука – Македонија во соработка со Министерството за национално образование високо образование и истражување – Франција и Министерството за вработување и учење – Обеднето кралство, финансиран од ЕУ во кој е вклучен и Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Проектот се состои од три компоненти: 1.Применливост на студиските програми во поглед на вработливоста на дипломците со препораки за реформирање на студиските програми. Цели: Развивање методологија за евалуација на универзитетските студиски програми имајќи ги предвид потребите на пазарот на труд врз основа на најдобрите практики на ЕУ, споредба на студиски програми од различни универзитети. 2. Зајакнето функционирање на кариерните центри Цели: Развивање модел за самофинансирање и функционирање на универзитетските кариерни центри, подобрување на функционирањето на кариерните центри и нивната соработка со приватниот сектор, зголемена јавна свест кај студентите и работодавачите за можностите кои ги нудат кариерните центри.3. Зајакнето функционирање на одборите за доверба и соработка со јавноста. Цели: Оценување на функционирањето на факултетските одбори за доверба и соработка со јавноста, зајакнета соработка меѓу одборите за доверба и соработка со јавноста, одборот за акредитација и евалуација на високото образование и универзитетските сенати, зголемена јавна свест за можностите кои ги нудат одборите за доверба и соработка со јавноста. (временска рамка: од август 2016 до јуни 2018)

**XII.** ***Техничко унапредување***

41. Обука за наставници по германски јазик во Република Македонија на тема „Projektorientiertes Lernen im DaF-Unterricht“, во организација на Гете-Институт, Скопје (вкупно 12 наставни единици, по 45 минути) (31.05.-01.06.2018), Скопје

**XIII.** ***Член на факултетски органи/ комисии***

42. Член на Наставно-научен совет на Филолошки факултет
43. Член на Комисија за избор на претставници на Сенат од Филолошки факултет, УГД – Штип
44. Член на Комисија за избор на Ректор од Филолошки факултет, УГД – Штип
45. Член на Комисија за промоција и презентација на Филолошки факултет
46. Член на Комисија за комисиско полагање на испити во прв циклус на студии
47. Член на Комисија за јавна одбрана на дипломски труд
48. Член на Одбор за соработка и доверба со јавност
49. Член на Институт за јазици
50. Член на Рецензентска комисија за практикум „Deutsche Phraseologie” (Германска фразеологија) од авторот д-р Драгана Кузмановска (Одлука бр.1902-132/10 од 173. редовна седница на Наставно-научниот совет)
51. Член на Рецензентска комисија за скрипта „Deutsche Phraseologie” (Германска фразеологија) од авторот д-р Драгана Кузмановска (Одлука бр.1902-132/9 од 173. редовна седница на Наставно-научниот совет)
52. Член на Рецензентска комисија за оценување на научни трудови за објавување во Годишниот Зборник на Филолошки факултет – Штип (5 пати)
53. Член на Комисијата за самоевалуација на Филолошки факултет-Штип (2 пати)
54. Член на Комисија за упис на студенти на втор циклус студии
55. Ментор на генерација за студиска програма за германски јазик и книжевност (за четири години)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, може да се заклучи дека кандидатката д-р Даринка Маролова ги поседува неопходните квалитети и компетенции за вршење на наставно-образовна и научно-истражувачка дејност. Рецензентската комисија со огромно задоволство констатира дека кандидатката д-р Даринка Маролова од нејзиното вработување на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип досега е профилирана во извонреден соработник и научен работник кој професионално си ги извршува сите професионални и научно-истражувачките задачи. Освен тоа таа е и истакнат германист и општественик кој има дадено голем придонес во развојот на македонската германистика и на науката за преведување и толкување, а значан удел има и во заживувањето, одржувањето и развојот на групата за германски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката д-р Даринка Маролова во целост и доследно ги исполнува сите критериуми и законски услови за избор во наставно-научното звање – вонреден професор пропишани со Законот за високо образование на Р.Македонија и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Поради сето ова, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно- научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **да го усвои овој извештај и д-р Даринка Маролова да ја избере во наставно- научно звање вонреден професор за наставно-научните области**: ***Германистика (64005)* и *Преведување* (64022)**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**д-р Силвана Симоска, редовен професор – претседател, с.р.**

**д-р Биљана Ивановска, редовен професор – член, с.р.**

**д-р Драгана Кузмановска, вондерен професор – член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) (3,4,5,6, 7,9, 10, 11, 12, 13, 14) | 8 | 9 | 3 | 9 | 99 |
| **2** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор) (8) | 1 | 6 | | | 6 |
| **3** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (15, 16, 17, 18, 19, 20) | 6 | 2 | | | 12 |
| **4** | Учество на научен собир со реферат (усно) (21, 22, 23, 24, 25) | 5 | 1,5 | | | 7,5 |
| **5** | Учество во научен проект (26, 27, 28) | 3 | 2 | | | 6 |
| **6** | Секциско предавање на научен собир (29) | 1 | 2 | | | 2 |
| **7** | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание (30, 31, 32) | 1 | 2 | 2 | 2 | 6 |
| **8** | Член на уредувачки одбор за објавување на речник (33) | 1 | 1 | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **139,5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Трудови во стручни (научно-популарни) списанија (34, 35, 36, 37, 38, 39) | 6 | 2 | | | 12 |
| | Учество во научен проект (40) | 1 | 5 | | | 5 |
| | Техничко унапредување (41) | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на факултетски орган, комисија (42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52 - 5 пати, 53 - 2 пати, 54) | 18 | 2 | | | 36 |
| | Класен раководител, согласно Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години) (55) | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **59** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **228,5** |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1202-126/39 од 4.11.2019 година донесена на 179 седница на наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 31.10.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања област Менаџмент системи на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 09.10.2019 година и во предвидениот рок се пријави д-р Елена Веселинова, доцент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно - научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Елена Веселинова (Николова) е родена на 6.10.1985 година во Штип, Р. Македонија. Основно образование завршува во ДОУ „Димитар Влахов“ во Штип како најдобар ученик во генерацијата. Средно образование завршува во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип во генерацијата 2000-2004, повторно како најдобар ученик во генерацијата. Во средношколските денови редовно учествува на државни и меѓународни натпревари по математика, физика, македонски, англиски и латински јазик и има освоено бројни високи признанија и награди.

Во 2004 година се запишува на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и дипломира на департманот за менаџмент во 2008 година, со просечен успех од 9,84, вбројувајќи се меѓу најдобрите студенти од нејзината генерација. Во февруари 2009 година ги започнува постдипломските студии по МБА – Менаџмент, исто така на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Испитите ги завршува со просечен успех од 10,00. Магистрира на 9.11.2010 година со одбрана на магистерскиот труд на тема: „Градење на стратегија на претпријатијата во текстилната индустрија на Р.Македонија“.

Д-р Елена Веселинова го продолжува високото образование со упис на трет циклус на студии во декември 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во научната област менаџмент. Докторира на 27.11.2014 година со одбрана на докторскиот труд: „Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност за компаниите“.

Веднаш по дипломирањето, од ноември 2008 година се ангажира како волонтер за асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Истовремено, го гради своето искуство и се усовршува во практикувањето на менаџмент вештините како асистент на управителот на „Ангротекс“ Доо Штип. Од септември 2011 до јуни 2014 година работи како помлад асистент, а од јуни 2014 како асистент на Економскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со ангажман на предмети од областа на менаџментот. Од 16.4.2015 година, д-р Елена Веселинова е доцент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип покривајќи ја наставата по

предметите: Стратегиски менаџмент, Инвестиционен менаџмент, Менаџмент, Портфолио менаџмент, Теорија на одлучување.

Кандидатот одлично ги познава англискиот и италијанскиот јазик и солидно германскиот. Исто така, одлично ги познава алатките на Microsoft Office, Adobe, Project Manager, Comfar III Expert, SPSS и неколку ERP апликации.

Во текот на своето студирање и работа, таа остварува опсег на активности, трудови, посета и учество на конференции како во земјата така и во странство. Учествува на бројни домашни и меѓународни симпозиуми, научни расправи, стручни собири, конференции, средби, семинари, обуки и јавни дебати, во земјава и во странство (Италија, Турција, Грција, Бугарија, Србија, Хрватска, Романија, Франција, Германија и др.). Учествува во неколку научноистражувачки проекти од национален и од меѓународен карактер и досега има објавено над 50 научни и стручни трудови, книги, делови од книги и студии. Член е и рецензент во неколку уреднички одбори на меѓународни списанија, како и член на организациски и уредувачки одбор на меѓународните конференции во организација на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Редовно учествува на обуки и предавања од областа на менаџментот. Ги има посетено предавањата на проф. д-р Исак Адицес од областа на управување со промените, предавањата на светски познатиот проф. д-р Филип Котлер на тема „Маркетинг и менаџмент предизвиците во 21 век“ и на Тим Ринго, врвниот менаџер за човечки ресурси на компанијата IBM. Има учествувано на семинари од областа на меѓународниот бизнис, законот за работни односи и унапредување на сметководствениот систем на претпријатијата во организација на Стопанската комора на Р.Македонија.

Таа е и вклучена во работата на различни комисии и проекти, била ментор на дипломци и магистранти, а тековно е раководител на катедра Менаџмент при Економскиот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Д-р Елена Веселинова беше ментор на тимот на Економскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, кој беше во топ 5 победници на Ротман - Европскиот натпревар за тргување на берзи кога Р.Македонија за прв пат имаше свој претставник на таков престижен натпревар.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Просечен успех од најмалку 8.00 (осум) на интегрираните студии од прв и втор циклус студии:
   - Остварен просечен успех на прв циклус студии од 9.84 и остварен просечен успех на втор циклус на студии од 10.00;
2. Доктор на науки од научната област во којашто се избира:
   - Доктор на економски науки со одбранет докторски труд на тема: „Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност на компаниите“ на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје во 2014 година;
3. Доцент од научната област во која се избира:
   - Елена Веселинова со одлука бр. 1202-96/3 од 16.4.2015 година на 97 седница на Наставно – научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е избрана за доцент во научната област Менаџмент системи;
4. Има способност за изведување на високообразовна дејност;
5. Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со овој закон во последните пет години пред објавување на огласот за избор:
   - Има објавено повеќе научни трудови од соодветната научна област во референтни научни публикации кои се во целост наведени во доставениот список на трудови и приложени со копија од секој труд, а овде ги издвојуваме следниве трудови како

позначајни:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание / Издавач | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | Evaluating the Brand With Radical Transparency. (2019) | Brand Culture and Identity: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-7116-2.ch006 | Од 1988 година |
| 2 | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | Radical Transparency and Brand Equity as Key Factors for Successful Business Strategy. (2018) | Digital Marketing and Consumer Engagement: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-5187-4.ch071 | Од 1988 година |
| 3 | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Gruevski, Ilija | Municipal Bonds as an Alternative Way of Financing. (2018) | Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-613-9-81782-5 | Од 2002 година |
| 4 | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | Building Brand Equity and Consumer Trust Through Radical Transparency Practices. (2017) | IGI Global, Hershey, PA 17033, USA. ISBN 9781522524175 | Од 1988 година |
| 5 | Veselinova, Elena and Parleev, Vladimir | Assessing the Contribution of Human Capital on Business Performance with Focus on the IT Industry in the Republic of Macedonia. pp. 1311-1317. (2016) | Journal of Research in Business, Economics and Management, 8 (1). ISSN 2395-2210 | Од 2015 година |
| 6 | Veselinova, Elena and Miceski, Trajko and Gogova Samonikov, Marija | The Corporate Brand: An Intangible Resource as a Basis for Sustainable Competitive Advantage. (2016) | Journal of Economics, 1 (1). ISSN 1857-8632 | Од 2015 година |
| 7 | Gruevski, Ilija and Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena | Prospects and Constraints of the SMEs Sector from the East-Planning Region in the Republic of Macedonia: A SWOT Analysis Survey of the Entrepreneurial Environment. ISSN 978-609-8239-00-3 (2018) | 5th International Conference on New Ideas in Management, Economics and Accounting. | Од 2014 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Fotov, Risto and Binovski, Risto | Municipal Bonds in Developing Countries. Case Study: Municipality of Stip, Republic of Macedonia. *(2017)* | Management Dynamics in the Knowledge Economy | Од 2013 година |
| 9 | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Fotov, Risto and Gruevski, Ilija | Readiness of municipalities in the developing countries for issue of municipal bonds through the analysis of their budget accounts (overview of the municipality of Stip - R.Macedonia). *(2016)* | International Journal of Management and Applied Science (IJMAS) | Од 2015 година |
| 10 | Gruevski, Ilija and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Fotov, Risto | Evaluation of underwriter's municipal bond purchase proposal (predetermination of the proceedings in the case of eventual negotiated sale of municipal bonds in the city of Shtip). *(2016)* | International Journal of Management and Applied Science | Од 2015 година |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот, доц. д-р Елена Веселинова од 1.10.2008 година, ја започнува својата работа како волонтер за асистент, а потоа од 1.9.2011 година како помлад асистент од област менаџмент на Економски факултет на Универзитет „Гоце Делчев" Штип. Во тој период таа ги покрива вежбите по предметите: Стратегиски менаџмент, Инвестиционен менаџмент, Менаџмент, Хартии од вредност и портфолио менаџмент, Менаџмент на мал бизнис и Теорија на одлучување, кои на почетокот се реализираат во наставниот центар во Штип, а подоцна и во наставните центри во Струмица, Кочани, Радовиш и Скопје. Во 2014 година кандидатот е избран во звање асистент за истата област и продолжува да ја извршува истата дејност на Економски факултет, изведува вежби, при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. На 16.4.2015 година Елена Веселинова на 97 седница на Наставно – научниот совет на Економски факултет е избрана во звање доцент од област Менаџмент системи и почнува со реализирање на предавања и вежби по предметите: Стратегиски менаџмент, Инвестиционен менаџмент, Хартии од вредност и портфолио менаџмент, Деловно планирање и Теорија на одлучување. Набрзо потоа кандидатот доц. д-р Елена Веселинова почнува да ја врши и функцијата раководител на катедра Менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на чија што позиција се наоѓа и денес.

Научната евалуација на научните трудови на кандидатот д-р Елена Веселинова за периодот од изборот во доцент е следнава:

**Тези**

1. Veselinova, Elena (2014) *Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност на компаниите.* PhD thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј".

**Учебни помагала**

2. Veselinova, Elena (2019) *Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија.* ISBN 978-608-244-625-7.
3. Veselinova, Elena (2019) *Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија - практикум.* ISBN 978-608-244-626-4.

4. Veselinova, Elena (2015) Стратегиски бренд менаџмент - скрипта. ISBN 978-608-244-150-4.
5. Veselinova, Elena (2015) Стратегиски бренд менаџмент - практикум. ISBN 978-608-244-149-8.

**Книги**

6. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Gruevski, Ilija (2018) Municipal Bonds as an Alternative Way of Financing. Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-613-9-81782-5
7. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2017) Building Brand Equity and Consumer Trust Through Radical Transparency Practices. IGI Global, Hershey, PA 17033, USA. ISBN 9781522524175
8. Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija (2017) Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на општина Штип. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-453-6

**Делови од книги и поглавја**

9. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2019) Evaluating the Brand With Radical Transparency. In: Brand Culture and Identity: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. IGI Global, Hershey, PA, USA. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-7116-2.ch006
10. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2018) Radical Transparency and Brand Equity as Key Factors for Successful Business Strategy. In: Digital Marketing and Consumer Engagement: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. IGI Global, Hershey, PA, USA . ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-5187-4.ch071

**Трудови**

11. Veselinova, Elena and Atanasovski, Viktor (2019) Креирање на стратегиска конкурентска предност. Годишен зборник, Економски факултет, 17. pp. 107-118. ISSN 1857-7628
12. Veselinova, Elena and Milevski, Goce (2018) Местото и значењето на текстилната индустрија во националната економија на Република Македонија: учество во БДП, извозот и вработеноста. Годишен зборник 2018, 15 (10). ISSN 1857-7628
13. Veselinova, Elena and Tashev, Ordance (2018) Согледаниот квалитет како клучна димензија на капиталот на брендот. Годишен зборник 2018, 15 (10). ISSN 1857-7628
14. Dimovska, Emilija and Veselinova, Elena (2018) Анализа на предностите и недостатоците на одделни стратегиски алтернативи за влегување во меѓународниот бизнис. Годишен зборник 2018, 15 (10). ISSN 1857-7628
15. Gruevski, Ilija and Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2018) Prospects and Constraints of the SMEs Sector from the East-Planning Region in the Republic of Macedonia: A SWOT Analysis Survey of the Entrepreneurial Environment. 5th International Conference on New Ideas in Management, Economics and Accounting. ISSN 978-609-8239-00-3
16. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Fotov, Risto and Binovski, Risto (2017) Municipal Bonds in Developing Countries. Case Study: Municipality of Stip, Republic of Macedonia. Management Dynamics in the Knowledge Economy, 5 (2). pp. 155-174. ISSN 2392-8042
17. Gruevski, Ilija and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Fotov, Risto (2016) Evaluation of underwriter's municipal bond purchase proposal (predetermination

*of the proceedings in the case of eventual negotiated sale of municipal bonds in the city of Shtip).* International Journal of Management and Applied Science, 2 (12). pp. 11-17. ISSN 2394-7926

18. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Fotov, Risto and Gruevski, Ilija (2016) *Readiness of municipalities in the developing countries for issue of municipal bonds through the analysis of their budget accounts (overview of the municipality of Stip - R.Macedonia).* International Journal of Management and Applied Science (IJMAS), 2 (8). pp. 44-47. ISSN 2394-7926
19. Miceski, Trajko and Veselinova, Elena (2016) *Сигнализирањето на наталитетот и очекуваното траење на животот во Р.Македонија и Русија за креирањето на стратегија за развој на човечките ресурси.* VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective, 1 (1). pp. 56-66.
20. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2016) *Стратегиски фактори на капиталот на брендот.* VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective, 1 (1). pp. 302-309.
21. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2016) *Менаџирањето со Е-финансиите како предизвик пред македонската и руската економија.* VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective, 1 (1). pp. 328-333.
22. Veselinova, Elena and Parleev, Vladimir (2016) *Assessing the Contribution of Human Capital on Business Performance with Focus on the IT Industry in the Republic of Macedonia.* Journal of Research in Business, Economics and Management, 8 (1). pp. 1311-1317. ISSN 2395-2210
23. Veselinova, Elena and Miceski, Trajko and Gogova Samonikov, Marija (2016) *The Corporate Brand: An Intangible Resource as a Basis for Sustainable Competitive Advantage.* Journal of Economics, 1 (1). ISSN 1857- 8632
24. Gruevski, Ilija and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Fotov, Risto (2016) *Evaluation of underwriter's municipal bond purchase proposal (predetermination of the proceedings in the case of eventual negotiated sale of municipal bonds in the city of Shtip).* In: The IRES 49th International Conference, Rome, Italy.
25. Gogova Samonikov, Marija and Fotov, Risto and Gruevski, Ilija and Veselinova, Elena (2015) *SWOT analysis of the emmision of municipal bonds in the Republic of Macedonia (comparative with the Republic of Croatia).* Academics World 10-th International Conference, Istanbul, Turkey. pp. 23-26. ISSN 978-93-85832-62-8
26. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2015) *Импликации на финансиските иновации врз банкарскиот сектор – примена на нови финансиски инструменти во банкарското работење.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 7 (1). pp. 67-74. ISSN 1857- 7628
27. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2015) *Импликации на финансиските иновации врз банкарскиот сектор – примена на нови финансиски методи во банкарското работење.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 7 (1). pp. 75-82. ISSN 1857- 7628

**Проекти**

28. Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Binovski, Risto (2017) *„Форми на финансирање на растот на малите и средните претпријатија со фокус на источен плански регион во Република Македонија“.* [Project]

29. Fotov, Risto and Miceski, Trajko and Gogova Samonikov, Marija and Gruevski, Ilija and Veselinova, Elena and Binovski, Risto (2015) *Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на општина Штип.* [Project]

Согласно потребите за овој Реферат следува конкретната евалуација на трудовите во периодот од 2014 до 2019 година.

**Евалуација на труд број 1:** *Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност на компаниите*: Предмет на истражување на оваа докторска дисертација претставува значењето и важноста на корпоративниот бренд за долгорочната профитабилност на компаниите, првенствено во Република Македонија, а потоа и на глобално ниво, земајќи ја предвид комплексноста на окружувањето како сумарен фактор што сè повеќе го отежнува процесот на создавање нова вредност и нејзиното ефектуирање во стабилна профитабилност.

Докторската дисертација го анализира прашањето дали изворите на одржлива конкурентска предност произлегуваат од потенцирањето на внатрешните предности и елиминирањето на внатрешните слабости или, пак, тие се резултат на успешно искористување на можностите во окружувањето и избегнување на надворешните ограничувања. И покрај напорите на бројни автори за поддршка на втората теза, современата научната мисла од областа на стратегискиот менаџмент ја нагласува првата варијанта. Затоа следи анализата на нематеријалните средства и нивната (и)мобилност, како неопходен услов за одржлива конкурентска предност. Анализата на идејата за корпоративниот бренд како сублимат на сите типични ресурси и способности на компанијата резултира во рамка за создавање и одржување на посакуваната конкурентска предност. Оваа теза се докажува низ призмата на VRIO концептот. Докторската дисертација го анализира феноменот на брендирањето и неговата поврзаност со процесот на создавање нова вредност, а со тоа и одржлива конкурентска предност. Аргументите ја поддржуваат улогата на корпоративниот бренд во: обезбедување на поголемо пазарно учество, создавањето на бариери за влез на нови конкуренти, остварувањето на производно и пазарно проширување, обезбедувањето на премиум цена, привлекувањето на квалитетна работната сила, обезбедувањето лојалност кај потрошувачите и стимулирањето иновации. Ова води кон анализа на односот меѓу т.н. стратегиски ѕвезди: визијата, културата и имиџот на компанијата, како неопходен услов за градење и управување со корпоративниот бренд.

Во основата на оваа докторска дисертација е пентагонот на корпоративниот бренд: раѓање, дефинирање, артикулирање, мерење и експанзија на корпоративниот бренд. Моделот е компилација на модели од светски познати автори, глобално потврдени од страна на големите корпорации. Прагматичноста на овој модел се докажува преку воспоставувањето на капиталот на корпоративниот бренд: свесноста за корпоративниот бренд, нивото на согледаниот квалитет на производите/услугите, кои асоцијации корпоративниот бренд ги буди и каква е лојалноста на потрошувачите кон брендот. Оправданоста на сите теоретски и практични сознанија во оваа дисертација се потврдува преку евалуацијата на корпоративниот бренд која се образложува преку неколку варијанти: капиталот на корпоративниот бренд како мерило за вредноста на брендот, финансиски пристапи за вреднување на корпоративните брендови, интегрирање на финансиите и маркетингот преку пристапот „најдобра пракса“, ланецот на вредности на корпоративниот бренд и повратот на инвестициите во корпоративниот бренд. На овој начин се заокружуваат напорите за разбирање, примена и евалуација на корпоративниот бренд како извор на конкурентска предност.

**Евалуација на труд број 2:** *Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија* – скрипта: Ова учебно помагало е посветено на градењето стратегија на текстилните

претпријатија која се базира на утврдена конкурентска предност. Истражувањето опфаќа анализа и оценување на екстерното окружување на текстилната индустрија. Преку неа се идентификуваaат критичните можности и ограничувања во општото и посебно окружување на текстилните претпријатија. Но, надворешното окружување не е единствената детерминанта на профитот на претпријатијата. За да се разбере суштината на нивното работење неопходно е „да се погледне" длабоко во нивното внатрешно окружување. Тогаш стапува на сцена анализата на интерното окружување преку која се утврдуваат внатрешните стратегиски фактори на претпријатието, односно предностите и слабостите на секое претпријатие. Преку оваа анализа се согледуваат клучните детерминанти за создавање одржлива конкурентска предност. Секоја успешна стратегија се базира на ваква одржлива конкурентска предност што произлегува од единствените ресурси и способности на претпријатието. Наједноставните прашања поврзани со постоењето на кое било претпријатие бараат најсложени одговори: што (да) работи претпријатието, зошто токму тоа, каде (да) оди, зошто токму таму, кого да вработи, зошто токму тој/таа? Секое претпријатие, независно од дејноста, просторот и времето во кое функционира, се стреми да ја подобри или во крајна линија да ја задржи својата пазарна позиција. Во денешни услови да се работи успешно е повеќе од предизвик. Причините за сè поголемата неизвесност во окружувањето во кое делуваат организациите се разновидни. Елиминирањето на економските бариери меѓу земјите и зголемената конкуренција ги засега сите деловни субјекти низ светот. Организациите секојдневно се соочуваат со предизвикот од економските, политичките и технолошките промени. Потрошувачите како еден од најважните стеикхолдери во окружувањето имаат свои потреби, навики и вкусеви кои стануваат сè поразновидни и попрефинети, а претпријатијата треба соодветно да одговорат на таквите суптилни барања, доколу сакаат да ги задржат постојните и да привлечат нови. Во ова учебно помагало е вклучена анализа на моменталната конкурентност и се нудат начини за создавање одржлива конкурентска предност на претпријатијата од текстилната индустрија. Текстилните претпријатија во Р.Македонија треба да се посветат на развој на конкурентска стратегија за настап на домашниот и странските пазари со која ќе успеат да остварат повисока додадена вредност на финалниот производ, а со тоа и поголеми приходи и повисока профитабилност. За таа цел, неопходно е за се изгради стратегија на претпријатијата во текстилната индустрија, кои се основни носители на севкупните активности во оваа индустрија, земајќи предвид дека токму таа е една од најзначајните индустрии во Р. Македонија. Како трудоинтензивна индустрија, текстилната индустрија обезбедува значаен број работни места, сепак, тоа што во моментот е загрижувачки е ниското учество на текстилната индустрија во вкупно креираната додадена вредност во националната економија. Затоа, потребен е еден проактивен пристап на стратегиско планирање и дејствување на текстилните претпријатија, со цел да ја зголемат својата конкурентност и да се подготват за успешен настап на странските пазари. Во учебното помагало се презентирани одредени согледувања за конкурентноста на текстилните претпријатија во Р.Македонија и нивната сегашна и потенцијална позиција во потрагата по нови пазари, приходи и нормално, профит.

**Евалуација на труд број 3:** *Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија* – практикум: Во ова учебно помагало е вклучена анализа на моменталната конкурентност и се нудат начини за создавање одржлива конкурентска предност на претпријатијата од текстилната индустрија. Текстилните претпријатија во Р.Македонија треба да се посветат на развој на конкурентска стратегија за настап на домашниот и странските пазари со која ќе успеат да остварат повисока додадена вредност на финалниот производ, а со тоа и поголеми приходи и повисока профитабилност. За таа цел, неопходно е за се изгради стратегија на претпријатијата во текстилната индустрија, кои се основни носители на севкупните активности во оваа индустрија, земајќи предвид дека токму таа е една од најзначајните

индустрии во Р. Македонија. Како трудоинтензивна индустрија, текстилната индустрија обезбедува значаен број работни места, сепак, тоа што во моментот е загрижувачки е ниското учество на текстилната индустрија во вкупно креираната додадена вредност во националната економија. Затоа потребен е еден проактивен пристап на стратегиско планирање и дејствување на текстилните претпријатија, за да ја зголемат својата конкурентност и да се подготват за успешен настап на странските пазари. Материјата што се обработува е структурирана во точки и потточки, со еден логичен редослед на разработка на содржината и претворање на теоретските сознанија во практични истражувања. Во ова учебно помагало – практикум се опфатени 18 вежби преку кои се комплетираат сите фази и елементи на процесот на стратегиски менаџмент, со посебен фокус на текстилната индустрија. Наједноставните прашања поврзани со постоењето на кое било претпријатие бараат најсложени одговори: што (да) работи претпријатието, зошто токму тоа, каде (да) оди, зошто токму таму, кого да вработи, зошто токму тој/таа? Секое претпријатие, независно од дејноста, просторот и времето во кое функционира, се стреми да ја подобри или, во крајна линија, да ја задржи својата пазарна позиција. Овој практикум го поддржува таквиот процес.

**Евалуација на труд број 4:** Стратегиски бренд менаџмент – скрипта: е систематски и логички подреден на современ начин и во четири глави (тематски целини) се прикажани карактеристиките, значењето и актуелноста на стратегискиот бренд менаџмент како важна научна дисциплина. Материјата е презентирана со јасен, студиозен, стручно методолошки пристап и низ бројни практични примери. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал студентите ќе можат без тешкотија да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни табеларни прегледи како основа на анализите, истражувањата и констатациите по клучните прашања содржани во трудот. Тие, исто, така претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на стратегискиот бренд менаџмент како научна дисциплина.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Овој труд ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите и од економските и сродни научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност.

**Евалуација на труд број 5:** Стратегиски бренд менаџмент – практикум: претставува континуирана заложба на авторот да ја оформи потребната литература од областа на стратегискиот менаџмент за студентите кои се соочуваат со анализа на прашања од оваа современа проблематика.

Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на стратегискиот бренд менаџмент. И покрај тоа што во нашата земја постои мал број и опфат на јавно презентирана литература од оваа област, сепак проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обем е неопходна за студентите на Економскиот факултет, за студентите кои ги изучуваат сродните економски проблематики и други дисциплини. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на актуелностите во стратегискиот менаџмент, за студентите, за ентитетите (деловните субјекти) кои тековно или потенцијално се ангажираат во процесот на градење и управување со брендот како едно од највредните средства на бизнисот. Во таа смисла, учебното помагало претставува едукативен пишан стручен труд кој обработува ваква проблематика кај нас, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на економските науки. Затоа сметаме дека овој практикум е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

**Евалуација на труд број 6:** *Municipal Bonds as an Alternative Way of Financing*: е книга во која се зборува дека општините во земјите во развој се соочуваат со потреби за дополнителни финансиски ресурси со цел да се спроведе серија активности и проекти. Ваквите активности ќе овозможат не само централизиран развој на главниот град, туку независно економско заживување на општините. Концентрацијата на сите единици во главниот град предизвикува нееднаква дистрибуција на индустриите, населението, приходот и така натаму. Општинските обврзници треба да послужат како алтернативен, поевтин начин за финансирање на општините. За да се избегне кредитниот ризик во емисијата на општинските обврзници, неопходно е ефективно да се користат средствата, а ефективноста произлегува од соодветна распределба и управување. Овој процес може значително да придонесе за развојот на општината, особено ако се спроведува со пониски трошоци. Заживувањето на децентрализацијата е неизбежно и неопходно. Затоа оваа книга има за цел да ги разгледа можностите за емисија на локални обврзници во Република Македонија.

**Евалуација на труд број 7:** *Building Brand Equity and Consumer Trust Through Radical Transparency Practices*: Во оваа книга која се опфаќа создавањето на бизнис вредност и конкурентна предност кои се од суштинско значење за секоја компанија во модерниот корпоративен сектор. Со развојот на позитивни односи со потрошувачите, бизнисите можат подобро да ја одржат лојалноста на своите клиенти. Градење на капитал и доверба на потрошувачите преку радикални и транспарентни практики е иновативен референтен извор за новите научни перспективи за улогата на брендирање во организациски контексти и техники за одржување на профитабилен и искрен однос со потрошувачите. Оваа книга е идеално дизајнирана за менаџери, истражувачи, професионалци, студенти и практичари заинтересирани за развој на креирање на вредност во современиот бизнис, истакнувајќи голем број на релевантни теми како што се управување со ризик, иновации на производи и бренд свесност.  Многу академски области се опфатени во оваа публикација, но не се ограничени на: Бренд свесност, Корпоративно управување, Ангажирање на вработените, Иновација на производи, Справување со ризици,  Менаџмент на снабдувачки синџири, Квалитет на работната сила итн.

**Евалуација на труд број 8:** *Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на општина Штип* е монографија која е сублимат од низата оргинални научни истражувања кои произлегле во рамките на проектот „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на општина Штип“. Монографијата опфаќа анализа на подготвеноста на земјите во развој за издавање општински обврзници, преку согледување на состојбите во регионот, вклучувајќи анализа на емисијата на општински обврзници во Сплит, Република Хрватска, што ќе се користи како бенчмарк за анализа и подготовка на емисија на општински обврзници во Република Македонија. Во рамките на овој труд, подготвена е и SWOT анализа за издавање општински обврзници во Република Македонија преку која се согледуваат клучните фактори од окружувањето кои би влијаеле на потенцијалната емисија на локални обврзници, со посебен фокус на општина Штип. Токму затоа, во монографијата е вклучен и дополнителен дел посветен на оценка на подготвеноста на општините во развој за издавање на општински обврзници преку детална анализа на нивните буџетски сметки, фокусирајќи се на анализа на буџетските сметки на Општина Штип во периодот 2006-2015 година. За таа цел пресметани се корелациските врски помеѓу домашното задолжување и расходите на општина Штип, корелациските врски помеѓу каматните плаќања на домашните кредитори и приходите на општина Штип, како и повеќекратна праволиниска регресија и корелација помеѓу приходите, домашните задолжувања и депозитите на општина Штип. Монографијата вклучува евалуација на

предлози за купување општински обврзници, со претходно утврдување на постапка во случај на евентуална спогодбена продажба на општински обврзници во градот Штип. Во овој дел детално се елаборирани спогодбената наспроти конкурентска продажба и предложена е соодветна постапка за реализација на спогодбена продажба на првата емисија на општински обврзници на општина Штип. Како логичен чекор за заокружување на оваа монографија во водич за емисија и тргување со локални обврзници, подготвен е проспект за издавање и тргување кои детално ги објаснува сите составни компоненти на еден таков проспект. Во монографијата е анализиран пример за ефикасна употреба на средствата од продажбата на потенцијалната обврзница на општина Штип преку инвестирање во центар за рехабилитација кој ќе го експлоатира термалниот извор Кежовица. Економско-финансиската ефикасност на инвестицијата финансирана преку емисија на локални обврзници е прикажана преку инвестициски критериуми кои ја докажуваат рентабилноста и ликвидноста на инвестицискиот проект. На овој начин, се постигнува оправданоста за емисијата на локалните обврзници како алтернативен начин за финансирање и поддршка на локалниот економски развој. Целта на истражувањето е да се оцени потенцијалот за поврат на инвестицијата, односно ефикасноста и рентабилноста на проект, кој не само што ја верификува оправданоста за користењето на локалните обврзници како релативно евтин долгорочен извор на финансиски средства, туку значително придонесува за зголемување на вредноста на локалниот аутпут како компонента на националниот економски раст, и уште повеќе, земајќи ги предвид сè поактуелните барања за општествено одговорно однесување, демонстрира вредност за широк ранг стеикходелри на долг рок. Резултатите од истражувањето, проектирани во форма на конвенционални инвестициски критериуми, во комбинација со кратка финансиска рацио анализа, потврдуваат дека може да се постигне ефикасна употреба на општинските обврзници како алтернативен начин за финансирање на локалниот економски развој преку инвестирање во долгорочно одржлив и профитабилен проект како што е анализираниот пример за центар за рехабилитација. Токму затоа, не само препораките од оваа монографија, туку и сумарните сознанија од целиот проект ја стимулираат и ја поддржуваат емисијата на ваквите финансиски инструменти кои ќе ја одиграат својата примарна улога – преку соодветен финансиски левериџ да бидат значаен фактор за економскиот развој. Монографијата „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на општина Штип" е наменета за поширок круг корисници. Првенствено, таа треба да служи како водич за емисија на локални обврзници, користен од страна на локалните власти, понатаму, како информатор и мотиватор за потенцијалните инвеститори во ваков вид финансиски инструменти, како и за студентите на економските и други факултети кои ја изучуваат оваа проблематика и за сите други заинтересирани читатели, со цел да им се доближат на теоретските и практичните сознанија од оваа област и сите читатели и потенцијални учесници во емисијата и тргувањето со локални обврзници.

**Евалуација на труд број 9:** *Evaluating the Brand With Radical Transparency*: се однесува на оправдувањето на сите теоретски знаења во оваа книга потврдени преку евалуација на брендот, кој е анализиран во ова поглавје од книга. Вреднувањето на брендот преку радикална транспарентност е разработено преку неколку варијанти: капитал на бренд како мерка за вредноста на брендот, финансиски пристапи кон вреднување на брендови, интеграција на финансии и маркетинг преку пристапот со најдобри практики за оценување на брендот и синџирот на вредности на брендот. На тој начин се доаѓа до напорите за разбирање, примена и оценување на капиталот на брендот како извор на конкурентска предност преку призмата на радикална транспарентност.

**Евалуација на труд број 10:** И трудот *Radical Transparency and Brand Equity as Key Factors for Successful Business Strategy* е поглавје на книга која го анализира феноменот

на брендирање и поврзаниот процес на создавање нова вредност, а со тоа и одржлива конкурентна предност преку препознавање на концептот на радикална транспарентност. Рамнотежата на брендот е заеднички именител на сите материјални и нематеријални ресурси на компанијата, количината на нејзините способности, секоја активност која укажува на повисока вредност, било каков обид да се биде подобар и да постигнете повеќе. Затоа, освен тоа, капиталот на брендот е елабориран како извор на вредност за бизнисот. Ова поглавје ја разгледува улогата на капиталот на брендот во обезбедувањето поголемо пазарно учество, создавајќи влезни бариери за нови конкуренти, постигнување на производството и ширење на пазарот, обезбедување на ценовна премија, привлекување квалитетна работна сила, обезбедување на лојалност на потрошувачите и поттикнување на иновациите. За брендот вистински да обезбеди вредност треба да биде повеќе од имиџот на компанијата или позицијата на производот - брендот треба да биде обединувачка сила во компанијата, обезбедувајќи го бизнисот со насока и цел.

**Евалуација на труд број 11:** *Креирање на стратегиска конкурентска предност*: Во фокусот на овој труд е анализата на креирањето на конкурентска предност, како предуслов за стратегиски-долгорочен опстанок на организацијата во услови на совршена конкурентска структура на пазарот. Главната дел е да се дефинира и сублимира потребата за разбирање на натпреварот, како и на потрошувачите преку истражување на натпреварот, согледување на основите на конкурентската маркетинг стратегија, базирана врз креирање на вредности за потрошувачите, како и воочување на потребата од балансирање на ориентациите на потрошувачите и конкурентите во изградувањето на вистинска пазарно-ориентирана организација. Резултатите од истражувањето водат кон заклучок во кој се потенцира дека денешните компании се соочуваат со најтешката конкуренција досега. Разбирањето на клиентите е важен прв чекор во развивањето на врски со клиентите, но тоа не е доволно. За да добијат конкурентска предност, компаниите мораат да го употребат ова разбирање за да дизајнираат понуди на пазарот кои носат поголема вредност од оние на конкурентите кои се борат за истите клиенти. Конкурентската интелигенција нуди големи предности во областа на развивањето на производите. Познавањето на напредокот на производите, процесите и технологијата на конкурентите е многу корисно во конкурентскиот пазар. Трговската тајна, информација која создава вредност за компанијата бидејќи останува тајна, често создава голема љубопитност кај конкурентите. Компаниите понекогаш одат далеку да ги откријат овие тајни. Тие развиваат техники за да дојдат до информации, понекогаш на границите на етиката и законот.

**Евалуација на труд број 12:** *Местото и значењето на текстилната индустрија во националната економија на Република Македонија: учество во БДП, извозот и вработеноста*: Фокусот на овој труд е анализата на улогата на текстилната индустрија во националната економија на Република Македонија. Главната цел е да се утврди што ја одредува вистинската структура во оваа конкретна индустрија и како тоа влијае на националните економски категории, како што се: бруто домашниот производ, извозот и нивото на вработеност. Резултатот од истражувањето е дека повеќе од една третина од вкупниот извоз, како и повеќе од една третина од вработеното население во производствениот сектор, е дел од текстилната индустрија, но оваа индустрија создава само 3% од националниот БДП. Заклучоците покажуваат дека погоре наведената статистика се должи на многу ниското ниво на дополнителна вредност кај сите производи што го сочинуваат извозот на оваа индустрија. Се очекува развиените земји да ги задржат креативните активности на производниот процес во своите ланци на вредности и да ги пренесат основните производствени активности во други помалку развиени земји. Но, текстилните компании од земјите во Југоисточна Европа (меѓу кои и Република Македонија) би можеле да ја играат улогата на мост помеѓу модерните текстилни брендови и непознатите производители од Средниот и Далечниот Исток.

**Евалуација на труд број 13:** *Согледаниот квалитет како клучна димензија на капиталот на брендот*: Во фокусот на овој труд е анализата на согледаниот квалитет како клучна димензија на капиталот на брендот. Главната цел е да се дефинираат и сублимираат клучните специфики на димензијата квалитет, односно согледан квалитет и да се понуди можност за препознавање на начините кои компаниите можат да ги користат за унапредување на односот согледан квалитет – задоволство на потрошувачите – зголемена профитабилност. Резултатите од истражувањето водат кон заклучоци дека остварувањето високо ниво на квалитет не е доволно. Треба да се создадат или да се променат перцепциите на потрошувачите. Едноставно, да се пренесе конзистентна порака за квалитет во и околу компанијата.

**Евалуација на труд број 14:** *Анализа на предностите и недостатоците на одделни стратегиски алтернативи за влегување во меѓународниот бизнис*: Во фокусот на овој труд е анализата на предностите и недостатоците на одделни стратегиски алтернативи за влегување во меѓународниот бизнис. Главната цел е да се дефинираат и сублимираат предностите и недостатоците на одделни стратегиски алтернативи, а преку анализа на клучните специфики на секоја од понудените алтернативи, се нуди можност за препознавање на најсоодветниот избор за проширување на бизнисот кој може да го применат претпријатијата. Резултатите од истражувањето водат кон заклучоци дека постои доминантност на СДИ како меѓународна стратегија во однос на останатите алтернативи, но потребно е да се нагласи дека најчесто оваа стратегиска алтернатива ја реализираат странски претпријатија во рамките на Република Македонија, а за жал ограничен број македонски претпријатија на странските пазари.

**Евалуација на труд број 15:** Трудот насловен *Prospects and Constraints of the SMEs Sector from the East-Planning Region in the Republic of Macedonia: A SWOT Analysis Survey of the Entrepreneurial Environment* се однесува на детектирање на перспективите и ограничувањата на мали и средни претпријатија од источно-планскиот регион на Република Македонија. Економскиот профил презентиран овде, само го потврдува големото значење за севкупната состојба на регионалната економија, бидејќи бројките покажуваат дека над 99% од сите активни претпријатијата од овој регион спаѓаат во оваа категорија. Во овој труд е опфатена и анализа на перспективите и ограничувањата кои се дизајнирани како компаративна студија за силните страни, слабостите, можностите и заканите собрани од спроведените интервјуа и документи на испитуваниците. Овој труд цели да обезбеди понатамошни индикации и ја открие појдовната точка за следните серии на дополнителни истражувања во рамките на проектот наречен "Форми на финансирање на растот на малите и средните претпријатија со фокус на источно-планскиот регион во Република Македонија ". При проценката на стандардните елементи од оваа тема, се препорачуваат и сет на мерки за интеракција, за целта на подобрување на претприемничкото опкружување. Истражувањето открива дека навистина, финансиските проблеми се реални и присутни за малите и средни фирми, и дека традиционалните извори, како што се банкарските заеми, не се совпаѓаат со растечките потреби за финансирање на овие фирми, ниту во квантитативна ниту во квалитативна смисла. Ова дава само дополнително оправдување на истражувачките напори што ги планираат авторите на трудот за да се постигне континуираниот контекст на проект по кој е работен овој труд. Клучните области на кои се однесува овој труд се малите и средни претпријатија, Република Македонија, SWOT анализата, источно-планскиот регион, изворите на финансирање за овие претпријатија.

**Евалуација на труд број 16:** *Municipal Bonds in Developing Countries. Case Study: Municipality of Stip, Republic of Macedonia* е труд кој прави анализа на земјите во развој, особено на Балканот, кои едвај ги користат општинските обврзници како алтернативен начин за финансирање на нивните активности. Овој труд е дел од проектот "Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање на општинските активности и

ефикасно управување со средствата, со посебен акцент на Општина Штип, Р. Македонија”. Трудот има значајно влијание, според академската и практичната перспектива. Овој труд ја комбинира академската анализа на експертите за потенцијалот на општините, со цел да се олесни успешната емисија на општински обврзници што ќе го поддржат локалниот економски раст. Целта на овој труд е да се испита способноста и подготвеноста на Општина Штип за издавање општински обврзници. Во главната хипотеза се наведува дека Општина Штип може да издаде општинска обврзница како алтернативен начин за финансирање на инвестиционите активности. Истражувањето ја вклучува класичната СВОТ анализа во врска со Општина Штип и продолжува со статистичка анализа базирана на корелација и регресија во рамките на сметките на годишните извештаи на Општината. Методолошката рамка се заснова на квантитативни истражувачки методи (корелации и методи на регресија) кои резултираат со прифаќање на главната хипотеза во трудот - општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање на општинските активности се оправдани, особено ако средствата се поврзани со специфични проект за генерирање приходи. Наодите ќе послужат како основа за изгледите за општинските обврзници, што би била крајната цел за комбинирање на академските сознанија со практичниот потенцијал на Општина Штип. Заклучоците покажуваат дека ова ќе биде првата општинска емисија на обврзници во Република Македонија. Сепак, овој факт може да послужи како предност на пазарот во поглед на воведување на иновации од финансиски инструменти. Овој труд сугерира дека користењето на општинските обврзници е далеку од ризична активност, особено ако средствата се инвестираат во проекти кои генерираат приходи. Општинските обврзници може да бидат поевтин извор на средства за општинските проекти, наместо различни форми на домашни или странски задолжувања. На овој начин, општините можат да го користат овој финансиски инструмент за иницирање и поддршка на локалниот економски раст.

**Евалуација на труд број 17:** Трудот *Evaluation of underwriter's municipal bond purchase proposal (predetermination of the proceedings in the case of eventual negotiated sale of municipal bonds in the city of Shtip)* е уште еден од трудовите кои го анализираат работењето на општинските обврзници и укажува дека постои одреден степен на погрешна претпоставка за супериорноста на конкурентската продажба како доказ за тоа е укажувањето дека голем дел од емисиите во општините се во форма на преговарано купување. Овој труд ја опишува постапка за преговарање за евентуални емисии на обврзници во општина Штип, Република Македонија. Целта на трудот е да се утврди најекономичен метод за евалуација на предлогот за купување на општински обврзници, во однос на значителното неискуство и дефицит на стручност на внатрешните услуги на градот. Литературата нуди различни мерки достапни за да се споредат релативните трошоци за предлози за финансирање на обврзници. Иако нето каматните трошоци и нето-сегашната вредност се сметаат дека се несоодветни, се открива дека најдобро остварување на емисијата доаѓа од методот на вистинска каматна цена. Во трудот е направена анализа на постапката за пресметка на вистинската каматна цена и времетраење на предлогот на осигурувачот и нивно усогласување согласно единствениот достапен индекс на пазар на обврзници на Македонската берза - ОМБ.

**Евалуација на труд број 18:** *Readiness of municipalities in the developing countries for issue of municipal bonds through the analysis of their budget accounts (overview of the municipality of Stip - R.Macedonia)* е труд кој поаѓа од фактот дека во земјите во развој, алтернативните начини на финансирање се мали застапени. Овој труд придонесува за разбирање на подготвеноста на овие општини да издаваат општински обврзници како алтернативен начин на финансирање. Целта е да се докаже дека ако фондовите успешно се менаџираат и се поврзани со проектот за генерирање приходи не им е потребна ригидност. Алтернативи за имплементацијата на проектите има премногу, и покрај фактот што

општините се мали. Исто така, и покрај фактот дека општините се мали и економиите во развој обично се централизирани во главните градови во земјата, ниту во Скопје (главниот град во Република Македонија) нема обид да ја реализира општинската обврзница. Се забележува дека во трудот се користени анализа на податоци, статистички пресметки, синтеза и слични методи за анализа на податоци. Користените методи се квалитативна и квантитативна поддршка на тезата на овој труд.

**Евалуација на труд број 19:** *Сигнализирањето на наталитетот и очекуваното траење на животот во Р.Македонија и Русија за креирањето на стратегија за развој на човечките ресурси*: Светските статистички податоци укажуваат дека наталитетот на населението во голем број земји, а со тоа и на Русија и на Р. Македонија, во последните четириесетина години покажува тренд на опаѓање, со извесно стабилизирање во последниве десетина години. Во тој поглед, пак, очекуваното траење на животот со мали осцилации се зголемува. Така, стапката на наталитет во Р. Македонија во 1980 година е 21,6 ‰ во 1990 година е 17,9 ‰, во 2000 година е 12,6 ‰, а во 2014 година е 11,4 ‰. Додека пак во Русија во истиот период т.е. 1980 година е 15,9 ‰ во 1990 година е 13,4 ‰, во 2000 година е 8,7 ‰, а во 2014 година е 13,4 ‰. Од друга страна, пак, очекуваното траење на живот и во Р. Македонија и во Русија од година во година постепено се зголемува. Во 1980 година просечното очекувано траење на живот во Р. Македонија изнесува 68,7 години, во 1990 година е 71,2, во 2000 е 73,2 а во 2014 година е 75,6 година, а додека пак во Русија во 1980 година изнесува 67,3, во 1990 е 68,9, во 2000 е 65,4, а во 2014 година е 70,6 години. Во согласност со прогнозирањето се очекува дека и во понатамошниот период просечното очекувано траење на животот ќе се зголемува, затоа е потребно од креирањето на стратегија за развој на човечките ресурси, како во однос на доживотно учење, така и во однос на нивното активно дејствување во општествено-економскиот живот. Во овој труд табеларно и графички се прикажани трендовите на движење на наталитетот и очекуваното траење на животот и нивно прогнозирање во наредниот близок период.

**Евалуација на труд број 20:** *Стратегиски фактори на капиталот на брендот* е уште еден од низата трудови на кандидатот и тој поаѓа од тоа дека потрагата по универзална формула за управување со капиталот на брендот, посебно во услови кои водат кон избор на стратегија за настап на меѓународниот пазар може накратко да се опише со една реченица – преку трње, до ѕвездите. Предмет на анализа на овој труд се моделите кои ги синтетизираат факторите што се клучни за успешна експанзија на брендот на нови пазари. Несомнено е тешко да се синтетизира модел кој одговара за секоја компанија, бидејќи компаниите премногу се разликуваат, дури и во рамките на иста дејност, а уште повеќе во различни сектори и на различни пазари. Сепак, преку анализа на современата научна мисла од областа на стратегиското управување со капиталот на брендот, може да се синтетизираат десет т.н. стратегиски фактори кои ги детерминираат односите со капиталот на брендот. Целта на истражувањето е да се утврди нивото до кое компаниите ги имплементираат десетте стратегиски фактори на капиталот на брендот, а потоа да се проценат бенефитите од примената на моделот. Резултатите од истражувањето потврдуваат дека за максимизација на позитивното дејство на овие фактори клучна е поддршката од врвниот менаџмент (оттаму и треба да започне имплементацијата) и негувањето на пристапот за континуирано подобрување.

**Евалуација на труд број 21:** *Менаџирањето со Е-финансиите како предизвик пред македонската и руската економија* е следен од листата на трудови издаден во овој период за избор во кој се кажува дека финансискиот систем постои како посебен дел составен од институции и инструменти чиешто функционирање се одвива на финансиските пазар. Тековно постојат и светски процеси кои се надвор од финансискиот систем, ама се условени или влијаат на него. Токму тие процеси влијаат на финансискиот систем. Финансиското опкружување влијае на конкурентската способност на финансиските институции,

предизвикува создавање или развивање на современи пристапи. Овие современи пристапи на финансиските институции предизвикуваат одредена еволуција во функционирањето на финансискиот пазар. Посебно развојот на информатичката технологија предизвикува сè поголемо учество на електронското тргување од една страна, а од друга страна предизвикува и постоење на нови методи во работењето на финансиските институции. Со овие современи методи институцијата цели кон: приближување кон потрошувачот, прв (побрз) пристап до потрошувачот и лидерство на пазарот. Горенаведеното е предизвик пред која било економија и овој труд дава одговор до каде се и како треба да се развиваат руската и македонската економија во однос на електронското работење во финансискиот сектор. За таа цел се користени методи на анализа, синтеза, обработка на податоци кои квантитативно се поткрепени.

**Евалуација на труд број 22:** *Assessing the Contribution of Human Capital on Business Performance with Focus on the IT Industry in the Republic of Macedonia*: Овој труд претставува истражувачки приод за односот помеѓу човечкиот капитал и деловните перформанси. Целите на студијата беа да се испита врската помеѓу човечкиот капитал и деловните перформанси, особено во ИТ-индустријата во Република Македонија. Понатаму, трудот го утврдува придонесот на човечкиот капитал за деловните перформанси. Во трудот се испитува највжниот аспект на човечкиот капитал и како тој влијае врз деловните перформанси. Резултатите од истражувањето потврдуваат дека аспектите на човечкиот капитал се поврзани со деловните перформанси. Истражувањето открива дека сите аспекти на човечкиот капитал значително придонесуваат за деловните перформанси. Наодите посочуваат дека аспектите на човечкиот капитал на компетентноста и креативноста на вработените се јавуваат како главен фактор што влијае врз деловните активности. Ова подразбира дека компетентноста и креативноста значително ги засилија деловните перформанси во ИТ секторот во Република Македонија.

**Евалуација на труд број 23:** *The Corporate Brand: An Intangible Resource as a Basis for Sustainable Competitive Advantage* е труд кој укажува дека студиите за изворите на одржлива конкурентска предност во основа се фокусираат на една од следните алтернативи: изолирање на можностите и заканите и опишување на јаките и слабите страни на компаниите или анализа на тоа како да се интегрира првата и втората алтернатива за да се избере соодветната стратегија. Ова е главниот предмет анализа во овој труд. Размислувајќи дека конкурентната предност, а не надворешното опкружување, е примарен извор на профитабилност за компанијата, вниманието на компаниите е насочено кон изворите на одржлива конкурентска предност. Позитивната позиција на компанијата е подеднакво важно прашање во стратегискиот менаџмент, исто како и изборот помеѓу диференцијација и трошковно водство во поширок или потесен сегмент на пазарот. На пример, изборот на стратегија за раководење со трошоците подразбира постоење на: економија на обем, супериорна технологија на процеси, сопственост или пристап до евтини влезови, како и евтина работна сила. Аналогно на ова, предноста на диференцијација вклучува: силен бренд, репутација, заштитена технологија, специфични канали за дистрибуција и специјализација во продажбата и постпродажните услуги. Целта на овој труд е да покаже дека стратегијата на компанијата треба да се дефокусира од побарувањата за монополски профит (да се врати од пазарната моќ) и да ги бара приходите на Рикардо (враќање на ресурсите кои обезбедуваат конкурентна предност во однос на реалните трошоци за таквите ресурси) . Корпоративниот бренд како најспецифичен ресурс на компаниите игра таква улога. Процесот на селекција и имплементација на стратегијата треба да резултира со избор кој најефективно го користи овој клучен ресурс. Така, истражувањето вклучува анализа на примерок од компании, користејќи полуструктуриран прашалник и резултатите биле стекнати преку соодветна статистичка анализа. Резултатите од истражувањето доведуваат до јасно разбирање на доминацијата на корпоративниот бренд во однос на карактеристиките што треба да ги исполни еден извор на одржлива конкурентска предност.

**Евалуација на труд број 24:** *Evaluation of underwriter's municipal bond purchase proposal - predetermination of the proceedings in the case of eventual negotiated sale of municipal bonds in the city of Shtip*: Овој труд ја опишува постапка за преговарање за евентуални емисии на обврзници во општина Штип, Република Македонија. Целта на трудот е да се утврди најекономичен метод за евалуација на предлогот за купување на општински обврзници, во однос на значителното неискуство и дефицит на стручност на внатрешните услуги на градот. Литературата нуди различни мерки достапни за да се споредат релативните трошоци за предлози за финансирање на обврзници. Иако нето каматните трошоци и нето-сегашната вредност се сметаат дека се несоодветни, се открива дека најдобро остварување  на емисијата доаѓа од методот на вистинска каматна цена. Во трудот е направена анализа на постапката за пресметка на вистинската каматна цена и времетраење на предлогот на осигурувачот и нивно усогласување согласно единствениот достапен индекс на пазар на обврзници на Македонската берза - ОМБ.

**Евалуација на труд број 25:** Трудот *SWOT analysis of the emmision of municipal bonds in the Republic of Macedonia (comparative with the Republic of Croatia)* истражува дека општините во земјите како што е Република Македонија се соочуваат со потребите за дополнително финансирање за спроведување на активности и проекти. Овие активности ќе овозможат независно економско заживување на општините, а не само централен развој, кој обично е во главните градови. Концентрацијата на сите единици во главниот град предизвикува нееднаква дистрибуција на индустриите, нееднаква дистрибуција на население, приход и така натаму. Затоа овој труд има за цел да ги разгледа можностите и слабостите на издавањето општински обврзници во Република Македонија во споредба со искуството на Република Хрватска. Целта е општински обврзници, да бидат прифатени како алтернативен начин за финансирање на општините во земјите во транзиција. Во текот на истражувањето се користат теоретски и апликативни анализи за извлекување на заклучоци од дадениот наслов.

**Евалуација на труд број 26:** *Импликации на финансиските иновации врз банкарскиот сектор – примена на нови финансиски инструменти во банкарското работење* е труд кој истражува дека од плеадата финансиски иновации познати во финансиските системи, дел секако припаѓаат на новите финансиски инструменти кои ги користат банкарските институции. Либерализацијата која го следеше финансискиот пазар овозможи низа на новитети кои се анализираат во овој труд. Цел на овој труд е да ги прикаже постојните инструменти и нивните варијанти, како и постоењето на нови деривати кои ги сочинуваат спектарот на инструменти со кои работат банкарските институции. Трудот е теоретски осврт на материјалот, како заклучно согледување.

**Евалуација на труд број 27:** *Импликации на финансиските иновации врз банкарскиот сектор – примена на нови финансиски методи во банкарското работење* е труд кој зборува дека од плеадата финансиски иновации познати во финансиските системи, дел секако припаѓаат на новите методи кои ги користат банкарските институции за пресметки на ризиците и веројатноста на податоците. Либерализацијата која го следеше финансискиот пазар овозможи низа на новитети кои предизвикаа одредени состојби кои регулативите бараат да се променат. Овој труд анализира состојби со методите на пресметки во банкарското работење. Целта е да покаже дека ригидноста и цврстината во регулативните мерки мора да се зацврстува, особено кога станува збор за банкарските институции. Тоа се институции кои можат да имаат широки импликации врз финансискиот систем. Методи на работење се анализа на податоци и факти, компарација, синтеза и донесување заклучни согледувања.

Кандидатот во последните пет години има работено на два проекти финансирани од Универзитетот „Гоце Делчев“ и тоа:

„Форми на финансирање на растот на малите и средните претпријатија со фокус на источен плански регион во Република Македонија“ чиј предмет на истражување се алтернативните форми за финансирање на растот и развојот на малите и средни претпријатија како мотори на локалниот економски развој. Во проектот се опфаќаат и предлози за ефикасното менаџирање со добиените средства во зависност од изворот на финансирање со цел да се постигне подобрување на перформансите на МСП, со посебен фокус на источниот плански регион во Република Македонија. Целта на проектот е да се покаже како да се обезбедат дополнителни финансиски средства за финансирање на развојните активности на малите и средни претпријатија. При истражувањето во проектот ќе се применат повеќе квалитативни и квантитативни методи. Со помош на анализа, синтеза и компарација ќе се изврши систематизирање на досегашните објавени податоци од оваа проблематика во земјата и во странство и истите ќе се применат и при средување и толкување на сознанијата и резултатите од проектот. Покрај анализата на веќе објавени податоци, со помош на структурирано интервју на таргетирани испитаници, ќе се стекнат дополнителни сознанија кои ќе овозможат прагматичност на решенијата од проектот. Придобивките на овој проект ќе овозможат интензивирање на локалниот економски развој, а целокупниот процес на финансирање со алтернативни инструменти и менаџирање на средствата за поддршка на рентабилни проекти, односно проекти од јавен и приватен карактер може да послужат како бенчмарк и за други плански региони во Р. Македонија и земјите во регионот.

Вториот проект е „Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на општина Штип“, предмет на истражување во овој проект се општинските обврзници како алтернативен начин за финансирање на проектите на општините за поддршка на локалниот економски развој. Во проектот ќе се опфати и ефикасното менаџирање со прибраните средства за оптимизирање на очекуваните резултати. Посебен осврт се дава на состојбите и можностите за искористување на општинските обврзници во општина Штип. Целта на проектот е да се покаже како да се обезбедат дополнителни финансиски средства за финансирање на проектите во општина Штип со кои ќе се обезбедат и повеќекратни бенефиции за неколку клучни групи стеикхолдери во ова опкружување. При истражувањето во проектот се применуваат повеќе квалитативни и квантитативни методи. Со помош на анализа, синтеза и компарација се врши систематизирање на објавени податоци од оваа проблематика во земјата и во странство и истите се применуваат и при средување и толкување на сознанијата и резултатите од проектот. Покрај анализата на веќе објавени податоци, со помош на структурирано интервју на таргетирани испитаници, се стекнуваат и дополнителни сознанија кои овозможуваат прагматичност на решенијата од проектот. Придобивките на овој проект ќе овозможат интензивирање на локалниот економски развој, а целокупниот процес на финансирање со вакви инструменти и менаџирање на средствата за поддршка на рентабилни проекти, односно проекти од јавен карактер може да послужат како бенчмарк и за други општини во Р. Македонија и земјите во регионот. На овој начин, ефектите од алтернативното искористување на изворите на финансирање и нивната соодветна примена би се прошириле на ниво на национална, односно регионална економија.

Наставно-педагошката и научно-истражувачката дејност на кандидатот доц. д-р Елена Веселинова според горенаведеното е плодна и опсежна со голем број на трудови од областа во која се бира и работен стаж за областа во која аплицира.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Кандидатот, доц. д-р Елена Веселинова покрај во наставно-педагошката и научно-истражувачката дејност на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип има низа активности и во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Таа има објавено книги, поглавја од книги, монографија, трудови во стручни и научно-популарни списанија, трудови во зборници, има учества на конференции со презентации, учествува во проекти (наведени во текстот погоре), член е на уредувачки одбор на стручно списание, учесник е во изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус на студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, раководител е на катедра Менаџмент, има членства во комисии и органи со кои се реализира активноста на Економскиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и после деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана по Конкурсот од 09.10.2019 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Елена Веселинова ги исполнува условите за избор во наставно – научно звање вонреден професор.

Врз основа на наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-апликативната и севкупна активност во периодот од избор во доцент 16.04.2015 година до денес, комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот доц. д-р Елена Веселинова преку вкупно 271 поени (НО 30 + НИ 156 + САОР 85).

Според изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатот доц. д-р Елена Веселинова, да биде избран во звање вонреден професор во научната област Менаџмент системи.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор, претседател, с.р;**
2. **Д-р Трајко Мицески, редовен професор , член, с.р;**
3. **Д-р Марија Гогова Самоников, вонреден професор , член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **4.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | **30** |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Монографија или научна книга (труд со реден број 6,7,8,9) | 1 | 10 | 2 | 15 | 40 |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга (труд со реден број 9,10) | | | 2 | 10 | 20 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор труд со реден број 22,23 втор автор труд со реден број 16,18) | | | 2<br>2 | 9<br>6 | 18<br>12 |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (труд со реден број 19,20,21,24,25) | 3 | 2 | 2 | 3 | 12 |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир – Прва конференција на студентите на Економски факултет: „Формула на успехот – ја имате ли Вие?“; Трибина на Економски факултет: „Менаџмент на себеразвојот и развојот на Економски факултет“ | 2 | 3 | | | 6 |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (усно) 5th International Conference on New Ideas in Management, Economics and Accounting – Paris, Academics World 10-th International Conference, Istanbul, Turkey; The IRES - The International Conference on Economics and Social Sciences (ICESS), Barcelona, Spain; The IRES 49th International Conference, Rome, Italy; VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective Stip – два труда; | | | 6 | 2 | 18 |
| **10.** | Одбранета докторска теза - Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност на компаниите | 1 | 8 | | | 8 |
| **15.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) – Journal of Economics | 1 | 1 | | | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **18.** | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир – претседател на организационен одбор за меѓународна конференција: *VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective* | 1 | 2 | | | 2 |
| **19.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир - член на научен одбор за меѓународна конференција: VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective | 1 | 2 | | | 2 |
| **20.** | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања – Топ 5 победници на Ротман – Европски натпревар за тргување на берзи | | | 1 | 10 | 10 |
| **23.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) – рецензент на трудови објавени во Journal of Economics, Balkan Social Science Review, Зборник на Економски факултет | 7 | 1 | | | 7 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **156** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (труд со реден број 15,17) | | | 2 | 6 | 12 |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (труд со реден број 11,12,13,14,26,27) | 6 | 2 | | | 12 |
| **13.** | Учесник во научен проект „Форми на финансирање на растот на малите и средните претпријатија со фокус на источен плански регион во Република Македонија“,„Општинските обврзници како алтернативен извор за финансирање и ефикасно менаџирање со прибраните средства за локален економски развој со посебен осврт на општина Штип“ | 2 | 5 | | | 10 |
| **17.** | Елаборати – за прв, втор и трет циклус на студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип - Одлука бр. 1202-68/4 од 04.03.2016, Одлука бр. 1202-83/3 од 06.04.2016. Стратегија за развој на Економски факултет при УГД | 4 | 2 | | | 8 |
| **26.** | Раководител на катедра Менаџмент - Одлука бр. 1202-231/4 од 14.10.2015 | 1 | 3 | | | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **28.** | Член на факултетски орган комисија (за одбрани на дипломски трудови, за одбрани на магистерски трудови, уписна комисија бр. 1202-110/5 од 20.05.2015, за изготвување на план за претставување на Факултетот бр.1202-40/6 од 26.01.2016, за признавања на испити бр. 1202-231/5 од 14.10.2015, за плагијати бр. 1202-62/6 од 19.02.2015, за избор на сенатори на Економски факултет бр. 1202-74/3 од 03.03.2015, организационен одбор на меѓународно списание со наслов „Journal of Economics“ бр.1202-79/15, член на деканска управа, за стратегија за развој на Економски факултет, уписна комисија за втор циклус 2016 год., член на организациски одбор на конференција на Економски факултет при УГД); Комисија за попис 2016 и 2017; комисии за избор на декан, продекан и сенатор | 18 | 2 | | | 36 |
| **29.** | Класен раководител, согласно Кредит трансфер системот – ЕКТС (за четири години) Одлука бр. 1202-222/4 од 01.10.2015 | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **85** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **271** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕАТРОЛОГИЈА (СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА И ТАНЦИ - СОВРЕМЕН ТАНЦ НА ФИЛМСКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2502-70/4 од 27.11.2019 година, донесена на 42-та седница на Наставно-научниот уметнички совет на Филмската академија, одржана на 27.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент за научната област Театрологија (Сценски движења и танци - Современ танц) – 1 извршител, на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

- Проф. д-р Рисима Рисимкин, редовен професор за група предмети од обласга на танцот, вработена на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Скопје, претседател
- Проф. м-р Антонијо Китановски, редовен професор од наставно-научните области: „Џез гитара“ и „Џез композиција“, вработен на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, член,
- Проф. м-р Ангеле Михајловски вонреден професор, од наставно-научната област: „Пијано“, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член,

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 20.11.2019 година и во предвидениот рок се пријавија:

1. **Адријана Данчевска, магистер по сценски уметности – кореографија**

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филмската академија да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката Адријана Данчевска е родена на 14.11.1992 година во Скопје. Основно образование за вршува во ОУ „Живко Брајковски“. Во периодот од 1999 до 2007 година, паралелно со основното училиште, ги посетува и часовите во нижото државно балетско училиште „Илија Николовски-Луј“. Во 2007 година, кандидатката го продолжува своето образование во средното балетско училиште ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, каде што во 2011 година матурира. Во периодот од 2011 до 2014 година ги следи додипломските студии на Факултетот за применета музика, оддел: современ танц, при Универзитетот за аудиовизуелни уметности – ЕСРА во Скопје. Студиите ги завршува со средна оценка на успехот 9,92, со што го добива стручниот назив: дипломиран современ танчар. Во периодот од 2017 до 2019 година, ги следи постдипломските студии на Факултетот за театарски уметности, студиска програма: сценски уметности, оддел: кореографија, при Универзитетот за аудиовизуелни уметности – ЕСРА во Скопје. Студиите ги завршува со просечна оценка 9,00 и добива стручен назив: магистер по сценски уметности - кореографија.

Во 2014 година, м-р Данчевска ѝ се посветува на научно-наставната дејност. Во периодот од 2014 до 2017 година, таа е дел од наставно-научниот тим, како асистент/ демонстратор на вон. проф. д-р Рисима Рисимкин, во наставната програма за современ танц и импровизација и композиција на Скопје танцовата академија, првата високообразовна

институција кај нас за современ танц и оформување на современи танчари во областа на уметничките танци.

Данчевска активно учествува во наставата на оваа академија, која во 2017 година станува дел од Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, каде што кандидатката е стручен соработник од 2017 година да денес.

Данчевска се занимава и со научно-истражувачка дејност и во 2019 година се претставува со трудот: „Интерактивниот развој на кореографската идеја помеѓу кореографот и танчари од различни средини“, во кој опфаќа практични и теоретски истражувања на тематиката.

Своето стручно знаење и образование, м-р Данчевска го надополнува со учество на разни работилници за современ танц, мастеркласови со извонредни кореографи, а во 2013 година стажира во познатата „Скапино балет“ танцова компанија во Ротердам, Холандија.

Таа учествува на повеќе меѓународни танцови проекти, во кои го остварува и надградува и својот уметнички потенцијал. Во периодот од 2014 до денес, м-р Данчевска е активен учесник и креатор во програмата на Скопје танцовиот театар, во кој таа креира седум авторски кореографии, кои се изведуваат во земјава и во странство.

М-р Данчевска својата наставно-научна дејност ја остварува и на странски високообразовни институции – универзитети: во 2019 година предава современи танцови техники на работилница на Академијата за уметност во Братислава – фестивал на Европски танцови академии „Share“. Истата година во периодот на февруари и март м-р Данчевска предава современи танцови техники на Ротердамската танцова академија при универзитетот „Кодартс“ во Холандија, а во 2017 година м-р Данчевска предава на Универзитетот за убави уметности во Цирих, Швајцарија. За „Кодартс“ универзитетот и Универизтетот за убави уметности од Цирих, М-р Данчевска креира две оригинални кореографии, како дел од нивната уметничка програма.

Во 2015 година м-р Данчевска е професор-гостин во „Летниот камп за современ танц“, во Шангси провинцијата во Кина, организиран од Министерството за култура на НР Кина, каде што во период од три недели предава современи танцови техники и импровизација и композиција на современ танц.

Во периодот од 2014 година до денес м-р Данчевска предава современи танцови техники на повеќе нивоа, за професионалци, студенти  и младинци.

Својата уметничка дејност м-р Данчевска ја остварува во рамките на програмите на Скопје танцовиот театар, во кој таа работи како танчар и кореограф, активен учесник во севкупниот репертоар на оваа единствена официјална современа танцова компанија кај нас. Со Скопје танцовиот театар м-р Данчевска настапува во Скопје, низ повеќе градови во Македонија, како и на странски фестивали, меѓу кои: во 2018 година на „Battery Dance Festival“ во Њујорк, САД, „Holland Dance Festival“ во Хаг, Холандија и на Интернационалниот фестивал за танц на Пекингшката академија за танц во Пекинг, Кина. Во 2017 година, таа настапува на „Maritime silk Road Festival“ во Чуанџо, Кина и на „SHARE“ фестивалот на Европски танцови универзитети во Братислава, Словачка. Во 2015 година, настапува на програмата насловена „Open stage“ во Хаг и Ротердам во Холандија, како и на фестивалот „Meet in Beijing Festival“, Пекинг, Кина. Во 2013 година, Данчевска настапува на „ITS Festival“ во Амстердам, Холандија, а во 2012 година учествува на „Саемот на танцот“ во Дизелдорф и настапува во театарот „Културбункер“ во Келн, Германија. Во 2011 година, Данчевска настапува на „Фестивалот на современ танц и невербален театар“ во Сенвинчето, Хрватска.

*Општи и посебни услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.*

**Општи услови за избор:**

- **Просечен успех**

Кандидатката го има завршено првиот циклус на студии со средна оценка на успехот: 9,92 и вториот циклус на студии со просечна оценка: 9,00.

- **Научен степен – магистер од научната област за која се избира:**

Објавува научно-истражувачки магистерски труд под наслов „Интерактивниот развој на кореографската идеја помеѓу кореографот и танчари од различни средини" во соодветната област и се здобива со звањето магистер по сценски уметности – кореографија.

- **Претходен педагошки ангажман:**

Кандидатката м-р Адријана Данчевска е стручен соработник на Катедрата за современ танц при УГД во учебните години 2017–2018 и 2018–2019.

- **Објавени научни трудови во референтна научна публикација:**

М-р Данчевска својата наставно-научна дејност ја остварува и на странски високообразовни институции – универзитети: во 2019 година предава современи танцови техники на работилница на Академијата за уметност во Братислава – фестивал на Европски танцови академии „Share". Истата година во периодот на февруари и март м-р Данчевска предава современи танцови техники на Ротердамската танцова академија при универзитетот „Кодартс" во Холандија, а во 2017 година и на Универзитетот за убави уметности во Цирих, Швајцарија. За „Кодартс" универзитетот и Универизтетот за убави уметности од Цирих, м-р Данчевска креира две оригинални кореографии, како дел од нивната уметничка програма.

- **Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава:**

Кандидатката м-р Адријана Данчевска реализира седум авторски современи танцови кореографии, кои премиерно се изведуваат во земјава и странство, и две авторски кореографии, кои премиерно се изведуваат во странство, а вкупно има шест настапи со авторски современи танцови кореографии во странство на престижни фестивали и тетарски сцени. Претставите се реализирани во периодот од 2014 до 2019 година и сите се наведени во поглавјето научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности.

Со Скопје танцовиот театар м-р Данчевска настапува во Скопје, низ повеќе градови во Македонија, како и на странски фестивали, меѓу кои: во 2018 година на „Battery Dance Festival" во Њујорк, САД, „Holland Dance Festival" во Хаг, Холандија и на Интернационалниот фестивал за танц на Академијата за танц во Пекинг, Кина. Во 2017 година, таа настапува на „Maritime silk Road Festival" во Чуанџо, Кина и на „SHARE" фестивалот на европски танцови универзитети во Братислава, Словачка. Во 2015 година, настапува на програмата насловена „Open stage" во Хаг и Ротердам во Холандија, како и на фестивалот „Meet in Beijing Festival", Пекинг, Кина. Во 2013 година, м-р Данчевска настапува на „ITS Festival' во Амстердам, Холандија, а во 2012 година учествува на „Саемот на танцот" во Дизелдорф и настапува во театарот „Културбункер" во Келн, Германија. Во 2011 година, Данчевска настапува на „Фестивалот на современ танц и невербален театар" во Сенвинчето, Хрватска.

- **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик:**

Кандидатката течно зборува англиски јазик и може да изведува настава на македонски и на англиски, за што има приложено и соодветен сертификат.

- **Способност за изведување на високообразовна дејност:**

М-р Адријана Данчевска како стручен соработник, во акдемската 2017/2018, 2018/2019 и 2019/2020 учествува во реализацијата на образовната настава и практика на Катедрата за современ танц при УГД на предметите современ танц и импровизција и композиција на современ танц. При реализацијата на нејзините активности, м-р Данчевска покажува одлично знаење и создава добар однос во комуникацијата со студентите. Со својата посветеност на предавањата, Данчевска успева да направи двонасочен однос со студентите, преку индивидуален пристап кон секој студент, со што им овозможува да постигнат поголеми резултати во совладување на наставната програма.

**Посебни услови:**

- *Учество во научноистржувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, објавен труд*

2019 – „Интерактивениот развој на кореографската идеја помеѓу кореографот и танчари од различни средини“- Магистерски труд

***Евалуација на магистерскиот труд***

Магистерскиот труд на Данчевска се занимава со истражувања на односите помеѓу кореографот и танчарите од различни средини. Практичното дело, под наслов „Скеч“ и неговите две прикажани верзии, во целост ја потврдуваат расправата која Адријана Данчевска ја обработува во теоретскиот дел на магистерскиот труд. На сцената на Македонскиот народен театар имавме можност да видиме концизно составена кореографија во која Данчевска, преку визуелизација на идејата и кореографски текст со современа експресија, во двете верзии направи исклучителен сценски израз, кој е паралелен во двете изведби, но секоја верзија се одликува со посебни карактеристики, кои произлегуваат од разликите во процесот на создавање и кои кореспондираат со средините и минатиот труд на секој од танчарите. Тие разлики, како и процесот на осознавање и работење, Данчевска ги образложува во теоретскиот дел на трудот. Истражувањето кое практично го изведоа магистрантот и танчарите од „Кодартс“ универзитетот од Ротердам, Холандија, како и танчарите на Скопје танцовиот театар, во периодот на февруари, март и април 2019 година и во кое интензивно работеа на развојот на кореографската идеја, дојдоа до одредени сознанија, авторот на магистерскиот труд ги образложи во неговиот текстуален дел. Во теорискиот дел на трудот, м-р Данчевска дава осврт на историјата на македонската современа танцова сцена, како и краток преглед на развојот на современиот танц во XX век, во кој става акцент на двајца истакнати уметници: Пина Бауш и Охад Нахарин, со цел да го приближи овој сценски израз до читателите. Понатаму, таа прави анализа на практичните искуства од создавање на двете верзии на кореографијата „Скеч“ според сопствени схеми, кои произлегуваат од самото искуство, како и врз схемата на Теоријата на танцот на професор д-р Рисимкин, со што во целост ја заокружува тезата и го објаснува процесот на развој на кореографија со танчари од две различни средини. Овој магистерски труд во целост (практичниот изведувачки дел и теоретската расправа) успева да одговори на поставените прашања за развојот на кореографско сценско дело со танчари од две различни средини, тој поставува нови норми и го детерминира процесот на креација на кореографски текст, со што создава нов сценски танцов вокабулар, кој ја збогатува современата танцова сцена во Македонија и ја поткрепува со теорија која ги опфаќа сите посочени делови на истиот труд.

- *Успешно дејствување во соодветната област на уметноста*

Настапи на Данчевска во танцовите продукции на Скопје танцов театар:

2019 – „Идентитети“, кореограф Рисима Рисимкин (Македонија)
2018 – „Анима“, кореограф Рисима Рисимкин (Македонија)
2017 – „Котел“, кореограф Рисима Рисимкин (Македонија)
2016 – „Вир“, кореограф Чао Ке (Кина)
2016 – „Тишина на пчелите“, кореограф Џоан ван дер Маст (Холандија)
2015 – „Chiaroscuro“, кореограф - Антонело Тудиско (Италија)
2015 – „Licking the dust’, кореограф Јукио Сузуки (Репубика Чешка)
2015 – „СМС (сите мои слики...)“, кореограф Рисима Рисимкин (Македонија)
2014 – „Бах`н рол“, кореограф Џенис Бренер (САД)
2013 – „Потрага“, кореограф Џоан ван дер Маст (Холандија)
2013 – „Тековна иднина“, кореограф – Тим Персент (Холандија)
2013 – „Во рајските полиња“, кореограф Рисима Рисимкин (Македонија)
2012 – „Човек во ходникот 2 и 4“, кореографи Нада Кокотовиќ и Рисима Рисимкин (Хрватска и Македонија)
2012 – „ОРЛАНДО’, кореограф Рисима Рисимкин (Македонија)
2011 – „Меѓусвет“, кореограф Рисима Рисимкин (Македонија)

*- Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници*

М-р Адријана Данчевска има шест години искуство во одржувањето на настава во соодветната научно-истражувачка дејност – современ танц. Кандидатката покажува извонредни резултати при одржувањето на вежбите и создавањето на нови креации со студнетите.

- *Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД.*

М-р Данчевска има создадено седум (7) оригинални кореографии, кои се видеодокументирани.

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**

Од доставената документација, м-р Адријана Данчевска ги има остварено следниве уметнички активности и научноистражувачка дејност:

***Авторски кореографии на м-р Адријана Данчевска***

**1.** 2019 – **„Скеч“,** премиерно изведена за Ротердамската танцова академија при универзитетот „Кодартс“ во Холандија, како и за Скопје танцов театар во рамките на фестивалот Танц-фест – Скопје „15 години јубилеј на големата сцена на Македонскиот народен театар“

**Евалуација на авторското дело**

Наслов: „Скеч“
Праизведба: 16.4.2019, Македонски народен театар, Скопје, Македонија
Продукција: Скопје танцов театар
Кореографија: Адријана Данчевска
Музика: Александар Гроздановски
Костими: Адријана Данчевска
Танчари: Сара Цветковска, Анастасија Данчевска, Јасмин Систи, Нил Хоехнер, Јована Зајкова, Дејан Битровски и Тереза Лазарев

Основната идеја врз која се базира делото „Скеч“ е да се прикаже човековата агресивна, моделирана презентација на неговата личност, која тој сака да ја прикаже пред другите. Кореографот сака да ја долови индивидуалната експресија во начинот на движењето, што претставува основен мотив, врз кој се гради целината. Кореографијата

е фугитивна во својот развој, како и во позиционирањето низ сценскиот простор: повеќе танчари креираат групна сцена; кореографот создава паралелни сценски планови и дејства водени од неколку контрадикторни „позитивни“ и „негативни“ чувства пренесени преку кореографскиот текст. Делото се одликува со посебна естетика во сценското оформување и со визуелизација на основната идеја, исклучителна улога во поткрепата на идејата има начинот на креирање и употребата на костимите, како и музиката, која создава атмосфера на која се потпира кореографскиот текст. Доминантно е убавото чувство, кое танчарите, секој на свој начин, преку сликата која ја имаат за себе, го моделираат во нагласена експресија низ движењата и заедно, свесно, константно го покачуваат нивото на адреналин. Костимите го надополнуваат кореографскиот текст со додавање на циркузантски елемент во контекст на развивање на улогата врз различните карактери и експресијата и придонесуваат за драматичноста во појавата на телата на сцената. Музиката ја дефинира атмосферата, т.е. го надополнува чувството на себепокажување. Асиметричната поставеност телата низ просторот на сцената, распространетоста на танчарите и константното менување на формациите во групите кои тие ги создаваат, преку експресивните директни движења, доловуваат висока самодоверба во експресијата. Иако фокусот е на повеќе полиња, индивидуалната кореографија на секој танчар е видлива. Процесот на создавање е константен, иако има групни кореографски делови, интендирано е индивидуалното чувство во целината.

**2.** 2018 – **„Д.О.Л.“** – премиерно изведена на Свеченото отворање на фестивалот Танцфест – Скопје за Скопје танцовиот театар, на сцената на Македонскиот народен театар

**Евалуација на авторското дело**
Наслов: „Д.О.Л.“
Праизведба: 4.4.2018, Македонски народен театар, Македонија
Продукција: Скопје танцов театар
Кореографија: Адријана Данчевска
Музика: Александар Гроздановски
Костими: Благој Мицевски
Танчари: Матеа Киселичка, Александра Петрушевска, Анастасија Данчевска, Сара Цветковска, Јакуб Мунко, Јована Зајкова, Тереза Лазарев, Дејан Битровски и Бобан Русески

„Д.О.Л.“ е кореографско дело кое третира десет танчари кои преживуваат трансформација на изграден профил. Делото се состои од два сценски приказа, кои се меѓусебно поврзани, со цел да се создаде конструкција на архитектурата на движење, која се распаѓа низ нејзината деконструкција. Десет профила врз чиј карактер се гради самото дело, преку рефлексија на кореографската мисла за секое тело посебно, ставени во призма на одреден период и состојба. Кореографскиот текст е интимно доживување на авторот на секое тело, т.е. карактер, како и рефлексија на периодот во кој се работи самото дело со танчарите на Скопје танцовиот театар.

Низ низа слики и чисти форми кореографскиот текст создава илузии кои предизвикуваат визуелно задоволство. Белиот под и моќните бои на светлото кои ја бојат површината доловуваат надреално чувство на лебдење и постојаност. Костимите се трикоа во боја на кожа, без назнаки за изразена индивидуалност. Кореографскиот текст е во „спиечка“ состојба и ги следи атмосферските звуци на музиката. Акцентот е ставен на женското тело, неговите форми, потреби и чувства, тоа е во прв план, иако на сцената се и тројца машки тачари. Идејата не излегува директно на површина, напротив, крајниот производ е естетско милување на телата на танчарите и индиректен исказ низ употребата на потенцијалот на секој танчар, со цел да се долови состојбата во која се наоѓа короеграфот.

**3.** 2017 – **„Погрешно“,** премиерно изведена за Универзитетот за фини уметности во Цирих, Швајцарија и за Скопје танцов театар во рамките на фестивалот Танц-фест – Скопје на сцената на Македонскиот Народен Театар, како и на фестивали во Хаг, Холандија и Њујорк, САД

**Евалуација на авторското дело**
Наслов: “Погрешно”
Продукција: Скопје Танцов Театар
Праизведба: 12.04.2017, Македонски Народен Театар, Скопје, Македонија
Кореографија: Адријана Данчевска
Музика: Група „Верка“
Аудио Едитор: Горан Ристевски
Костими: Благој Мицевски
Танчари: Матеа Киселичка, Александра Петрушевска, Тринга Хиса, Сара Цветковска, Јована Зајкова, Дејан Битровски и Јакуб Мунко
“Се после се, после се.”

Кореографијата е насочена кон истражувањата околу човечкиот нагон и инстинкт, кој ни помага да продолжиме во секоја ситуација, т.е. ни помага да преживееме. Кореографскиот текст е базиран на физикалноста и начинот на функционирање на танчарското тело. Короеграфијата се развива низ групни танци, со интензивена градација на енергијата на самата група. Движењата варираат од многу интимни и мали, до широки и нагласени. Музиката е агресивна и на моменти го надвладува кореографскиот текст со цел да се создаде непријатна атмосфера. Многу гласно и бучно кратко кореографско дело, чиј крај се губи во етерот, т.е.завршува без одреден крај. Короеграфската мисла се развива по нагорна линија, т.е кореографскиот текст постојано расте и не дозволува пад на силата презентирана на сцена. Основната идеја е танчарското тело да се стави во реални ситуации, кои ќе предизвикаат замор, кој телото треба да го надмине и да продолжи со иста намера и интензитет на движењата и кога веќе не може да го постигне најдобриот изразен квалитет. Кореографијата завршува со сцена во која се наоѓа група на танчари кои испуштаат здив со последни сили, но телото и понатаму се движи, не застанува. Костимот е едноставен и ја балансира агресивната атмосфера.

**4.** 2016 – **„Четири“,** премиерно изведена на сцената на Младинскиот културен центар Скопје

**Евалуација на авторското дело**
Наслов: “Четири”
Праизведба: 21.04.2016, МКЦ, Скопје, Македонија
Продукција: Скопје танцов театар
Кореографија: Адријана Данчевска
Музика : „Чакона“,Ј. С.  Бах
Костим: Папилон
Танчари: Матеа Киселичка, Валентино Апостоловски, Анастасија Данчевска и Јакуб Мунко

„Четири“ е тематски изведена кореографија, работена според назнаките и задачите работени во тек на специјалистичките студии водени од професор Рисима Рисимкин. Кореографирање на зададена музика во одредени временски рамки. Истражувањето започнува со изборот на соодветна верзија на одбраната музика, која ќе е во релација со идејата за кореографскиот текст. Музиката создава атмосфера и не го зема приматот, ниту го надвладува телото во сценскиот приказ. Насловот „Четири“, се должи на бројот на танчари кои учествуваат во делото и претставуваат посебни карактери. Кореографскито

текст е создаден низ импровизации и етиди. Оставени се многу слободни слики, т.е дозволено им е на танчарите да интерпретираат конкретен дел во моментот на изведба на сцена без да се точно презицирани сите движења. Преку овој начин на создавање на кореографија, по пат на импровизација, кореографот создава свој систем и алатки кои може понатаму да ги користи во неговите следни поставки. Експресивноста во изразот на танчарите е клучна за развој на кореографскиот текст и пренос на кореографската мисла.

**5.** 2016 – **„Симбол“,** премиерно изведена на сцената на Младинскиот културен центар во рамките на фестивалот „Млад отворен театар“ во Скопје

**Евалуација на авторското дело**

Наслов: ”Симбол”

Праизведба: 25.09.2016, МКЦ, Скопје, Северна Македонија

Продукција: Скопје танцов театар

Кореографија: Адријана Данчевска и Александра Петрушевска

Музика: Александар Гроздановски

Костим: Адријана Данчевска

Танчари: Адријана Данчевска, Александра Петрушевска, Валентино Ашостоловски и Анастасија Данчевска

„Симбол“ е кореографија создадена од процес на истражување и работење во кој се испреплетуваат идеји на двете короеграфки. Две комплетно различни кореографски скици, кои делуваат неповрзани на сцената. Првиот дел е мирен, лесен и развлечен. Без конкретно наративно дејство, туку само физички форми на четири тела во простор. Истражување околу формата на индивидуалците водени по принципите на импровизација на Петрушевска. Вториот дел разработува односи помеѓу четири карактери и бара поврзаност помеѓу нив. Идејата на Данчевска е да се исцрта сцената и освои просторот со мал број на танчари, кои имаат свесни созреани тела на кои само присутноста на сцена им е доволна. Делото има интензивен и спор почеток, а завршува со хаотичен крај, за повторно да се врати на почетокот, со што завршува кругот на дејствието: исто како што почнало. Во првиот дел костимите се пастелни и нежни, а во вториот се темни и строги. Музиката е создадена паралелно со кореографскиот текст.

**6.** 2014 – **„32 степени“,** на голема сцена на Македнскиот народен театар, премиерна изведба во рамките на Интернационалниот фестивал Танц-фест – Скопје, 10 години јубилеј

**Евалуација на авторското дело**

Наслов: „32 степени“

Праизведба: 13.4.2014, Македонски народен театар, Скопје, Македонија

Продукција: Скопје танцов театар

Кореографија: Адријана Данчевска

Музика: Масив Атак

Костим: Папилон

Сценографија: Матеа Мијановиќ

Танчари: Адријана Данчевска, Валентино Апостоловски, Дора Кокољ, Матеа Киселичка, Андријана Атанасова, Јакуб Мунко и Андријана Андреева

„32 степени“ е кореографија работена низ чиста свесност за физичката категорија на самото тело. Техничките движења се разработени по теориите на Рудолф Лабан. Неколку различни слики кои создаваат целина, без посебна поврзаност. Визуелизацијата е надополнета со рамки кои се поставени низ сцената.

**7.** 2014 – **„Жива на друго место“,** премиерно изведена на сцената Зебра, во рамките на програмата на Скопје танцов театар, како и во рамките на Интернационалниот фестивал „Средба во Пекинг“, Кина, во 2015 година.

**Евалуација на авторското дело**
Наслов: „Жива на друго место“
Праизведба: 11.12.2014, Сцена Зебра, Скопје, Македонија
Продукција: Скопје танцов театар
Кореографија: Адријана Данчевска
Музика: Племенска Флејта
Костим: Адријана Данчевска
Танчари: Адријана Данчевска, Валентино Апостоловски, Матеа Киселичка, Андријана Андреева, Анастасија Данчевска, Јакуб Мунко, Александра Петрушевска, Тринга Хуса и Зое Винсоув
„Жива на друго место“ е кореографска метафора која ги објаснува прикриените човекови чувства, не секогаш искажани во нивната реална форма. Групна игра која дејствува моќно и ја исполнува сцената, без назнаки на индивидуалност во изведбата. Кореографијата енергетски е создадена по обратен редослед: од кулминација кон спокој. Кореографскиот текст е едноставен, разложен и создаден за групна формациска изведба. Приземјени движења и гестови со рацете, кои го заокружуваат чувството на племенска припадност.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**
2019 – М-р Данчевска учествува во програмата на Академијата за танц при Универзитетот „Кодартс“ во Ротердам, Холандија, каде што предава во период од четири недели и го создава оригиналното кореографско дело „Skech“, во Ротердам, Холандија
Наслов: „Skech“
Праизведба: 9.4.2019, дел од претставата „Talent on the move“, МНТ, Македонија
Продуцент: Универзитет „Кодартс“ од Ротердам, Холандија
Кореографија Адријана Данчевска
Продукција: Универзитетот „Кодартс“, Ротердамската академија за танц, Холандија
Музика: Александар Гроздановски
Костими: Асалија Каџе, Адријана Данчевска
Репетитор: Кит Рандолф, Сани Диебен
Настапуваат: Ноеми Калзавара, Исаја Вилсон, Елведин Шилдедич, Елена Нилсен и Флавио Куисана
2017 – М-р Данчевска учествува во програмата на Академијата за танц при Универзитетот за убави уметности во Цирих, Швајцарија, каде што предава на Академијата за танц во период од три недели и го создава оригиналното кореографско дело „W r o n g“, во Цирх, Швајцарија
Наслов: „Wrong“
Праизведба: 17.2.2017 - Театар на уметноста, Цирих, (Theater Der Kunste)
Продуцент: Универзитет за убави уметности, Цирих, (Zurich University of the Arts), Швајцарија
Кореографија: Адријана Данчевска
Асистент на проба: Денис Лампард, Марк Вуест
Музика: Верка
Аудио едитор: Горан Ристевски
Костими: Бен Ворхар
Настапуваат: Ангела Гуачио, Стела Кови, Јасмин Систи, Џастин Делафонтен, Миријам Каја, Селина Спек, Марин Хенри и Ирен Дагустино

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

М-р Адријана Данчевска е стручен соработник на Катедрата за современ танц при УГД во учебните години 2017–2019 и 2018–2019. Оваа задача ја извршува и во периодот од 2014 до 2017 година како асистент/демонстратор на вон. проф. д-р Рисима Рисимкин, во програмата за современ танц и импровизација и композиција на современ танц, на Скопје танцовата академија, при Универзитетот за аудиовизуелни уметности – ЕСРА, што значи дека како предавач во стручната област на универзитетско ниво има искуство од шест години. За време на извршување на овие активности, Адријана Данчевска како предавач покажува одлично знаење и создава добар однос во комуникацијата со студентите. Со својата посветеност на предавањата, Данчевска успева да направи двонасочен однос со студентите, преку индивидуален пристап кон секој студент, со што им овозможува да постигнат поголеми резултати во совладување на наставната програма. Во својата повеќегодишна работна практика, како предавач, но и танчар и кореограф, Данчевска покажува неоспорен уметнички талент во креациите и изведбите на современи танцови дела, квалитети кои се предуслов за стекнување со неопходно предзнаење и искуство, кое таа понатаму го пренесува на студентите. Уметничкиот талент кој Данчевска го поседува, влијае на оформувањето на студентите во насока на развој на креативноста и нивниот уметничкиот интегритет. Покрај својата авторска работа како кореограф, настапува на повеќе претстави создадени од различни кореографи, со што се стекнува со неопходната практика на сцена, која таа понатаму ја пренесува како наставната практика. Данчевска се занимава и со научно-истражувачка дејност и го создава трудот „Интерактивниот развој на кореографската идеја помеѓу кореографот и танчари од различни средини“ во кој ги анализира односите помеѓу кореографот и танчарите од различни средини. Овој магистерски труд поставува нови норми и го детерминира процесот на креација на кореографскиот текст, со што создава нов сценски танцов вокабулар, кој ја збогатува современата танцова сцена во Македонија и ја поткрепува со теорија која ги опфаќа сите посочени делови.

Заклучок на рецезентската комисија е дека кандидатката м-р Адријана Данчевска ги исполнува сите услови предвидени во конкурсот.

Рецензентската комисија упатува предлог до Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при УГД – Штип, **кандидатката м-р Адријана Данчевска да биде избрана за асистент за научната област Театрологија (Сценски движења и танци - Современ танц) на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Рисима Рисимкин,** редовен професор за група предмети од обласа на танцот, вработена на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Скопје, претседател, с.р.
2. **Проф. м-р Антонијо Китановски,** редовен професор од наставно-научните области: „Џез гитара“ и „Џез композиција“, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.
3. **Проф. м-р Ангеле Михајловски,** вонреден професор од наставно-научната област „Пијано“, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ БАНКАРСТВО И ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со одлука бр. 1202-139/3 од 26.11.2019 година донесена на 181. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 25.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент за научната област Банкарство и финансии на Економски факултет при Универзитет "Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците "Слободен печат" и "Коха" на 5.11.2019 година и во предвидениот рок се пријави м-р Мила Митрева.

Врз основа на приложената документација од страна на кандидатката, чест ни е на наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Мила Митрева е родена на 28.3.1996 год. во штип. Прв циклус на академски студии од областа на бизнис студии (сметководство и финансии) завршила на Шефилд Универзитетот во 2017 год. Во 2019 година се стекнува со научен назив магистер на економски науки во областа Банкарство и финансии на истиот универзитет. Од август 2017 год. до септември истата година работи како помошник во секторот за кредитни и дебитни картички во НЛБ Тутунска банка, филијала Штип. Од септември 2018 год. до денес работи во Агрофила Дооел Штип, како административен и технички секретар и раководител на производниот процес.

Поседува сертификати за познавање на англиски (IELTS) и германски јазик (DAAD). Поседува и вештини за јавно говорење, стекнато преку учество во клуб за дебатирање и присуство на многу конференции, за кои поседува соодветни сертификати.

*Општите законски, како и посебните услови (согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на УГД Штип) кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во соработничко звање асистент се:*

1. Има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити - кандидатката Мила Митрева има завршено прв циклус студии од областа Сметководство и финансии и втор циклус студии во областа Банкарство и финансии, со што се стекнала со вкупно 300 ЕКТС кредити од завршен прв и втор циклус на студии.
2. Има стекнато назив магистер од соодветната област – Кандидатката Мила Митрева има приложено Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, издадено од Министерство за образование и наука на РСМ, според кое кандидатката има завршен втор циклус магистерски студии и стекнат научен степен магистер на науки од областа Банкарство и финансии.
3. Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно - на првиот циклус на студии кандидатката Мила Митрева има остварен просечен успех од 9,55, а на втор циклус на студии просечниот успех изнесува 9,27.
4. Има познавање на најмалку еден странски јазик – кандидатката има приложено потврда за познавање на англиски јазик – IELTS, како и потврда за познавање на германски јазик - DAAD.

5. Има објавено минимум еден научен труд – кандидатката Мила Митрева има објавен научен труд во Годишен зборник на Економски факултет при УГД Штип, под наслов: "Улогата на трансформациското лидерство врз креирање на стратегијата на развој на организацијата". Во трудот се опфатени современите погледи кон трансформациското лидерство, неговата улога во организациите за иновирање, т.е. креирање на успешна стратегија на развој на организацијата.
6. Покажува способност за наставно-научна дејност – Приложениот магистерски труд од страна на кандидатката Мила Митрева со наслов: "Financial system development ant its association with the State Governance aspects for all transition economies", претставува доказ за научно-истражувачки капацитети и способности на кандидатката.
7. Две препораки од професори – кандидатката има приложено 3 препораки издадени од професори на Шефилд Универзитетот во Велика Британија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената документација од страна на кандидатката Мила Митрева по распишаниот Конкурс за избор на еден асистент во научната област Банкарство и финансии на Економски факултет при Универзитетот Гоце Делчев во Штип, Рецензентската комисија го заклучи следното: кандидатката Мила Митрева ги исполнува општите и посебните законски услови во однос на распишаниот конкурс.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев во Штип да ја избере м-р Мила Митрева во соработничко звање асистент во научната област Банкарство и финансии.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**
**Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, вонреден професор, претседател**
**Д-р Љупчо Давчев, вонреден професор, член**
**Д-р Марија Гогова Самоников, вонреден професор, член**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ТЕХНОЛОГИЈА И ОБРАБОТКА НА МЕТАЛИ И АЛАТНИ МАШИНИ И ЕЛАСТИЧНОСТ И ПЛАСТИЧНОСТ, РЕОЛОГИЈА, НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип„ Машински факултет – Штип, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 26.8.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области Технологија и обработка на метали и алатни машини и Еластичност и пластичност, реологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 2202/96-3, донесена на 6.11.2019, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јасмина Чалоска, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Ружица Манојловиќ, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и д-р Јон Магдески, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на наставно - научниот совет на Машинскиот факултет да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научните области Технологија и обработка на метали и алатни машини и Еластичност и пластичност, реологија, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Светлана Ристеска, вонреден професор на Приватната научна установа, Институтот за современи композити и роботика, од Прилеп.

**Биографски податоци и образование**

Д-р Светлана Ристеска е родена на 18.10.1970 год. во Прилеп, Република Северна Македонија. Основното и средното образование (гимназија – биотехничка насока) д-р Светлана Ристеска го има завршено со одличен успех во родното место. Во 1994 год. дипломирала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје на насоката преработувачко металуршко инженерство со просечна оценка 8.25. Во учебната 1994/1995 година се запишала на постдипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката: Нови материјали. Студиите ги завршила во 1997 година, со просечен успех 9.57. Магистерскиот труд под наслов: „Експериментално определување на ресурсот на пластичност и напрегнатата состојба и рекристализационите процеси на некои видови челици“ го одбранила во 1997 година. Во 2006 год. успешно ја одбранила својата докторска дисертација под наслов: „Влијание на составот и температурата врз деформационите карактеристики на Al-Mg легури“ на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, со што се стекнала со титулата доктор по технички науки.

Д-р Светлана Ристеска од 2005 до 2009 година била вработена во Текон ДОО во Прилеп.

Во овој период кандидатката е активен учесник и носител на повеќе од 20 проекти за изработка на машини за производство на композити со високи перфоманси во фирмата Микросам во Прилеп. Оваа фирма која се занимава со производство на CNC машини за гравирање и разни машини за производство на композитни материјали со високи перфоманси. Во текот на работата во фирмата Микросам работела на истражувања од областа на еластичност на композитни материјали и реологија на полимерни матрици.

Од 2009 година до 2014 година се вработила како научен соработник – доцент од областа на современи композити и роботика во Приватната научна установа – Институтот за современи композити и роботика во Прилеп.

Од 2014 година до денес, д-р Светлана Ристеска работи како вонреден професор - виш научен соработник на Приватната научна установа, Институтот за современи композити и роботика во Прилеп, а истовремено ја извршува и функцијата Декан на Институтот на студиите на втор циклус по современи композити и роботика. Носител е и учесник во повеќе проекти за развој на машини и истражување од областа на еластичност на полимерни композитни материјали во последните години во Институтот за современи композити и роботика.

Од учебната 2014/15 до денес е хонорарен вонреден професор на Технолошко-техничкиот факултет во Пробиштип при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Наставна дејност**

Д-р Светлана Ристеска предава повеќе наставни дисциплини на прв, втор и на трет циклус студии од групата предмети од подрачјето на технолошко-техничките науки, и тоа:

1. На **додипломските студии** на студиските програми: текстилно инженерство, нови технологии и материјали на Технолошко-техничкиот факултет во Пробиштип при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип од 2014/15 учебна година до денес ги предава следниве предмети: Нови инженерски материјали (3+2+2), Метали и легури (2+2+1), Јакост на материјали (3+2+2), Механика (2+2+1), Корозија и заштита (2+2+1), Наноматеријали и технологии 1 (3+2+2), Наноматеријали и технологии 2 (3+2+2) и Производни технологии (3+2+2).
2. На **втор циклус студии** на студиската програма Современи композити и роботика, на Приватната научна установа, Институтот за современи композити и роботика, од 2010/11 учебна година до денес ги предава предметите: Дизајн и анализа на експерименти, Испитување на композитни материјали, Механика на композитни материјали, Технологија на композитни материјали и Технологии на автоматско поставување и намотување на современи композити.
3. **На трет циклус студии** на студиските програми Наука и технологија на текстил и наука и технологија на композитни материјали во рамките на Кампусот за технички науки – Кампус 2 при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, ги предава предметите: Влакна и композити, Технологија на текстилни композити, Современи технологии на полимерни композитни материјали, Методи на испитувње на композитни материјали и Технологија на полимерни композитни материјали.

**Научно-истражувачка дејност**

Д-р Светлана Ристеска е автор или коавтор на вкупно 51 трудови – научни, стручни или трудови презентирани на меѓународни и домашни конгреси и конференции. Од нив, 14 се печатени во меѓународни списанија, од кои 2 во меѓународни списанија со импакт фактор.

Кандидатката е автор на две книги наменети за студентите на прв циклус студии при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: Механика и јакост на инженерски материјали, и Инженерски материјали (рецензиите и одлуките за усвојување на материјалите во вид на е–книги се доставени).

Д-р Светлана Ристеска учествувала во меѓународни научно-истражувачки проекти и во COST-акциите, и тоа:

1. COST Action FP 1409 EU, 2018, учесник на тренинг школата,
2. COST Action FP 1405 EU, 2014– 018, член,
3. COST Action CA 18125, 2018–2022, член.

Д-р Светлана Ристеска учествувала во реализација на 2 домашни научно-истражувачки или апликативни проекти финансирани од страна на МОН, и тоа:

1. „Деформациони карактеристики на алуминиум-магнезиумови легури", раководител на проектот д-р Мирјана Дудуковска, 2001-2004.
2. „Подобрување на квалитетот на трајноста на алатот (матриците) за влечење на жица", раководител на проектот д-р Ружица Манојловиќ, 2009-2010.

Кандидатката била рецензент на три книги за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Исто така, била рецензент на четири кандидати за избор во наставно-научни и соработнички звања на Приватната научна установа - Институт на современи композити и роботика.

Д-р Светлана Ристеска ги исполнува условите пропишани со Законот за избор на наставник:

1. **Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира**

Кандидатката има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, т.е., еластичност и платичност, реологија.

2. **Просечен успех од најмалку 8.00 (осум) на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно, односно, просечен успех од најмалку 8.00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус**

Кандидатката има просечен успех од 8.25 на првиот циклус студии и 9.57 на вториот циклус студии.

3. **Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација (за доцент) или пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација (за вонреден професор), согласно со Законот во последните пет години пред објавување на огласот за избор**

Кандидатката во последните пет години има објавено 2 научни труда во научно списание со импакт фактор, 12 научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија и 20 научно-истражувчки трудови објавени во зборници на трудови.

4. **Претходен избор во наставно-научно звање**

Кандидатката била избрана како доцент и вонреден професор во Институтот за современи композити и роботика во Прилеп.

5. **Способност за изведување на високообразовна дејност**

Кандидатката држи предавања и вежби на студентите од прв и трет циклус студии при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и на студентите од втор циклус студии во Институтот за современи композити и роботика во Прилеп.

6. **Придонес во оспособувањето на помлади наставен кадар**

Кандидатката, како акредитиран ментор, била ментор на шест магистерски труда, а моментално е ментор на уште два магистерски труда во Институтот на Современи композити и роботика во Прилеп и ментор на една докторска дисертација.

Во исто време, кандидатката била член на комисии на 14 магистерски труда во Институтот во Прилеп и член на две докторски десертации на Техничко-технолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (за сите овие активности има доставено одлуки).

**7. Позитивна оцена од самоевалуацијата**

Кандидатката има позитивна оценка од направената самоевалуација на Институтот на Современи композити и роботика, а самоевулацијата е објавена на web страната www.iacr.edu.mk.

**8. Учество или раководење на научно-истражувачки проект**

Кандидатката учествувала во два домашни проекти финансирани од страна на МОН, во повеќе интерни проекти во Институтот за Современи композити и роботика во Прилеп и учествувала како МС член во два меѓународни проекти.

**Научна дејност во последниве 5 години**

**Научни трудови во меѓународни списанија:**

1. **<u>Risteska Svetlana,</u>** Trajkovska-Petkoska Anka, Stefanovska Maja, Trajkovska Anita, Samakoski Blagoja, "Design of experiment on final resin mass fraction in composite", Journal TTEM, Vol. 10, No.3, 2015 (**IF = 0.414**).

Во трудот е анализиран математички модел користејќи експериментален дизајн со полн фактор, каде се користат три параметри во два нивоа во машина за намотување. Целата е да се одреди влијание на параметрите врз еластичноста и пластичноста на крајниот продукт. Произведените примероци се добиени при различни параметри, и тоа, процент на растворувач, притисокот на влакната и брзината на машината. Со помош на експерименталниот дизајн и користејќи ги Фишеровиот и Кохереновиот критериум беше развиена математичка функција за дадените параметри. Процентот на растворувачот (земен како фактор 1) е највлијателен параметар врз процентот на смола, а со тоа и на еластичноста на механичките карактеристики на крајните композитни материјали. Помало влијание на еластичноста има брзината на машината, а притисокот на влакната нема големо влијание врз еластичноста, односно врз анализираните механички карактеристики на материјалот.

2. **<u>Svetlana Risteska</u>**, Anka Trajkovska-Petkoska, Samoil Samak, Marian Drienovsky, "Annealing Effects on the Crystallinity of Carbon Fiber-Reinforced Polyetheretherketone and Polyohenylene Laminate Composites Manufactured by Laser Automatic Tape Placement ", Materials science (MEDZIAGOTYRA),Vol.26, No.3, 2020, ISSN1392-1320, ID 2148 (**IF = 0.625**).

Во рамките на трудот разгледувани се ефектите на стареење на композитните материјали со три матрици: полиетер етер кетон, полисулфон и бленда од двете матрици. Ламинатите (плочите) се произведени со помош на најнова технологија користејќи автоматска роботска машина со автоматско полагање на лента со помош на ласер. Со помош на оваа машина со променливи параметри се произведени ламинати (плочи) од секој вид на материјал и кај нив е одредена силата на модулите на свиткување на сите ламинати. Во трудот се одредува и процентот на кристалност на матрицата со DSC метода – крутоста и еластичноста. Со помош на висока температура во печка е направено стареење на сите материјали и повторно се одредени процентите на кристализација на трите ламинати и нивните механички карактеристики.

3. **<u>Svetlana Risteska</u>**, Blagoja Samakoski, Maja Stefanovska, "Properties of Composite Trapezoidal Parts Manufactured with help of Filament Winding Technology using Taguchi Method", Journal IJERT, Vol. 3, Issue 07, July, 2014.

Во овој труд е користен методот на Тагучи. Тагучи развил метода со која се истражува како различни параметри влијаат на процесот и колку добро тој процес функционира. Тагучи вклучува ортогонални низи за организација на параметрите кои влијаат на процесот и нивоата на кој тие ќе можат да бидат менувани. Наместо тестирање на можните комбинации, како што е случај на т.н. Factorial design, овој метод тестира само парови на

комбинации. Ова овозможува собирање на неопходни податоци од кои се одредува кои параметри најмногу влијаат на квалитетот на производот, со минимално експериментирање, со штоа се заштедува и во време и во средства. Математичкиот инструмент кој го користи овој метод се ортогоналните низи. Помалите низи можат да се напишат рачно, а големите можат да бидат изведени од предодредени алгоритами. Методата од овој труд е користена за технологијата на намотување на трапезоидни ламинати.

4. **S. Risteska**, M. Stefanovska, "An investigation of serrated yielding and TEM images in series aluminum alloys" Journal IJERT**,** Vol. 3, Issue 05, May 2014.

Во трудот се анализира серија на дисконитуитети кои се јавуваат при пластична деформација на алуминиумски магнезиум легури при различни брзини на тестирање и во различни температурни подрачја. Со помош на трансмисионен електронски микроскоп беа направени слики на серија алуминиумиски легури. Појава на типови А, В, А + В и С на назабени дисконитуитети се откриени за време на тестовите за компресија на оптоварувањето наспроти висината на криви за намалување кај сите испитани легури на алуминиум. Тип В дисконитуитети се карактеризираат со пад на оптоварувањето коешто е секогаш под општото ниво на кривата на напрегање-деформација во пластичната деформација на металите, за разлика од типовите А и В, каде дисконитинуитети осцилираат околу кривата. В- типот дисконитуитети обично се јавуваат на повисоки температури и при повисоки брзини,како и во комбинација со С дисконитуитети. Добиените експериментални ТЕМ слики покажуваат дека степенот на деформација и брзината. имаат големо влијание. Големата брзина е слична на големиот степен на деформација, како што се гледа од сликите. Овие структури можат да бидат со помали растојанија помеѓу дислокација т.е. да се со висока густина на дислокации.

5. **Risteska Svetlana**, Samakoski Blagoja, Srebrenkoska Vineta, Stefanoska Maja, "Flexural properties of hybrid composite parts", Quality of Life, 6 (1-2), 2015, pp. 5-9, ISSN 1986-602X http://eprints.ugd.edu.mk/14163/

Во трудот е анализиран процентот на пори – празнини на хибридни композитни материјали во форма на трапез. Овие се користат како мостови во градежништвото. Одредена е порозноста која значително влијаае на еластичните и пластичните карактеристики на материјалот – на крајните механички карактеристики на материјалот, кои можат да влијаат на појава на големи дефекти и пукање на гредите во структурата на мостовите. Во трудот се работени парцијално на деловите од трапезната греда и со помош на стандардите и СЕМ сликите е одредена порозноста на различни делови од трапезоидната греда. Истражувањата се од дел од FP7 проектот.

6. Naseva Simona, Srebrenkoska Vineta, **Risteska Svetlana**, Stefanoska Maja, Srebrenkoska Sara, Mechanical properties of filament wound pipes: effects of winding angles, Quality of Life, 6 (1-2), 2015, pp. 10-15, ISSN 1986-602X, http://eprints.ugd.edu.mk/14164/

Во трудот се користи т.н. NOL ring test за одредување на механичките карактеристики на цевки, напрегање на истегнување и модули на еластичност на различни видови цевки намотани со машина за намотување Filament Winding. Цевките се дизајнирани со различни агли на намотување од 90, 45, 10 степени во однос на оската - мандрелот. Од резултатите може да се заклучи дека цевките намотани на 90 степени се со најголемо напрегање на истегнување и издржуваат најголема сила на кинење и имаат најголема вредност на еластичен модул. Со помош на СЕМ сликите на производите – намотаните цевки, се забележува дека има добар интерфејс меѓу влакна и матрица во материјалот.

7. Srebrenkoska Vineta, **Risteska Svetlana**, Mijajlovikj Maja, “Thermal Stability and Hoop Tensile Properties of Glass Fiber Composite Pipes“, International Journal of Engineering Research&Technology IJERT, 4 (12), 2015, pp. 297-302, ISSN 2278-0181, http://eprints.ugd.edu.mk/15241/

Во трудот се анализирани композитни цевки добиени врз основа на стаклени влакна и епоксидна смола и со различна архитектура. На произведените прмероци е тестирана јачината на истегнување – модул на еластичност, со цел да се види отпорноста на цевките на внатрешен притисок. Исто така, направена е термичка анализа на сите примероци. Добиени се различни механички карактеристики на цевките, а најдобри карактеристики имаат примероците каде влакната се во правецот на дејствување на силата на истегнување. Од термичките анализи се добиени сознанија дека постои добра поврзаност меѓу влакната и матрицата.

7. M. Stefanovska, **S. Risteska**, B. Samakoski, G. Maneski, B. Kostadinoska, “Theoretical and Experimental Bending Properties of Composite Pipes”, ICEMA 2015 Vienna, XIII International Conference on Engineering Materials and Applications, World Academy of Science, Engineering and Technology, International Science Index, Materials and Metallurgical Engineering, 2(6), 800, International Journal of Environmental, Chemical, Ecological, Geological and Geophysical Engineering Vol. 9, No. 6, 2015, pp. 706-710.

Во трудот се користи свиткување на цевки намотани со машина за намотување и одредување на механичките карактеристики на цевки, свиткување и модули на свиткување на различни видови дизејнирани цевки со различни агли на намотување во однос на оската - мандрелот. Од резултатите може да се заклучи дека цевките намотани со агли повеке од 10 степени издржуваат најголема сила на свиткување.

8. Maja Mijajlovikj, **Svetlana Risteska**, Blagoja Samakoski, Natasha Stevanoska, “Mathematical model on flexural properties of composite laminates”, International Journal of Engineering Research&Technology IJERT, IJERTV6IS060151, ISSN: 2278-0181http, Vol. 6, Issue 06, June, 2017, pp. 526-530.

Со помош на математички модел во трудот и со користење на експерименален дизајн со полн фактор беа одредени највлијателните параметри на напрегање на свиткување на крајниот продукт. Користејќи ги Фишеровиот и Кохереновиот критериум беше развиена математичка функција за дадените променливи параметри. Математичката функција може да се користи во производството на ламинати.

9. Svetlana Capeska, **Svetlana Risteska**, Samoil Samak, Biljana Kostadinoska, “Impact of the technological parameters for the production of UD prepreg“, KNOWLEDGE–International Journal, Vol. 20.5, 2017, pp. 2319-2325, ISSN 2545-4439.
10. Biljana Kostadinoska, **Svetlana Risteska**, Blagoja Samakoski, Svetlana Capeska, “The compare of mechanical properties of composites at afp technology with two technologies for curing“, KNOWLEDGE–International Journal, Vol. 20.5, 2017, pp. 2471-2477, ISSN 2545-4439.
11. Silvana Zhezhova, Sanja Risteski, Elvira Ristova, **Svetlana Risteska**, Vineta Srebrenkoska, “Composite materials based on e-glass woven textile structures as reinforcement“, Tekstilna industrija, 66 (2), 2018, pp. 4-8, ISSN 0040-2389. http://eprints.ugd.edu.mk/20250/1/Tekstilna%20industrija%202018.pdf
12. Sara Srebrenkoska, Silvana Zhezhova, Sanja Risteski, Marija Chekerovska, Vineta Srebrenkoska, **Svetlana Risteska**, “Application of factorial experimental design in predicting properties of polymer composites“, Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), Vol. 1, , No. 1, 2018, pp. 85-88, ISSN 2545-4803. http://js.ugd.edu.mk/index.php/bjami/issue/view/127

13. Maja Mijajlovikj, Sara Srebrenkoska, Marija Cekerovska, **Svetlana Risteska**, Vineta Srebrenkoska, “Application of Taguchi method in production of samples predicting properties of polymer composites“, Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), Vol. 1, No. 1, 2018, pp. 79-84, ISSN 2545-4803. http://js.ugd.edu.mk/index.php/bjami/issue/view/127

**Научни трудови објавени во зборници на трудови на научни собири**

1. **S. Risteska**, B. Samakoski, Z. Sokoloski, M. Stefanovska,”Investigation of influence of carbon fiber delivery system for filament winding process with NOL-Ring specimen tests”, ECCM16 – 16th European Conference on Composite Materials, Seville, Spain, 22-26 June 2014.
2. **Svetlana Risteska**, Blagoja Samakoski, Zlatko Sokoloski, Maja Stefanovska “Investigation of banding properties and damages of glass fiber/epoxy resin composite pipes”, 46th International October Conference on Mining and Metallurgy, 01-04 October 2014, Bor, Serbia.
3. **S. Risteska**, M. Stefanovska, B. Samakoski, “Factorial design of experiment vs. Taguchi approach in filament wound composites”, 6th International symposium on industrial engineering, 24-25 September 2015, The Faculty of Mechanical Engineering, Belgrade, Serbia, pp.150-154, ISBN 978-86-7083-864-2.
4. **Svetlana Risteska**, Blagoja Samakoski, Vladimir Dukovski, “Advanced FW and AFP/ATL technologies for production of complex parts of composite materials“, 8th INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE”, Research and development of mechanical elements and systems “IRMES 2017, Trebinje, Republika Srpska, Bosnia and Herzegovina, September 7th - 9th, 2017, pp. 259-265, ISBN 978-9940-527-53-2.
5. Biljana Kostadinoska, **Svetlana Risteska**, Blagoja Samakoski, Samoil Samak, Nikolce Romevski “Influence of process parameters in production of resin film on kevlar fabric prepreg“- ICAT’19, 8th International Conference on Advanced Technologies, Bosnia and Herzegovina, August 26-30, 2019, Sarajevo, pp. 309-314, ISBN 978-605-68537-4-6.
6. Zhezhova Silvana, Risteski Sanja, Ristova Elvira, Srebrenkoska Vineta, **Risteska Svetlana**, “Mechanical characterization of glass fabric/epoxy composites“, International scientific conference: Contemporary trends and innovations in the textile industry, 18 May 2018, Belgrade, Serbia, pp. 309-314, ISBN 978-9940-527-53-2. http://eprints.ugd.edu.mk/20101/

**Научни трудови презентирани на научни собири со реферат (постер/усно) во земјата и во странство**

1. Elvira Pavlova, **Svetlana Risteska**, Vineta Srebrenkoska, Biljana Kostadinoska, Biljana Petkoska, Glass fabrics as reinforcement for composite plates”, VIIth International Metallurgical Congress, Ohrid, 2016.
2. Vineta Srebrenkoska, **Svetlana Risteska**, Maja Mijajlovik, Sara Srebrenkoska, Silvana Zezova, “Mechanical and thermal properties of filament wound composite pipes”, VIIth International Metallurgical Congress, Ohrid, 2016.
3. **Svetlana A. Risteska**, Dijana Cvetkoska, Maja Stefanoska, Julija Gogu “Experimental Study on the Flexural Strengths of Fabric Glass-Epoxy Composites”, 16th International Conference “Research and Development in Mechanical Industry (RaDMI-2016), 15-18 September 2016, Belgrade, Serbia.
4. **Svetlana Risteska**, Samoil Samak, Zlatko Sokoloski, Dimitar Bogdanoski Solutions for production and properties of thermoplastic Composites, The 10th Asian-Australasian Conference, October 16 - 19, 2016, Bexco in Busan, Korea.
5. M. Mijajlovikj, S. Srebrenkoska, M. Chekerovska, S. Risteska, “Taguchi method in

production of NOL-ring composite samples", VIII International Metallurgical Congress, 30 May-3 June 2018, Ohrid, Macedonia.
6. Silvana Zhezhova, Vineta Srebrenkoska Vineta, **Svetlana Risteska**, Sanja Risteski,, "Predicting the flexural strength of textile composites based on glass fabrics", VIII International Metallurgical Congress, 30 May-3 June 2018, Ohrid, Macedonia.
7. Samoil Samak, **Svetlana Risteska**, Dijana Cvetkoska, Julija Gogu, Stefanija Acevska, "Properties of Composite Parts Manufactured with help of LATP Technology", YUCOMAT 2018, Herceg Novi, September 3-7, 2018. http://dais.sanu.ac.rs/bitstream/handle/123456789/3621/9788691911133.pdf?sequence=1&isAllowed=y
8. Julija Gogu, **Svetlana Risteska**, Stefanija Acevska, *"*Thermal analysis of epoxy resin*",* 25th Congress of SCTM, 19-22 September 2018, Ohrid, Macedonia.
9. Stefanija Acevska, **Svetlana Risteska**, Julija Gogu, "Comparison of glass transition temperature values of cyanate ester resin obtained by TMA, DMA and DSC methods", 25th Congress of SCTM, 19-22 September 2018, Ohrid, Macedonia.
10. Samoil Samak, Vele Samak, Dimitar Bogdanoski, Zlatko Sokoloski, Blagoja Samakoski, **Svetlana Risteska**, "Making a curved part with LATP technology using two synchronized robots, without using a physical mandrel ", YUCOMAT 2019, Herceg Novi, September 2-6, 2019.
11. **Svetlana Risteska**, Samoil Samak, Zlatko Sokoloski and Dimitar Bogdanoski, "Integrated production solutions for thermoplastic materials", The 6th International Conference Space Technologies: Present and Future will be held, 23-26 May 2017, Dnepropetrovsk, Ukraine, Session, pp.158.
12. Maja Mijajlovik, **Svetlana Risteska**, Vineta Srebrenkoska, Biljana Kostadinoska Julija Gogu, "Determination of activation energy of polymer composites using dynamic mechanical analysis", SIMPOZIJUM A - Nauka materije, kondenzovane materije i fizika čvrstog stanja, Contemporary Materials 2017 - Savremeni Materijali. http://conforganiser.com/paper/view/5523#.W3PwX5OxWM8
13. Samoil Samak, Zlatko Sokoloski, **Svetlana Risteska**, Dimitar Bogdanoski, "Improving the final properties of thermoplastic composites manufactured with laser automated tape placement (LATP), "The 13th SAMPE CHINA Conference&Exhibition, May 16-18, 2018, Shanghai, P R. China.
14. Blagoja Samakoski, Samoil Samak, **Svetlana Risteska**, Zlatko Sokoloski, Dijana Cvetkoska, "In situ consolidation for thermoplastic AFP process – study on the input parameters for improvement of final product properties ", The 14th SAMPE CHINA Conference & Exhibition, May 6-8, 2019, Beijing, P.R. China.

**Е книги - библотека**

1. **Ристеска Светлана**, Механика и јакост на материјалите, Универзитет „Гоце Делчев" , Штип, 2019, pp 322.
2. **Ристеска Светлана,** Сребренкоска Винета, Нови инженерски материјали, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 2019, pp 224.

**Учество во научно-истражувачки проекти**

1. Srebrenkoska Vineta, **Risteska Svetlana**, COST Action FP1405: *Active and intelligent fibre-based packaging - innovation and market introduction (ActInPak),* 2015-2019, [MC member]. http://eprints.ugd.edu.mk/17156/1/FP1405.pdf
2. Srebrenkoska Vineta, **Risteska Svetlana**, COST Action CA 18125: *Advanced Engineering and Research of (aero) Gels for Environment and Life Sciences (AEROGELS),* 2018-2022, [MC member].

**Список на трудови објавени во зборници на трудови, учества на конференции и конгреси**

**Во период пред 5 години**

1. **<u>Светлана А. Бошкоска</u>**, Јован К. Мицковски, Мирјана Дудуковска, Јон С. Магдески, „Определување на ресурсот на пластичност при ковачко пресување на челик", XV Конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, 03.10.1997 год.
2. **<u>S.A. Risteska</u>**, J.K. Mickovski, "Experimental modeling of recrystallization diagram of gold deformed steel Č.1534", Книга на трудови, Трета конференција на Сојузот на Металурзите на Македонија, 04-06.05.2000 год.
3. **<u>S.A. Risteska</u>**, J.K. Mickovski, M. Dudukovska, „Eksperimentalno određivanje resursa plastičnosti napregnutog stanja AL-Mg legure metodom slobodnog presovanja", Zbornik radova, Simpozijum Deformacija i struktura metala i legura sa međunarodnim učešćem, 26 - 27 Juni, 2002, Beograd.
4. **<u>S.A. Risteska</u>**, J.K. Mickovski, M. Dudukovska, „Uticaj temperature i brzine uniaksijalne kompresije na deformacijske karakteristike AlMg3 legure", Zbornik radova, Simpozijum Deformacija i struktura metala i legura sa međunarodnim učešćem, 26 - 27 Juni, 2002, Beograd.
5. **<u>S.A. Risteska</u>**, J.K. Mickovski, "Influence of temperature and Mg content in AlMg alloy on the deformation discontinuities", Зборник на трудови на 3-та Балканска Конференција на Металурзи, 24-27 Септември, 2003 год.
6. **<u>S.A. Risteska</u>**, J.K. Mickovski, "Effects of Mg concentration, test temperature on the deformation behavior of AlMgSi0.5 alloy during upseting", Зборник на трудови на 3-та Балканска Конференција на Металурзи, 24-27 Септември, 2003 год.
7. **<u>Светлана А. Ристеска</u>**, Јован К. Мицковски, „Експериментално определување на ресурсот на пластичност и индексот на напрегнатата состојба при слободно пресување на легура при различни температури и брзини на деформација" Scientific Conference with International Participation "MANUFCTURNIG AND MANAGEMENT in 21st CENTRY", September 16-17, 2004, Ohrid, Republic of Macedonia.
8. **<u>Светлана А. Ристеска</u>**, Јован К.Мицковски, „Влијание на брзината на деформација и температурата на деформационите карактеристики на AlMg5 легура", Scientific Conference with International Participation", MANUFCTURNIG AND MANAGEMENT IN 21st CENTRY", September 16-17, 2004), Ohrid, Republic of Macedonia.
9. **<u>S.A. Risteska</u>**, J.K. Mickovski, "Effects of Mg concentration, test temperature and strain on serration of AlMg3 and AlMg5 alloy", објавено во германскиот весник "Steel Grips" GmbH (Grips media Bed Hazburg Germany), пријавен на 10th Conference for the Metal forming, Krakow, 19-22 September, 2004, Krakow, Poland.
10. **<u>S.A. Risteska</u>**, J.K. Mickovski "Test Temperature and Strain Rate on serrated yielding of AlMgSi0.5 alloy", 3rd International Symposium Light Metals and Composite Materials, September 12-14th, 2008, Belgrade, Serbia.
11. **<u>S.A. Risteska</u>**, J.K. Mickovski, "Influence of temperature and strain rate in Al-Mg alloy on the deformation", Bi-Congress, XX Congress of Chemists and technologists of Macedonia and V Congress of Metallurgists of Macedonia, 17-20 September, 2008, Ohrid, Republic of Macedonia.
12. **<u>Svetlana A.Risteska</u>**, "Occurrence of PLC effect at ALCuMgPb alloy in uniaxial loading", XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 24-26 Septembar, 2010, Ohrid, Republic of Macedonia.
13. **<u>S.A. Risteska</u>**, Portevin-Le Chatelier (PLC) effect and characteristics of A, B and C serrations in Al-Mg alloys, 4th International Conference PROCESSING AND STRUCTURE OF MATERIALS, Palic, Serbia, May 27–29, 2010.
14. **<u>Svetlana Risteska</u>**, "An investigation of serrated yielding and TEM images in series

aluminum alloys", 43rd International October Conference on Mining and Metallurgy, Kladovo, Serbia, 12-15 October, 2011.
15. Blagoja Samakoski, **Svetlana Risteska**, Biljana Kostadinoska, Ekaterina Sinadinova, "Automatic Fiber Placement (AFP) Technology, Actual State and Future Improvement through Using NDT (Ultrasonic) Equipment in On-line Processing", ICT Innovations 2012 Web-proceedings, ISSN 1857-7288
16. Благоя Самакоски, **Светлана Ристеска**, "Наши знания и опыт открывают тайны slitting/rewinding процессов", Композитный мир |январь — февраль|, №1, 2013.
17. Самоил Самак, **Светлана Ристеска**, "Улучшение качества и силовых характеристик LPG, CNG композитных емкостей IV-ого типа при производстве автоматизизрованных линиях", Композитный мир, 2013.

**Предавања на научни собири**

1. **Risteska Svetlana,** ACMS (Automation in Composites Manufacturing Seminar)", 1-3 November 2012, Institute for Advanced Composites and Robotics, Prilep, Republic of Macedonia.
2. **Risteska Svetlana,**" ACMS (Automation in Composites Manufacturing Seminar)", 4-6 November 2014, Institute for Advanced Composites and Robotics, Prilep, Republic of Macedonia.
3. **Risteska Svetlana,** "New industrialised construction process for transport infrastructures based on polymer composite components ", 28 May, 2013, Hotel Holiday, Skopje, Republic of Macedonia - FP 7.

**ИНТЕРНИ ПРОЕКТИ**

Кандидатката е носител или учесник на повеќе интерни проекти во фирмите во кои што работела.

Во фирматата Микросам учествувала во следниве проекти за развој и конструкција на разни машини:

- Учесник и носител во повеќе од 12 проекти за изработка на машини за намотување (Filament Winding) - за добивање на композит со влакна.
- Учесник во 3 проекти за изработка на машина за импрегнација (хоризонтална импрегнирка) за добивање на препрег – полупроизвод на композити со високи перфоманси на влакна.
- Учесник во 4 проекти за изработка на Машина за импрегнација (Вертикална импрегнирка) - за добивање на препрег – полупроизвод на композити со високи перфоманси на влакна.
- Учесник во 3 проекти за изработка на лабораториска машина за импрегнација (Хоризонтална импрегнирка) за добивање на препрег – полупроизвод на композити со високи перфоманси.
- Носител во проект за изработка на печка за композитни цевки.
- Учесник и носител во повеќе проекти за изработка на дрво, пластика и лесни метали.

Исто така, кандидатката е носител или учесник во повеќе проекти во последните години и во Институтот за Современи композити и роботика за развој и истражување од областа на композитни материјали. Некои од нив се:

1. Тестирање на LPG резервоар под притисок и изработка на 3-5 примероци во зависност од расположливите материјали на разни видови полимерни влакна,
2. Намотување на трапезоид со помош на FW-технологија,
3. Испитување на смолен систем DION VE1156 од произведувачот REICHHOLD за производство на LPG резервоари,

4. Влијание на растворена епоксидна смола во масениот удел на крајниот композит во FW технологијата,
5. Намотување на CNG лајнери со епоксиден смолен систем и карбонски конци,
6. Разработка на технологија за намотување на резервоари за вода кои се користат во патнички авиони со капацитет – 120 GAL, изработени од тенок полиамиден liner со дебелина од 0.2 mm и изработка на 1 – 3 примероци,
7. Намотување на LPG резервоари за вода и отпадна вода за примена во авиоиндустријата,
8. Изработка на технологија за производство на унидирикционален препрег со ширина до 20-22 mm од стаклени влакна тип S и епоксидна смола; и изработка на тест примероци - 16 шпулни нормално намотани и 2-3 шпулни: Pancake Spool,
9. Разработка на технологија за производство на ткаен препрег со ширина до 1000 mm,
10. Изработка на CEM слики на термопластичен карбонски препрег со PPS матрица,
11. Намотување на композитни арамидни резервоари за вода со помош на FW машина,
12. Испитување на механичките карактеристики на стаклени NOL прстени произведени со filament winding технологија,
13. Намотување на LPG лајнери со GF/PP 70 tape од Ticona,
14. Технолошки развој на автоматска машина за полагање на ленти со робот,
15. Автоматска линија за намотување на резервоари со помош на робот,
16. Машина за автоматско полагање на лента,
17. Развој на лабораториска машина за автоматско полагање на препрег со мали димензии,
18. Примена на експериментален дизајн и одредување на коефицити на три променливи и нивна интеракција во технолошките процеси на производство ламинат со LAFP на PEEK/CF материјал,
19. Изработка на ламинатни плочи со LATP технологија со термопластичен препрег Barrday PPS/CF,
20. Одредување на порозност на ламинатни плочи произведени со LATP технологија преку експериментално одредување на теоретската и експерименталната густина,
21. Слитување, премотување и откривање на дефекти на два различни UD термопластични препрези CELSTRAN PA6-GF и CELSTRAN PP-GF,
22. Изработка на специфични композитни делови со LATP технологија со два различни термопластични препрези PA6-GF и PP-GF.

Разгледувајќи ја целокупната активност на кандидатката, Рецензентската комисија оценува дека д-р Светлана Ристеска со поголем број свои научни трудови ја покрива областа Еластичност и пластичност, реологија, а областа Технологија и обработка на метали и алатни машини ја покрива преку голем број интерни проекти и со еден дел од трудовите.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Прегледот и анализата на доставениот конкурсен материјал на д-р Светлана Ристеска упатува на сознание дека кандидатката покажува успешни резултати во наставно-образовната и научно-истражувачка дејност.

Во периодот по изборот за доцент и вонреден професор во Приватната научна установа – Институтот за современи композити и роботика во Прилеп, кандидатката била автор или коавтор на голем број печатени научни и стручни трудови, односно трудови реферирани на домашни и меѓународни научни собири. Трудовите опфаќаат подрачја од технологијата на механички пластични и еластични карактеристики на метални и композитни материјали, поврзани со нивното производство и примена.

Врз база на оствареното во научно-истражувачката, образовната и стручната дејност, како и од лично познавање на кандидатката, рецензентската комисија оценува дека д-р Светлана Ристеска ги задоволува критериумите за избор во наставно-научно звање доцент во научните области Технологија и обработка на метали и алатни машини (21404) и Еластичност и пластичност, реологија (21405).

Рецензентската комисија, почитувајќи го Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Штип да ја избере кандидатката д-р Светлана Ристеска во наставно-научно звање доцент во научните области Технологија и обработка на метали и алатни машини и Еластичност и пластичност, реологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Јасмина Чалоска, ред. проф.,** претседател,
Машински факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

**Д-р Ружица Манојловиќ, ред. проф.,** член
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

**Д-р Јон Магдески, ред. проф.,** член
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

**ТАБЕЛА НА БОДИРАНИ АКТИВНОСТИ НА КАНДИДАТОТ Д-Р СВЕТЛАНА РИСТЕСКА ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ**

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 4 | Избор во звање доцент | **30** |
| 5 | Избор во звање вонреден професор | **40** |
| | **Вкупно** | **70** |

| Ред. бр. | НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) | 15/10/5 | |
| | 2 научни труда = (2x15) | **30** | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 9/6/3 | |
| | 12 научни трудови = (3x9) + (5x6) + (4x3) | **69** | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2 | 3 |
| | 6 научни трудови = (6x3) | - | **18** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 1/1,5 | 1,5/2 |
| | 14 научни трудови = (6x1) + (2x1.5) + (6x2) | **6** | **15** |
| 10 | Одбранета докторска теза | **8** | - |
| 12 | Одбранет магистерски труд | **4** | - |
| 14 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 2 | 3 |
| | во земјава 3x2 | **6** | **-** |
| 4<br>5<br><br>9 | Трудови од пред пет години<br>1. Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>2. Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>3. Учество на научен собир со реферат (постер/усно), | **45** | |
| | **Вкупно** | **201** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 1 | Книга | 10 | 15 |
| | 2 книги: во земјата (2x10) | **20** | - |
| 13 | Учесник во научен проект | 5 | 8 |
| | (максимум во три проекти)<br>2x8 | - | **16** |
| 23 | Декан | **12** | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија<br>4x2 член во комисија за одбрана на докторски/магистерски труд | 2<br>**8** | |
| 29 | Член на институтски орган, комисија<br>14x2 член во комисија за одбрана на магистерски труд | 2<br>**28** | |
| | **Вкупно** | **84** | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **70+201+84 = 355** | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХЕМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-226/6 од 19.11.2019 година донесена на 233 седница на наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 19.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област Хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

- Проф. д-р Борче Георгиевски – редовен професор за наставно научната област хематологија, вработен на ЈЗУ Универзитетска Клиника за Хематологија во Скопје – претседател
- Проф. д-р Александар Стојановиќ – редовен професор за наставно научната област хематологија, вработен на ЈЗУ Универзитетска Клиника за Хематологија во Скопје – член
- Проф. д-р Андон Чибишев - редовен професор за наставно научната област токсикологија, вработен на ЈЗУ Универзитетска Клиника за Токсикологија Скопје и на Факултет за медицински науки при Универзитет “Гоце Делчев”, Штип - член

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и “Коха” од 5.11.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

Асс. сци. д-р Ивана Трајковска, доктор на медицински науки, од научната област интерна медицина-хематологија, вработена во ГОБ 8-ми Септември, Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на наставно - научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет “Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Асс. сци. д-р Ивана Трајковска** е родена на 7.6.1985 година во Кавадарци. Основно и средно образование го завршила во Кавадарци, континуирано со одличен успех 5.0. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје каде дипломирала во 2009 год. со просечен просек од 9.0. По завршување на стручниот стаж и положување на државниот испит на 2.2010 год. се запишува на специјализација по интерна медицина на 5.2010 год. Специјалистичкиот испит по предметот интерна медицина го положила во мај 2014 год. со што се стекнала со звањето специјалист по интерна медицина, а од 9.2014 год. е во редовен работен однос во ГОБ 8-ми Септември, Скопје, оддел интерна медицина - ендокринологија.

**Стручна активност**

Од септември 2014 год. е во редовен работен однос во ГОБ 8-ми Септември. Д-р Ивана Трајковска е вклучена во стручно - апликативна работа на одделот ендокринологија, интерна медицина при ГОБ 8-ми Септември, Скопје.

Д-р Ивана Трајковска има реализирано повеќе стручни престои и едукации, меѓу кои и :

- Септември 2019год, 55th Annual meeting EASD, Barcelona, Spain
- Март, 2018год, стручен престој на Клиника за хематологија, оддел за трансплантација, коскена срцевина и интензивна хематолошка нега, ВМА, Белград, Србија

**Наставна дејност**

Во рамките на наставно-образовна дејност на УКИМ, Медицински факултет Скопје, кандидатот асс. д-р Ивана Трајковска е избрана за асистент-докторанд на 30.12.2016година, каде учествува како едукатор на студенти по медицина, како и едукатор во рамки специјализации од областа на интерна медицина.

**Научна дејност**

Во периодот од 9.2011-06.2012 година кандидатката ги запишува и завршува магистерските студии како стипендист со доделена стипендија од Европската Комисија на програмата Erasmus Mundus Bioethics на трите универзитети – K.U. Leuven - Белгија, Radboud University Nijmegen – Холандија, University in Padova – Италија, со наслов на магистерската тема – The role of intensive care physician's role in the relatives' consent process on organ donation.

Во мај, 2014 година го полага специјалистичкиот испит со што се стекнала со звање специјалист по интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

Докторските студии на Медицинскиот факултет во Скопје ги завршила во април 2019 година, а својот докторски труд со наслов "Рани и доцни компликации кај пациенти лекувани со алогена трансплантација на хематопоетски матични клетки" ја одбранила на 15.4.2019 година со што се стекнала со научниот степен доктор на медицински науки – клиничка медицина.

Учествува на бројни семинари, симпозиуми, работилници, меѓу кои:

- 12.2018 година – Diabetes control and prevention of vascular complications: achievement and dilemmas, CEDA/FID Scientific Update Symposium, Belgrade, Serbia
- 9.2017 година – Global diabetes summit, Expanding horizons in diabetic care, Madrid, Spain
- 3.2016 година – Diabetes FIRST (fasting with incretins during Ramadan, Strategies and Treatments), Dubai, UAE

Како резултат на нејзиното досегашно залагање, како автор и коавтор, има публикувано и презентирано 4 научни трудови со оригинлни научни резултати, објавени со референтни научни списанија со мегународен уредувачки одбор, 2 трудови со оригинал научни/стручни резултати кои се објавени во книга на апстракти – со меѓународно учество на научен конгрес со постер презентација, и 1 труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во книга на апстракти – семинар со меѓународно учество со постер презентација.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидтот за избор во звање доцент**

1. Д-р Ивана Трајковска е доктор на медицински науки од областа на клиничка медицина – хематологија, а нејзината научно истражувачка работа е главно фокусирана на раните и доцни компликации кај пациентите лекувани со алогена трансплантација на хематопоетски матични клетки. Д-р Ивана Трајковска има диплома за завршени докторски студии (доктор по медицински науки).
2. Има сертификат за владеење со англиски јазик
3. Има препорака од работодавец и двајца професори
4. Има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии од 9.0, завршена специјализација по интерна медицина и завршени доктроски студии.
5. Има доставено сепарати од сите нејзини научно-истражувачки трудови во соодветната

област (законски предуслов за избор во доцент се најмалку четири научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации).

Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Ивана Трајковска публикувани во последните 5 години.

Научните трудови со кои д-р Ивана Трајковска ги сиполнува законските критериуми за избор на звање доцент се:

| Бр. | автор | Наслов на трудот | списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ivana Trajkovska**, Borce Georgievski, Lidija Cevreska, Andrijana Gacovski, Taner Hasan, Natasha Nedeska-Minova | Early and Late Complications in Patients with Allogeneic Transplantation of Hematopoietic Stem Cell – Case Report | OAMJMC 2017 June 15; 5(3): 340-343 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор од 2008год. |
| 2 | **Ivana Trajkovska**, Borce Georgievski, Lidija Cevreska, Andrijana Gacovski, Taner Hasan, Natasha Nedeska-Minova | Early and late complication after allogeneic transplantation of hematopoietic stem cells – prospective – retrospective study | Mak Med Pregled 2018; 72(2): 4-81 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор |
| 3 | Hasan Taner, **Trajkovska Ivana**, Balovski Marjan, Minova nayasha N, Volkanovska Ilievska Cvetanka, Doneva Daniela, Pakovski Kiril, Josifovska Slavica, Panov Sasho | Angiotensin-converting enzyme gene (I/D) polymorphism in association with diabetic nephropathy | Medicus 2018, Vol. 23(3): 233-237 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор од 2004год |
| 4 | Taner Hasan, Kiril Pakovski, Slavica Josifovska, Marjan Baloski, Natasa Nedeska Minova, Daniela Doneva, **Ivana Trajkovska**, Cvetanka Volkanoska, Radmila Neshkovska, Sasho Panov | Association of the apoe gene polymorphism with diabetic nephropathy | Medicus 2019, Vol 24(2): 132-135 | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор од 2004год |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Ивана Трајковска како асистент докторанд на катедрата по интерна медицина на Медицинскит факултет, Скопје, УКИМ, била вклучена како едукатор во рамките на студентите по медицина, како и едукатор во рамките на специјализациите од обласа на интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, од 2017година па се до денес.

Од доставените биографски и библиографски податоци на д-р Ивана Трајковска, очигледно е дека таа учествувала активно на голем број на обуки, работилници, конгреси и семинари од подрачјето на интерна медицина, одржани во и надвор од нашата земја. Притоа, д-р Ивана Трајковска се стекнала со неопходно искуство за примена на здобиените

практични знаења. Д-р Ивана Трајковска како инвестигатор учествува на интернационална студија/проект LPS15017 Global Premix, DM во спонзорство од SANOFI 2019-2020година.

Д-р Ивана Трајковска е искусен професионалец во својата област, со 5.5години специјалистички стаж. член е на медицински организации како: Македонско здружение на интернисти и Македонско здружение на ендокринолози.

***Стручно-апликативна и организациско развојна дејност***

Д-р Ивана Трајковска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на оддел за интерна медицина, ендокринологија при ГОБ 8-ми Септември, Скопје.

Во периодот од 2009-2013 година е активен член а потоа и избрана за Координатор на националната фондација за трансплантација.

**Учествува во научно истражувачки проект**

- Инвестигатор во студијата – LPS15017 Global Premix, DM, во спонзорство на SANOFI 2019-2020 год

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за избор на д-р Ивна Трајковска (публикувани во последните 5 години)**

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија:***

1. **Ivana Trajkovska**, Borce Georgievski, Lidija Cevreska, Andrijana Gacovski, Taner Hasan, Natasha Nedeska-Minova. Early and Late Complications in Patients with Allogeneic Transplantation of Hematopoietic Stem Cell – Case Report - OAMJMC 2017 June 15; 5(3): 340-343

Во овој труд се евалуираат компликациите (рани и доцни) кај пациентка лекувана со алогена трансплантација на хематопоетски матични клетки, нивното влијание на квалитетот на живот после оваа интервенција и долгото преживување. Овој труд имаше за цел да прикажи како алогената трансплантација претставува куративен третман за хематолошки малигни и немалигни заболувања се со цел да овозможи оправување и продолжување на животниот век но исто така и подобрување на квалитет на живот кај овие пациенти. Трудот ја истакнува потребата од долгогодишно следење на пациентите лекувани со алогена трансплантација и обврската за едуцирање на пациентите, нивните семејства и медицинскиот персонал кој е вклучен во севкупниот процес.

2. **Ivana Trajkovska**, Borce Georgievski, Lidija Cevreska, Andrijana Gacovski, Taner Hasan, Natasha Nedeska-Minova. Early and late complication after allogeneic transplantation of hematopoietic stem cells – prospective –retrospective study - Mak Med Pregled 2018; 72(2): 6-81

Овој труд претставува проспективна-ретроспективна студија на раните и доцни компликации кај пациентите лекувани со алогена трансплантација на хематопоетски матични клетки. Трудот дава посебен осврт на најчестите рани и доцни компликации, бројните фактори кои влијаат на појава на овие компликации како што се – возраста на пациентот, типот и должината на болеста, режимот на кондиционирање, времето кога е направена алогената трансплантација птисуство на коморбитни состојби и многу други фактори кои се тема на истражување во многубројни студии кои се во тек. Овој труд дава препораки за мандаторен интердисциплинарен медицински и не-медицински пристап ( интеграција на клинички и додатни лабараториски варијабли, терапевтски стратегии во пост трансплантациониот процес, редовни скрининзи – креирање на календар на активност) ,кој ќе овозможи солиден здравствен статус, социјална интеграција и квалитет на живот кај оваа категорија на пациенти.

3. Hasan Taner, **Trajkovska Ivana**, Balovski Marjan, Minova nayasha N, Volkanovska Ilievska Cvetanka, Doneva Daniela, Pakovski Kiril, Josifovska Slavica, Panov Sasho. Angiotensin-converting enzyme gene (I/D) polymorphism in association with diabetic nephropathy – Medicus 2018, Vol. 23(3): 233-237

Авторот на овој труд го истакнува значењето на полиморфизмот во ангиотензин конвертирачкиот ензимот кој е поврзан со развојот на дијабетична нефропатија, како мајорна микроваскуларна компликација кај пациентите о дијабетес мелитус тип 2. Бидејќи генетската предиспозиција игра важна улога во развојот на дијабетична нефропатија кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2 , генетските тестирање можат многу да придонесат за подобар пристап кај пациентите со ризик. Целта на овој труд е да се проучи поврзаноста на ACE генот I/D полиморфизам кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2 со дијабетичната нефропатија. Трудот ја потврди поврзаноста на генетскиот полиморфизам во развојот на дијабетичната нефропатија кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2, нагласувајки ја потенцијалната употреба во клиничките следења, третман и прогноза.

4. Taner Hasan, Kiril Pakovski, Slavica Josifovska, Marjan Baloski, Natasa Nedeska Minova, Daniela Doneva, **Ivana Trajkovska**, Cvetanka Volkanoska, Radmila Neshkovska, Sasho Panov. Association of the apoe gene polymorphism with diabetic nephropathy – Medicus 2019, Vol 24(2): 132-135

Авторот на овој оригинален труд има за цел да ја евалуира поврзаноста на најразличните гени на apoe gene polymorphism, нивната комбинација во развојот на дијабетичната нефропатија кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2 како една од најчестите микроваскуларни компликации. Генотипот и полиморфизмот на apoe gene беа детерминирани кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 (со и без дијабетична нефропатија) и кај контролната група на здрави пациенти. Трудот покажа дека присуството на генотипот ја зголемува шансата за појава на дијабетична нефропатија, т.е корелацијата на apoe gene polymorphism во развојот на дијабетичната нефропатија може да има потенцијално значење во прогнозата и посебниот третман на истата.

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во книга на абстакти од конгреси и семинари***

5. Taner Hasan, Kiril Pakovski, **Ivana Trajkovska**, Daniela Doneva, CvetankaVolkanovska, Natasha Nedevska-Minova, SashoPanov. ASSOCIATION OF ACEI/D GENE POLYMORPHISM WITH DIABETIC NEPHROPATHY - 5th macedonian congress of endocrinology with international participation and 5th diabetes days in Macedonia – книга на апстракти 2018, 04: 94-96

Во овој труд се дава акцент на дијабетичната нефропатија како една од најчестите микроваскуларни компликации кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2 како водечка причина за терминален стадиум на хронична бубрежна болест и денетскиот полиморфизам како сигнификантен фактор во развојот на истата.

6. Volkanovska Ilijevska C, Hasan T, Doneva D, Nedeska Minova N, **Trajkovska I** Neshovska R, Simeonova M. Empty Sella Syndrome with Profound Hypopituitarism - 5th macedonian congress of endocrinology with international participation and 5th diabetes days in Macedonia – книга на апстракти 2018, 10:103-105

Empty sella е честа појава кај обезни како резултат на зголемен интракранијален притисок (хиперкапнеа и sleep apnea го зголемуваат интракранијалниот притисок) и хипертензивни пациенти. Овој труд преставува приказ на случај кај 36годишен пациент со хипопитуитаризам, каде мултидисциплинарниот пристап со интеграција на ендокринолог,

неуролог и офталмолог е важен во поставувањето на соодветна дијагноза, менагмент, третман и следење.

7. Hasan Taner, **Trajkovska Ivana**, Balovski Marjan, Minova nayasha N, Volkanovska Ilievska Cvetanka, Doneva Daniela, Pakovski Kiril, Josifovska Slavica, Panov Sasho. Angiotensin-converting enzyme gene (I/D) polymorphism in association with diabetic nephropathy – second young scientists seminar on genetics with international participation – SGIP 2018, Sofia October 3-5, 2018

Авторот на овој труд го истакнува значењето на полиморфизмот во ангиотензин конвертирачкиот ензимот кој е поврзан со развојот на дијабетична нефропатија кај пациентите о дијабетес мелитус тип 2. Трудот ја потврди поврзаноста на генетскиот полиморфизам во развојот на дијабетичната нефропатија кај пациентите со дијабетес мелитус тип 2, нагласувајки ја потенцијалната употреба во клиничките следења, третман и прогноза.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Ивана Трајковска има голем придонес во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност.

Согласно со изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни  и соработнички звања, на Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип, Комисијата со особено задоволство му ја предлага на наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки **да ја избере асс. сци. д-р Ивана Трајковска во звање насловен доцент за наставно-научната област Хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Борче Георгиевски, претседател, с.р;
2. Проф. д-р Александар Стојановиќ, член, с.р;
3. Проф. д-р Андон Чибишев, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Избор на асистент-докторанд на УКИМ, Медицснки факултети, СКопје, предмет- интерна медицина 30.12.2016год | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 2 | Научен труд објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор (прв автор, втор автор, останати автори)<br><br>**Трудови под реден број 1 и 2 – прв автор**<br><br>1. Early and Late Complications in Patients with Allogeneic Transplantation of Hematopoietic Stem Cell – Case Report - објавен во OAMJMC 2017 June 15; 5(3): 340-343<br>2. **Ivana Trajkovska**, Borce Georgievski, Lidija Cevreska, Andrijana Gacovski, Taner Hasan, Natasha Nedeska-Minova<br>Early and late complication after allogeneic transplantation of hematopoietic stem cells – prospective –retrospective study - објавен во Mak Med Pregled 2018; 72(2): 10-81<br>**Ivana Trajkovska**, Borce Georgievski, Lidija Cevreska, Andrijana Gacovski, Taner Hasan, Natasha Nedeska-Minova<br>**Труд со реден број 3 – втор автор**<br>3. Angiotensin-converting enzyme gene (I/D) polymorphism in association with diabetic nephropathy – објавен во Medicus 2018, Vol. 23(3): 233-237<br>Hasan Taner, **Trajkovska Ivana**, Balovski Marjan, Minova nayasha N, Volkanovska Ilievska Cvetanka, Doneva Daniela, Pakovski Kiril, Josifovska Slavica, Panov Sasho<br>**Труд со реден број 4 – останати автори**<br>Association of the apoe gene polymorphism with diabetic nephropathy – објавен во Medicus 2019, Vol 24(2): 132-135<br>Taner Hasan, Kiril Pakovski, Slavica Josifovska, Marjan Baloski, Natasa Nedeska Minova, Daniela Doneva, **Ivana Trajkovska**, Cvetanka Volkanoska, Radmila Neshkovska, Sasho Panov | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научени собири<br><br>**Трудови во странство**<br><br>1. Angiotensin-converting enzyme gene (I/D) polymorphism in association with diabetic nephropathy – second young scientists seminar on genetics with international participation – SGIP 2018, Sofia October 3-5, 2018 Hasan Taner, **Trajkovska Ivana**, Balovski Marjan, Minova nayasha N, Volkanovska Ilievska Cvetanka, Doneva Daniela, Pakovski Kiril, Josifovska Slavica, Panov Sasho<br><br>**Трудови дома**<br><br>2. ASSOCIATION OF ACEI/D GENE POLYMORPHISM WITH DIABETIC NEPHROPATHY - 5th macedonian congress of endocrinology with international participation and 5th diabetes days in Macedonia – книга на апстракти 2018, 04: 94-96 Taner Hasan, Kiril Pakovski, **Ivana Trajkovska**, Daniela Doneva, CvetankaVolkanovska, Natasha Nedevska-Minova, SashoPanov<br>3. Empty Sella Syndrome with Profound Hypopituitarism - 5th macedonian congress of endocrinology with international participation and 5th diabetes days in Macedonia – книга на апстракти 2018, 10:103-105 Volkanovska Ilijevska C, Hasan T, Doneva D, Nedeska Minova N, **Trajkovska I**, Neshovska R, Simeonova M | | | | | |
| **4** | Одбранет магистерски труд во странство 2011-2012 | | | | | |
| **5** | Во периодот од 2009-2013 година член а потоа и Координатор на националната фондација за трансплантација. | | | | | |
| **6** | Одбранета докторска дисертација | | | | | |
| **7** | Инвестигатор во научен проект<br>• LPS15017 Global Premix, DM, во спонзорство на SANOFI 2019-2020 год | | | | | |
| **8** | Студиски престој во странство | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Во периодот од 2009-2013 година член а потоа и Координатор на националната фондација за трансплантација. | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНАТОМИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-226/11 од 19.11.2019 година донесена на 233 седница на наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 19.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент за научната област Анатомија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **Вонр. проф. д-р Светлана Јовевска**, вонреден професор за наставно – научната област Анатомија, вработена на Факултетот за медицински науки, при Универзитетот “Гоце Делчев” во Штип;
- **Проф. д-р Ники Матвеева**, редовен професор за наставно – научната област Анатомија, вработена на Институт за анатомија на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј”во Скопје
- **Проф. д-р Марија Папазова**, редовен професор за наставно – научната област Анатомија, вработена на Институт за анатомија на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј”во Скопје

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот/ците „Слободен печат” и „Коха“ од 07.11.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- **д-р Љупка Лазарева**, стручњак од пракса на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на наставно - научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Љупка Лазарева** е родена на 4 ноември 1990 година во Штип. Основно образование завршува во ОУ „Димитар Влахов “ во Штип со одличен успех.(5,00) Средно образование завршува со одличен успех .(5,00) во 2009 година во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“- Штип. Во 2009 година се запишува на студии на Факултет за медицински науки – Универзитет „Гоце Делчев“ Штип- Општа медицина. Во 2015 година ги завршува студиите со просечен успех 9,93 Во 2016 год. го положува државниот испит за лекар по Општа медицина. Во 2016 се вработува во ПЗУ „Д-р Драгица Атанасова“ Штип како општ доктор Во 2017год. Започнува со специјализација по Гинекологија и акушерство на Медицински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип Од 2019 год. е ангажирана како стручњак од пракса на медицински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

**Општи услови за избор:**

- просечен успех на интегрирани студии од први втор циклус (360 кредити) - 9,93
- научен степен – доктор по медицина
- нема претходен избор во звање
- има објавено два научни труда во референтна научна публикација

1. Lazareva Lj, Toneva A, “Single Pulmonary Round Mass In 19-Month-Old Female Child”. Presented at the 37th International Medical Scientific Congress for medical students and young doctors, Ohrid, Republic of Macedonia (10.05.2014 – 13.05.2014

2. Lazareva Lj, Toneva A, “Epidural Analgesia in Intraoperative and Postoperative Period”. Presented at the 37th International Medical Scientific Congress for medical students and young doctors, Ohrid, Republic of Macedonia (10.05.2014 – 13.05.2014)

- има потврда за познавање на англиски јазик, германски (Б1/1)
- покажува способност за изведување на високообразовна дејност
- има препорака од двајца професори

**Посебни услови:**

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

**д-р Љупка Лазарева** по завршувањето на студиите од 2016год. – Ангажирана е како стручњак од пракса по предметот Микробиологија со паразитологија на медицински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип;2018- 2019год. – Ангажирана како стручњак од пракса по предметот Патофизиологија на медицински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип

**Научна евалуација на научните трудови на кандидатката д-р Љупка Лазарева**

1. Lazareva Lj, Toneva A, “Single Pulmonary Round Mass In 19-Month-Old Female Child”. Presented at the 37th International Medical Scientific Congress for medical students and young doctors, Ohrid, Republic of Macedonia (10.05.2014 – 13.05.2014).

Цели: Дијагноза и третман на атипична т.н. „кружна“ пневмонија кај 19-месечно дете предизвикана од Mycoplasma pneumoniae. Заклучок: За дијагноза на овој тип на пневмонија од корист се РТГ и Pneumoslide. КТ е од значење кога се присутни клинички знаци и симптоми кои не се карактеристични за пневмонија, кога сферичната консолидација на РТГ снимката опстојува и после третманот со антибиотици и кога постојат радиографски докази дека истата е со вонпулмонално потекло (калцификации, коскена деструкција). Третманот на овој тип на пневмонија е со антибиотици, но во случај на слаб одговор на истите и атипични резултати, диференцијално дијагностички да се земат во предвид и други состојби кои можат на РТГ да дадат наод на поединечна овална маса како на пр. конгенитални малформации, туберкулоза, апсцес, небактериски инфекции, неоплазми, ехинококна белодробна циста и сл.

2. Lazareva Lj, Toneva A, “Epidural Analgesia in Intraoperative and Postoperative Period”. Presented at the 37th International Medical Scientific Congress for medical students and young doctors, Ohrid, Republic of Macedonia (10.05.2014 – 13.05.2014)

Цели: Укажување на бенефитите од епидуралната аналгезија во тек на интраоперативниот период и бенефитите на истата во текот на постоперативниот период. Заклучок: Се покажа дека епидуралната аналгезија не само што е добар начин за ослободување од болката кај пациентот во тек на постоперативниот период туку и исто така помага во редукција на дозите на применетите анестетици во текот на операцијата што е посебно многу корисно кај ризични пациенти и онаму каде се очекува оперативната интервенција да трае подолго

**Пракса и обуки**:
- 08.07.2011 – 22.07.2011 Медицинска пракса во Универзитетска болница при Медицински факултет во Самара, Русија
- 07.11.2011 – 18.11.2011 Медицинска пракса во Специјална болница за хируршки болести „Филип Втори“
- 2018-2019год – обука и успешно положени тестови за Basic Life support, Advanced

Life support, Pediatric life support и Trauma life support при Медицински симулациски центар- Скопје

- 2014год. - Basic Cardiopulmonary Resuscitation with the use of automatic external defibrillator, Ohrid, Republic of Macedonia (11.05.2014) Assoc. Dr M. Vavlukis, Dr I. Bojovski, Dr D. Kitanoski, Dr I. Kotlar, Dr F. Taneski – University Clinic of Cardiology, Skopje, Republic of Macedonia
- 2019год. – Twin pregnancy- management, risks and challenges
- 2019год. Симпозиум „Новитети во асистираната репродукција“
- 2019год.- The 6th Macedonian Ian Donald Course- Advances in ultrasound in Obstetrics, Gynecology and Neonatology

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на наведените податоци во извештајот и оценките за научно-стручната дејност на кандидатката **д-р Љупка Лазарева**, нејзината целокупна активност и искуството стекнато во наставната дејност, Рецензентската комисија констатира дека истата го исполнува условот за избор во звањето асистент од обласа на Анатомија.

Таа покажува способност за научно-истражувачка и организациско-развојна активност што се гледа од нејзините објавени научни и стручни трудови и учество на научни конференции.

Рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката **д-р Љупка Лазарева** да *биде избрана за асистент за научната област Анатомија.*

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Светлана Јовевска**, вонреден професор, претседател, с.р;
2. **Ники Матвеева**, редовен професор, член, с.р;
3. **Марија Папазова**, редовен професор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ / НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НЕФРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-226/7 од 19.11.2019 година донесена на 233 седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 19.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област Нефрологија (30212) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- **Проф. д-р Кочо Чакаларовски,** редовен професор во пензија за наставно - научната област нефрологија – претседател;
- **Проф. д-р Александар Шиколе,** редовен професор за наставно - научната област нефрологија, вработен на Универзитетска Клиника за Нефрологија во Скопје – член;
- **Проф. д-р Андон Чибишев,** редовен професор за наставно - научната област токсикологија, вработен на Универзитетска Клиника за Токсикологија во Скопје и на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и “Коха” од 7.11.2019 година и во предвидениот рок се пријавија:

1. **Насловен доцент д-р Игор Николов,** специјалист по интерна медицина – суспецијалист по нефрологија и нефрогеријатрија, вработен на Универзитетска Клиника за Нефрологија во Скопје.
2. **Д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ,** специјалист по интерна медицина – суспецијалист по нефрологија, вработена во Градска општа болница „8-ми Септември“ во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Насловен доцент д-р Игор Николов**

***Биографски податоци***

**Насловен доцент д-р Игор Николов** е роден на 5 Септември 1975 година во Скопје. Средното образование го завршил во 1994 г. во гимназијата „Никола Карев“ во Скопје со континуиран одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1994/95 г., а го завршил во 2000 г. со просечен успех 9,1. Бил корисник на државна стипендија за талентирани студенти. За време на студиите бил вклучен во повеќе научноистражувачки активности. Во 2001 г. положил државен стручен испит и добил лиценца за работа. Од 2002 г. работи на Клиниката за нефрологија каде што во 2011 година завршил специјализација по интерна медицина, а во 2019 година се стекнал со титулата суспецијалист по нефрологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Како стипендист на Агенцијата за интернационална размена на француската влада, во 2006 година завршил магистерски студии на Универзитетот “Пикарди” во Амиенс, Франција, и се стекнал со титулата магистер на медицински науки. Во учебната 2007/2008 година посетувал предавања од суспецијалноста нефрогеријатрија, а во октомври 2008 година го положил испитот по нефрогеријатрија и се стекнал со универзитетска диплома

по нефрогеријатрија. Како стипендист на Француското здружение за нефрологија, во декември 2009 година завршил докторски студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот Пјер и Марија Кири – Париз, Франција (рангиран 6ти во ЕУ) и се стекнал со титулата доктор на медицински науки.

Во учебните 2012/2013/2014, иследувал постдипломски студии по МБА - здравствен менаџмент, на Универзитетот Шефилд, Сити колеџ - Солун (рангиран 22-ри во ЕУ). Во периодот ноември 2014 - октомври 2015 бил избран за визитинг професор на Факултетот за медицина во Тулуз Рангеј, Франција. Во истиот период бил координатор на проектот за универзитетска соработка и стручна размена на лекари помеѓу Франција и Македонија.

**Општи услови за избор:**

1. Насолвен доцент д-р Игор Николов има остварен просечен успех 9.1 на прв циклус (додипломски) студии кои ги завршил во 2000 година. Завршува магистерски студии (2006), субспецијализација по нефрогеријатрија (2008 година) и докторски студии (2009 година) во Франција. Специјализација по интерна (2011 година) и субспецијализација по нефрологија (2019 година) завршува во Скопје
2. Насловен доцент д-р Игор Николог е магистер на медицински науки (2006 година) и доктор на медицинските науки (2011 година) од областа на нефрологија
3. Претходно бил биран во звањето помлад асистент по предметите Интерна медицина и Интерна пропедевтика на Медицинскиот факултет во Скопје (2003 година) и е реизбран е во истото звање во 2009 година
4. Во звањето насловен доцент е избран на Медицинскиот факултет во Скопје во 2012 година
5. Има доставено сепарати од сите негови научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации
6. Има сертификат за владеење со англиски јазик (уверение за познавање на англиски јазик од Филолошки факултет Блаже Конески при УКИМ – датум на издавање 12.2.2019) и француски јазик (потврда за познавање на француски јазик од Институт Francais датум на издавање 11.3.2014)
7. Има препораки од професори од облста на нефрологијата
8. Поседува способност за изведување на високообразовна дејност

Научните трудови со кои насловен доцент д-р Игор Николов ги исполнува законските критериуми за избор во звање насловен вонреден се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание |
|---|---|---|---|
| 1 | Dzekova Vidimliski P, **Nikolov IG,** Matevska Geshkovska N, Dimovski A, Rostaing L, Sikole A. | Review: Occult hepatitis C virus infection: Still remains a controversy. | J Med Virol. 2014 Sep;86(9):1491-98 **IF: 2.373** |
| 2 | Ognen Ivanovski, **Nikolov IG**, Davceva O, Gjorgievska K, Janevska V., | Compared with radical nephrectomy, nephron sparing Partial nephrectomy protects Apolipoprotein E defficient mice from atherosclersois progression. | Urology. 2015 May;85(5):1215 **IF: 2.365** |
| 3 | Dzekova-Vidimliski P, **Nikolov IG**, Matevska-Geshkovska N, Mena S, Rostaing L, Dimovski A, Sikole A. | Single nucleotide polymorphisms near IL28B gene and response to treatment of chronic hepatitis C in hemodialysis patients. | Ren Fail. 2015 Jul 9:1-5. **IF: 1.92** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Busic Mirela, Spasovski G, Zota V, Codreanu I, Sarajlic L, Simeonova M, Milojcic N, **Nikolov IG**, Ashkenazi T, Durro V, Delmonico L.F., | South East European Health Network Initiative for organ donation and transplantation. | Transplantation. July 2015; Vol.99, 7. **IF: 4.593** |
| 5 | Dzekova-Vidimliski P, **Nikolov IG**, Matevska-Geshkovska N, Boyanova Y, Nikolova N, Romanciuc G, Dumitrascu D, Caloska-Ivanova V, Joksimovic N, Antonov K, Mateva L, Rostaing L, Dimovski A, Sikole A. | Genetic predictors of the response to the treatment of hepatitis C virus infection. | Bosn J Basic Med Sci. 2015 Nov 12;15(4):55-59 **IF: 1.458** |
| 6 | Pavlina Dzekova-Vidimliski, **Igor G. Nikolov**, Nadica Matevska-Geshkovska, Yana Boyanova, Nina Nikolova, Krasimir Antonov ,Lyudmila Mateva, Aleksandar Dimovski, Lionel Rostaing , Aleksandar Šikole | Search for the presence of occult hepatitis C in patients with treatment-induced viral clearance using an ultrasensitive assay. | Srp Arh Celok Lek. 2016 Jul-Aug;144 (7-8):418-423 **IF: 0.253** |
| 7 | Irfan Ahmeti, Guceva N, Limani V, Mijakoski D, Ahmeti S, **Nikolov IG**; | Type 2 diabetic patients without education for diabetic foot have a higher risk score for foot ulceration and higher grade of nephropathy. | Medicus 2017, Vol 22 (1): 69-73. |
| 8 | Irfan Ahmeti, Mladenovska I, Bitovska I, Jovanovska Misevska S, **Nikolov IG**, Bozinovska N, Milenkovic T; | Patients with type 2 diabetes mellitus and diabetic nephropathy have a higher risk for foot ulceration. | Endocrine Oncology and Metabolism, 2017, DOI10.21040, page 25-31. |
| 9 | Lada Trajceska, Grcevska L, Sikole A, Stojceva Taneva O, Spasovski G, Tozija L, Selim Gj, Dejanov P, Ristovska V, Gerasimovska V, Gerasimovska K B, Nikolov V, Petronijevic Z, **Nikolov IG**, Rambabova BI, Pusevski V, Kuzmanovska SP, Severova AG, Mladenovska D, Stojanovska A | Quality of health care and mortality: Three years of expereince. | Acta morphol 2018; Vol.15(2):14-22. |
| 10 | Aleksandar Stojkoski, **Nikolov IG** | CT guided percutaneous kidney biopsy – a new method introduction. | Macedonian Journa of Anesthesiology, Number 6, May 2019. |
| 11 | Lada Trajceska, Galina Severova-Andreevska, Pavlina Dzekova-Vidimliski, **Igor Nikolov**, Gjulsen Selim, Goce Spasovski, Irena Rambabova-Busletik, Vesna Ristovska, Ladislava Grcevska, and Aleksandar Sikole | Complications and Risks of Percutaneous Renal Biopsy | Open Access Maced J Med Sci. 2019 Mar 30; 7(6): 992–995. |
| 12 | Lada Trajceska, Irena Rambabova Busletik, **Igor Nikolov**, Mimoza Milenkova, Adrijana Spasovska and Goce Spasovski | Tacrolimus Variability In Transplatation | BANTAO Journal 2019; 17(1):26-28 |

**Посебни услови**

Насловен доцент д-р Игор Николов бил на повеќегодишен студиски престој во болницата „Некер“ во Франција, каде што учествувал во научно истражувачките активности на Клиниката за нефрологија и партиципирал во клиничките активности на Одделот за адултна нефрологија. Член е на Европското здружение за нефрологија ЕРА-ЕДТА, Француското здружение по нефрологија како и на Франкофонското здружение за трансплантација. Секретар е на Union Médical Balkanique, асоцијација која ги обединува лекарите франкофони на Балканот. Член е на Здружението на нефролози при МЛД. Бил член на комитетот за управување на АУФ (Agence Universitaire de la Francophonie). Бил член на Извршниот одбор на ЛКМ во периодот 2012-2016 година, како и член на Издавачкиот совет на весникот на ЛКМ Vox Medici.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

За помлад асистент по предметот Интерна медицина бил избран во 2003, од кога и изведува практична настава за студентите по медицина и стоматологија. Реизбран е во истото звање во 2009 година, од кога и одржува вежби за студентите по медицина и стоматологија, по предметите: Клиничко испитување, Интерна медицина, Ургентна медицина, и Фамилијарна медицина. Во зимскиот семестар 2009/2010, од студентите на медицинскиот факултет бил евалуиран како најдобар асистент по предметот Интерна медицина. Во звањето насловен доцент е избран на Медицинскиот факултет во Скопје во 2012 година

За време на студиите бил учесник на 8. ЕУ-студентска конференција, одржана во болницата “Шарите” во Берлин и на 24. Годишен источен студентски истражувачки форум, одржан во Мајами, каде што бил добитник на 1-ва награда за усна презентација на клиничко-истражувачки труд, како и парична награда и претплата на Nature Medicine Journal. Бил учесник на 22. Интернационален медицински студентски конгрес во Охрид, на 8-ми Интернационален медицински студентски конгрес во Каиро, како и на тренинг работилница: „Вештини и способности во работата на терен за здравствено просветување и ХИВ/СИДА/СПБ превенција“ во Софија, Бугарија.

По дипломирањето, во јуни 2002 г. присуствувал на Летната медицинска школа за КВБ и ДМ, одржана во Охрид. Во јануари 2003 и 2005 г. учествувал на 3-тиот и 5-тиот Постдипломски курс по нефрологија, во организација на ЕРА-ЕДТА, одржани во Прага. Во 2004 г. бил учесник на 2-рата Академија за ХБИ одржана во Констанца, Романија и на 17. Подунавски симпозиум по нефрологија во Софија. Во 2004 г. бил поканет предавач на секцијата на медицинските сестри и техничари на дијализа и трансплантација. Учествувал на нефролошките актуелности на болницата „Некер“ во Париз, одржувани годишно од 2006 до 2010 г. Присуствувал на КМЕ-курсот за артериски болести при ХББ, одржан во Париз, 2005 г. и во Марсеј, 2008 г., во организација на ЕРА-ЕДТА, како и на КМЕ-курсот за уремиски токсини и КВБ, одржан во Амиенс 2008 г. Партиципирал и на 8-миот конгрес на Здружението за нефрологија во Франција, одржан во Лил 2006 г. и на 10-тиот Заеднички состанок на истото Здружение одржан во Маракеш, Мароко, 2008 г. Учествувал на ЕРА-ЕДТА конгресите одржани во Глазгов и во Стокхолм, 2006 и 2008 г. Присуствувал на XXXIV семинари за уро-нефрологија, одржани во Париз, 2008 г. Присуствувал и на 13-тите и 15-тите клиничко-биохемиски конфронтации за уролитијаза, во организација на болницата „Некер“, во 2008 и 2010 г.

**Учесник е во 6 меѓународни научни проекти**

1. Проект поддржан во периодот од 2012-2014 година од АУФ (Agence Universitaire de la Francophonie), со наслов: Facteurs génétiques prédictifs de la réponse virale sous traitement par interféron pégylé chez des patients infectés par infection le virus de l’hépatite

C (VHC), traités ou non par dialyse. BECO-2011-82-U-56115FT109.
2. Sevelamer prevents uremia-enhanced atherosclerosis progression in apolipoprotein e – defficient mice
3. Lanthanum carbonate, body lanthanum accumultion and potential liver toxicity
4. Effect of oral calcium carbonate on aortic calcification in apolipoprotein e defficient (apo e-/-) mice with chronic renal failure
5. Effect of simvastatin in apolipoprotein e-defficient mice with surgically induced chronic renal failure.
6. The calcimimetic R-568 retards uremia-enhanced vascular calcification and atherosclerosis in apolipoprotein E deficient (apoE-/-) mice.

Научни трудови објавени во целост во референтни научни списанија во последни пет години:

1. Dzekova Vidimliski P, **Nikolov IG**, Matevska Geshkovska N, Dimovski A, Rostaing L, Sikole A. Review: ***Occult hepatitis C virus infection: Still remains a controversy.*** J Med Virol. 2014 Sep;86(9):1491-98

Окултната инфекција со вирусот на хепатитис C (HCV) се карактеризира со присуство на HCV RNK во клетките на црниот дроб или мононуклеарни клетки во периферната крв на пациенти кои се серум негативни за HCV RNA, со или без присуство на антитела на HCV. Студијата претставува преглед на публикувана литература за окултна инфекција со вирусот на хепатитис Ц. Дава опис на клиничката слика, како и методи за идентификација на окултниот хепатитис Ц, кој не може да се открие во серумот на пациенти со окултен хепатитис Ц. Податоците добиени од публикуваните студии во текот на последната деценија покажале дека ефективен пристап кон дијагностицирање на инфекцијата со HCV ќе биде имплементацијата на почувствителни дијагностички испитувања на HCV RNK, а исто така и испитувањето на присуство на вирусни честички во клетките на имунолошкиот систем.

2. Ognen Ivanovski, **Nikolov IG**, Davceva O, Gjorgievska K, Janevska V., ***Compared with radical nephrectomy, nephron sparing Partial nephrectomy protects Apolipoprotein E defficient mice from atherosclersois progression.*** Urology. 2015 May;85(5):1215

Со оваа студија за прв пат се покажува дека PNX, во споредба со RNX, ја забавува прогресијата на васкуларните заболувања кај глушец со тешка атеросклероза. Овој ефект бил посредуван со спречување на хронично заболување на бубрезите предизвикано од зголемувањето на оксидативниот стрес и нарушувањата на липидите. Ова откритие може да се толкува како поддршка за проширена употреба на PNX нефронските техники кај пациенти склони кон атеросклероза кои треба да бидат подложени на операција како резултат на заболување (канцер на бубрег).

3. Dzekova-Vidimliski P, **Nikolov IG**, Matevska-Geshkovska N, Mena S, Rostaing L, Dimovski A, Sikole A. ***Single nucleotide polymorphisms near IL28B gene and response to treatment of chronic hepatitis C in hemodialysis patients.*** Ren Fail. 2015 Jul 9:1-5.

Познато е дека единечните нуклеотидни полиморфизми (SNPs) во близина на генот интерлеукин 28B (IL28B) се поврзани со одржлив вирулошки одговор после стандарден антивиролошки третман на хроничен хепатитис Ц. Во оваа студија поврдено е дека трите најшироко проучени SNPs во близина на генот IL28B се поврзани со одржлив вирунолошки одговор после антивирусен третман на хроничен хепатитис Ц кај пациенти на хемодијализа.

4. Busic Mirela, Spasovski G, Zota V, Codreanu I, Sarajlic L, Simeonova M, Milojcic N, **Nikolov IG**, Ashkenazi T, Durro V, Delmonico L.F., ***South East European Health Network Initiative for organ donation and transplantation.*** Transplantation. July 2015; Vol.99, 7.

Програмите за трансплантација на бубрег од починати донатори беа основани за прв пат во Црна Гора и Молдавија. Во исто време, се зголемил бројот на трансплантации на бубрези од починати донатори во Романија, Македонија и Бугарија како резултат на зголемувањето на бројот на починати донатори. Зголемувањето на бројот на обучени

и посветени мултидисциплинарни тимови за трансплантација, владината поддршка со ажурирања во законодавството каде што е потребно, формирањето на национални координативни тела, обуката на болничките координатори и подигнување на јавната свест придонеле за постигнување на овие цели.

5. Dzekova-Vidimliski P, **Nikolov IG**, Matevska-Geshkovska N, Boyanova Y, Nikolova N, Romanciuc G, Dumitrascu D, Caloska-Ivanova V, Joksimovic N, Antonov K, Mateva L, Rostaing L, Dimovski A, Sikole ***A. Genetic predictors of the response to the treatment of hepatitis C virus infection.*** Bosn J Basic Med Sci. 2015 Nov 12;15(4):55-59

Целта на оваа студија била да се оцени поврзаноста помеѓу трите најшироко проучени полиморфизми на генот IL28B и одговорот на антивирусната терапија на хроничен хепатитис Ц. Извршени се генотипирање на трите полиморфизми на генот IL28B: rs12979860, rs8099917 и rs12980275 кај 72 пациенти со хроничен хепатитис Ц, претходно третиран со комбинирана терапија на пегилиран интерферон алфа (PEGIFN α) и рибавирин (RBV). Поврзаноста на полиморфизмот на гените на IL28B со одговорот од лечењето укажува на можноста за персонализирана терапија за лечење на HCV инфекција.

6. Pavlina Dzekova-Vidimliski, **Igor G. Nikolov**, Nadica Matevska-Geshkovska, Yana Boyanova, Nina Nikolova, Krasimir Antonov ,Lyudmila Mateva, Aleksandar Dimovski, Lionel Rostaing , Aleksandar Šikole***Search for the presence of occult hepatitis C in patients with treatment-induced viral clearance using an ultrasensitive assay.*** Srp Arh Celok Lek. 2016 Jul-Aug;144(7-8):418-423

Истражувањето е во насока да се открие перзистентноста на окултниот хепатитис Ц кај пацијенти на хемодијализа и пациенти без бубрежна болест со инфекција од вирусот на хепатит Ц, користејќи анализи со многу низок лимит за откривање на виремија. Окултниот хепатитис Ц не може да се открие со ултрасензитивна анализа (RT-PCR анализа) ниту кај пациенти на хемодијализа ниту кај пациенти без бубрежна болест.

7. Irfan Ahmeti, Guceva N, Limani V, Mijakoski D, Ahmeti S, **Nikolov IG**; ***Type 2 diabetic patients without education for diabetic foot have a higher risk score for foot ulceration and higher grade of nephropathy***. Medicus 2017, Vol 22 (1): 69-73.

Оваа обсервациона студија која вклучува 107 пациенти на возраст од 35-65 година со дијабетес мелитус Тип 2, покажала дека метаболичките фактори на ризик, недостатокот на едукација, како и присуството на дијабетична ретинопатија имаат значително влијание врз прогресијата и ризикот за развој на дијабетско стапало и хронично заболување на бубрезите.

8. Irfan Ahmeti, Mladenovska I, Bitovska I, Jovanovska Misevska S, **Nikolov IG**, Bozinovska N, Milenkovic T; ***Patients with type 2 diabetes mellitus and diabetic nephropathy have a higher risk for foot ulceration.*** Endocrine Oncology and Metabolism, 2017, DOI10.21040, page 25-31.

Примарната цел на оваа студија била да се анализира поврзаноста помеѓу бубрежните параметри и ризикот од присуство на дијабетично стапало со употреба на Меѓународната работна група за класификација на дијабетично стапало кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2. Пациентите со дијабетес мелитус тип 2 со висок ризик за дијабетско стапало имаат значително нарушена функција на бубрезите, без значителни разлики во другите антропометриски и метаболички параметри. Едноставно мерење на креатинин во серумот може да биде корисно за откривање на пациенти со висок ризик.

9. Lada Trajceska, Grcevska L, Sikole A, Stojceva Taneva O, Spasovski G, Tozija L, Selim Gj, Dejanov P, Ristovska V, Gerasimovska V, Gerasimovska K B, Nikolov V, Petronijevic Z, **Nikolov IG**, Rambabova BI, Pusevski V, Kuzmanovska SP, Severova AG, Mladenovska D, Stojanovska A. ***Quality of health care and mortality: Three years of expereince.*** Acta morphol 2018; Vol.15(2):14-22.

Најосновната цел за подобрување на квалитетот на грижата во болниците е да се отстранат непотребните смртни случаи. Квалитетот на грижа и тригодишната смртност на клиниката за нефрологија во периодот помеѓу 2015-2017 година биле предмет на проценка во оваа студија. Смртните исходи кои се случиле во овој период на оваа клиника не било возможно да се спречат. Сепак, останува фактот дека треба да се направат напори

за натамошно обезбедување и ревизија на квалитетот на здравствената заштита.

10. Aleksandar Stojkoski, **Nikolov IG**. ***CT guided percutaneous kidney biopsy – a new method introduction.*** Macedonian Journa of Anesthesiology, Number 6, May 2019.

Биопсијата на бубрези од нејзиното воведување (1950-тите години), станала златен стандард во дијагнозата на болестите на бубрезите и ни дава информации што водат до соодветно лекување и менаџирање на овие болести. На клиниката за нефрологија за оваа цел најчесто се користела ултразвук-водената перкутана бубрежна биопсија, а во овој труд се промовира воведувањето на нов метод за прв пат на оваа клиника, а тоа е компјутерска томографска водена техника за биопсија.

11. Lada Trajceska, Galina Severova-Andreevska, Pavlina Dzekova-Vidimliski, Igor Nikolov, Gjulsen Selim, Goce Spasovski, Irena Rambabova-Busletik, Vesna Ristovska, Ladislava Grcevska, and Aleksandar Sikole. ***Complications and Risks of Percutaneous Renal Biopsy.*** Open Access Maced J Med Sci. 2019 Mar 30; 7(6): 992–995.

Во оваа студија, оценувани се компликациите од бубрежна биопсија и факторите на ризик на Клиниката за нефрологија. Анализирани биле 345 биопсии (примероци земени од пациенти на возраст од 15-81 години, од кои 61% се мажи). Како заклучок може да се каже дека бубрежната биопсија е безбедна постапка со низок ризик од компликации кога се изведува според строгиот протокол за биопсија. Корекцијата на анемија и крвен притисок треба да се земат во предвид пред биопсијата.

12. Lada Trajceska, Irena Rambabova Busletik, **Igor Nikolov**, Mimoza Milenkova, Adrijana Spasovska and Goce Spasovski. ***Tacrolimus Variability In Transplatation.*** BANTAO Journal 2019; 17(1):26-28

При ренална трансплантација се дава имуносупресивот Tacrolimus. Во оваа студија овој лек кој се дава после трансплантација не покажал умерена варијабилност кај пациентите.

Насловен доцент д-р Игор Николов има голем број активности на континуирана медицинска едукација. Учествувал на голем број меѓународни научени/стручни конференции, симпозиуми и конгреси:

1. Ivanovski N, Pavleska Kuzmanovska S, Masin Spasovsska J, Dzekova Vidimliski P, Sikole A, **Nikolov IG**, Popov Z, Anti HLA Antibodies and renal function in living donor allograft recipients – a single center cross section study in the Balkans. World Transplant Congress 2014, USA.

Пресечна студија на еден центар за трансплантација на Балканот. Авторите го проучуваат значењето на анти HLA антителата и кај пациенти со трансплантиран бубрег. Иследувањето на овие антитела денес е рутинска процедура кај следењето на пациенти со трансплантиран бубрег.

2. Irfan Ahmeti, Mladenovska I, Bulsetic Rambabova I, Nikolov IG; Degree of chronic kidney disease (CKD) in type 2 diabetic patients increase the prevalence of foot ulceration; 55th ERA EDTA Congress, Copenhagen, Denmark 2018.

Студијата го проучува степенот на хронично заболување на бубрезите кај пациенти со дијабетис тип 2 и зголемувањето на преваленцата на ХББ кај пациентите со дијабетско стапало. Значењето на поврзаноста помеѓу дијабетот, дијабетичното стопало и хроничната бубрежна болест е важна за следењето на овие пациенти.

3. Irfan Ahmeti, **Nikolov IG**, Elezi A, Mladenovska I, Bitovska I, Jovanovska MS, Bozinovska N, Milenovic T; Correlation entre les scores de risqué d'ulceration du pied chez les diabetiques et la maladie renalechronique. Nephrologie et therapeutique SFNDT, Nice 2017.

Значењето на корелацијата и скоровите за ризик од улцерација кај пациенти со дијабетично стопало и хронична бубрежна болест. Иследувањето на пациентите до ДМ2 и појавата на ХББ е стандардизирана процедура при иследувањето на овие пациенти.

4. Trajceska L, Rambabova Busletic I, **Nikolov IG**, Spasovski G; Elderly hemodialysis patients are at higher risk of death in warmer seasons. 36th Annual meeting of the International Society of Blood purification, 6-9.9.2018.

Авторите ја проучуваат поврзаноста помеѓу морталитетот кај дијализните пациенти во однос на сезоната од годината. Студијата покажува дека е зголемена смртноста во потоплите месеци од годината.

5. Dzekova Vidimliski P, Stojanoska A, Gjorgieski N, Simeonov R, Trajceska L, **Nikolov IG**, Selim G, Sikole A; Peritoneal dialysis related peritonitis rate and outcome. 36th Annual meeting of the International Society of Blood purification, 6-9.9.2018.

Авторите го проучуваат исходот на пациентит кои имале перитонитис кој што се јавува кај пациенти на перитонеална дијализа. Стапката на перитонитис кај пациенти на ПД е зголемена во однос на општатат популација, а фрекфенцијата и честотата на перитонитот игра улога во преживувањето на пацинетот како и во должината на третман на перитонеална дијализа.

6. Gjorgieski N, Dzekova Vidimliski P, Stojanoska A, Trajceska L, **Nikolov IG**, Pushevski V, Rambabova Busletic I, Gerasimovska V, Selim Gj, Spasovski G, Dejanov P; Factors associated with successful creation of three types of native arteriovenous fistula: Distal (radial cephalic), Mmiddle arm (radial cephalic) and proximal (brachial cephalic). 36th Annual meeting of the International Society of Blood purification, 6-9.9.2018.

Студијата ги проучува факторите кои се асоцирани со успешно креирање на артерио венска фистула и тоа трите видови на нативна АВФ. Успешното креирање на АВФ зависи од детално разгледување на факторите кои што влијаат како и од планирање на реализацијата на истата.

7. **Nikolov IG**, Rambabova Busletic I, Trajceska L, Dzikovski I, Nikolova D, Vasev N, Spasovski G; Breast cancer after kidney transplantation: Single case report. 19th Congress of ESOT, 2019. Copenhagen.

Појавата на малигни заболувања кај пациенти кои се трансплантирани пациенти е со зголемена фрекфенција во однос на општата популација. Повеќе фактори играат улога за појава на малигни заболувања кај овие пациенти. Заради тоа потребна е адаптација на имуносупресивната терапија и мултидисциплинарен пристап и начин на третман на пацеинтите.

8. Rambabova Busletic I, Trajceska L, **Nikolov IG**, Pushevski V, Mojsova Miovska M, Spasovski G; Monitoring of renal allograft function with different equitations. 19th Congress of ESOT, 2019. Copenhagen.

Постојат повеќе формули со кои се овозможува следењето на активноста на графтот кај пациенти кои што се со трансплантиран бубрег. Авторите го проучуваат значењето на овие формули, а се со цел да се подобри преживувањето на графтот кај пациентите со трансплантиран бубрег.

9. Rambabova Busljetic I, Trajceska L, **Nikolov IG**, Busljetic O, Mojsova Miovska M, Selim Gj, Spasovski G; Lower glomerular filtration rate estimated with Nankivell formula an 1 year in kidney transplant recipient as predictor of left ventricular diastolic disfunction. 19th Congress of ESOT, 2019. Copenhagen.

Авторите го претставуваат значењето на формулата Нанкивел и намалената стапка на големруларна филтрација кај пациенти со трансплантиран бубрег по една година од трансплантацијата.

10. Severova Andreevska G, **Nikolov IG**, Rambabova Busljetic I, Trajceska L, Ivanovski N, Popov Z; Low tacrolimus clearance saves the long term graft function after kidney transplantation – 24 months. 19th Congress of ESOT, 2019. Copenhagen.

Авторите го проучуваат нивото на клиренс на такролимусот и неговото значење за долготрајното функционирање на графтот на 24 месеци од бубрежната трансплантација.

11. Severova Andreevska G, **Nikolov IG**, Trajceska L, Ivanovski N, Popov Z; Clinical importance of proteinuria and anti HLA antibody in renal allograft function. 19th Congress of ESOT, 2019. Copenhagen.

Авторите го проучуваат значењето на анти HLA антителата и кај пациенти со трансплантиран бубрег. Иследувањето на овие антитела денес е рутинска процедура кај следењето на пациенти со трансплантиран бубрег.

12. Severova Andreevska G, **Nikolov IG**, Trajceska L, Ivanovski N, Popov Z; High percentage

of mixed graft injuries in kidney transplant recipients revealed de novo DSA and non DSA anti HLA antibodies – 12 months protocolar biopsy study. 19th Congress of ESOT, 2019. Copenhagen.

Пресечна студија на 12 месеци од трансплантација на бубрег која го проучува значењето де ново ДСА и нон ДСА антителата кај пациенти со трансплантиран бубрег.

13. Severova Andreevska G, Trajceska L, **Nikolov IG**, Spasovski G, Ivanovski N, Rambabova Busljetic I; Proteinuria and anti HLA antibody in renal allograft function. 15th BANTAO Congress 26-29 September 2019.

Авторите го проучуваат значењето на протеинуријата и анти ХЛА антителата при следењето на функцијата на реналниот алографт. Овие параметри се дел од редовно иследување кај пациентите со трансплантиран бубрег.

14. Mladenovska D, Trajceska L, **Nikolov IG**, Rambabova Busljetic I, Spasovski G; Psychological evaluation of living kidney transplantation. 15th BANTAO Congress 26-29 September 2019.

Автоирите презентираат резултати од психолошката евалуација на пациентите кои што се со трансплантиран бубрег. Значењето на психолошката евалуација на пациентите кои се подготвуваат за трансплантација е многу важна за понатамошното следење и предвидување на комплијансата и преживувањето на графтот.

15. Stojanoska A, Gjorgijevski N, Popovksa B, Janevski Z, Canevska Taneska A, **Nikolov IG**, Trajceska L, Severova Andreevska G, Rambabova Busljetic I, Dzekova-Vidimliski P, Petronijevic Z, Ristovska V, Selim Gj, Spasovski G, Stojanoska Gogjoska S, Petrusevska G; Prostatic specific antigen level and ultrasound calculated prostatic gland volume in prostatic cancer and benign prostatic hyperplasia. 15th BANTAO Congress 26-29 September 2019.
16. Spasovska A, Trajceska L, Milenkova M, Rambabova Busljetic I, **Nikolov IG**, Spasovski G; Are renal patients with 0 blood type frailer and negative on the transplant waiting list? 15th BANTAO Congress 26-29 September 2019.

Анализата ги проучува пациентите со 0-та крвна група и нивната честота на листата за чекање за трансплантација.

17. Trajceska L, **Nikolov IG**, Rambabova Busljetic I, Spasovski G; Tacrolimus intra-patient variability and metabolism type in stable kidney transplant recipients. 15th BANTAO Congress 26-29 September 2019.

Варијабилноста на имуносупресивот такролимус кај пациентите кои што се со трансплантиран бубрег е важна заради одржувањето на стабилен имуносупресивен режим кај овие пациенти. Авторите ја проучуваат варијабилноста и значењето за одржувањето на функцијата на графтот кај трансплантираните пациенти.

18. Gjorgieski N, Dzekova Vidimliski P, Stojanoska A, Pushevski V, Rambabova Busletic I, **Nikolov IG**, Misovska N, Spasovski G, Dejanov P; Treatment strategy of humerous fracture in patient with arteriovenous fistula for hemodyalisis: case report. 15th BANTAO Congress 26-29 September 2019.

Авторите ги проучуваат и предвидуваат терапевтските стратегии кај пациент со фрактура на хумерус, а за креирање на артериовенска фистула. Значењето на вистинската стратегија при креирањето на АВФ е важна за понатамошниот третман на пациентите на дијализа.

19. Janevski Z, Ristovska V, **Nikolov IG**, Severova Andreevska G, Stojanoska A, Canevska Taneska A, Petrusevska G; Collapsing glomerulopathy – case report. 15th BANTAO Congress 26-29 September 2019.

Авторите презентираат случај на пациент со колабирачки гломерулонефрит кој бил иследуван, дијагностициран и третиран на УК Нефрологија.

20. Dzekova Vidimliski P, **Nikolov IG**, Matevska N, Dimovski A, Sikole A; IL28B single nucleotide polymorphisms are associated with the response to treatment with pegylated interferon in hemodialysis patients with chronic hepatitis C. 15th BANTAO Congress 26-29 September 2019.

Авторите ја проучуваат асоцираноста на полиморгизмите на IL28B нуклеотидот со одговорот при третманот со пегилиран интерферон кај дијализните пациенти со хроничен хепатитис Ц.

21. Dzekova Vidimliski P, **Nikolov IG**, Trajceska L, Selim Gj, Gjorgievski N, Stojanoska A, Simeonov R, Sikole A; Predictors of peritonistis in patients on peritoneal dyalisis. 15[th] BANTAO Congress 26-29 September 2019.

Авторите ги проучуваат факторите кои што можат да бидат предиктори за перитонитис кај пациенти кои што се на перитонелана дијализа. Појавата на перитонит е зачестена кај ПД и заради тоа значењето на предвидувањето на појава на перитонит е пресудно за преживувањето на овие пациенти.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамки на наставно-образовната и научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека насловен доцент д-р Игор Николов е исклучително посветен и прагматичен научник и истражувач со завидни резултати во кариерата. Насловен доцент д-р Игор Николов бил организатор, предавач и член на научен и организациски одбор на повеќе меѓународни научни конгреси, научни собири, работилници, семинари, во земјава и во странство, каде што остварил забележителни резултати и успеси, за што се стекнала со соодветни сертификати, дипломи и уверенија. Автор е и коавтор на повеќе трудови од кои 31 се трудови со оригинални научни резултати, а 25 се индексирани на PubMed. Научните трудови чиј автор е насловен доцент д-р Игор Николов претставуваат значаен придонес кон развојот и унапредувањето на научната дејност во областа на нефрологијата.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Насловен доцент д-р Игор Николов бил член на организациониот одбор на 7-миот БАНТАО-конгрес одржан во Охрид, 2005 г. и на XXXVII ЕСАО-конгрес одржан во Скопје 2010 г. Бил на повеќегодишен студиски престој во болницата „Некер“ во Франција, каде што учествувал во научно истражувачките активности на Клиниката за нефрологија и партиципирал во клиничките активности на Одделот за адултна нефрологија. Таму се стекнал и со титулата магистер на медицински науки, како и доктор на медицински науки. Во болницата „Бишат“ во Париз го положил испитот по супспецијалноста по нефрогеријатрија и се стекнал со универзитетска диплома по нефрогеријатрија. Во учебната 2008/2009 година посетувал предавања од супспецијалноста нефролитијаза и под раководство на проф. Лакоур и проф. Кнебелман иследувал пациенти со ренална литијаза. Во 2016 година во болницата «Св Луј» во Париз, посетувал клинички курс по ехостетоскопија во рамките на обуката на специјализантите на клиниката за воведување на оваа метода како рутинска.

Член е на Европското здружение за нефрологија ЕРА-ЕДТА, Францускотo здружение по нефрологија како и на Франкофонското здружение за трансплантација. Секретар е на Union Médical Balkanique, асоцијација која ги обединува лекарите франкофони на Балканот. Член е на Здружението на нефролози при Македонското Лекарско Друштво. Бил член на комитетот за управување на АУФ (Agence Universitaire de la Francophonie). Бил член на Извршниот одбор на Лекарската Комора на Македнија во периодот 2012-2016 година, како и член на Издавачкиот совет на весникот на ЛКМ Vox Medici. Бил секретар на 4. Национален конгрес по нефрологија со меѓународно учество кој се одржал 2012 година во Скопје.

Воведува метода на морфолошка анализа и класификација на калкули од урогенитален тракт, која се изведува на УК за урологија и УК за нефрологија, за што има добиено награда First Richard Wolf Award од Европската асоцијација за урологија. Како шеф на Одделот за Трансплантација при УК за Нефрологија во периодот 2013-2014 година, активно учествува во реактивирање на процедурата на трансплантација на органи од кадаверичен дарител.

Автор е на глава од стручна и научна книга ”Chronic Kidney Disease”, ISBN 978-953-51-0171-0, објавен 2012 г. на англиски јазик. Координатор е на меѓународен регионален проект подржан во периодот 2012-2014 година од АУФ (Agence Universitaire de la Francophonie).

Автор е на брошурата за пациенти: Кога животот запира подари живот (брошура за кампања на Мактрансплант и ЛКМ (2013/10)). Бил член на Комисија за изработка на

подзаконски акти на законот за трансплантација и Член на уредувачки совет на Вокс Медици. – Списание на Лекарската комора на Македонија.

Активно се служи со францускиот (ниво C1) и со англискиот јазик (Tofel score 89), како и со бугарскиот и српскиот јазик, а делумно зборува албански и руски.

Насловен доцент д-р Игор Николов е добитник на повеќе награди и признанија:

1. **Igor NIKOLOV,** Drueke Tilman, Massy Ziad. Le calcimimétique R-568 reduit la progression des calcification vasculaires et de l'atherosclerose acceleree chez la souris Apo E-/- uremique. 9eme reunion commune de la SN et SFD, Lyon, 2007. Награда за најдобра орална презентација. (Kniga 1 - Abstrakti, str.42).
2. Награда „Richard Wolf" за најдобар и најиновативен постер, презентиран на 9$^{th}$ SEEM Thesaloniki meeting of EAU.
3. Диплома од Македонско Лекарско Друштво, 7. 4.2013

**Д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ**

***Биографски податоци***

**Д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ** е родена на 11.08.1977 год во Скопје. Средното образование го завршува во 1996 год во гимназијата Никола Карев во Скопје со одличен успех, како првенец на генерацијата. Со високо образование се стекнува на Медиицнскиот факултет во Скопје, каде што дипломира во 2002 год со просечен успех 9.03. По завршувањето на стручниот стаж се вработува во ПЗУ Филип Втори, а подоцна во ПЗУ Диамед приватна болница за нефрологија и хемодијализа. Во 2014 год се вработува во ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември, на одделот за нефрологија и хемодијализа. Специјалистички испит по областа на интерна медицина го положува во Декември 2009 год со што се стекнува со звањето специјалист по интерна медицина. Во 2009 год ги завршува и магистерските додипломски студии од областа на нефрологијата. Во 2016 год ги завршува докторските студии по нефрологија, во 2019 год се стекнува со звањето супспецијалист по нефрологија.

**Општи услови за избор:**

1. Д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ има остварен просечен успех 9.03 на прв циклус (додипломски) студии кои ги завршила во 2002 година. Специјализација по интерна (2009 година) и субспецијализација по нефрологија (2019 година) завршува во Скопје
2. Д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ е магистер на медицински науки (2009 година) и доктор на медицинските науки (2016 година) од областа на нефрологија
3. Има доставено сепарати од сите нејзини научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации
4. Има сертификат за владеење со англиски јазик (уверение за познавање на англиски јазик од Работнички Универзитет „Кочо Рацин" – датум на издавање 09.06.1996)
5. Има препорака од работодавец и тројца професори од облста на нефрологијата
6. Поседува способност за изведување на високообразовна дејност

Научните трудови со кои Д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ ги исполнува законските критериуми за избор во звање насловен доцент се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание |
|---|---|---|---|
| 1 | **N.Eftimovska-Otovic,** R.Grozdanovski, B.Taneva,O.Stojceva-Taneva | Clinical characteristics of patients with intradialytic hypertension | Contribution. Sec of Med Sci. 2015; Vol 2: 187-195 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | N.Petkovikj. I.Eftimovska-Rogac. **N.Eftimovska-Otovic** | Comparation of the accurancy of hospital mortality of cardiovascular disease between two hospitals in the Republic of North Macedonia | Physioacta.2019; Vol 13(1): 67-76 |
| 3 | **N.Eftimovska-Otovic,** O.Stojceva-Taneva | Clinical effects of standard and individualized dialysate sodium in patients on maintence hemodialysis | Open acces, Med J Med Sci. 2016; 4(2)> 248-252 |
| 4 | O. Stojceva-Taneva.**N.Eftimovska-Otovic.** B.Taneva | Prevalence of diabetes mellitus in patients with chronic kidney disease. | Open acces, Med J Med sci. 2016 4(1): 79-82 |
| 5 | N.Petkovikj. I.Eftimovska-Rogac.**N.Eftimovska-Otovic** | Accurancy of detah certification from cardiovascular mortality in secondary care hospital | Archives of public health.2019; Vol 11(2): 26-33 |

**Посебни услови**

Од 2010 година Д-р Наташа Ефтимовска –Отовиќ работи активно во областа на нефрологијата, на почетокот во ПЗУ Диамед, а од 2014 година во ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември на одделот за нефрологија и хемодијализа. Во 2016 година по завршување на докторските студии работи како раководител на одделот за нефрологија и хемодијализа.

Д-р наташа Ефтимовска –Отовиќ е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември како раководител на одделот за нефрологија и хемодијализа. Биле воведени нови методи кои дотогаш не се работеа на одделот, како поставување на времени васкуларни пристапи за хемодијализа (феморални и југуларни внески катетри), проширување на ехосонографските методи со воведување на доплер сомографија на ренални артерии, аспирација и пункција на ренални цисти и ренална биопсија, како и акутно хемодијализно лекување на пациенти со акутно бубрежно оштетување и третирање на пациенти со гломерулонефрити.

Д-р Наташа Ефтимовска-Отовиќ има реализирано повеќе стручни престои и едукации меѓу кои се:

- Ренална академија организирана од ЕРА-ЕДТА во Р.Романија, јуни 2007 година
- Напреден курс по епидемиологија и статистика во организазија на ЕРА-ЕДТА, Р.Грција, 2008 год
- Школа за млади нефролози во организација на ЕРА-ЕДТА во Р.Унгарија, 2008 год

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Во рамки на наставно-образовната дејност на Универзитет Гоце Делчев, Медицински факултет, учествува како стручен едукатор во рамки на специјализациите од областа на нефрологијата.

Во Декември 2009 година го полага специјалистичкиот испит со што се стекнува со звање специјалист по интерна медицина на Медицински факултет Скопје.

Магистерски студии запишува во 2004 година и успешно ги завршува во Јуни 2009 год со одбарана на магистерскиот труд со наслов: „Преваленција и ризик фактори асоцирани со хронична бубрежна болест“ во Р.Македонија, со што се стекна со звање магистер по нефрологија.

Доктoриски студии запишува на медицински факултет во Скопје (2011 год) и ги завршува во Декември 2016 год со просечен успех 10.0. Докторскиот труд со наслов „Компарација на клинички ефекти при користење на различни методи на прескрипција на индивидуализран дијализатен натриум кај пациенти на хронична хемодијализа“ го одбранила на 12.12.2016 год со што се стекнал со научен степен доктор на медицински науки.

**Учествува во бројни обуки, тренинзи и работилници.**

Активно учестувала во клинички истражувања, како коистражувач во 3 клинички студии и како главен исражувач во 2 клинички студии во 3 фаза на испитување на лек.

Научни трудови објавени во целост во референтни научни списанија во последни пет години:

1. **N.Eftimovska-Otovic**, R.Grozdanovski, B.Taneva,O.Stojceva-Taneva. ***Clinical characteristics of patients with intradialytic hypertension.*** Contribution. Sec of Med Sci. 2015; Vol 2: 187-195

Трудот дава осврт на пациенти со покачен крвен притисок во тек на дијализното лекување, кои се нивните карактеристики и лабораториски параметри, како и потенцијални механизми занастанување на интрадијализната хипертензија.

2. N.Petkovikj. I.Eftimovska-Rogac. **N.Eftimovska-Otovic** ***Comparation of the accurancy of hospital mortality of cardiovascular disease between two hospitals in the Republic of North Macedonia*** Physioacta.2019;Vol 13(1): 67-76

Трудот дава осврт на компарација на хоспиталната стапка на смртност од кардиоваскулаторно потекло во две болници, која е инциденцата и превеленцата, како и варијациите на стапката на смртноста во различни здравествени установи.

3. **N.Eftimovska-Otovic**, O.Stojceva-Taneva ***Clinical effects of standard and individualized dialysate sodium in patients on maintence hemodialysis*** Open acces, Med J Med Sci. 2016; 4(2)> 248-252

Трудот дава осврт на клиничките ефекти врз пациентите при прескрпиција на стандарден и индивидуализран дијализатен натриум. Трудот потврди дека прескприцијата на индивидуализран натриум е со најмалку компликации кај пациентите на хронична хемодијализа.

4. O. Stojceva-Taneva. **N.Eftimovska-Otovic**. B.Taneva ***Prevalence of diabetes mellitus in patients with chronic kidney disease.*** Open acces, Med J Med sci. 2016 4(1): 79-82

Трудот дава осврт на преваленцијата на дијабетот кај пациенти со хронична бубрежна болест и дека дијабетот заедно со хипертензијата се најчестите ризик фактори за настанување на хронично бубрежно заболување.

5. N.Petkovikj. I.Eftimovska-Rogac. **N.Eftimovska-Otovic** ***Accurancy of detah certification from cardiovascular mortality in secondary care hospital***. Archives of public health.2019; Vol 11(2): 26-33

Трудот дава осврт на стапката на смртност од кардиоваскуларна етиологија во болници од секундарна здравствена заштита, поточно во ГОБ 8-ми Септември врз основа на лекарските извештаи, при што е заклучено дека истите не се потполнуваат со точност и не може да се земат со сигурност при одредување на стапката на смртност од кардиоваскуларно потекло.

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

Во рамки на наставно-образовната и научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Наташа Ефтимовска-Отовиќ е исклучително посветен научник и истражувач со завидни резултати во кариерата. Д-р Наташа Ефтимовска-Отовиќ учествува во бројни обуки, тренинзи и работилници, каде што остварила забележителни резултати и успеси, за што се стекнала со соодветни сертификати. Автор е и коавтор на повеќе научни трудови во меѓународни списанија и во зборници / книги на бстракти. Научните трудови чиј автор е Д-р Наташа Ефтимовска-Отовиќ претставуваат значаен придонес кон развојот и унапредувањето на научната дејност во областа на нефрологијата.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Од доставените биографски и библиографски податоци на Д-р Наташа Ефтимовска-Отовиќ, очигледно е дека таа учествува активно на голем број обуки и работилници од подрачјето на нефрологијата, притоа се стекнала со неопходното искуство за примена за здобиените практични знаења.

Д-р Наташа Ефтимовска-Отовиќ учествува и во голем број на конференции и други научни манифестации од областа на нефрологијата, со усни и постер презентации.

Д-р Наташа Ефтимовска-Отовиќ е искусен професионалец во својата област, со специјалистички стаж од 10 години. Член е на повеќе медицински организации, како: Македонско Лекарско Друштво, Здружение на интернисти на Р.Македонија, Европска Ренална Асоцијација – Европска Асоцијација за Дијализа и Трансспланатација (ЕРА-ЕДТА).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на приложените документи, со кои се исполнуваат општите и посебни услови за избор во звање, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека двајцата кандидати ги исполнуваат условите согласно консурсот за избор во звање. Од целокупната досегашна работа, насловен доцент д-р Игор Николов има поголем придонес во наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност и со тоа и предност во однос на кандидатката Д-р Наташа Ефтимовска-Отовиќ.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки **да го избере насловен доцент д-р Игор Николов во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област Нефрологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. Д-р Кочо Чакаларовски, претседател
2. Проф. Д-р Александар Шиколе, член
3. Проф. Д-р Андон Чибишев, член

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

### Насловен доцент д-р Игор Николов

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени |
|---|---|---|
| **1** | Избор во звање помлад асистент по Интерна медицина | 10 |
| **4** | Избор во звање насловен доцент | 30 |
| | **ВКУПНО** | **40** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **3** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15/10/5)<br>Труд под реден бр: 1, 2, 3, 5 и 6 – втор автор 5 x 10 = 50 бода<br><br>Труд со реден бр. 4 – останати автори<br>1 x 5 = 5 бода | 5 x 10 = 50<br>1 x 5 = 5 | | | | **55** |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3 )<br>Труд под реден бр. 10 - втор автор 1 x 6 = 6 бода Труд под реден бр. 7, 8, 9, 11 и 12 – останати автори 5 x 3 = 15 бода | 1 x 6 = 6<br>5 x 3 = 15 | | | | **21** |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Труд под ред. бр. 13, 14 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24 - во странство **12 x 3 = 36 бода**<br>Труд под реден бр. 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32 и 33 - дома **9 x 2 = 18** | 9 | 2 | 12 | 3 | **54** |
| **10** | Одбранета докторска дисертација | | | 8 | | **8** |
| **11** | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | | 6 | | **6** |
| **12** | Одбранет магистерски труд | | | 4 | | **4** |
| **13** | Раководител на научен проект | | | 6 | | **6** |
| **14** | Учесник во научен проект | | | 3 | 3 | **9** |
| **16** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>( 4/2/1)<br>∑ Лекарски весник, издание на Македонско лекарско друштво | 1 | 1 | | | **1** |
| **20** | Член на организациски или научен одбор на научен собир | | | 8 | 2 | **16** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **21** | Основач на научна лабораторија | 4 | | | | **4** |
| **22** | Награди-признанија за научни-постигнувања<br>∑ **Igor NIKOLOV,** Drueke Tilman, Massy Ziad. Le calcimimétique R-568 reduit la progression des calcification vasculaires et de l'atherosclerose acceleree chez la souris Apo E-/- uremique. 9eme reunion commune de la SN et SFD, Lyon, 2007. Награда за најдобра орална презентација. (Kniga 1 - Abstrakti, str.42).<br>∑ Награда „Richard Wolf„ за најдобар и најиновативен постер, презентиран на 9th SEEM Thesaloniki meeting of EAU.<br>∑ Диплома од МЛД, 7. 4.2013 | 5 | | 10 | | **15** |
| **23** | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| **24** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати (2/1,5/1) | | | 20 | 1 | **20** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **227** |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **2** | Поглавје од книга | | | 1 | 7 | **7** |
| **13** | Учесник во научен проект | | | 3 | 8 | **24** |
| **26** | Раководител на оддел | 3 | | | | **3** |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела –<br><br>Член на комисија за изработка на Закони и подзаконски акти *"Закон за изменување и дополнување на законот за земање за трансплантација"*, Соодветни подзаконските акти и уредби. | 5 | | | | **5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **39** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **306** |

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**Д-р Наташа Ефтимовска-Отовиќ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор во звање помлад асистент | | | | | |
| 2 | Избор во звање помлад асистент | | | | | |
| 3 | Избор во звање асистент докторанд | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3 )<br>Труд под реден бр. 1 и 3 - прв автор 2 x 9 = 18 бода<br>Труд под реден бр. 4 - втор автор 1 x 6 = 6 бода Труд под реден бр. 2 и 5 – останати автори 2 x 3 = 6 бода | 2 x 9 = 18<br>1 x 6 = 6<br>2 x 3 = 6 | | | | **30** |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | **8** |
| 11 | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | 6 | | | | **6** |
| 12 | Одбранет магистерски труд | 4 | | | | **4** |
| 13 | Раководител на научен проект | 4 | | | | **4** |
| 14 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br>**3 x 2 = 6 бода** | 3 | 2 | | | **6** |
| 21 | Основач на научна лабораторија | 4 | | | | **4** |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70** |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 13 | Учесник во научен проект | 2 | 5 | | | **10** |
| 26 | Раководител на оддел | 3 | | | | **3** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **13** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **83** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-179/18 од 30.9.2019 година донесена на 230 седница на наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област Здравствен менаџмент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- Проф.д-р Бистра Ангеловска, редовен професор за наставно-научната област Социјална фармација и фармацевтска технологија, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – претседател
- Проф.д-р Еленица Софијанова, редовен професор за наставно-научната област Менаџмент, вработена на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член
- Проф.д-р Милка Здравковска, редовен професор за наставно-научната област Епидемиологија и здравствена статистика и информатика, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот/ците „Нова Македонија” и „Лајм“ од 6.9.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- **Д-р Марјан Ѓепароски,** магистер по фармација, специјалист по фармацевтска технологија, доктор на фармацевтски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на наставно - научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот Марјан Ѓепароски е роден во Струга, 1969 година. Додипломските студии ги завршил во 1992 год. на Фармацевтски факултет во Скопје со просек 8,39.

Специјалистичките студии ги завршил во 2003 год. на Фармацевтски факултет во Скопје со специјалистички труд под наслов „Формулација и испитување на перорален раствор со преднизолон“ и се стекнал со звањето специјалист по фармацевтска технологија

Докторската дисертација на тема „ВЛИЈАНИЕТО НА ФАРМАЦЕВТСКАТА РЕГУЛАТИВА НА КРЕИРАЊЕ ПЛАН ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НОВ ПРЕПАРАТ НА ПАЗАРОТ“ја одбранува во 2019 година на Фармацевтски факултет во Скопје, а сите обврски од студиската програма ги извршил со просечна оценка 9,66 со 181 ЕКТС кредити.

Работи во компанијата ВАРУС 18 години на различни позиции, како менаџер и технички директор.

Вработен е од 2013 година во компанијата ќерка БИОНИКА Фармацеутикалс како менаџер на Регулатива и фармаковигиланца.

За време на работењето учествува на бројни семинари, симпозиуми, конгреси и обуки.

Има рецензирано голем број стручни текстови во повеќе списанија со меѓународен уредувачки одбор: *Open Access Maced J Med Sci., Athens Journal of Health and Medical Sciences*, *International Journal of Pharmaceutical and Healthcare Marketing*.

Освен македонски, ги зборува и следните странски јазици: англиски, германски, француски и српскохрватски.

Член на Фармацевтската комора на Р. Македонија, Европската федерација за биотехнологија (ЕФБ) и АТИНЕР (Атински институт за образование и истражување).

**Општи услови за избор:**

Кандидатот Д-р Марјан Џепаровски ги исполнува сите услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на доцент, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на рецензентската комисија и тоа:

- просечен успех на студиите од 8.39 (повеќе од 8.0)
- Доктор на фармацевтски науки со одбранет труд од областа Здравствен менаџмент
- објавени најмалку четири научно истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години:

1. Dzeparoski, Marjan,Trajkovic-Jolevska, Suzana: “Impact of regulation on advertisingand promotion of traditional herbal medicines and food supplements”. *IJPHM,*Vol.12 Iss 1, 2018, pp. 77-90 (***Impact Factor 0.760)***
2. Dzeparoski M. “Treatment Algorithm for Chronic Anal Fissure – A Review of Literature and it’s Apply in University Clinical Center Mother Teresa – Skopje.” *Maced J Med Sci.2014 July 30;* 7(3):529-531
3. Dzeparoski M and Trajkovic-Jolevska S. “Comparative analysis of advertising and promotion of traditional herbal medicine and food supplement at different markets - case study”. *Maced. pharm. bull., 62(suppl) 167 - 168 (2016)*
4. Dzeparoski, Marjan,Trajkovic-Jolevska, Suzana:“Analysis of Marketing Strategy for Food Supplements and Over-The-Counter Medicines”. *Open Access Maced J Med Sci.* http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2016.075

- кандидатот приложи потврда за познавање на англискиот јазик
- поседува способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

- Постигнувањата во примената на научноистражувачките резултати кандидатот ги манифастира во текот на докторските студии на Фрамацевтскиот факултет при УКИМ Скопје, при изработката на докторската дисертација и објавените и презентирани трудови
- Кандидатот приложи две препораки од професори
- Има повеќе од 5 години работно искуство по завршувањето на интегрираните студии по фармација и повеќе од 5 години работно искуство по завршувањето на специјализацијата од областа Фармацевтска технологија
- Не е во работен однос на Универзитетот и согласно Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник број 43, септември 2019), член 10 став 2 и член 14 став 2 нема рецензирана скрипта и практикум
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето вкупно 86.5

Кандидатот ги исполнува општите и посебните услови за избор.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот е вработен во компанијата ВАРУС 18 години на различни позиции, како менаџер и технички директор. За време на работењето активно учествува во обуката на млади фармацевти за потребите на установата во која работи, особено од областа на неговата специјализација и менаџментот.

„ВЛИЈАНИЕТО НА ФАРМАЦЕВТСКАТА РЕГУЛАТИВА НА КРЕИРАЊЕ ПЛАН ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НОВ ПРЕПАРАТ НА ПАЗАРОТ“, докторска дисертација, 2019, Скопје,

Маркетинг стратегиите на додатоците на исхрана и ОТС-лековите се комплексни, сложени и се разликуваат. Во дисертацијата авторот дава компаративна анализа на маркетинг стратегијата на овие две категории производи, како и компаративна анализа на нивната промоција, односно рекламирање во 2 маркетинг студии на случаи. Дискутираните можности за хармонизација се применливи и реални и можат позитивно да придонесат за подобар проток и пуштање во промет на додатоцитена исхрана и на хербалните/ ОТС-лекови.Согледувањата од тезата можат да се искористат за развој на стратегии за маркетинг во поширока смисла и за други производи, како и за други компании и во други земји од интерес, со слична регулатива.

„Формулација и испитување на перорален раствор со преднизолон“, специјалистички труд, 2003, Скопје

Во специјалистичкиот труд се изработени 2 формулации на перорален раствор со преднизолон, како тешко растворлива супстанција во вода. Применета е метода на корастворување со 3 растворувачи, а формулирањето е олеснето со примена на трофазен микстура-експериментален дизајн. И двете формулации ги задоволиле барањата за квалитет на перорални раствори според Ph.Eur., а спроведено е и компаративно испитување на стабилноста на препаратите.

**Научен труд објавен во меѓународно научно списание до 2014 година**

1. Dzeparoski M. Pharmacoeconomics. *Maced J Med Sci. 2013 Mar 15; 6(1):102-105*

Во трудот е даден преглед на терминологијата, технологијата и методологијата на фармакоекономските евалуации кои се користат како помош на лекарите, болниците, осигурителните компании, пациентите и здравствените работници во донесувањето правилни одлуки за изборот на терапијата. Трудот има научна и апликативна вредност.

**Труд во стручно (научно-популарно) списание до 2014 година**

2. Џепароски М., Златен корен (Rhodiola Rosea) – револуционерна херба на 21 век, *Аптекар 2, Мај 2013; 28-30*

Во трудот е опфатен историјатот, медицинската употреба, фармаколошките и клинички студии, дејството и употребата како адаптогена дрога, како и очекувањата за понатамошната употреба и истражувања на билката златен корен (Rhodiola Rosea). Трудот има стручно-апликативна вредност.

3. Џепароски М., Горчлива диња (Momordicacharantia)–природен антидијабетик, *Фармацевтски информатор 34,Јули 2013; 40-41*

Во трудот е опфатен историјатот на примената на билката горчлива диња (Momordicacharantia), хемискиот состав,дејството и употребата, фармаколошките и клинички студии кај лица со дијабетес тип 2 и понатамошните перспективи за нејзина употреба. Трудот има стручно-апликативна вредност.

4. Џепароски М., Коњски опаш (Equisetum arvense L.) – природен диуретик, *Аптекар 3, Септември 2013; 28*

Во трудот авторот го опфаќа историјатот на примената на билката коњски опаш (Equisetum arvense) како природен диуретик, хемискиот состав,нејзиното дејство и употреба одобрени од германската комисија Е, како и идните перспективи на Equisetum arvense во однос на клинички недокажаните дејства. Трудот има стручно-апликативна вредност.

5. ЏепароскиМ., Валеријана (Valerianaofficinalis L.)– природен седатив, *Фармацевтски информатор 35, Октомври 2013; 48-49*

Во трудот авторот го опфаќа историјатот на употреба на валеријаната(Valeriana officinalis) во традиционалната кинеска и африканска медицина, ајурведа, Европа и

САД, хемискиот состав,фармаколошките студии, клиничките студии нејзиното дејство и употреба одобрени од германската комисија Е, како и употребата во народната медицина во однос на клинички недокажанитедејства. Трудот има стручно-апликативна вредност.

6. Цепароски М. “Алфа киселини – екстракт од хмељ (HumulusLupulus L.) – уникатен хербален антиинфламатор”. *Аптекар 4, Декември 2013; 26-28*

Во трудот авторот го опфаќа откривањето на алфа киселините кои се екстрахирани од растението хмељ (HumulusLupulus),нивниот механизам на дејство, клиничките студии и дејството и употребата во менаџментот на болка, предизвикани од инфламација. Трудот има стручно-апликативна вредност.

**Трудови печатени во списанија со ИФ *во периодот од 2014 до 2019 година***

7. Dzeparoski, Marjan, Trajkovic-Jolevska, Suzana: “Impact of regulation on advertising and promotion of traditional herbal medicines and food supplements”. *IJPHM,* Vol. 12 Iss 1, 2018, pp. 77-90 (***IF 0.760)***

Додатоците на исхрана подлежат на полиберална регулатива во споредба со хербалните/лекови кои се издаваат без рецепт, но не треба да се припишуваат индикации и својства што ги немаат. Регулативата е построга и покомплексна кај лековите кои се издаваат без рецепт како посебна класа на лекови, тие мора да бидат во корелација со регистрираните својства и индикации и се предмет на одобрување од страна на регулаторните тела. Трудот има научна вредност.

***Трудови објавени во меѓународни научни списанија во периодот од 2014 до 2019 година***

8. Dzeparoski M. “Treatment Algorithm for Chronic Anal Fissure – A Review of Literature and it’s Apply in University Clinical Center Mother Teresa – Skopje.” *Maced J Med Sci.2014 July 30;* 7(3):529-531

Врз основа на достапната литература и искуствата во Клиничкиот центар Мајка Тереза – Скопје изработен е и предложен е алгоритам за третман на хронични анални фисури во Р. Македонија во 3 нивоа, започнувајќи од најмалку инвазивната метода па се до најинвазивната. Алгоритамот овозможува изводливост, ефективност и ефикасност на трошоците, како и намалување на ризикот од хируршките последици. Трудот има научна и апликативна вредност.

9. Dzeparoski M and Trajkovic-Jolevska S. “Comparative analysis of advertising and promotion of traditional herbal medicine and food supplement at different markets - case study”. *Maced. pharm. bull., 62 (suppl) 167 - 168 (2016)*

Во трудот е дадена компаративна анализа на рекламирањето и промоцијата на традиционален хербален лек и додаток на исхрана на 2 различни пазари, при што е утврдено дека постојат разлики во маркетингот на овие 2 категории производи и дека еден ист производ според регулативата во различни земји може да биде категоризиран различно. Трудот има научна и апликативна вредност.

10. Dzeparoski, Marjan, Trajkovic-Jolevska, Suzana: “Analysis of Marketing Strategy for Food Supplements and Over-The-Counter Medicines”. *Open Access Maced J Med Sci.* http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2016.075

Во овој труд се презентирани 2 различни маркетинг стратегии на мала фармацевтска компанија во две студии. Маркетинг стратегијата е поврзана со прописите за соодветната категорија на производи. Постои голема разлика во маркетинг стратегијата на додатоци на храна и лекови кои се издаваат без рецепт. Трудот има научна и апликативна вредност.

**Учество на научен собир со реферат (постер/усно) 2014-1019**

11. Dzeparoski M., “Comparative analysis of advertising and promotion of traditional herbal medicine and food supplement at different markets - case study”6ти Конгрес на фармацијата во Македонија со интернационално учество, 2016, Охрид, постер

Во трудот е дадена компаративна анализа на рекламирањето и промоцијата на традиционален хербален лек и додаток на исхрана на 2 различни пазари, при што е утврдено дека постојат разлики во маркетингот на овие 2 категории производи и дека еден ист производ според регулативата во различни земји може да биде категоризиран различно.

12. Dzeparoski M., Safety and Labeling in non-EU Countries, World Drug Safety Europe Congress, Terrapinn, 12-13.09.2019, Амстердам, Холандија, усмено

Даден е индивидуален преглед на усогласеноста со фармаковигиланцата во однос на безбедноста и означувањето на лековите. Изнесени се специфичностите за земјите од регионот, како и трендот на усогласување во однос на регулаторните барања важечки во Европската Унија.

**Труд во стручно (научно-популарно) списание 2014-1019**

13. Dzeparoski M. "Upotreba i antidijabetski efekti hrom pikolinata". *BB-Informator 237, February 2015; 26* *https://www.bbsoft.rs/sr/na%C5%A1a-izdanja/informator/najnoviji-broj-informatora/237-februar-2015*

Во трудот авторот го опфаќа механизмот на дејство на хром пиколинатот како безбедна форма за употреба на хромот од страна на Европската агенција за безбедност на храната (EFSA), клиничките студии инеговата употребаво регулирањенанормални концентрации на глукозата во крвта и нормалниот метаболизам на макронутриенти (јаглени хидрати, протеини и масти), како авторизирани здравствени тврдења од страна на EFSA. Трудот има стручна и апликативна вредност.

До 2014 година кандидатот е автор на еден труд во меѓународно научно списание и на пет труда во стручни (научно-популарни) списанија.

Во периодот од 2014 до 2019 година кандидатот објавил еден труд во списание со ИФ, три труда во меѓународни научни списанија, учествувал на две меѓународни конференции (една со постер и една со усна презентација) и објавил еден труд во странско научно-популарно списание.

Кандидатот ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање насловен доцент.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Кандидатот е вработен во компанијата ВАРУС 18 години на различни позиции, како менаџер и технички директор, во компанијата ќерка БИОНИКА Фармацеутикалс како менаџер на Регулатива и фармаковигиланца.

За време на работењето учествува на бројни семинари, симпозиуми, конгреси и обуки.

Рецензент е на 12 научни труда и голем број стручни текстови во повеќе списанија со меѓународен уредувачки одбор: *Open Access Maced J Med Sci., Athens Journal of Health and Medical Sciences, International Journal of Pharmaceutical and Healthcare Marketing*, од кои 3 во списанија со ИФ и 9 во индексирани меѓународни списанија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот Д-р Марјан Џепаровски ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање насловен доцент и за целокупната активност во извештајниот период од 2014 до 2019 година има остварено (НО 0 +НИ 75.5 + САОР 11) = 86.5 поени.

Од целокупната презентирана досегашна активност може да се заклучи дека кандидатот Марјан Џепаровски поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност.

Кандидатот преку својата ангажираност на работното место постојано е во контакт со млади фармацевти и активно го пренесува своето богато знаење и искуство во формулирањето и изработка на лекови, а особено во менаџментот и маркетиншките активности како модерни и значајни дисциплини во современата фармацевтска дејност како еден сегмент од социјалната фармација и економијата. Со неговиот ангажман во наставата ќе се овозможи да го пренесе своето знаење и искуство на студентите и специјализантите, а со објавувањето на научни трудови со оригинални научни резултати во меѓународни и стручни списанија кандидатот д-р Марјан Џепаровски ќе придонесува и за развојот на науката на нашиот Универзитет.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставнонаучниот совет на Факултетот за медицински науки **кандидатот д-р Марјан Џепаровски да биде избран во звање насловен доцент во наставно-научната област Здравствен менаџмент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Бистра Ангеловска, редовен професор, претседател, с.р;
2. Еленица Софијанова, редовен професор, член, с.р;
3. Милка Здравковска, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **0** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор), 7 | | 1 | | 15 | **15** |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) 8, 9, 10 | | | 3 | 9 | **27** |
| | Одбранета докторска дисертација | | 8 | | | **8** |
| | Одбранета специјализација | | 6 | | | **6** |
| | Рецензент на научен труд<br>СЦИ<br>ЦА | | | <br>3<br>9 | <br>2<br>1.5 | <br>**19.5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **75.5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание 13 | | | 1 | 6 | **6** |
| | Пленарно предавање на научен собир 12 | | | 1 | 4 | **4** |
| | Учество на стручен собир со реферат (постер) 11 | | | 1 | 1 | **1** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **11** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **86.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КИНЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-226/5 од 19.11.2019 година донесена на 233-та седница на наставно-научниот совет на факултетот за Медицински науки, одржана на 19.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област Кинезиологија на Факултетот за Медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот/ците „Слободен печат” и „Коха“ од 5.11.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- **Ленче Николовска,** Доцент д-р на Факултет за Медицински науки при УГД - Штип;

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на наставно - научниот совет на Факултет за Медицински науки да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката м-р Ленче Николовска е родена на 26 јануари 1970 година во Кочани. Основно и средно образование завршува во Кочани. Во 1992 година дипломира на Студиска програма за Виши рентген техничари, во склоп на Медицинскиот факултет при универзитетот „Кирил и Методи“ – Скопје и се стекнува со звање Виши рентген техничар.

На 4.7.2003 година *завршува четиригодишни додипломски студии* на катедрата по кинезитерапија на ЈЗУ „Неофит Рилски“–Благоевград, Р. Бугарија и се стекнува со звање Дипломиран кинезитерапевт. Дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија со Одлука бр. 09-4406/1 од 1.10.2004 година. По поднесеното барање за еквиваленција на оценките од 14.4.2011 г., врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.13-2619/2 од 20.4.2011 година, *просечната оценка во Р. Македонија изнесува **9,35.***

Своето образование го продолжува на Универзитетот „Св. Св. Кирил и Методиј“ – Велико Трново, Р. Бугарија, каде што на 28.01.2006 година завршува *последипломски магистерски студии*, во научната област кинезитерапија и спортска педагогика. Тема на магистерскиот труд: „Правилното хранене – главен фактор за развитието, лечението и рецидивирането на целулита и затлъстяването“. Дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија со Одлука бр. 09-2667/2 од 7.6.2007 година. По поднесеното барање за еквиваленција на оценките од 14.4.2011 г., врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.13-2620/2 од 20.4.2011 година, *просечната оценка во Р. Македонија изнесува **9,69***.

На 28.1.2014 година *завршува трет циклус докторски студии* во научна област Кинезитерапија на Факултетот за јавно здравје и спорт при ЈЗУ „Неофит Рилски“ – Благоевград, Р. Бугарија. Тема на дисертациониот труд: „Моделиране на фигурата с естетична физиотерапия и комплексна кинезитерапия“. Дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија со Решение бр. 14-8737/2 од 26.11.2014 година. По поднесеното барање за еквиваленција на оценките од 28.11.2014 г., врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.13-18958/2 од 19.12.2014 година, *просечната оценка во Р. Македонија изнесува **9,56.***

***Услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни , наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.***

1. Просечен успех на студиите од прв циклус на студии – **9.35;**
2. Просечен успех на студиите од втор циклус на студии **9.69;**
3. Просечен успех на студиите од трет циклус на студии **9.56;**
4. Научен степен - доктор на науки од научната област за која се избира Кинезиологија;
5. Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД;
6. Познавање на еден странски јазик;
7. Објавени најмалку пет рецензирани научни трудови во во референтна научна публикација согласно Законот за високото образование, во последните 5 години пред објавувањето на огласот за избор:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Nikolovska, Lence** and Gjorgieva, Stefanija and Spasov, Mire (2019) | *The role of acupuncture in the rehabilitation of paralysis of n. facialis.*<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22469 | Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 | 8 години. 34 изданија |
| 2. | **Nikolovska, Lence** and Bojcevska, Evgenija (2019) | *Effects of acupuncture in the treatment of distortion of the articulatio talocruralis.*<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22810 | International Journal Scientific Papers, 30 (4). pp. 989-993. ISSN 2545 – 4439 | 8 години. 34 изданија |
| 3. | **Nikolovska, Lence** and Velcevski, Darko (2018) | *Role of respiratory rehabilitation in patients with lung cancer.*<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20860 | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 27. ISSN 2545-4439 | 8 години. 34 изданија |
| 4. | **Nikolovska, Lence** and Nikolovski, Mario and Krstev, Toshe and Nikolovski, Kristijan (2018) | *Treatment of muscle pain with myofascial techniques and trigger points.*<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20523 | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 26.4. pp. 1159-1165. ISSN 1857-92 | 8 години. 34 изданија |
| 5. | **Nikolovska, Lence** and Kabranova, Violeta and Jovevska, Svetlana and Simonovska, Ljiljana (2018) | *The role of proprioceptive neuromuscular facilitation (PNMF) techniques in rehabilitation of patients with stroke.*<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20567 | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 22 (5). 1407 -1413. ISSN 1857-923X | 8 години. 34 изданија |

## НАСТАВНО- ОБРАЗОВНА И НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Од 1997 г. до 2007 г.,** кандидатката д-р. Ленче Николовска била вработена во Медицински центар – Кочани.

**Од 2007 г.** до денес, работи на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Со Одлука на Матичната комисија** (бр. 866 од 4.6.2007 год.), кандидатката е избрана во **наставно звање Предавач** на ВЗШ – наставна област Клиничка медицина, за периодот од 4.6.2007 година до 3.6.2011 година.

Врз основа на рефератот од Рецензентската комисија објавен во „Универзитетски билтен“ бр.59 од 3.5.2011 година, Наставно – научниот совет на својата 48-ма седница одржана на 19.5.2011 година ја избира Ленче Николовска во **наставно звање Виш предавач** за наставна област Применета кинезиологија, за периодот од 19.05.2011 година до 19.5.2015 година.

Врз основа на рефератот од Рецензентската комисија објавен во „Универзитетски билтен“ бр.143 од 16.3.2015 година, Наставно – научниот совет на својата 137-ма седница одржана на 2.4.2015 година ја избира Ленче Николовска во **звање Доцент на Факултет за медицински науки** при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за наставно - научна област Кинезиологија, за периодот од 20.5.2015 година до 20.5.2019 година.

Уште од самиот почеток, од учебната 2007/2008 година до денес, кандидатката е активно вклучена и успешно ја изведува наставата по следните предмети:

1. Физикална медицина и рехабилитација -1 (Физиотерапевти);
2. Физикална медицина и рехабилитација – 2 (Физиотерапевти);
3. Физикална медицина и рехабилитација – 3 (Физиотерапевти);
4. Физикална медицина со рехабилитација (Општа медицина и медицински сестри/ техничари);
5. Клиничка кинезитерапија (Физиотерапевти);
6. Функционална дијагноза на локомоторен апарат (Физиотерапевти);
7. Ерготерапија (Физиотерапевти).

По добиеното решение бр. Сл.12 од 10.2.2009 година, од страна на Одборот за акредитација, како и решението бр. 13-9143/4 од 3.9.2013 година за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на специјалистички стручни студии по Рефлексотерапија и акупресура, Кинезитерапија и Рехабилитација на деца и корекција на телесни деформитети на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката Ленче Николовска е активно вклучена во наставата на сите три специјалистички студиски програми за физиотерапевти и на специјалистичката студиска програма за семејна сестра и патронажна нега, каде што успешно ја изведува наставата и вежбите по следните предмети:

**Од учебната 2009/2010 година до денес**, кандидатката е ангажирана на следните Специјалистички студиски програми и предмети:

**Специјалистички стручни студии за семејна сестра и патронажна нега:**

1.Рехабилитација и медицинска масажа – задолжителен (3+2+1);

**Специјалистички стручни студии по рефлексотерапија и акупресура:**

1. Основи на кинеската традиционална медицина - задолжителен (3+2+1);
2. Физикална терапија во акупунктурни точки – изборен (2+0+1);

**Специјалистички стручни студии по кинезитерапија:**

1.Кинезитерапија при нервни и интерни болести – задолжителен (3+2+1);

2.Кинезитерапија при повреди и фрактури на ЛМА - задолжителен (3+2+1);

**Специјалистички стручни студии за рехабилитација на деца и корекција на телесни деформитети:**

1. Кинезитерапија и масажа на доенчиња и мали деца – задолжителен (3+2+1);
2. Кинезитерапија при повреди и фрактури на ЛМА - задолжителен (3+2+1);

Во последните пет години, кандидатката била ментор на **34** одбранети специјалистички трудови и ментор на повеќе од **60** одбранети дипломски работи:

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

**Научна евалуација на трудовите за изборот на доц. д-р Ленче Николовска (публикувани во последните 5 години)**

**Ред. бр.4 Научен труд објавен во меѓународно научно списание**

1. **Nikolovska, Lence** and Gjorgieva, Stefanija and Spasov, Mire (2019) *The role of acupuncture in the rehabilitation of paralysis of n. facialis.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439

*Целта на истражувањето во овој труд е да се одреди ефикасноста на акупунктурата при лекување на парализа на n.facialis. Акупунктурниот третман за парализа на лицевиот нерв вклучува комбинација на локални точки на лицето и дисталните точки на рацете и нозете. Изборот на акупунктурни точки за третман на парализа на лицето ги вклучува меридијаните Yangming и Taiyang. Акупунктурните точки Zusanli и Hegu ($LI_4$) ја подобруваат qi и циркулацијата на крвта, и го отстранува вишокот „ветер“ (feng). Акупунктурните точки Fengch, ($GB_{20}$), Yifeng ($SJ_7$) и Taiyang (EX) го отстрануваат ветерот (feng) и штетните влијаниja (Xie). Акупунктурните точки Jiache ($ST_6$), Dicang ($ST_4$), Zanzhu ($BL_2$) и Xiaguan ($ST_7$) се избираат врз основа на симптомите кажани од страна на пациентот. Врз основа на добиените резултати, може да се заклучи дека традиционалната кинеска медицина и акупунктурата претставуваат многу ефикасна метода на лекување на парализа на нервус фацијалис, како надополнување на конзервативните медицинските третмани*

2. **Nikolovska, Lence** and Bojcevska, Evgenija (2019) *Effects of acupuncture in the treatment of distortion of the articulatio talocruralis.* International Journal Scientific Papers, 30 (4). pp. 989-993. ISSN 2545 – 4439

*Поради функцијата што ја извршува Articulatio talocruralis е многу често изложен на повреди. Конзервативниот третман на дисторзија на скочен зглоб вклучува лекување со: RICE протокол, физикална терапија и кинезитерапија. При повреда на скочниот зглоб се применува и акупунктура. Акупунктурните точки кои се применуваат при третман на дисторзија на скочен зглоб се локализирани на Меридијаните на: Жолчно кесе (Gall Bladder – GB), Мочен меур (Bladder – BL), Црн дроб (Liver-LV), Слезина (Spleen – SP), Желудник (Stomach – ST) и Бубрег ( Kidney - KI). Со стимулација на акупунктурните точки се ублажува болката и отокот, се отстранува блокадата во меридијаните и се подобрува протокот на енергијата Чи.*

3. **Nikolovska, Lence** and Velcevski, Darko (2018) *Role of respiratory rehabilitation in patients with lung cancer.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 27. ISSN 2545-4439

*Цел на истражувањето во овој труд е да се одреди улогата на преоперативната и постоперативната рехабилитација кај пациенти со карцином на белите дробови. Кај пациентите од контролната група се применува пост оперативна пулмонална рехабилитација, додека кај пациентите од експерименталната група, освен пост оперативна респираторна рехабилитација, пред хируршката интервенција се применува*

*и пред оперативна респираторна рехабилитација. По завршување на рехабилитацијата, кај испитаниците од експерименталната група кај кои што беше применета предоперативна рехабилитација, подобрувањето на вредностите на Виталниот капацитет, Форсираниот експириум во прва секунда, Тифнеуов индекс, функцијата на малите дишни патишта, како и поминатото растојанието за време на 6MWD, е значително поголемо во однос на вредностите добиени кај испитаниците од контролната група. Заклучок: Респираторната рехабилитација е нераскинлив дел од лекувањето на белодробните заболувања. Интегрирана во индивидуално лекување на пациентите, белодробната рехабилитација е осмислена со цел да ги редуцира симптомите, да го подобри функционалниот статус, да го зголеми активното учество на болниот и да ги намали трошоците за здравствена заштита, преку стабилизација на системските манифестации на овие болести.*

4. **Nikolovska, Lence** and Nikolovski, Mario and Krstev, Toshe and Nikolovski, Kristijan (2018) *Treatment of muscle pain with myofascial techniques and trigger points.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 26.4. pp. 1159-1165. ISSN 1857-92

*Цел на истражувањетово овој труд е да се одреди ефикасноста на миофасцијалните техники и обработката на тригерните точки Миофасцијални техники при лекување на мускулната болка. Длабинската миофасцијална масажа предизвикува директно отпуштање на напрегнатото ткиво, преку фина палпација и адекватен притисок, со што терапевтот ја намалува јачината на болка во тригерната точка, го подобрува крвотокот и метаболизмот – што означува прилив на хранливи материи во клетките и елиминација на отпадните материи. Тригерните точки се притискаат од 60 до 90 секунди со бавна масажа лево – десно по должина на мускулните влакна или со мали кружни движења. Масажата може да се применува 1 до 2 пати дневно, се додека не се почувствува олеснување. Јачината на притисокот се прилагодува така што болката која што се чувствува може да се нарече „добра или удобна болка“. На скалата до 10, притисокот треба да биде околу 7, при што е неопходно свесно отпуштање.*

*Врз основа на добиените резултати, може да се заклучи дека длабинската миофасцијална масажа и третманот за тригерните болни точки како метода на лекување се доста корисни во секојдневниот живот на луѓето како надополнување на медицинските третмани. Нашите искуства покажуваат дека акутната миофасцијална болка може да биде отстранета во рок од 3 до 15 дена, а долготрајната хронична тригер точка може да се излечи за 6 седмици. Ова претставува многу ефикасен и ефтин метод за лекување и намалување на мускулната болка од различно потекло.*

5. **Nikolovska, Lence** and Kabranova, Violeta and Jovevska, Svetlana and Simonovska, Ljiljana (2018) *The role of proprioceptive neuromuscular facilitation (PNMF) techniques in rehabilitation of patients with stroke.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 22 (5). 1407 -1413. ISSN 1857-923X

*Цел на истражувањето во овој труд е да се одреди улогата на техниките за проприоцептивно нервно – мускулно олеснување (PNMF) при рехабилитацијата на пациенти со мозочен инсулт. Уште на почетокот на рехабилитацијата, во процедурите се вклучат дијагонални движења. За време на прилагање на PNMF техниките за редукција на спастичноста, терапевтот користи рефлексни положби и клучни точки на контрола прилагодени за секој пациент. Со цел да се одреди ефикасноста на рехабилитацијата и да се увидат разликите добиени пред и после спроведеното лекување, користени се:*

- *BRUNSTROM тест за одредување на степенот на функционално опоравување (6-те стадиуми);*
- *FUGL MEYER тест за горен и долен екстремитет кај хемиплегија;*
- *BARTEL INDEX тест за евалуација на степенот на функционална независност.*

*По завршување на рехабилитацијата, сумирани се ефектите од рехабилитацијата кај двете групи на испитаници, направена е обработка на добиените резултати од истражувањето и компарација на постигнатите ефекти. Може да се заклучи дека и кај двете групи на испитаници е постигнат огромен напредок, кој што е многу по изразен кај пациентите од експерименталната група, кај кој што освен конзервативниот третман со физикална медицина и кинезитерапија, се вклучени и техники на проприоцептивно нервно – мускулно олеснување (PNMF).*


6. Nikolovska, Lence and Siljanovski, Bojan (2018) Impact of Tuina massage techniques in treating muscular torticollis in infants. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 27. pp. 87-91. ISSN 2545-4439.
7. Krstev, Toshe and **Nikolovska, Lence** and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2018) *Comparison of the short term effects in the decrease of the pain in the treatment of dysfunction of the cervical part.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 26.4. pp. 1225-1229. ISSN 1857-92
8. **Nikolovska, Lence** and Milenkovski, Robert and Krstev, Toshe and Jovevska, Svetlana **(2017)** *Rehabilitation of fractures in children's age.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 20 (4). pp. 1987-1990. ISSN 1857-92
9. **Nikolovska, Lence** and Neshovski, Timko and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara (2017) *The prevalence of postural disorders and spinal deformities among the pupils in the municipality of Berovo.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 20 (4). pp. 2051-2055. ISSN 1857-923X
10. Jajaova, Ljubica and **Nikolovska, Lence** (2017) *Effects of acupuncture treatment in reducing pain in patients with tennis elbow.* International Journal Knowledge, 19 (4). pp. 1385-1390. ISSN 2545-4439
11. Zejrek, Cagla and **Nikolovska, Lence** (2017) *Effects of kinesiotaping in reducing pain in the heel in patients with plantar fasciitis.* International Journal Knowledge, 17 (3). pp. 1149-1154. ISSN 2545-4439
12. Gogen, Sulejman and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara (2017) *Early postoperative rehabilitation of patients with total endoprothesis of the hip.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 16.4. pp. 1557-1560. ISSN 1857-923X
13. Krstev, Toshe and **Nikolovska, Lence** and Jovevska, Svetlana and Panova, Gordana (2016) *Soft tissue mobilization of the cervical spine.* Acta kinesiologica, 10 (2). pp. 10-12. ISSN 1840-3700
14. Krstev, Toshe and **Nikolovska, Lence** and Jovevska, Svetlana and Panova, Gordana (2016) *Therapeutic approaches in treating myofascial trigger points.* International scientific Journal of Kinesiology "Acta Kinesiologica", 9 (2). pp. 62-64. ISSN 1840-3700
15. Panova, Gordana and **Nikolovska, Lence** (2016) *Education and learning on communication skills, a requirement for improvement of the correlation doctor - patient.* Knowledge: International Journal Scientific Papers, 5 (13.2). pp. 263-289. ISSN 1857-92
16. Panova, Gordana and **Nikolovska, Lence** (2016) *Education of health workers and improving the quality of health services.* Knowledge, International Journal Scientific Papers, 5 (13.2). pp. 285-289. ISSN 1857- 92
17. Panova, Gordana and **Nikolovska, Lence** and Sumanov, Gorgi and Jovancevska, Daniela (2016) *Dietary and nutritional status of children from preschool age in Eastern Macedonia.* Journal of Hygienic Engineering and Design, 14. pp. 90-93. ISSN 1857- 8489
18. Krstev, Toshe and Kraydjikova, Leyla and Shahin, S and **Nikolovska, Lence** and Stratorska, Tamara **(2015)** *Massage metods for prevention and treatment of lumbosacral pain syndrome.* Journal of Biomedical and Clinical Research, 8 (1). p. 70. ISSN 1313-9053
19. Kraydjikova, Leyla and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara (2015) *Physiotherapy program for improving the quality of life in patients with coxarthroses.* Journal of Biomedical and Clinical Research, 8 (1). pp. 69-70. ISSN 1313-9053
20. Panova, Gordana and Dzidrova, Violeta and **Nikolovska, Lence** and Sumanov,

Gorgi and Jovevska, Svetlana and Panova, Blagica and Panov, Nenad (2015) *Dietary habits and nutritional status of children in preschool age.* Journal of Hygienic Engineering and Design, 10. pp. 32-36. ISSN 978-608-4565-03-1

**Ред. бр.5 Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир**

**Во странство:**

1. Nikolovski, Kristijan and **Nikolovska, Lence** (2018) *Comparison of the effectiveness of Conventional western medicine and Traditional Chinese medicine methods in the treatment of lumbago.* In: XIX-th International Scientific Conference "Knowledge in practice", 14-16 Dec 2018, Bansko, Bulgaria.
2. Gjurovska, Danica and **Nikolovska, Lence** (2018) *Pathological conditions for the duration of the pregnancy and the effects of physical activity on the mother and the fetus.* In: XVIII-th International Scientific Conference "Knowledge in practice", 28-30 Sept 2018, Agia Triada, Greece.
3. Gorgieva, Mirjana and **Nikolovska, Lence** and Jovevska, Svetlana and Panova, Gordana (2017) *Effects of kinesitherapy in patients with juvenile diabetes.* In: Twelfth International Scientific Conference "Knowledge without borders", 31 March-2 Apr 2017, Vrnjacka Banja, Serbia.
4. Taseva, Kika and **Nikolovska, Lence** and Panova, Gordana and Jovevska, Svetlana (2017) *Treatments for weight loss and reduction of cellulite in women.* In: Twelfth International Scientific Conference "Knowledge without borders", 31 March-2 Apr 2017, Vrnjacka Banja, Serbia.
5. Krsteva, Marija and Krstev, Toshe and **Nikolovska, Lence** (2016) *Internet and social media in education.* In: The teacher of the future - Ninth International Scientific Conference, 17-19 June 2016, Durres, Republic of Albania.
6. Kraydjikova, Leyla and Krstev, Toshe and **Nikolovska, Lence** and Stratorska, Tamara and Sahin, Selim (2016) *Кинезитерапевтическая методика для улучшения качества жизни при хроническом болевом синдроме в лумбосакральной области.* In: Kinesitherapy: achievements and development prospects, Moscow, Russia, 25-26 May 2016.
7. Mihailova, N. and Megova, T. and Kostov, R. and Krstev, Toshe and **Nikolovska, Lence** (2016) *Реабилитация при эндопротезировании коленного сустава.* In: Kinesitherapy: achievements and development prospects, Moscow, Russia, 25-26 May 2016.
8. Panova, Gordana and **Nikolovska, Lence** and Dzidrova, Violeta (2015) *Историски развој и значај геријатрије.* In: 3th Kongres njegovatelja-ica u BIH sa megunarodnim ucescem-inovacija i njezi, 18-20 Dec 2015, Vogosca, BIH.
9. Panova, Gordana and **Nikolovska, Lence** and Dzidrova, Violeta (2015) *Organizacija njege za lica treće životne dobi u Makedoniji.* In: 3th Kongres njegovatelja-ica u BIH sa megunarodnim ucescem-inovacija i njezi, 18-20 Dec 2015, Vogosca, BIH. (Submitted)
10. Kraydjikova, Leyla and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara (2015) *Кинезитерапия при функциональной блокаде шейных сегментов позвоночника.* In: Материалы IV Всероссийской научно-практической конференции с международным участием, 27-28 May 2015, Moscow, Russia.
11. Kraydjikova, Leyla and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara and Konstantinu, Andri (2015) *Двигательная программа предупреждения травм и хронических болей в спине у людей, занимающихся спортом.* In: Материалы IV Всероссийской научно-практической конференции с международным участием, 27-28 May 2015, Moscow, Russia.

**Во земјата:**

1. Damcevski, Kristijan and **Nikolovska, Lence** (2016) *Рехабилитација на деца со вродена дисплазија на колковите.* In: Втор Конгрес на физиотерапевти на Република Македонија, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia.
2. Abdulova, Imihan and **Nikolovska, Lence** (2016) *Улога на акупресурата при намалување на болката кај пациенти со болка во вратот.* In: Втор Конгрес на физиотерапевти на Република Македонија, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia.
3. Karajigit, Deniz and **Nikolovska, Lence** (2016) *Улога на кинезитерапијата при рехабилитација на пациенти со инфаркт на миокардот.* In: Втор Конгрес на физиотерапевти на Република Македонија, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia.
4. Banova, Dragana and **Nikolovska, Lence** (2016) *Улога на раната рехабилитација кај пациенти со мултиплекс склероза.* In: Втор Конгрес на физиотерапевти на Република Македонија, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia.
5. Karov, Stole and **Nikolovska, Lence** (2016) *Застапеност на ревматоиден артрит во општина Кочани во периодот од 2010-2014 година.* In: Втор Конгрес на физиотерапевти на Република Македонија, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia.
6. Alizotova, Amela and **Nikolovska, Lence** (2016) *Анализа на застапеноста на деформитети кај учениците во основното, средното и високото образование во Република Македонија во 2014/2015 година.* In: Втор Конгрес на физиотерапевти на Република Македонија, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia.
7. Krstev, Toshe and Nikolovska, Lence and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara and Kolevska, Monika (2016) Кинезитерапија при функционални нарушувања на сакроилиачните зглобови. In: Втор Конгрес на физиотерапевти на Република Македонија, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia.
8. Vasileva, Dance and Lubenova, Daniela and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara (2016) Ефект на кинезитерапијата врз функционалните можности за моторна рековалесценција кај пациенти со супратенториален едностранен мозочен инсулт во хроничен период. In: Втор Конгрес на физиотерапевти на Република Македонија, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia.
9. Krstev, Toshe and **Nikolovska, Lence** and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara and Kolevska, Monika (2015) *Кинезитерапија при функционални нарушувања на сакроилиачниот зглоб.* In: Втор конгрес на здружението на физиотерапевти на р. Македонија, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia.
10. Kolevska, Monika and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara (2015) *Manual Therapy of the cervical part.* In: I Congress of Physical Therapists of the Republic of Macedonia MASA, 26-29 March 2015, Skopje.
11. Stratorska, Tamara and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Stojkova, Vesna and Kolevska, Monika (2015) *Rehabilitation of foot deformities in patients with childhood.* In: I Congress of Physical Therapists of the Republic of Macedonia MASA, 26-29 March 2015, Skopje.
12. Krstev, Toshe and **Nikolovska, Lence** and Shishkoski, Mihail and Stratorska, Tamara and Kolevska, Monika (2015) *The role of the manual therapy in rehabilitating the lumbar syndrome.* In: I Congress of Physical Therapists of the Republic of Macedonia MASA, 26-29 March 2015, Skopje.
13. Vasileva, Dance and Lubenova, Daniela and Mihova, Marija and Maznev, Ivan and Nikolovska, Lence and Zhu, Jihe (2015) Correlation between dynamic balance and gait parameters in patients with ischemic stroke in the chronic period. In: International symposium at Faculty of Medical Sciences - Current achievements and future perspectives in medical and biomedical research, 24 Nov 2015, Stip, Macedonia.

**Ред. бр.13 Раководител на проект- Рекреативен центар при УГД**

Кандидатката е основач на Рекреативен центар кој постои од 01.02.2014 година, во склоп на универзитетот „Гоце Делчев – Штип. Освен за практична настава и вежби за студентите од студиските програми за физиотерапевти од Прв и Втор циклус на студии, служи и за апликативна и истражувачка дејност.

**Ред. бр.16 Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)**

1. Member of International Editorial Board of INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL OF KINESIOLOGY – „ACTA KINESIOLOGICA“ http://www.actakin.com/TEXT/TxUred01.html
2. Member of International Advisory Board of - INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL OF KINESIOLOGY – „SPORT SCIENCE“ http://www.sposci.com/TEXT/TxZnan01.html

**СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ**

**Ред. бр. 1 Книга/учебник**

Кандидатката е автор на еден позитивно рецензиран учебник, три позитивно рецензирани скрипти од предавања и еден практикум, кои што се достапни на Е – библиотека и на Репозиториум на УГД – Штип:

1. Topuzov, Ivan and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2018) *Кинезиологија со патокинезиологија и патобиомеханика.* Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје, Универзитет 'Гоце Делчев"-Штип, Факултет за медицински науки, Штип. ISBN 978-608-244-545-8 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20554 https://e-lib.ugd.edu.mk/747
2. Kraydjikova, Leyla and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2016) *Мануелна терапија и мобилизација на периферни зглобови.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип. ISBN 978-608-244- 311-9 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17009 http://e-lib.ugd.edu.mk/544
3. **Nikolovska, Lence** and Vasileva, Dance and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara (2016) *Клиничка кинезитерапија.* COBISS.MK-ID 101797386. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за медицински науки. ISBN 978-608-244-342-3 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17003
4. **Nikolovska, Lence**., Krstev, Toshe., Vasileva, Dance., Stratorska, Tamara. (2014) *Практикум по клиничка кинезитерапија.* ISBN 978-608-244-131-3 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12564 http://e-lib.ugd.edu.mk/369
5. **Nikolovska, Lence** (2014) *Физикална медицина и рехабилитација 1 и 2 општ и специјален дел.* ISBN 978-608-244-130-6 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12565 http://e-lib.ugd.edu.mk/ugd/index.php?id=368

**Ред. бр. 5 Труд во стручно (научно-популарно) списание:**

**Во земјата:**

1. Panovski, Tose and **Nikolovska, Lence** (2015) *Застапеност на деформитетите на стапалата кај деца во училишна возраст при ЈЗУ „Општа болница" - Струмица и нивна рехабилитација.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип, 10 (23). pp. 27-28. ISSN 1857-5994
2. Irevul, Enis and **Nikolovska, Lence** (2015) *Рехабилитација на пациенти со мозочен удар.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип, 10 (23). pp. 22-23. ISSN 1857-5994
3. Miteva, Sanja and **Nikolovska, Lence** (2015) *Рехабилитација на пациенти со ампутации*

*и нивно протезирање.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип, 10 (23). pp. 26-27. ISSN 1857-5994

4. Nikolovski, Kristijan and **Nikolovska, Lence** (2015) *Лекување со акупресура и традиционална кинеска масажа.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип, 10 (22). pp. 37-38. ISSN 1857-5994
5. Merdzhan, Alidzhan and **Nikolovska, Lence** (2015) *Рехабилитација на спортски повреди на колено.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип, 10 (23). pp. 31-33. ISSN 1857-5994
6. Stojanovska, Andrijana and **Nikolovska, Lence** (2015) *Застапеност на остеопорозата во општина Куманово за периодот од 2007 до 2013 година, и нејзина превенција и рехабилитација.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство – Штип, 10 (22). pp. 34-35. ISSN 1857-5994

**Во странство:**

1. Paunovska, Minola and **Nikolovska, Lence** and Panova, Gordana and Krstev, Toshe **(2016)** *Kinesitherapy in respiratory disorders in children.* Rauché Zdravstveni časopis (7). pp. 56-58. ISSN 2233-131X
2. Volceva, Marija and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Panova, Gordana (2016) *Reduction of pain in patients with lumbar syndrome.* Rauché Zdravstveni časopis, 7. pp. 84-86. ISSN 2233-131X
3. Manevski, Dimitar and **Nikolovska, Lence** and Handziski, Zoran and Handziska, Eli (2016) *Applying the isokinetic and the isokinetic diagnostics at the injures of Ligamentum anterior cruciate-ACL.* Rauché Zdravstveni časopis, 7. pp. 32-34. ISSN 2233-131X
4. Trajcevski, Aleksandar and **Nikolovska, Lence** and Panova, Gordana and Krstev, Toshe (2016) *The role of kinesitherapy at the rehabilitation of paralysis of n. Facialis.* Rauché Zdravstveni časopis, 7. pp. 68-70. ISSN 2233-131X

**Ред. бр.6 Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир**

**Во странство:**

1. Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara and **Nikolovska, Lence** (2017) *Сравнение на ефективността на два метода за намаляване на мускулен хипертонус.* 26та Международна конференция за млади учени, 26 (1). pp. 374-377. ISSN 1314-3669
2. Kraydjikova, Leyla and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara and Matzuridis, Andreas and Matzuridis, Atanasios (2015) *Двигателен режим за деца с лека степен на умствена изостаналост.* In: Седми национален конгрес на Асоцацията на физиотерапевтите в България, 5-7 June 2015, Sofia, Bulgaria.
3. Kraydjikova, Leyla and Sahin, Selim and **Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara and Konstantinu, Andri (2015) *Масажна методика за профилактика на травматизма и лумбосакралния болков синдром при спортисти.* In: Седми национален конгрес на Асоциацията на физиотерапевтите в България, 5-7 June 2015, Sofia, Bulgaria.

**Ред. бр.13 Учесник во научен проект**

1. Panova, Gordana and Sumanov, Gorgi and Nikolovska, Lence and Dzidrova, Violeta and Serafimov, Aleksandar and Dimitrovska Ivanova, Marija and Petrova, Marina and Kamceva, Gordana (2015) *Навики во исхраната и нутритативниот статус на децата.* [Project] (Submitted)

**Ред. бр. 15 Техничко унапредување**

Кандидатката д-р. Ленче Николовска била организатор на неколку стручни работилници на кои што предавачи и демонстратори се реномирани професори и стручњаци од странство:

1. Во соработка со холандската организација `s Heeren Loo, била организатор на работилница на тема: „Basic Motor Skils of Children with Down syndrome", за новите методи во рехабилитацијата на деца со Даунов синдром, во која беа вклучени студентите од ВЗШ од студиската програма за Физиотерапевти, како и родители на деца со Даунов синдром.
2. Организатор на работилница за Кинезиотејпинг, Рекреативен центар при УГД-Штип.
3. Организатор на работилница „Рехабилитациски пристап кај деца со Даунов синдром – Лаутеслагер метода" во соработка со Здружението на физиотерапевти на Р.М.
4. Сертификат за обука за Ласертерапија – Љубљана, Р. Словенија.
5. Сертификат за обука за Естетска медицина (IPL, IRF,VAKAVITE, VAKUM, DERMOABRASION and GREEN PRESS) - Љубљана, Р. Словенија.
6. Сертификат за обука за работа со апарати за физикална терапија – Љубљана, Р. Словенија.
7. Сертификат за активно учество на континуирана медицинска едукација работилница за „Кинезиотејпинг" – Бања Банско.
8. Сертификат за активно учество на работилница „Patient care techniues" – Охрид.
9. Сертификат за професионален курс по „CEPM TAPING" – Скопје.
10. Сертификат за активно учество на семинар - работилница на тема "Рехабилитација и физикална терапија во хирургијата"
11. Сертификат за активно учество на семинар - работилница на тема „The Pelvic floor exercises based on motor learning principles" – Охрид,
12. Сертификат за завршена обука за Акупунктура и моксибустија – Пекинг, Н.Р. Кина
13. Лиценца за КАМ Практичар, Министерство за здравство на Р.М.

**Ред. бр.17 Елаборати и експертизи**

Кандидатката активно учествува во подготовка и изработка на елаборатите за акредитација и реакредитација за:

1. Студиска програма за физиотерапевти, Прв циклус Стручни студии;
2. Специјалистички стручни студии за Рефлексотерапија и акупресура;
3. Специјалистички стручни студии за Кинезитерапија;
4. Специјалистички стручни студии за Рехабилитација на деца и корекција на телесни деформитети.

**Ред. бр.26 Раководител на катедра**/оддел/**центар**

Кандидатката Д-р. Ленче Николовска е Раководител на Катедрата за физикална медицина и кинезитерапија на ФМН при УГД – Штип.

**Ред. бр.28 Член на факултетски орган, комисија**

Член на Наставно-научнииот совет на Факултетот за медицински науки УГД – Штип;

**Ред. бр.30 Класен раководител, согласно Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години)**

Кандидатката Д-р. Ленче Николовска е Раководител на Студиската програма за Стручни студии за физиотерапевти на ФМН при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доцент д-р Ленче Николовска, вработена на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област кинезиологија за Факултетот за медицински науки, УГД - Штип. Рецензентската комисија е со мислење дека со целокупната своја досегашна работа доцент д-р Ленче Николовска има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност.

Согласно со Законот за високо образование, како и Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и според анализата на приложената документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката доцент д-р Ленче Николовска ги исполнува критериумите да биде избрана во звањето вонреден професор.

Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип да го прифати предлогот на Комисијата, **доцент д-р Ленче Николовска да биде избрана во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област кинезиологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Иван Топузов, Професор доктор - претседател, с.р.**
2. **Ѓорѓе Зафировски, Професор доктор - член, с.р.**
3. **Милка Здравковска, Професор доктор - член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | |
| **2.** | Избор во звање предавач | 15 | | | | **15** |
| **3.** | Избор во звање виш предавач | 20 | | | | **20** |
| **4.** | Избор во звање доцент | 30 | | | | **25** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **60** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) 9/6/3<br>Прв автор: (1,2,3,4,5,6,8,9) 8 x 9 = 72<br>Втор авт ор(7,10,11,12,13,14,15,16,17,19) 10 x 6 = 60<br>Останати автори: (18,20) 2 x 3 = 6 | | | 8+10+2 | 72+60+6 | **138** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Во странство (од 21 до 31) 11x3=**33**<br>Во земјата (од 32 до 44) 13x2=**26** | 13 | 2 | 11 | 3 | **59** |
| **10.** | Одбранета докторска дисертација | / | / | 1 | 8 | **8** |
| **12.** | Одбранет магистерски труд | / | / | 1 | 4 | **4** |
| **13.** | Раководител на проект | 1 | 4 | / | / | **4** |
| **16.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | / | / | 2 | 4 | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **221** |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | |
| **1.** | Книга/учебник<br>(1 учебник, 3 скрипти, 1 практикум) | 5 | 10 | / | / | **50** |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание: земјата (од 45 до 50) 6x2=12<br>странство (од 51 до 54) 4x6=24 | 6 | 2 | 4 | 6 | **36** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир: во странство (55,56,57)<br>3х3=9 | / | / | 3 | 3 | **9** |
| **13.** | Учесник во научен проект (максимум во 3 проекти) | 1 | 5 | / | / | **5** |
| **15.** | Техничко унапредување:<br>во земјата 9х2=18; во странство 4х2=8; | 9 | 2 | 4 | 2 | **26** |
| **17.** | Елаборати и експертизи | 4 | 2 | / | / | **8** |
| **26.** | Раководител на **катедра**/оддел/ **центар** | 2 | 3 | / | / | **6** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | / | / | **2** |
| **30.** | Класен раководител, согласно Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | 1 | 4 | / | / | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **146** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **427** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-226/10 од 19.11.2019 година донесена на 233 седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 19.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област Трансфузиологија (30225) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- Проф. д-р Никола Камчев, редовен професор во пензија за наставно - научната област имунохематологија и хематологија, специјалист по трансфузиологија – претседател;
- Проф. д-р Воскресија Стефановска, редовен професор во пензија за наставно - научната област трансфузиологија – член;
- Проф. д-р Борче Георгиевски, редовен професор за наставно - научната област хематологија, вработен на Универзитетска Клиника за Хематологија во Скопје – член;

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и “Коха” од 7.11.2019 година и во предвидениот рок се пријави

- **Асс. д-р мед сци супспец Рада М. Грубовиќ Растворцева**, специјалист трансфузиолог – супспецијалист хематолог, вработена како Раководител на Центарот за земање на хематопоетски матични клетки во Институтот за трансфузиона медицина на РСМ во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Асс. д-р мед сци супспец Рада Милош Грубовиќ Растворцева** е родена на 18 јули 1975 година во Скопје. Основно образование завршила во ОУ Коле Неделковски во Скопје и е прогласена за најдобар ученик на деценијата за што пишува Монографијата на училиштето. Средно образование завршила во МУЦ Д-р Панче Караѓозов во Скопје исто така како првенец на генерацијата. Се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во 1993 година, а дипломирала во 1999 година прва во генерацијата со просечен успех 9.3. Во учебната 2000 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2002 година со просечен успех 10. Во јули 2007 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *“Анализа на факторите кои влијаат на одлуката да се дарува крв”* на Медицинскиот факултет во Скопје. Во септември 2002 година се вработила во ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РМ, каде работи и денеска. Специјализацијата по трансфузиологија ја завршила со успех во март 2006 година. Од 2012 година е Раководител на Центарот за колекционирање на хематопоетски матични клетки при Институтот за трансфузиона медицина на РМ, при што врши експертска дејност од големо значење за здравството во Република Македонија. Супспецијализацијата по хематологија ја започнала во 2012 година и со успех ја завршила во април 2014 година.

Во март 2018 година на Медицинскиот факултет во Скопје ја одбранила докторската дисертација на тема *“Анализа на факторите кои влијаат на мобилизацијата и харвестрирањето на хематопоетските периферни матични клетки и квалитетот на графтот”.*

**Општи услови за избор:**

1. Асс. д-р мед сци супспец Рада М. Грубовиќ Растворцева има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии - 9.3, втор циклус (магистерски студии) - просек 10, има завршено специјализација по трансфузиологија (март 2006 година) и супспецијализација хематологија (април 2014 година)
2. Д-р Грубовиќ е магистер на медицински науки (јули 2007 година) и доктор на медицинските науки (март 2018 година) од областа на трансфузиологија
3. Претходно била бирана во звањето Асистент по предметот Трансфузиологија на Медицинскиот факултет во Скопје (март 2008 година, Билтен бр. , Медицински факултет – Скопје, договорот за асистент со Медицински факултет во Скопје е обновен во 2011 година)
4. Има доставено сепарати од сите нејзини научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации
5. Има препорака од работодавец и двајца професори
6. Има сертификат за владеење со англиски јазик (TOEFL 2010 , IELTS 2015 и уверение за напредно познавање на англиски јазик од Филолошки факултет Блаже Конески при УКИМ – ниво С1, 2019) и руски јазик (уверение за напредно познавање на руски јазик од Руски центар при УКИМ 2017, 2018, 2019)
7. Поседува способност за изведување на високообразовна дејност

Научните трудови со кои д-р мед сци супспец Рада М. Грубовиќ Растворцева ги исполнува законските критериуми за избор во звање доцент се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Grubovic Rada,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Grubovic MR. | *Analysis of factors that influence hematopoietic recovery in autologous transplanted patients with hematopoietic stem cells from peripheral blood.* | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2017. June 15;5(3):324-331. https://doi.org/10.3889/oamjms.2017.0392.<br><br>**PubMed** | 11 години |
| 2 | **Grubovic Rada,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Grubovic M. | *Factors associated with successful mobilization and collection of peripheral blood hematopoietic stem cells in autologous and allogeneic donors* | South East European Journal of Immunology. 2017 Dec 26; 2017:20012. https://doi.org/10.3889/oamjms.2017.20012 | 4 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | **Grubovic Rada,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva Stavric S, Grubovic M. | Evaluation of factors that influence hematopoietic recovery in autologous and allogeneic transplanted patients with hematopoietic stem cells from peripheral blood | Bilten za Transfuziologiju 2016;62(1-2):29-37. | 65 години |
| 4 | **Grubovic Rada,** Velkova E, Primoz R, Reesink HW. | Strengthening of the Blood Safety System in the National Blood Transfusion Service - Implementation of the European Union IPA Project - at the Institute for Transfusion Medicine of the Republic of Macedonia | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. (2014) http:// dx.doi.org/10.3889/ MJMS.1857.5773. 2014 .0423.<br><br>**PubMed** | 11 години |
| 5 | **Грубовиќ Растворцева Рада,** Георгиевски Б, Чевреска Л, Усеини С, Генадиева Ставриќ С, Стојаноски З, Пивкова А, Чадиевски Л, Грубовиќ М. | Карактеристики на донорите и аферезната постапка кои влијаат на ефикасноста на колекционирањето на хематопоетските матични клетки од периферна крв | International Medical Journal MEDICUS 2017. 2017;22(1):39-49. | 24 години |
| 6 | Pivkova -Veljanovska A, Genadieva -Stavrik S, Stojanoski Z, Cadievski L, Panovska -Stavridis I, Trajkova S, **Grubovik Rada,** Chaparoska D, Cevreska L, Georgievski B. | Cryopreservation of autologous peripherall blood stem cells - presence and future directions | Acta morphologica Vol.12 (1) 2015, p.84-90. | 16 години |
| 7 | Useini S, **Grubovic Rada,** Andonov G. | How religion impacts blood donation | Macedonian Medical Review, 2018; 72(3): 107-109. | 73 години |

**Посебни услови**

Д-р Грубовиќ била проект менаџер на меѓународниот ЕУ ИПА проект **“Зајакнување на системот на сигурност на крв“** спроведуван во тек на 2013 и 2014 година во Институтот за трансфузиона медицина на РМ. Д-р Грубовиќ е автор и коавтор на повеќе од 160 научни труда публикувани во индексирани меѓународни и домашни научни списанија, од кои 90 се авторски, а 23 се in extensio. Поголемиот дел од трудовите се презентирани на повеќе меѓународни и национални научно-стручни собири и конгреси. **Коавтор** е на **Практикумот по трансфузиологија**, поглавја 1-4 во книгата: Костовска С,

Благоевска М и сор. **Трансфузиологија,** Скопје 2009**.** Асс д-р Грубовиќ работата како асистент ја извршува одговорно, стручно и посветено, за што сведочат и евалуациите на Медицинскиот факултет во Скопје каде е посочена како еден од најдобрите асистенти. Таа е ментор на двајца специјализанти по трансфузиологија и била едукатор на преку 70 специјализанти на специјализација по трансфузиологија и другите гранки на медицината.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Во март 2008 е избрана за ***Асистент на Медицинскиот факултет во Скопје*** (Билтен на УКИМ бр.938, 14 март 2008 , Медицински факултет – Скопје), при што се рецензирани 38 научни труда. Договорот за асистентско звање со Медицинскиот факултет во Скопје е обновен во 2011 година. Од самиот почеток е вклучена во изведувањето на практичната настава, подготовка и изведување на колоквиуми и испити, семинарски работи, консултации со студенти по предметите: ***Трансфузиологија***, за студенти на Додипломски студии по медицина и ***Дијагностички методи***, за Стручни студии за медицински сестри и техничари - редовни и вонредни. Ментор е и едукатор на специјализанти по трансфузиона медицина и специјализанти од други области на медицината.

Насочувањата и едукацијата на д-р Рада М. Грубовиќ започнуваат уште во текот на средношколските денови, каде два пати освојува прво место на државните натпревари по медицина. Веднаш по завршувањето на студиите во 1999 година станува Раководител на американската програма во Интернационалната организација за миграција (ИОМ) одговорна за медицинската состојба и сигурниот транспорт на 25.000 бегалци од Косово во САД. Во тек на вршењето на оваа дејност во САД стручно соработувала и со Првата дама на САД г-ѓа Хилари Клинитон и Министрите од американската Влада. Во текот на септември и октомври 2008 година студиски престојувала во **Кингс Колеџ Болницата во Лондон**, каде работела истражување од областа на хематопоетските матични клетки. Истата година ја добила ***Меморијалната награда на Принцезата од Велс***, која и била доделена од **Британското здружение на трансфузиолози**. Од септември 2010 година до јуни 2011 била на студиски престој на **Медицинскиот факултет Дејвид Гефен** при **Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес (УКЛА),** во Лос Анџелес, Калифорнија, САД, каде работела истражувања од областа на трансплантацијата на хематопоетски матични клетки под менторсто на Проф. д-р Гари Шилер. Како признание за извонредните достигнувања на Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес д-р Грубовиќ има добиено ***Сертификат за достигнувања*** од Универзитетот, а за покажаната извонредна посветеност кон пациентите, посетителите и персоналот д-р Грубовиќ добила ***Благодарница*** од **Медицинскиот центар Роналд Реган** при **УКЛА.** Студиски престојувала во два наврати во **Институтот за трансфузија на крв во Љубљана**, Словенија во јануари и февруари 2014 година. Активно учествувала на голем број конгреси во земјата и во странство и била наградена со грантови од: US Department of State – Fulbright Program, British Blood Transfusion Society - BBTS, International Society for Blood Transfusion - ISBT (Истанбул, Турција, 2003; Единбург, Велика Британија, 2004; Атина, Грција, 2005), European School for Transfusion Medicine - ESTM (Пескара, Италија, 2009; Белград, Србија и Црна Гора, 2003), European School of Haematology & Eurocord - ESH&Eurocord (Монте Карло, Монако, 2013) и Turkish Academy of Science - TUBA (Анталија, Турција, 2014).

Научни трудови објавени во целост во референтни научни списанија во последни пет години:


1. **Grubovic RM**, Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Grubovic MR. ***Analysis of factors that influence hematopoietic recovery in autologous transplanted patients with hematopoietic stem cells from peripheral blood.*** Open Access Maced J Med Sci. 2017. June 15;5(3):324-331. https://doi.org/10.3889/oamjms.2017.039

За успешна трансплантација на хематопоетски матични клетки потребно е да се постигне брзо и трајно неутрофилено и тромбоцитено хематопоетско опоравување. Во оваа клиничка студија е извршена анализа на факторите кои влијаат на хематопоетското опоравување кај автологно трансплантираните пациенти со хематопоетски матични клетки од периферна крв. Пациентите биле анализирани во три подгрупи во зависност од заболувањето од кое се лекуваат: акутна миелоидна леукемија, мултипли миелом и лимфоми, а добиените резултати и заклучоци од студијата имаат сигнификантно значење за третманот на овие болни.

2. **Grubovic R,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Grubovic M. ***Factors associated with successful mobilization and collection of peripheral blood hematopoietic stem cells in autologous and allogeneic donors.*** SEE J Immunol. 2017 Dec 26; 2017:20012. https://doi.org/10.3889/oamjms.2017.20012.

   Трансплантациите на хематопоетски матични клетки претставуват третман на избор за многу досега неизлечиви болести, како што се малигните и немалигните болести на крвта и некои автоимуни болести. Во оваа клиничка студија се испитувани факторите кои влијаат на мобилизацијата и колекционирањето на хематопоетски матични клетки од периферна крв кај автологните и алогени донори, како предуслов за добивање на квалитетен графт, што е предуслов за успешно изведување на трансплантација. Определувањето на точното ниво на предаферезните лабораториски параметри за започнување на аферезната постапка која би била безбедна за донорите и со голема ефикаснот на колекционирање на ХМК, би го намалило проблемот на помалку успешни и/или повеќекратни харвестрации.

3. **Грубовиќ Растворцева Р,** Георгиевски Б, Чевреска Л, Усеини С, Генадиева Ставриќ С, Стојаноски З, Пивкова А, Чадиевски Л, Грубовиќ М. ***Карактеристики на донорите и аферезната постапка кои влијаат на ефикасноста на колекционирањето на хематопоетските матични клетки од периферна крв.*** IMJM 2017. 2017;22(1):39-49.

   Во овој труд е испитувано влијанието на потенцијалните предиктивни фактори – демографски и лабораториски карактеристики на донорите, карактеристиките на аферезното колекционирање и мобилизациионата стратегија, како и карактеристиките поврзани со болеста кај автологните донори, кои би можеле да влијаат на ефикасноста на колекционирањето, односно вкупниот број на колекционираните МНК и ЦД34+ клетки. Студија покажала дека на вкупниот број на колекционираните МНК клетки сигнификантно влијаеле предаферезниот број на тромбоцитите (p=0.045576), мобилизирачката стратегија (p=0.044071), видот на сет за харвестрација (p=0.042254), бројот на аферзни циклуси во една процедура(p=0.037069) и бројот на циклуси на примена хемотерапија (p=0.033519), додека на вкупниот број на колекционирани ЦД34+ клетки кај автологните донори сигнификантно влијаел бројот на аферезни циклуси во една процедура (p=0.014608).

4. **Grubovic R,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva Stavric S, Grubovic M. ***Evaluation of factors that influence hematopoietic recovery in autologous and allogeneic transplanted patients with hematopoietic stem cells from peripheral blood.*** Bilt Transfuziol 2016;62(1-2):29-37.

   Трансплантациите на хематопоетски матични клетки се едни од најкомплексните терапевтски процедури. Во овој труд се евалуирани факторите кои влијаеле на енграфтментот кај автологните и алогено трансплантирани пациенти со хематопоетски матични клетки од периферна крв. Потребно се понатамошни истражувања за подобро да се разбере кинетиката на енграфтментот и да се минимизира употребата на трансфузиите и потенцијалните компликации поврзани со трансплантацијата на хематопоетски матични клетки. Резултатите од студијата представуваат голем допринос во оваа област.

5. **Grubovic RM,** Velkova E, Primoz R, Reesink HW. ***Strengthening of the Blood Safety System in the National Blood Transfusion Service - Implementation of the European***

***Union IPA Project - at the Institute for Transfusion Medicine of the Republic of Macedonia***. Maced J Med Sci. (2014) http://dx.doi.org/10.3889/MJMS.1857.5773.2014.0423.

Во овој труд се обработува сигурноста на крвта и имплементирањето на Системот за квалитет во Службата за трансфузија во РСМ преку меѓународниот ИПА проект финансиран од Европската Унија - Зајакнување на системот за безбедност на крв, кој беше успешно имплементиран во текот на 2013 и 2014 година. Овој проект бил база за унификација на трансфузиолошките стандарди, стандардни оперативни постапки и процедури во целата држава, како и воспоставување на неопходна едукација на трансфузиолошкиот персонал.

6. Useini S, **Grubovic R,** Andonov G. ***How religion impacts blood donation.*** Mac. Med. Review, 2018; 72(3): 107-109.

Можноста за употреба на крв и крвните продукти претставува една од најголемите придобивки на современата медицина. Во овој ревијален труд се анализирани ставовите на различни религии во однос на крводарувањето и нивното влијание на крводарувањето. Мотивирањето на крводарителите претставува основен аспект во процесот на крводарување и оттука произлегува и важнота на истото.

7. Pivkova-Veljanovska A, Genadieva -Stavrik S, Stojanoski Z, Cadievski L, Panovska -Stavridis I, Trajkova S, **Grubovik R**, Chaparoska D, Cevreska L, Georgievski B. ***Cryopreservation of autologous peripherall blood stem cells - presence and future directions.*** Acta morphologica Vol.12 (1) 2015, p.84.

Криопрезервацијата на хематопоетските матични клетки е составен дел во најголемиот број процедури за трансплантација на хематопоетски матични клетки. Во овој труд се прикажани искуства со криопрезервацијата на матичните клетки, трансплантациите и исходите од трансплантациите и дадени се насоки за во иднина.

Други научни трудови за рецензија објавени во последните 5 години:

8. **Grubovic Rastvorceva R,** Useini S, Georgievski B, Cevreska L, Genadieva Stavric S, Petkovic E, Andonov G, Pivkova A, Stojanoski Z, Cadievski L, Hristova A, Grubovic M. ***Apheresis collection of peripheral blood stem cells in hematological patients and healthy donors-17 years of experience.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):115.

Во овој труд се опишани искуствата во аферезното колекционирање на хематопоетски матични клетки од периферна крв (ХМК) кај хематолошки пациенти и здрави донори во Институтот за трансфузиона медицина и Универзитетската клиника за хематологија, во периодот од 2001 до 2018 година. Во овој период имало 773 аферезни процедури за колекционирање на матични клетки, од кои 626 (81%) биле изведени кај 313 хематолошки пациенти, а 148 процедури (19%) биле изведени кај 95 здрави донори. Доволен број ХМК биле добиени во просек со 2 афереzи (опсег 1-5) кај алогените донори и 1,6 афереzи кај здравите донори (опсег 1-3). Сите процедури биле изведени без компликации, со што се потврдува безбедноста на процедрата.

9. **Grubovic Rastvorceva R,** Useini S, Petkovic E, Andonov G, Neceva V, Todorovski B, Todorovska E, Velkova E, Makarovska Bojadzieva T, Apostolovska R, Grubovic M. ***Maintenance of the Quality Management System in the Stem Cell Collection Facility as a prepequisite for JACIE Accreditation***. Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):116.

Главната цел на JACIE акредитацијата е да се подобри квалитетот на трансплантациите на хематопоетски матични клетки во Европа, со овозможување на услови, стандарди и водичи за работа на аферезните центри, центрите за трансплантација и лабораториите за процесирање со што ќе се овозможи високо квалитетно работење. Во трудот се опишани резултатите од аудитот на JACIE и превземените чекори за оржување и подобрување на квалитетот во Центарот за колекционирање на хематопоетски матични клетки при Институтот за трансфузиона медицина.

10. Petkovic E, Useini S, Andonov G, **Grubovic Rastvorceva R,** Todorovska E, Blagoevska M, Lolita M. ***Comparison of blood donor profile – what is new after one decade.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):126.

Унапредувањето на крводарителскиот процес е една од мисиите и целите на трансфузиолошката служба за континуирано обезбедување на доволно количество сигурна крв. Во трудот е направена компарација на крводарувањата во период 2007 и 2016 година. Во заклучокот се констатира дека е потребна постојано да се работи на задршката на постоечките крводарители и регрутирањето на новите крводарители.

11. Andonov G, Useini S, **Grubovic Rastvorceva R,** Petkovic E, Todorovski B***. Summary of blood donation in the Institute for Transfusion Medicine of RM.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):126.

Во овој труд се евалуирани резултатите од крводарувањата во тек на 2017 година. Во текот на годината имало 23.686 крводарувања во Институтот за трансфузиона медицина, од кои 75% биле со мобилни екипи, 74,8% биле мажи и 25,2% биле жени. Имало 8,9% донори кои за прв пат дарувале крв, а 14% од донорите биле одбиени од крводарување заради различни причини. Највисоки пикови во крводарувањата имало во месеците март и ноември.

12. **Grubovic Rastvorceva R.** ***Impact of factors affecting mobilization and collection efficiency in autologous and allogeneic hematopoietic stem cell donors.*** Bilt Transfuziol 2018; 63(1-2):82.

За успешно колекционирање на мононуклеарни клетки (МНК) и ЦД34+ клетки од периферна крв потребна е идентификација на предиктивните фактори.Во овој труд се испитувани факторите кои влијаат на мобилизацијата и харвестрирањето на хематопоетски матични клетки од периферна крв (ХМК) кај автологните и алогени донори, како предуслов за добивање на квалитетен графт, што е предуслов за успешно изведување на трансплантација. Потребно е да се направат универзални водичи за употребата на лабораториски параметри во иницијацијата на аферезната процедура за оптимизацијата на колекционирањето на ХМК.

13. Todorovska E, Petkovic E, Useini S, **Grubovic Rastvorceva R,** Neceva V, Apostolovska R, Angelovski J. ***Fibrinolytic system and lipid status in patients with deep venous thrombosis***. Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):134.

Во овој труд е испитувано дали постои корелација помеѓу испитуваните параметри од фибринолитичниот систем и липидните фракции кај пациентите со длабока венска тромбоза. Анализата на резултатите покажала позитивна корелација помеѓу t-PAI и HDL, PAI-1 и TC, LDL, Lp(a), DD и TC, LDL, Lp(a).

14. Useini S, **Grubovic Rastvorceva R,** Petkovic E, Andonov G, Raka F, Muaremoska-Useini S, Todorovski B. ***Automated platelet collection in the Institute for Transfusion Medicine of RM.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):103.

Тромбоцитниот концентрат од единечен дарител добиен со афереза е терапија на избор кај најтешко болните пациенти кои имаат потреба од овој вид терапија, пред се заради тоа што го намалува ризикот од несакани реакции во споредба кога се даваат тронбоцити од рандом донори. Во период од 2010 до 2018 година имало 831 тромбоцитофереза во Институтот за трансфузиона медицина и може да заклучи дека трендот на тромбоцитоферези е во пораст.

15. Makarovska Bojadzieva T, Nikolova J, Velkova E, **Grubovic Rastvorceva R,** Useini S. ***Comparative study on transfusion transmissible infections in blood donors.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):93.

Во овој труд се компарирани серопреваленците на маркерите за инфекции преносливи со трансфузија во период од десет години Испитувањето на маркерите за инфекции

преносливи со трансфузија се едни од најважните процедури во процесит на обработка на крвта, неопходни за сигурноста на крвта.

16. Makarovska Bojadzieva T, Velkova E, Nikolova J, **Grubovic Rastvorceva R,** Angeloski J. ***Comparative study on red blood cell antibodies in blood donors.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):98.

Испитувањето на антиеритроцитните антитела во донираната крв е задолжителен дел при тестирањето на крводарителите. Во овој труд е компарирарана преваленцата и природата на ирегуларните еритроцитни атитела детектирани во периодот од 2015-2018 и периодот од 2009-2014 и анализирани се демографските карактеристики на крводарителите со специфични антитела.

17. Todorovski B, Blagoevska M, Useini S, **Grubovic Rastvorceva R,** Andonov G, Petkovic E, Damevska Todorovska O***. Some aspects of blood donation in NITM in Skopje in 2017 – young donors.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):101.471

Овој труд ги обработува крводарувањата во Институтот за трансфузиона медицина во 2017 година, со посебен осврт на младата популација. Од 23683 дарувања, 1458 (6,15%) биле студенти и 2797 (11,8%) средношколски ученици. За да се одржи постоечкиот и да се зголеми бројот на крводарувањата потребно е да се изнајдат нови начини за мотивација на младите луѓе.

18. **Grubovic Rastvorceva R,** Useini S, Dimitrovski K, Petkovikj E, Andonov G, Grubovic M. ***Collection of mobilized peripheral blood stem cells in healthy donors – 17 years of experience.*** Vox Sanguinis 2018; 113 (Suppl.1): 336-337.

Во овој труд се опишани искуствата во аферезното колекционирање на хематопоетски матични клетки кај здрави донори во Институтот за трансфузиона медицина и Универзитетската клиника за хематологија, во периодот од 2001 до 2018 година. Како заклучок е наведено дека треба да се работи на развојот на Националниот регистер на несродни донори на хематопоетски матични клетки во РСМ.

19. **Grubovic Rastvorceva R.** ***Assessment of factors associated with successful mobilization and collection of peripheral blood hematopoietic stem cells in autologous and allogeneic donors.*** Vox Sanguinis 2018; 113 (Suppl.1): 337.

Хематопоетските матични клетки од периферна крв се најпреферираните матични клетки за трансплантација кај автологните (99%) и алогените (79%) трансплантации. Доволен број на хематопоетски метични клетки е предуслов за успешна трансплантација и овој труд дава особен допринос анализирајќи ги факторите поврзани со успешна мобилизација и харвестрирање на хематопоетски матични клетки. Бројот на тромбоцитите пред започнување на мобилизација и харвестрација бил идентификуван како потенцијален предиктор за успешна мобилизација и харвестрација.

20. Useini S, **Grubovic Rastvorceva R,** Dimitrovski K, Andonov G, Petkovikj E. ***Donation of single donor platelets in the Institute for transfusion medicine of Republic of Macedonia.*** Vox Sanguinis 2018; 113 (Suppl.1): 139-140.

Во овој труд се прикажани искуствата во колекционирањето на тромбоцити со клеточен сепаратор со тромбоцитофереза во Институтот за трансфузиона медицина. Во период од 2010 до 2017 година се дарувани во просек 104 тромбоцитни концентрати со клеточен сепаратор, во 2010 година – 49, 2011 година – 66, 2012 година – 78, 2013 година – 105, 2014 година – 108, 2015 година – 120 и 2016 година – 208. Тромбоцитоферезата е потврдена како сигурна и ефикасна метода за добивање тромбоцити.

21. Andonov G, **Grubovic Rastvorceva R,** Dimitrovski K, Blagoevska M, Useini S, Petkovikj E, Tododorovska Damevska O, Todorovski B, Grubovic M. ***Overview of blood donation in the the Institute for transfusion medicine of Republic of Macedonia.*** Vox Sanguinis 2018; 113 (Suppl.1): 139.

Во овој труд се евалуирани резултатите од крводарувањата во тек на 2017 година, со посебен осврт на полова дистрибуција, национална, професионална окупираност, првократни крводарители и одбиени крводарители, со цел да се изнајдат нови начини за мотивација на крводарителите.

22. Petkovikj E, Andonov G, Blagoevska M, Dimitrovski K, **Grubovic Rastvorceva R**, Useini S, Mitevska L***. Blood donor profile – is there any change after 10 years?*** Vox Sanguinis 2018; 113 (Suppl.1): 132.

Унапредувањето на крводарителскиот процес е една од мисиите и целите на трансфузиолошката служба за континуирано обезбедување на доволно количество сигурна крв. Во трудот е направена анализа на крводарувањата во период од 10 години и најдено е дека има покачување на бројот на жените крводарители, како и двојно намалување на невработените и средношколците крводарители во 2016 година наспроти 2007 година.

23. **Grubovic R,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Useini S, Petkovic E, Grubovic M. ***Mobilized hematopoietic stem cells from peripheral blood as a preferred source in autologous stem cell transplantation in adult patients with hematologic malignancies.*** Vox Sanguinis 2017; 112 (Suppl.1): 292-293.

Мобилизираните хематопоетски матични клетки од периферна крв го имаат приматот во однос на хематопоетски матични клетки добиени од коскена срцевина и се преферирaн избор при 99% автологни трансплантацијии во светски рамки. Во оваа клиничка студија работена во Институтот за трансфузиона медицина и Универзитетска клиника за хематологија, се анализирани аферезните колекционирања на мобилизирани хематопоетски матични клетки од периферна крв кај автологни донори, односно хематолошки пациенти во периодот од 2001 до 2017 година.

24. **Grubovic RM,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Grubovic MR. ***Evaluation of factors that influence collection efficiency hematopoietic stem cells from peripheral blood.*** Vox Sanguinis 2017; 112 (Suppl.1): 291.

Во оваа клиничка студија е прикажана важноста на одредени параметри, кои се предуслов за успешно колекционирање на мононуклеарни клетки и ЦД34+ клетки. Потребно е одредувањето на точните вредности на лабораториските параметри за започнување на мобилизацијата и аферезното колекционирање кое е сигурно за донорот и многу ефикасно во колекционирањето на хематопоетски матични клетки за оптимизација на овие процедури, како и за рана интервенција кај слабите мобилизери.

25. **Grubovic R,** Velkova E, Useini S, Petkovikj E, Veljanovski N, Raka F, Grubovic M. ***Implementing the Quality Management System in the Institute for Transfusion Medicine of Republic of Macedonia.*** Vox Sanguinis 2017; 112 (Suppl.1): 99-100.

Потребата да се демонстрира квалитет во праксата стана еден од главните приоритети на здравствените работници и здравствените институции. Посакуваното ниво на квалитет и извонредност може да биде постигнато и да се демонстрира со акредитација. Институтот за трансфузиона медицина е ISO акредитиран, а се стреми да биде акредитиран и од JACIE.

26. **Grubovic R.** ***Safety and efficacy of apheresis collection of mobilized hematopoietic stem cells from peripheral blood in healthy donors – 15 years of experience.*** Vox Sanguinis 2016; 111 (Suppl.1): 286-287.

Во овој труд се опишани искуствата во земањето на алогени хематопоетски матични клетки од периферна крв кај здрави донори во периодот од 15 години. Донорите биле стимулирани со гранулоцити-колоностимулирачки фактор 4-5 дена ред харвестрација. Сите донори и приматели на хематопоетски матични клетки биле ХЛА типизирани. Процедурата траела од 3 до 4 часа и биле колекционирани од 50 до 220 мл. Посакуваниот број нематопоетски матични клетки бил добиен во просек со 1,7 процедури по донор, а аферезната процедура е успешно извршена.

27. **Grubovic R,** Georgievski B, Cevreska L, Useini S, Genadieva-Stavric S, Stojanovic A, Petkovic E, Grubovic M. ***Mobilized hematopoietic stem cells from peripheral blood as preferred source for autologous and allogeneic transplantation in hematological patients - 15 years of experience.*** Vox Sanguinis 2016; 111 (Suppl.1): 291.

Во овој труд се опишани искуствата во аферезното колекционирање на мобилизирано хематопоетски матични клетки од периферна крв (ХМК) кај хематолошки пациенти и здрави донори во Институтот за трансфузиона медицина и Универзитетската клиника за хематологија, во периодот од 2001 до 2016 година. Во наведениот период биле изведени 653 харвестрации, од кои 527 кај 255 хематолошки пациенти и 126 процедури кај 74 здрави донори. Посакуван број ХМК биле добиени во просек со 2.1 аферези (опсег 1-5) кај алогените донори и 1,7 аферези кај здравите донори (опсег 1-3). Главни индикации за автологна трансплантација на ХМК биле: мултипли миелом – 53,1%, лимфоми – 25%, акутна миелоидна леукемија – 21,9%; и акутна миелоидна леукемија – 61.3%, акутна лимфобластна леукемија – 17.7% и хронична миелоидна леукемија – 9.7' кај алогените трансплантации на ХМК.

28. **Grubovic R,** Useini S, Velkova E, Damevska Todorovska O, Veljanovski N, Petkovikj E, Raka F, Grubovic M. ***Maintenance of the Quality Management System in the Stem Cell Collection Facility in the Institute for Transfusion Medicine.*** Vox Sanguinis 2016; 111 (Suppl.1): 110-111.

Во овој труд е опишано одржувањето на Системот за квалитет во Институтот за трансфузиона медицина, поточно во Центарот за колекционирање на хематопоетски матични клеткиво периодот од неговото формирање во 2012 година до 2016 година. Одржувањето на Системот за квалитет е спроведувано преку ISO стандардизација, двајца лекари станаа JACIE инспектори и со постојано следење на стандардите и препораките на JACIE и работење според нив.

29. Raka F, Useini S, **Grubovic R,** Kacarski K. ***Automated platelet collections at ITM-Skopje.*** Vox Sanguinis 2016; 111 (Suppl.1): 129.

Во овој труд е опишано автоматизираното колекционирање на тромбоцити со клеточен сепаратор во Институтот за трансфузиона медицина во тек на 2015 година.

30. **Grubovic R,** Georgievski B, Cevreska L, Velkova E, Genadieva-Stavric S, Useini S, Pivkova-Veljanovska A, Stojanoski Z, Chadievski L, Grubovic M. ***Safety and efficacy of mobilized hematopoietic stem cell collection from peripheral blood in hematological patients and healthy donors – 14 years of experience.*** Bone Marrow Transplantation 2015; 50 (Suppl.1): S348.

Во оваа клиничка студија анализирани се аферезните колекционирања на мобилизираните хематопоетски матични клетки од периферна крв кај хематолошките пациенти и здрави донори. Стидијата е изведувана во Институтот за трансфузиона медицина и Универзитетска клиника за хематологија во период од 2001 до 2015 година. Во студијата била потврдена сигурноста и ефикасноста на аферезна процедура за добивање на хематопоетски матични клетки од периферна крв.

31. **Grubovic R,** Velkova E, Veljanovski N, Useini S, Petkovikj E, Grubovic M. ***Implementing of Quality Management System – Macedonian experience.*** Bone Marrow Transplantation 2015; 50 (Suppl.1): S546.

Студијата го опишува воведувањето на Системот за квалитет во Институтот за трансфузиона медицина. Како заклучок се наведува дека работењето по однапед утврдени стандарди, стриктно следење на регулативите и правилата, како и редовна самоевалуација ќе придонесат за силен и одржлив Систем на квалитет.

32. **Grubovic R,** Schiller G. ***If multiple myeloma patients previously treated with immunomodulatory drugs can ensure adequate collection of CD34+ cells followed by successful and sustained engraftment.*** Vox Sanguinis 2015; 109 (Suppl.1): 56.

Во оваа клиничка студија се испитува влијанието на имуномодулаторните лекови на успешноста на колекционирањето и трансплантацијата на автологни хематопоетски матични клетки од периферна крв кај пациенти со мултипли миелом. Студијата е изведена на Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес. Резултатите покажале дека предтрансплантациската терапија со имуномодулаторни лекови не влијаела значителноо на на бројот на ЦД34+ клетки и бројот на аферезите. Бројот на земени и трансплантирани ЦД34+ клетки бил поваќе од оптималните 5x$10^6$/кк тт ЦД34+ клетки, што резултирало со брз и успешен енграфтмент.

33. **Grubovic R,** Georgievski B, Useini S, Cevreska L, Velkova E, Genadieva Stavric S, Veljanovski N, Pivkova A, Petkovikj E, Grubovic M. ***Apheresis collection of mobilized peripheral blood stem cells in hematological patients.*** Vox Sanguinis 2015; 109 (Suppl.1): 370.

Во овој труд се опишани искуствата во земањето на автологни хематопоетски матични клетки од периферна крв кај хематолошки пациенти во периодот од 2001 до 2014 година. Направени биле 469 аферезни процедури кај 241 здрави сродни донори, средно 2.0 афереза по донор (опсег 1-5) за да се добие потребниот минимум 2x$10^6$/кг тт ЦД34+ клетки. Пациентите биле автологно трансплантирани при следниве индикации: мултипли миелом – 35.7%, акутна миелоидна леукемија – 29,6%, Хочкинова болест – 17,3%, не-Хочкинов лимфом – 10.2%, акутна лимфобластна леукемија – 5,1% и друго.

34. Raka F, Makarovska Bojadzieva T, Damevska Todorovska O, Blagoevska M, Petkovic E, Grubovic R. ***Blood discarding – quality indicators survey.*** Vox Sanguinis 2015; 109 (Suppl.1): 114.

Во оваа студија е евалуирана стапката на отстранети крвни компоненти заради неправилно колекционирање, процесирање и чување од за период од 2009 до 2012 година во Институтот за трансфузиона медицина.

35. **Grubovic R,** Georgievski B, Useini S, Cevreska L, Velkova E, Genadieva Stavric S, Veljanovski N, Pivkova A, Cadievski L, Grubovic M. ***Safety and efficacy of apheresis collection of hematopoietic blood stem cells from peripheral blood in healthy donors – 14 years of experience.*** Vox Sanguinis 2015; 109 (Suppl.1): 370.

Во овој труд се опишани искуствата во земањето на алогени хематопоетски матични клетки од периферна крв кај здрави донори во периодот од14 години. Направени биле 117 аферезни процедури кај 69 здрави сродни донори, средно 1.7 афереза по донор (опсег 1-3) за да се добие потребниот минимум 2x$10^6$/кг тт ЦД34+ клетки. Клетките биле користени за алогена трансплантација кај пациенти со: акутна миелоидна леукемија – 55,1%, акутна лимфобластна леукемија – 18,8 %, хронична миелоидна леукемија – 8,7%, не-Хочкинов лимфом, миелопролиферативни заболувања и апластична анемија по - 4,3% и друго.

36. Petkovikj E, Dejanova-Ilijevska V, Grubovic R, Useini S, Velkova E, Neceva V***. Recurrent deep venous thrombosis and superficial thrombophlebitis in a patient with protein C deficiency and MTHFR C677T mutation.*** Abstract book. DLTH, 2015, p.74.

Овој труд претставува приказ на случај на пациент со дефицит на Protein C и мутација во MTHFR C677T генот. Пациентите асоцирани со тромбофилни фактори, каков што е овој случај, имаат покачен ризик од рекурентни тромбемболиски евенти.

37. **Grubovic R,** Alavi A, Schiller G. ***Collection and transplantation of autologous peripheral blood stem cells in patients with Multiple Myeloma treated with Lenalidomide.*** Bone Marrow Transplantation 2014; 49 (Suppl.1): 49

Во оваа клиничка студија испитувано е влијанието на Леналидомидот на успешноста на колекционирањето и трансплантацијата на автологните хематопоетски матични клетки од периферна крв кај пациенти со мултипли миелом. Комбинацијата на гранулоцитно-колоностимулирачки фактор, циклофосфамид и преднизон се покажала како одлична мобилизирачка стратегија, која не дозволила предтрансплантациски примениот Леналидомид да влијае на успехот на колекционирањето на хематопоетските матични клетки.

38. **Grubovic R,** Useini S, Velkova E, Veljanovski N, Petkovikj E, Grubovic M. ***The Quality Management System: the Macedonian experience – one step closer to JACIE accreditation.*** Bone Marrow Transplantation 2014; 49 (Suppl.1): 435.

Во овој труд се прикажани искуствата во Институтот за трансфузиона медицина во Системот на менаџмент на квалитет. Целосно е воведен систем на квалитет во Центарот за колекционирање на матични клетки, направени се СОП-ови за сите процедури на Одделот и направени се соодветни обуки на персоналот и редовни евалуации.

39. Pivkova-Veljanovska A, Genadieva-Stavric S, Stojanoski Z, Chadievski L, Cevreska L, Useini S, **Grubovic R,** Georgievski B. ***Stem cell mobilization and cryopreservation of autologous grafts in patients with hematological malignancies: 13 years of center experience.*** Bone Marrow Transplantation 2014; 49 (Suppl.1): 526.

Во овој труд се прикажани искуствата при мобилизацијата и криопрезервацијата на хематопоетски матични клетки наменети за трансплантација кај хематолошките пациенти лекувани на Универзитетската клиника за хематологија и Институтот за трансфузиона медицина во период од 13 години.

40. **Grubovic R,** Georgievski B, Useini S, Velkova E, Cevreska L, Petkovikj E, Veljanovski N, Pivkova A, Hristova-Dimceva A, Grubovic M. ***Collection of autologous and allogeneic hematopoietic peripheral blood stem cells – 13 year experience.*** Vox Sanguinis 2014; 107 (Suppl.1): 243.

Во оваа студија се прикажани искуствата при автологните и алогените харвестрации на хематопоетски матични клетки од периферна крв. Во период од 2001 до 2014 направени се 535 харвестрации, од кои 80% биле кај автологни донори (пациенти) и 20% кај здрави сродни донори. Една процедура траела 3-4 часа и биле колекционирани 50-220мл. Сите процедури биле изведени без компликации.

41. **Grubovic R,** Schiller G. ***If presence of Minimal Residual Disease in adult patients with Acute Myeloid Leukemia in Complete Remission undergoing Allogeneic Hematopoietic Stem Cell Transplantation can define high risk group of patients?*** Bilt Transfuziol 2014; 60(1-2): 108.

Во оваа клиничка студија која ја истражува минималната резидуална болест (МРД) како предиктивен фактор за релапс по алогена трансплантација на хематопоетски матични клетки кај возрасни пациенти со акутна миелоидна леукемија во прва и втора комплетна ремисија. Студијата е изведена на Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес. Студијата покажала дека пациентите во морфолошка комплетна ремисија, но со присуство на МРД, имаат значајно зголемен ризик од релапс и намалено целосно преживување и преживување без леукемија.

42. **Grubovic R,** Georgievski B, Velkova E, Cevreska L, Veljanovski N, Useini S, Pivkova A, Petkovic E, Grubovic M. ***Collection of autologous peripheral blood stem cells in hematological patients.*** Bilt Transfuziol 2014; 60(1-2): 161.

Во овој труд се прикажани искуствата во земањето на автологни хематопоетски матични клетки од периферна крв кај хематолошки пациенти. Направени се 428 харвестрации кај 200 пациенти (124 мажи и 76 жени), средно 2,1 харвестрации/пациент (опсег 1-5). Најмногубројни биле пациентите со: мултипли миелом – 35.7%, акутна миелоидна леукемија – 29.6%, Хочкинова болест – 17.3%, не-Хочкинов лимфом – 10.2% и акутна лимфобластна леукемија – 5.1%.

43. Petkovikj E, Todorovska E, **Grubovikj R,** Dejanova-Ilievska V, Veljanovski N, Velkova E. ***Oral anticoagulant therapy in patients with atrial fibrillation and flutter.*** Bilt Transfuziol 2014; 60(1-2): 163.

Во оваа ретроспективна студија изведувана во 2013 и 2014 година се анализирани

200 пациенти со атријална фибрилација кои примаат орална антикоагулантна терапија по шема. Половина од испитуваните пациенти имале ИНР во тераписки ранг, а останатите биле субдозирани или предозирани. Потребно е внимание и редовно следење на оралната антикоагулантна терапија, за да се избалансира ризикот од крварење и ризикот од тромбоза.

44. **Grubovic R,** Useini S, Veljanovski N, Velkova E, Todorovska B, Neceva V, Dejanova V, Damevska O, Petkovikj E, Nikolovska B, Donevski I, Grubovic M. ***Perioperative management of anti-platelet therapy.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 56-57.

Во трудот се обработени последните ажурирани водичи за периоперативен менаџмент со антитромбоцитна терапија. Од искуствата на авторите е прказано дека се користат тестирање на тромбоцитната функција и премостителна терапија од страна на хирурзите и анестезиолозите. Заклучено е дека се потребни дополнителни клинички студии за одредување на cut-off вредностите за ризик од крварење и тромбоза.

45. **Grubovic R,** Georgievski B, Velkova E, Cevreska L, Useini S, Genadieva-Stavric S, Veljanovski N, Stojanovic A, Hristova-Dimceva A, Pivkova A, Petkovic E, Stojanoski Z, Cadievski L, Grubovic M. ***Apheresis collection of mobilized hematopoietic stem cells from peripheral blood in healthy donors – 13 years of experience.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 61-61.

Во овој труд се опишани искуствата во земањето на алогени хематопоетски матични клетки од периферна крв кај здрави донори во периодот од 2001 до 2014 година. Направени биле 107 аферезни процедури кај 62 здрави сродни донори, средно 1.7 афереза по донор (опсег 1-3) за да се добие потребниот минимум $2x10^6$/кг тт ЦД34+ клетки. Клетките биле користени за алогена трансплантација кај пациенти со: акутна миелоидна леукемија, акутна лимфобластна леукемија, хронична миелоидна леукемија и друго.

46. **Grubovic R**. ***Safety and efficacy of hematopoietic stem cell collection from peripheral blood in hematological patients and healthy donors – 13 years of experience.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 62-63.

Во овој труд се опишани искуствата во аферезното колекционирањето на хематопоетски матични клетки од периферна крв кај хематолошки пациенти и здрави донори во Институтот за трансфузиона медицина и Универзитетска клиника за хематологија во период од 13 години. Резултатите од студијата потврдиле дека аферезното колекционирање на хематопоетски матични клетки од периферна крв е сигурна и ефикасна метода со која се добива потребниот број хематопоетски клетки за трансплантација.

47. **Grubovic R,** Schiller G. ***Impact on minimal residual disease in adult patients with acute myeloid leukemia in complete remission undergoing allogeneic hematopoietic stem cell transplantation.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 63-64.

Во овој труд е обработена минималната резидуална болест (МРД) како предиктивен фактор за неповолен исход по алогена трансплантација на хематопоетски матични клетки кај возрасни пациенти со акутна миелоидна леукемија. Студијата е изведена на Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес. Пациентите со МРД конзистентно имале полош исход од оние без МРД. Тригодишното преживување без леукемија и целосното преживување биле 15% кај МРД позитивните пациенти наспроти 58% кај МРД негативните.

48. **Grubovic R,** Velkova E, Useini S, Veljanovski N, Petkovic E, Damevska O, Todorovska E, Stankovic D, Mitevska L, Raka F, Grubovic M. ***Implementing of Quality Management***

***System in the Stem Cell Collection Facility in the Institute for Transfusion Medicine.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 75-76.

Имплементирањето на Системот за менаџмент на квалитетот во Институторт за трансфузиона медицина почнал со следењето на националните легислативи и иницијативи од СЗО и Светската банка кои подржуваат квалитет во здравствената заштита и акредитација. Во Институтот во 2013 и 2014 година бил спроведен ИПА проектот за Зајакнување на системот за обезбедување со крв, со кој работењето во трансфузиолошката служба во РСМ се подигна на повисоко ниво и се доближи до стандардите на Европската Унија.

49. Todorovska E, Velkova E, Petkovikj E, **Grubovic R,** Neceva V. ***Correlation between parameters of fibrinolytic system and lipid status in patients with cerebrovascular insult.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 44-45.

Во овој труд е испитувана корелацијата помеѓу параметрите на фибринолитичкиот систем и липидниот статус кај 100 пациенти со цереброваскуларен инсулт и контролна група од 100 здрави испитаници. Анализата открила повеќе корелации помеѓу одредени параметри на фибринолитичниот систем и липидните фракции. Се препорачува задолжителна рутинска апликација на тестовите на фибринолитичкиот систем и липиден профил со цел намалување на стапка на цереброваскуларни инсулти.

50. Useini S, **Grubovic R,** Georgievski B, Petkovikj E, Cadievski L, Muaremoska S. ***Apheresis collection of single donor platelets.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 65.

Аферезно добиениот тромбоцитен концентрат е преферирaн избор на клиничарите во третманот на многу болести. Ова истражување е изведувано во Институтот за трансфузиона медицина и се прикажани искуствата во аферезното колекционирање на тромбоцити од единечен донор во период од 4 години.

51. Damevska-Todorovska O, Velkova E, Hristova-Dimceva A, Dejanova V, **Grubovic R,** Makarovska T, Angelovski J, Todorovski B, Veljanovski N. ***Implementation of haemovigilance in the Republic of Macedonia.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 76-77.

Системот на хемовигилност ја документира сигурноста на трансфузијата на крв и индицира каде се главните проблеми и можности за подобрување. Во овој труд се анализирани пријавените несакани реакции од трансфузија во Одделот за осигурување на квалитет во Институтот за трансфузиона медицина од 2007 до 2013 година. Во заклучокот се наведува дека е потребно да се надогради постоечката легислатива со задолжителна регистрација и пријавување на несаканите реакции.

52. Useini S, Muaremoska S, Dejanova V, Grubovic M, **Grubovic R.** ***Update on platelet transfusion.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 25-26.

Употребата на тромбоцитите е индицирана во превенција и третман кај пациенти со тромбоцитопенија или дефект во функцијата на тромбоцитите. Во овој ревијален труд се претставени најновите препораки и водичи од Светските здруженија за индикациите и начините на употреба на тромбоцитните трансфузии. Финалната одлука за трансфузија треба да биде донесена од лекарот по внимателна процена на сите параметри и околности.

53. Petkovikj E, Todorovska E, **Grubovikj R,** Dejanovska-Ilieva V, Veljanovski N, Velkova E, Mitevska L. ***Oral anticoagulant therapy in patients with venous thromboembolism and cardiovascular diseases.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 53-54.

Во овој труд се анализира колку од пациентите со венски тромбемболизами кардиоваскуларни болести кои примаат орална антикоагулантна терапија имаа ИНР во тераписки ранг. Истражувањето е вршено во амбулантите на Институтот за трансфузиона медицина во Скопје во 2013 и 2014 година.

54. Useini S, Nikoloska I, Blagoevska M, Apostolovska R, Raka F, Muaremoska S, **Grubovic R.** ***Evaluation of blood donations – five years survey.*** Зборник на абстракти. IV Конгрес на трансфузиона медицина на Република Македонија со меѓународно учество, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија, стр: 25-26.

Во овој труд се анализирани крводарувањата во Институтот за трансфузиона медицина во перодот од 2009 до 2014 година. Најголемиот број се доброволни крводарувања (97%) наспроти фамилните (3%). Според етничката структура 88% дарители биле македонци, 7% албанци и 5% припаѓаат на другите етнички групи.

55. Грубовиќ Р, Велкова Е. ***ЕУ Пројект: зајакнување на системот за безбедност на крв***, VOX Medici, јуни 2014

Овој стручен труд дава приказ на имплементацијата меѓународниот ИПА проект финансиран од Европската Унија кој имаше за цел Зајакнување на системот за безбедност на крв во Институтот за трансфузиона медицина на РМ и кој беше успешно имплементиран во текот на 2013 и 2014 година. Во овој труд е даден приказ на Овој проект ги постави основите на унифицирано работење во согласност со принципите на контрола на квалитет и воспоставување на систем на менаџмент во квалитетот.

Д-р Грубовиќ има голем број активности на континуирана медицинска едукација. Учествувала на голем број едукации и била организатор на интернационални конгреси, симпозиуми, школи:

- **Европски комитет за трансфузија на крв (CD-P-TS),** тело на ***Европскиот директорат за квалитет на лекови (EDQM),*** при ***Советот на Европа,*** 13-14 ноември 2019, Стразбург, Франција – учесник на 16-тиот годишен експертски состанок
- **"Анализа на нуклеотидни секвенци на геноми на вирус во медицинска дијагностика"** Национален симпозиум, 11 октомври, 2018, ВМА, Белград, Србија (Сетрификат)
- Едукација при **Националната агенција за акредитација, Медицински факултет – Скопје и Министерство за здравство на РМ**, јуни-септември 2015 (Сертификат за **Надворешен оценувач на здравствени институции)**
- ***"New Techniques in the Production of Stem Cells"*** курс, **Turkish Academy of Science – TUBA**, април 2014, Анталија, Турција (Сертификат)
- Едукација ***"Quality Management in Transfusion Medicine"*** – **EU IPA Project – Strengthening of the Blood Safety System**, јануари/февруари 2014, Љубљана, Словенија (Сертификат)
- "***A New Concept of Medical Education in Macedonia – Developing a Competency-based Graduate Medical Training Program, Macedonia-US Physician Project Workshop"*** 17-21 октомври 2014, Медицински факултет - Скопје (Сертификат)
- **Annual EFI (European Federation for Immunogenetics) Region EPT Meeting**, 29-30 ноември 2013, Белград, Србија (Сертификат)
- Едукација при **JACIE** (Joint Accreditation Committee of ISCH – International Society of Cellular Therapy & EBMT – European Group for Blood and Marrow Transplantation),

октомври 2012, Барцелона, Шпанија (Сертификат за **JACIE инспектор**)

- **Multicountry Workshop:** ***"Development of deceased donation programs in SEEHN Countries - Technical Requirements for Donation and Procurement of Organs",*** European Commission and TAIEX, јуни 2012, Охрид, Македонија (Сертификат)
- **SEEHN Министерска конференција за донација на органи и трансплантација** ***"Heart to the Region",*** јуни 2012, Загреб, Хрватска
- Студиски престој – стипендист на **Американската Влада - Fulbright** програма – *Bone Marrow Transplantation Fellowship*, **Hematological Malignancy/Stem Cell Transplant Program, David Geffen School of Medicine at UCLA, Los Angeles, California, USA,** под менторство на Проф. Д-р Gary J. Schiller, MD FACP, септември 2010 – јуни 2011 (Сертификат)
- Едукација ***"Introduction to Principles and Practice of Clinical Research",*** **National Institutes of Health, USA,** октомври 2010 – март 2011. (Сертификат)
- Симпозиум ***"Science of Learning in Medical Education"***, **David Geffen School of Medicine at UCLA**, октомври 2010, Лос Анцелес, САД (Сертификат)
- **European School for Transfusion Medicine – ESTM** курс ***"Organizational, technical and clinical aspects of cord blood banking"***, ноември 2009, Пескара, Италија (Сертификат)
- Студиски престој – стипендист на **British Blood Transfusion Society (BBTS)**, **Stem Cell Transplant Unit/ King's College Hospital, London, UK**, септември - октомври 2008
- ***"The First Macedonian Workshop for Scientific Writing and Publishing and Evidence-based Medicine",*** Медицински факултет - Скопје и Croatian Medical Journal, ноември 2007, Скопје, Македонија (Сертификат)
- ***"The Programme for Management and Leadership in Health"*** едукација, 2006-2007 Министерство за здравство на РМ, World Bank и Медицински факултет – Скопје (Сертификат)
- **European School for Transfusion Medicine - ESTM** курс ***"Contribution of Clinical Medicine in Blood Safety"*** Белград, Србија и Црна Гора, октомври 2003 (Сертификат)
- **Претседател на Конгрес** и **Претседател на меѓународен научен одбор** на ***5-ти Конгрес на Македонско здружение на трансфузиолози*** со меѓународно учество, 16-19 октомври 2019, Скопје, Северна Македонија – пленарен предавач
- **Претседавач** на сесија ***Венски тромбемболизам*** на **5-*тиот Конгрес на Кардиолози на РСМ*** со меѓународно учество, 3-6 октомври 2019, Охрид, Северна Македонија
- **Поканет предавач** на **1st Bone Marrow Transplant Workshop of Republic of North Macedonia,** 12-14 април 2019, Скопје, Северна Македонија
- **International Society on Thrombosis and Hemostasis - ISTH 2019 Congress,** 6-10 јули, 2019, Мелбурн, Австралија – постер презентација
- **Организатор** и **поканет предавач** на **стручен состанок Нови директни антикоагуланси,** 01 ноември 2019, Скопје, Северна Македонија
- Член на **Програмски одбор и поканет предавач** на ***6-тиот Конгрес на трансфузиолози на Србија*** со меѓународно учество, 7-10 ноември 2018, Белград, Србија
- ***35th International Congress of International Society for Blood Transfusion - ISBT***, 2-6 јуни, 2018, Торонто, Канада – постер презентации
- Член на **Научен одбор** на ***19th Danubean League against Thrombosis and Hemofilia,*** 18-20 мај, 2017 Скопје, Македонија – постер презентација
- ***5th Meeting on Rare Disease in the South Eastern Europe,*** **Македонска академија на наука и уметност,** Скопје, Македонија, ноември 2016
- ***5th Congress of Cardiosurgery in RM,*** Скопје, Македонија, ноември 2016
- ***41th European Society for Blood and Marrow Transplantation - EBMT Congress***, јуни 2015, Лондон, Велика Британија – усна и постер презентација
- **Претседавач** на сесијата ***Трансплантација и имунобилогија*** и поканет предавач на ***V Transfusiology Congress of Serbia and Montenegro*** *with international participants*, 6-9 ноември 2014, Белград, Србија

- Член на **Научен одбор и поканет предавач** на ***IV Congress of Macedonian Society for Transfusion Medicine*** *with international participants*, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија
- ***40th European Society for Blood and Marrow Transplantation - EBMT Conference***, 30 март- 02 април 2014, Милано, Италија – усна и постер презентација
- ***IV World Cord Blood Congress and Innovative Therapies for Sickle Cell Disease***, 24-27 октомври 2013, Монако
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT Congress***, 2-7 јуни, 2013, Амстердам, Холандија – постер презентација
- ***39th EBMT (European Group for Blood and Marrow Transplantation) Meeting***, 7-12 април 2013, Лондон, Велика Британија – наградена постер презентација
- Член на **Работна група за ISO стандардизација и акредитација,** ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РМ (октомври 2012 -)
- Член на **Научен одбор и поканет предавач** на ***I Macedonian Conference for Transfusion Alternatives in Critical Ill Patients under patronate of NATA*** *(Network for advancement of transfusion alternatives)*, 16-17 ноември 2012, Скопје, Македонија
- **Поканет предавач** на ***33. Medical Conference of Serbia and Montenegro***, 11-14 септември 2012, Беране, Монтенегро
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT Congress***, јули 2012, Канкун, Мексико – постер презентација
- **Поканет предавач** на Симпозиумот ***"Updates in Transplantation of Hematopoietic Stem Cells",*** Здружение на трансфузиолози на РМ, Македонско Лекарско Друштво, ноември 2011, Скопје
- Учество во **10 клинички студии** за пациенти со акутна миелоидна леукемија и мултипли миелом, **University of California Los Angeles** (2010-2011)
- **Генерален секретар** и **поканет предавач** на ***III Congress of Macedonian Society for Transfusion Medicine*** *with international participants*, 10-14 јуни 2009, Охрид, Македонија
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT 2009 Congress,*** 20-24 март, 2009, Каиро, Египет – усна и постер презентација
- ***British Blood Transfusion Society – BBTS Congress,*** Llandudno, Wales, UK, септември 2008 – добитник на **Princess of Wales Memorial Award**
- Симпозиум ***"Implementation of European Guidelines for Safe Blood",*** Здружение на трансфузиолози на РМ, Македонско лекарско друштво, мај 2008
- ***III Transfusiology Congress of Serbia and Montenegro*** *with international participants*, 8-12 ноември, 2006, Белград, Србија – постер презентација
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT 2005 Congress***, јули 2005, Атина, Грција – постер презентација
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT 2004 Congress***, јуни 2004, Единбург, Шкотска, ВБ – постер презентација
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT 2003 Congress***, 5-9 јули, Истанбул, Турција – усна и постер презентација

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

Во рамки на наставно-образовната и научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Рада М. Грубовиќ Растворцева е исклучително посветен и прагматичен научник и истражувач со завидни резултати во кариерата. Д-р Грубовиќ била организатор, предавач и член на научен и организациски одбор на повеќе меѓународни научни конгреси, научни собири, работилници, семинари, во земјава и во странство, каде што остварила забележителни резултати и успеси, за што се стекнала со соодветни сертификати, дипломи и уверенија. Автор е и коавтор на над 160 научни и стручни трудови, од кои повеќе од 20 се in extenso. Научните трудови чиј автор е д-р Грубовиќ претставуваат значаен придонес кон развојот и унапредувањето на научната дејност во областа на трансфузиологијата.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Д-р Грубовиќ е избрана за потпретседател на Македонското здружение на трансфузиолози во април 2012 година и таа фукција ја обавувала до септември 2018 година. Во септември 2018 е избрана за **Претседател на Здружението на трансфузиолози**, која функција ја обавува и денеска. Д-р Грубовиќ активно учествувала во организацијата на повеќе стручни и научни конгреси, семинари, симпозиуми и работилници. Д-р Грубовиќ е организатор и ***Претседател на 5-тиот Конгрес на Македонското здружение на трансфузиолози*** со меѓународно учество и Претседател на Меѓународниот научен одбор на Конгресот. Била член на ***Научен одбор и активен учесник на 3. и 4. Конгрес на трансфузиолозите на Македонија со меѓународно учество*** (2009 и 2014 година), на ***Првата македонска конференција за алтернативи во трансфузијата кај критично болни пациенти*** во 2012 година***,*** на ***19. Интернационални средби на Дунавската лига за тромбоза и хемостаза*** во 2017 година, а била и член на ***Програмски одбор на 5. и 6. Конгрес на трансфузиолози на Србија со меѓународно учество*** (2014 и 2018 година). Како **Раководител на на Центарот за колекционирање на хематопоетски матични клетки**, Д-р Грубовиќ активно работи на изготвување и воведување на стандардни оперативни постапки (СОП) за процесите на аферезно колекционирање на хематопоетски матични клетки и тромбоцитоферези и е член во работната група за ISO стандардизација при Институт за трансфузиона медицина на РМ. Во 2018 година во Центарот за колекционирање на хематопоетски матични клетки воведува најнова метода за земање на хематопоетски матични клетки од периферна крв со нов тип на клеточен сепаратор Cobe Optia. Дел од нејзината стручна активност е работата во амбулантата за хеморагични и тромботични заболувања при ИТМ – Скопје.

Д-р Грубовиќ е ***национален претставник*** во ***Експертскиот комитет за трансфузија на крв на EDQM*** (Европскиот директорат за квалитет на лекови) при ***Советот на Европа***. Била ***стручен соработник*** на ***Министерството за здравство на РМ*** од областа на матичните клетки од 2012 до 2015 година и учествувала во изработката на *"Законот за изменување и дополнување на законот за земање и пресадување на делови од човечко тело заради лекување",* како и соодветните подзаконските акти и уредби. Истата година станала и **JACIE инспектор** одговорен за *акредитација на здравствени установи кои се занимаваат со колекционирање, чување, процесирање и трансплантирање на матични клетки во Европски рамки.* Во текот на 2013 и 2014 била **Проект менаџер на EU IPA проектот "Зајакнување на системот на сигурност на крв"** кој бил успешно завршен. Во 2015 година станала ***Надворешен оценувач на здравствени институции во РМ*** *при Националната агенција за акредитација и Министерство за здравство на РМ.* Од 2017 година Д-р Грубовиќ е ***акредитиран испитувач при Лекарската комора на Македонија***.

Д-р Грубовиќ е член на голем број домашни и интернационални професионални здруженија.

- **Претседател** на **Здружение на трансфузиолози на РМ**
- Член на **Македонско лекарско друштво**
- Член на **Лекарска комора на Македонија**
- Член на **Интернационално здружение за трансфузија на крв (ISBT)**
- работна група за ***Клеточна терапија*** и ***Менаџмент на квалитет***
- Член на **Европското здружение за трансплантација на крв и коскена срцевина (EBMT)**
- Член на **Интернационално здружение за тромбоза и хемостаза (ISTH)**
- Член на **Здружение на здравствени работници и соработници кои ги згрижуваат лицата со хемофилија и други коагулопатии – 17ти април**
- Член на **Македонско здружение на хематолози**

- Член на **Второстепена комисија за лекување во странство при ФЗО на РМ**
- Член на **Комисија за полагање на стручен испит** при **ЛКМ**
- Член на **Алумните на Сојузот на млади истражувачи на РМ**
- Член на **Fulbright Alumni State Association**
- Член на **Macedonian-American Alumni Association**

Д-р Грубовиќ е член е на уредувачки одбор и рецензент во повеќе од 20 меѓународни научни списанија.

- **Лекарски весник,** издание на Македонско лекарско друштво
- **Journal of Stem Cell Therapy and Transplantation**
- **Annals of Stem Cells and Regenerative Medicine**
- **Clinical Medicine Research**
- **Scientific Pages of Immunology**
- **Journal of Hematology and Oncology Research**
- **Austin Transplantation Sciences**
- **Archives of Organ Transplantation**
- **Journal of Hematology and Clinical Research**
- **Clinics of Oncology**
- **SciTz Stem Cells Research & Therapy**
- **Science Journal of Clinical Medicine (SJCM)**
- **Jacobs Journal of Bone Marrow and Stem Cell Research**
- **Journal of Evolving Stem Cell Research**
- **International Journal of Recent Scientific Research**
- **Journal of Genetic Medicine and Gene Therapy**
- **American Journal of Leukemia Research**
- **Annals of Bone Marrow Research**
- **Open Hematology Journal**
- **Journal of Disease and Global Health**
- **Macedonian Journal of Medical Science (MJMS)**

Д-р Грубовиќ е добитник е на голем број награди и признанија:

- **Fulbright Scholarship/Award**, **US State Department** (2010/2011)
- *Certificate of Achievement* – **International Education Office at UCLA** (мај 2011), како признание за извонредните достигнувања на Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес
- *Certificate of Recognition* – **UCLA Health System & Ronald Reagan UCLA Medical Center** (мај 2011) за покажаната извонредна посветеност кон пациентите, посетителите и персоналот
- **Princess of Wales Memorial Award 2008, British Blood Transfusion Society – BBTS** (септември 2008)
- **Плакета** од **Македонско Лекарско Друштво**, 2017
- **Диплома** од **Македонско Лекарско Друштво**, 2012
- **Благодарница** од **Македонско Лекарско Друштво**, 2007
- **Благодарница** од **Асоцијацијата на млади истражувачи на РМ**, 2015

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, со кои се исполнуваат општите и посебни услови за избор во звање, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа Д-р мед сци супспец Рада М. Грубовиќ Растворцева има голем придонес во наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки **да ја избере д-р мед сци супспец Рада М. Грубовиќ Растворцева во звање насловен доцент за наставно-научната област Трансфузиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. Д-р Никола Камчев, претседател
2. Проф. Д-р Воскресија Стефановска, член
3. Проф. Д-р Борче Георгиевски, член

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Избор во звање асистент по Трансфузиологија | 2 x 15 | | | | 30 |
| | Ментор на специјализанти – област Трансфузиологија | 2 кандидати | | | | |
| | Изведување на практична настава – предмет Трансфизиологија – Општа медицина | 16 часа x 12 | | | | |
| | Изведување на практична настава – предмет Дијагностички методи – Струковни студии за медицински сестри | 8 часа X 12 | | | | |
| | Едукатор на специјализанти по трансфузиологија и други гранки од медицината | 70 | | | | |
| | Семинарски работи | 200 | | | | |
| | Консултации со студенти | 300 | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30+???** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Одбранета докторска теза | 8 | | | | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | | 4 | | | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3 )<br>Трудови под реден бр. 1,2,3,4,5 – прв автор **5 x 9 =45 бода**<br>Труд под реден бр. 7 – втор автор **1 x 6 = 6 бода**<br>Труд под реден бр. 6 – останати автори **1 x 3 = 3 бода** | 5<br>1<br>1 | 9<br>6<br>3 | | | 54 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br><br>Труд под ред. бр. 8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18, 19,20,21,22,23,24,25,26,27,28,29,30,31,32,33,34,3 5,36,37,38,39,40,41,42,43 - во странство **36 x 3 = 108 бода**<br>Труд под реден бр. 44,45,46,47,48,49,50,51,52,53, 54 - дома<br>**11 x 2 = 22** | 11 | 2 | 36 | 3 | 130 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), концерт во земјава и во странство<br>Труд под ред. бр. 8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19 ,20,21,22, 37,38,39,41,42,43 - во странство<br>21x 1,5 = 31,5 бода<br><br>Труд под реден бр. 44,45,46,47,48,49,50,51,52,53, 54 - дома<br>11x 1 = 11 бода | 11 | 1 | 21 | 1,5 | 42,5 |
| | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br><br>Проект менаџер на меѓународен научен проект ***“Strengthening of the Blood Safety System in the National Blood Transfusion Service*** – Implementation of the European Union IPA Project at the Institute for Transfusion Medicine of the Republic of Macedonia<br><br>Меѓународен **1 x 8 = 8 бода** | | | 1 | 8 | 8 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>( 4/2/1)<br>– Лекарски весник, издание на Македонско лекарско друштво<br>– Journal of Stem Cell Therapy and Transplantation<br>– Annals of Stem Cells and Regenerative Medicine<br>– Clinical Medicine Research<br>– Scientific Pages of Immunology<br>– Journal of Hematology and Oncology Research<br>– Austin Transplantation Sciences<br>– Archives of Organ Transplantation<br>– Journal of Hematology and Clinical Research<br>– Clinics of Oncology<br>– SciTz Stem Cells Research & Therapy<br>– Science Journal of Clinical Medicine (SJCM)<br>– Jacobs Journal of Bone Marrow and Stem Cell Research<br>– Journal of Evolving Stem Cell Research<br>– International Journal of Recent Scientific Research<br>– Journal of Genetic Medicine and Gene Therapy<br>– American Journal of Leukemia Research<br>– Annals of Bone Marrow Research<br>– Open Hematology Journal<br>– Journal of Disease and Global Health<br>– Macedonian Journal of Medical Science (MJMS) | 21 | 2 | | | 42 |
| | Награди-признанија за научни-постигнувања<br><br>• **Fulbright Scholarship/Award**, **US State Department** (2010/2011)<br><br>∑ ***Certificate of Achievement*** – **International Education Office at UCLA** (мај 2011), како признание за извонредните достигнувања на Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес<br>∑ ***Certificate of Recognition*** – **UCLA Health System & Ronald Reagan UCLA Medical Center** (мај 2011) за покажаната извонредна посветеност кон пациентите, посетителите и персоналот<br>∑ **Princess of Wales Memorial Award 2008, British Blood Transfusion Society – BBTS** (септември 2008)<br>∑ **Плакета** од **Македонско Лекарско Друштво**, 2017<br>∑ **Диплома** од **Македонско Лекарско Друштво**, 2012<br>∑ **Благодарница** од **Македонско Лекарско Друштво**, 2007<br>∑ **Благодарница** од **Асоцијацијата на млади истражувачи на РМ**, 2015<br><br>странство 4 x 10 = 40 бода<br>дома 4 x 5???= 20 бода | 4 | 5??? | 4 | 10 | 60 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Студиски престој во странство<br><br>-***Институт за трансфузија на крв, Љубљана, Словенија*** (јануари, февруари 2014)<br>- ***Bone Marrow Transplantation Fellowship***, **Hematological Malignancy/Stem Cell Transplant Program, David Geffen School of Medicine at**<br>***Британија*** (септември - октомври 2008) | | | 3 | 8 | 24 |
| | Член на организациски или научен одбор на меѓународен научен собир 8 x 2 = 16 поени<br>1. **Претседател на Конгрес** и **Претседател на меѓународен научен одбор** на ***5-ти Конгрес на Македонско здружение на трансфузиолози*** со меѓународно учество, 16-19 октомври 2019, Скопје, Северна Македонија – пленарен предавач<br><br>2. **Претседавач** на сесија ***Венски тромбемболизам*** на ***5-тиот Конгрес на Кардиолози на РСМ*** со меѓународно учество, 3-6 октомври 2019, Охрид, Северна Македонија<br><br>3. Член на **Програмски одбор и поканет предавач** на ***6-тиот Конгрес на трансфузиолози на Србија*** со меѓународно учество, 7-10 ноември 2018, Белград, Србија<br><br>4. Член на **Научен одбор** на ***19th Danubean League against Thrombosis and Hemofilia,*** 18-20 мај, 2017 Скопје, Македонија – постер презентација<br><br>5. **Претседавач** на сесијата ***Трансплантација и имунобилогија*** и поканет предавач на ***V Transfusiology Congress of Serbia and Montenegro*** *with international participants*, 6-9 ноември 2014, Белград, Србија<br><br>6. Член на **Научен одбор и поканет предавач** на ***IV Congress of Macedonian Society for Transfusion Medicine*** *with international participants*, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија<br><br>7. Член на **Научен одбор и поканет предавач** на ***I Macedonian Conference for Transfusion Alternatives in Critical Ill Patients under patronate of NATA*** *(Network for advancement of transfusion alternatives)*, 16-17 ноември 2012, Скопје, Македонија<br><br>8. **Генерален секретар** и **поканет предавач** на ***III Congress of Macedonian Society for Transfusion Medicine*** *with international participants*, 10-14 јуни 2009, Охрид, Македонија | | | 8 | 2 | 16 |
| | Рецензент на научен труд | | | 20 | 1 | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **411,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |

| | | Во земјата | | Во странство | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Специјализација по трансфузиологија | | 8 | | | **8???** |
| | Супспецијализација по хематологија | | 6 | | | **6???** |
| | Коавтор на Практикум во книга Трансфузиологија | 1 | 10 | | | **10** |
| | Труд во стручно научно популарно списание<br><br>Грубовиќ Р, Велкова Е. ЕУ Проект: Зајакнување на системот за безбедност на крв, VOX Medici, јуни 2014<br><br>Труд реден бр. 55 | 1 | 6??? | | | **6???** |
| | Член на стручни тела<br>1. **Претседател** на **Здружение на трансфузиолози на РМ**<br>2. **Потпретседател** на **Здружение на трансфузиолози на РМ** (2012-2018)<br>3. Член на **Македонско лекарско друштво**<br>4. Член на **Лекарска комора на Македонија**<br>5. Член на **Интернационално здружение за трансфузија на крв (ISBT)**<br>6. Член на **Европското здружение за трансплантација на крв и коскена срцевина (EBMT)**<br>7. Член на **Интернационално здружение за тромбоза и хемостаза (ISTH)**<br>8. Член на **Здружение на здравствени работници и соработници кои ги згрижуваат лицата со хемофилија и други коагулопатии – 17ти април**<br>9. Член на **Македонско здружение на хематолози**<br>10. Член на **Второстепена комисија за лекување во странство при ФЗО на РМ**<br>11. Член на **Комисија за полагање на стручен испит** при **ЛКМ**<br>12. Член на **Алумните на Сојузот на млади истражувачи на РМ**<br>13. Член на **Fulbright Alumni State Association**<br>14. Член на **Macedonian-American Alumni Association**<br>15. Член на **Работна група за ISO стандардизација и акредитација,** ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РМ | 11 | 2 | 4 | 2 | **30** |
| | Изработка на Закони и подзаконски акти<br><br>- *“Закон за изменување и дополнување на законот за земање и пресадување на делови од човечко тело заради лекување”,*<br>- Соодветни подзаконските акти и уредби | | | | | **???** |
| | Раководител на Центар за земање на хематопоетски матични клетки | | | | | **???** |
| | Воведување на најнова метода за земање на хематопоетски матични клетки од периферна крв со нов тип на клеточен сепаратор Cobe Optia. | | | | | **???** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **60+???** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **501,5+?** |

## Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ„ СОВРЕМЕНИ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМИ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈА (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - ПРАКТИКУМ” ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ВОН. ПРОФ. ДР. МАРИЈА МАГДИНЧЕВА-ШОПОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. **2102-346/3** од **214-та** редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика одржана на ден **13.11.2019** година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Редовен професор д-р Мирослав Гвероски, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Економски факултет– Прилеп
- Вонреден професор д-р Мичо Апостолов , Универзитет „Гоце Делчев”-Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**СОВРЕМЕНИ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМИ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈА (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - ПРАКТИКУМ**” од **доц. д-р. Душко Јошески и вон. проф. д-р. Марија Магдинчева-Шопова** наменет за студентите од прв циклус на студии при Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:**

Ракописот „**СОВРЕМЕНИ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМИ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈА (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - ПРАКТИКУМ** “ е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на насоките на кои се слуша предметот Современи економски системи и глобализација, односно на насоките Бизнис логистика како задолжителен и изборен предмет во I семестар со фонд на часови 3+2+1 односно 2+1+1. Овој ракопис, покрај теоретските, нуди и практични базични знаења по предметот Современи економски системи и глобализација и е наменет за предавањата на студентите како основна литература.

**Податоци за обемот ракописот:**

Целиот материјал е поделен во 3 тематски поглавја на 46 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите од прв циклус студии и е подготвен за да даде основни сознанија за предметот Современи економски системи и глобализација.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:**

Според нашите сознанија, ваква е-практикум, по обем и содржина, која што одговара на предвидената наставна програма по предметот Современи економски системи и глобализација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип не е објавена.

**Краток опис на содржината:**

Во **Првиот дел** Северна и Јужна Кореја с е објаснети следните точки: Северна и Јужна Кореја: Вовед, Историска и култура позадина на 1953, Отворањето на Кореја и Јапонската окупација, Поделбата на Кореја и Корејската војна, Северно Корејската економија,

Идеологијата на Kim Il Sungism и Juche,Етапи на Северно Корејската економија, Јужно Корејската економија, Индустриската политика и Chaebol, Јужна Кореја помеѓу Ново индустријализираните економии (NICs), Компаративна анализа на економиите на Северна и Јужна Кореја, Раст на пер капита БДП, Композиција на аутпутот, Социјални индикатори и дистрибуцијата на доходот, Надворешната трговија, Заканата од војна и можноста за обединување, Резиме и заклучоци.

Во **вториот дел** Индија се објаснети и следните точки: Религиите и јазиците на Индија, Политичка и економска историја на освојувањето од страна на Британија, Централно планирање и социјализам во Индија, Економски реформи во Индија,Популацијата и социјалните проблеми, Хинду национализмот и новите традиционални алтернативи, Резиме и заклучоци.

Во **третиот дел** Мексико се објаснети и следните точки: Историска позадина, Од независност до револуција, Од револуцијата до денешни времиња, Прашањето на земјата. Појавата и развојот на двојното земјоделство, Прашањето на нафтата и кризата на долгот надиврешниот долг 1982, Кризата на надворешниот долг 1982, Макроекономски перформанси од 1982ра наваму, Приватизација, Споредба на економијата на Мексико со другите Латино Американски земји, Заклучок.

## ЗАКЛУЧОК

Од досега наведеното, Комисијата во горенаведениот состав констатира дека ракописот „Современи економски системи и глобализација (избрани теми) - практикум“, поднесен од авторите доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова е наменет за студентите запишани на прв циклус на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, и Бизнис логистика на која се слуша Современи економски системи и глобализација како задолжителен и изборен предмет во II и VII семестар. Практикумот е конципиран по однапред утврдени наставен план и програма.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати како позитивен извештајот за ракописот „Современи економски системи и глобализација (избрани теми) - практикум “од авторите доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова и да овозможи тој да се користи во наставата по предметот Современи економски системи и глобализација.

**Рецензенти:**

**Д-р Мирослав Гвероски,редовен професор**
**Економски факултет– Прилеп,**
**Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола,с.р.**

**Д-р Мичо Апостолов, вонреден професор,**
**Факултет за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ„ СОВРЕМЕНИ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМИ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈА (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - СКРИПТА" ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И ВОН. ПРОФ. ДР. МАРИЈА МАГДИНЧЕВА-ШОПОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. **2102-346/4** од **214та** редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика одржана на ден **13.11.2019** година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Редовен професор д-р Мирослав Гвероски, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Економски факултет– Прилеп
- Вонреден професор д-р Мичо Апостолов , Универзитет „Гоце Делчев"-Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**СОВРЕМЕНИ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМИ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈА (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - СКРИПТА**" од **доц. д-р Душко Јошески и вон. проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова** наменет за студентите од прв циклус на студии при Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:**

Ракописот „**СОВРЕМЕНИ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМИ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈА (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - СКРИПТА**" е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, на насоките на кои се слуша предметот Современи економски системи и глобализација, односно на насоките Бизнис логистика како задолжителен и изборен предмет во I семестар со фонд на часови 3+2+1 односно 2+1+1. Овој ракопис, покрај теоретските, нуди и практични базични знаења по предметот Современи економски системи и глобализација и е наменет за предавањата на студентите како основна литература.

**Податоци за обемот ракописот:**

Целиот материјал е поделен во 14 тематски поглавја на 160 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите од прв циклус студии и е подготвен за да даде основни сознанија за предметот Современи економски системи и глобализација.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:**

Според нашите сознанија, ваква е-скрипта, по обем и содржина, која што одговара на предвидената наставна програма по предметот Современи економски системи и глобализација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип не е објавена.

**Краток опис на содржината:**

Во **првиот дел** Општо за економски системи се објаснуваат: Систем општа дефиниција од кибернетски аспекти, Неколку дефиниции за економијата како наука, Економски систем ,Економски систем (останати дефиниции), Методологија во следењето

на економските системи, Интердисциплинарен карактер на науката за економски систем, Идеологијата и науката за економските системи,Цели на економските системи, Типови на економски системи,Богатство и популација по региони во светот, Економски напредок, Економијата на дваесет и првиот век, Изборот на економски системи во дваесет и првиот век,Индустриската револуција,Реформирање и трансформирањена економските системи.

Во **вториот дел** се објаснуваат Интеракции меѓу економските и политичките системи и политикологијата како наука, понатаму точките: Што е политика? Класификација на политичките системи, Поврзаноста помеѓу економските и политичкитесистеми, Карактеристики (елементи) насистемите, Конзистентност, Универзалните економски проблеми и економските системи, Кој систем е подобар?, Како да се произведува? Комбинација на ресурсите, Изоквантна мапа, Како да расте производството? Факторите на развојот, Аналитички функции, За кого да се произведува ? Распределбата на доходот, Меѓучовечките односи.

Во **третиот дел** се обработува темата на Евалуација на економските системи и точките: Методолошки пристап во евалуацијата, Листа на критериуми за евалуација на економските системи, Функција на општествените преференции,

Економскиот систем на развиените земји со пазарно стопанство и неговата трансформација, Теорија за мешана економија, Монетаризам, Институциите и интеракциите.

Во **четвртиот дел** се обработува темата Макроекономската политика на државата во развиените земји со пазарно стопанство и точките: Мерки за одржување на пазарот, Стабилизациона политика, Развојната политика, Балансирање на стопанската структура, Монетарна и фискална политика, Политика на доходот, Политика за коригирање на дефектите на пазарот, Државата на благосостојбата, Политика на вработување, Обезбедување на јавната потрошувачка, Заштита на потрошувачите и фармерите, Мерки во еколошката заштита, Промени во економскиот систем на развиените земји, Новиот растеж на малите (инокосните) фирми и претприемништвото, Претприемништво, Приватизација и нова положба на јавниот сектор. 1980тите неокласична неолиберална теорија и идеологија, Методи за приватизација.

Во **петтиот дел** се обработува темата на Идејните струења и државната интервенција во економскиот систем на Соединетите Американски држави. И темите на: Неолибералната школа, Разлики меѓу класичниот либерализам во Англија 19 век и Нео-либерализмот во Америка 20 век, Реформистичка школа, Државната интервенција во САД.

Во **шестиот дел** се разработува темата Јапонија. Понатаму точките: Улогата на државните органи во Јапонија, Дебати за економскиот систем во Јапонија, Листа на фактори кои го овозможиле јапонското стопанско чудо од Збигњев Бежински,

Трудот, работните односи и социјалните разлики во Јапонија, Нова ориентација во Јапонија кон примерот на САД, Модерната историја на Јапонија (БДП) во време на криза, Абеномика.

Во **седмиот дел** се обработува темата Социјал - демократската струја во развиените земји со пазарно стопанство и Шведска како водечки пример на социјал-демократијата. Понатаму: Најпознати економски теоретичари на социјал-деморатската струја, Економските програмски концепции на социјал демократијата, Теоријата за економија и благосостојбата применета во макроекономски размери, Теоријата на Јан Тинберген, Теоријата за човеков развој, Кризата на социјал-демократската струја во 80-те и 90-те години, Феномените на 90тите во прилог на социјал-демократската струја, Шведска како водечки пример на социјал-демократијата, Карактеристики на економскиот систем на Шведска, Кризата во Шведскиот модел во 80тите и 90тите, Преглед на некои поважни макроекономски показатели во Шведска.

Во **осмиот дел** се обработува темата на Вовед во анализата на транзицијата и програмските концепции и мерките за премин на нов систем во Руската Федерација. Понатаму точките: Пристапи за транзицијата, Кризата на административно централистичкиот систем во 80-те години, Програмските концепции и мерките за премин на нов систем во Руската Федерација, Нови контроверзни расправии, Правни принципи на новиот економски систем, Противречни резултати и дилеми, Реанимацијата на Русија, Преминот кон пазарна економија.

Во **деветтиот дел** е обработена темата на Преминот кон пазарна економија. Понатаму точките на: Сивата економија во периодот на транзицијата, Преструктуирање на секторите на сопственоста и на претпријатијата, Методите и проблемите на приватизацијата.

Во **десеттиот дел** се обработува темата на Економскиот систем на Кина и земјите во развој. Понатаму се разработува Фази на развојот на Кина во XX век, Трансформација на економскиот систем во сегашниот период значи од 1978 наваму, што може да се научи од реформите во Кина?, Некои макроекономски индикатори за Кина, Трансформацијата на земјите во развој, Општествено –економската трансформација на земјите во развој, Карактеристични промени во општествената структура и државното уредување на земјите во развој, Институционалната структура во дуалната економија, Некои макроекономски индикатори за најмалку развиените економии (LDCs) Least developed countries.

Во **единаесеттиот дел** се обработува темата на: Напори за изградување на современ економски систем во земјите на југот.Понатаму се обработуваат точките : Нови проблеми и дилеми,Зошто државата е неопходна во земјите во развој?, Ефикасноста на демократското одлучување,Новите предизвици во земјите во југот, Улогата на пазарот во земјите во развој, Предизвици во XXI век.

Во **дванаестеттиот** дел се обработува темата на: Компаративна анализа на успешноста на современите економски системи и новиот курс кон глобализацијата на економијата. Понатаму се обработуваат темите на: Ефикасност, Факторската продуктивност,Економска стабилност,Отвореност на економскиот систем,Распределба на доходот,Кузнецова хипотеза, Споредбена анализа на нееднаквост во распределбата (заклучоци !) ,Животен стандард и квалитет на живеење, Новиот курс кон глобализацијата на економијата,Научно технолошките основи на глобализацијата,Транснационалните компании како носители на глобализацијата,Вработеноста и глобализацијата, Мали земји со отворени стопанства, Противречности и проблеми во глобализацијата, Доминантна улога на една земја и ривалството меѓу регионите и негативни страни на глобализацијата.

Во **тринаесеттиот дел** се обработува темата на : Теорија на капитализмот. Понатаму се обработуваат темите : Како работат пазарите? , Пазарна рамнотежа, Пазарна рамнотежа во конкурентска економија, Ефикасност на пазарната алокација, Пазари и институции, Државна Интервенција, Монополска моќ, Надворешни ефекти и колективна акција, Проблемите на јавниот избор, Дистрибуцијата на доходот, макроекономска нестабилност, Растот и државната политика, Хипотези за перформансот на капиталистичките економии, каков вид на ефиканост постои во капиталистичкиот систем?, кои се главните точки од размислувањето на монетаристите и рационалната школа?, Кои се главните точки на Кејнзијанската теорија ?, Зошто се важни институциите за пазарите ?

Во **четиринаесеттиот дел** се обработува темата на: Теорија на пазарен социјализам. Понатаму се обработуваат темите на: Пазарен социјализам: Теоретски основи, Моделот на Ланге, Критиката на моделот на Ланге, Пазарниот социјализам: Кооперативна рамка, Критиката на коооперативниот модел, Предности на коооперативниот модел, Партиципативната економија во XXI век, Демократски социјализам, Перформансите на демократскиот социјализам, Распределба на приходите, Економски раст, Ефикасност, Стабилност.

## ЗАКЛУЧОК

Од досега наведеното, Комисијата во горенаведениот состав констатира дека ракописот„ Современи економски системи и глобализација (избрани теми) - скрипта “, поднесен од авторите доц.д-р Душко Јошески и вон.проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова е наменет за студентите запишани на прв циклус на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, и Бизнис логистика на која се слуша Современи економски системи и глобализација како задолжителен и изборен предмет во II и VII семестар.Скриптата е конципирана по однапред утврдени наставен план и програма.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати како позитивен извештајот за ракописот „Современи економски системи и глобализација (избрани теми) - скрипта “ од авторите доц.д-р Душко Јошески и вон.проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова и да овозможи тој да се користи во наставата по предметот Современи економски системи и глобализација.

**Рецензенти:**

**Д-р Мирослав Гвероски,редовен професор**
**Економски факултет– Прилеп,**
**Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола,с.р.**

**Д-р Мичо Апостолов, вонреден професор,**
**Факултет за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ - УЧЕБНИК „ УПРАВУВАЊЕ НА ИТ ПРОЕКТИ “**
**ОД АВТОРИТЕ ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ,**
**ВОН. ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ЗДРАВЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА**
**ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлука број 1502-146/12 од 18.11.2019 година на 173$^{та}$ седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип одржана на 18.11.2019, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Наташа Коцеска, редовен професор на Факултет за Информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Проф. д-р Билјана Златановска, вонреден професор на Факултет за Информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

За изготвување на извештај, рецензија на приложен ракопис - Учебник „Управување на ИТ проекти“ од авторите вон. проф. д-р Александар Крстев, вон. проф. д-р Зоран Здравев.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот е наменет за задолжителниот предмет Управување на ИТ проекти за студентите од четврта година, осми семестар на студиската програма Бизнис информатика, со фонд на часови 2+2+1 (6 кредити) на Факултет за Информатика при УГД во Штип. Практикумот е во целост усогласен со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Бизнис информатика – прв циклус на четиригодишни студии на Факултет за Информатика.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот, напишан на македонски јазик, содржи 190 страници во А4 формат, подели во 9 тематски целини: Менаџирањето како фактор за успешна деловна организација, Што претставува проект, Проект менаџер, Управување со проектните ресурси, Управување со животниот циклус на проектите, Управување со комуникацијата во проектите, Управување со ризиците во проектот, Извршување на контрола на проект и затворање на проект, Примена на методите на мрежното планирање за распоредување на активности. Ракописот содржи 72 слики и 7 табели. Користени се 40 библиографски единици. Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и со одредбите од Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, и во целост ја покрива наставната материја предвидена за 2 (два) часа неделно предавања односно 24 (дваесет и четири) часови по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков Учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Управување на ИТ проекти на ФИ при УГД, не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Во воведниот дел се дава преглед на некои дефиниции и основни поими кај Проектниот менаџмент и неговата примена.

**Во првото поглавје** „ Менаџирањето како фактор за успешна деловна организација “ се дефинира поимот менаџирање и како тоа влијае на успехот во деловните организации. Се дава јасна слика за тоа како добро испланираните ресурси доведуваат до успех со еден проект.

**Во второто поглавје** „ Што претставува проект “ опишани се општите поими и се дава преглед на некои дефиниции и основни карактеристики за тоа што претставува еден проект.

**Во третото поглавје** „ Проект менаџер “ е дадено појаснување на поимот менаџер и каква е неговата улога во еден проект.

**Четвртото поглавје** „Управување со проектните ресурси“ се дава опис на тоа како се распределуваат сите ресурси во еден проект и какви се нивните поврзаности и разлики односно како најлесно еден менаџер да се справи со сите ситуации при дизајнирање и управување на еден ИТ проект.

**Во петтото поглавје** „Управување со животниот циклус на проектите“ се дава опис на тоа што претставува животниот циклус на еден проект односно од кои се активности и операции е составен и како истиот во иднина би се користел и управувал.

**Во шестото поглавје** „Управување со комуникацијата во проектите“ се дава зависноста помеѓу сите делови во еден проект но и како да се води добра комуникација помеѓу сите ресурси и активности на целиот проект.

**Во седмото поглавје** „Управување со ризиците во проектот“. Се дава појаснување и приказ како еден менаџер успешно би ги користел сите техники и методи кои се користат за успешно справување со можните ризици во еден проект.

**Во осмото поглавје** „ Извршување на контрола на проект и затворање на проект “ е како се извршува контрола на сите делови од еден проект и како се дефинира крај на еден проект односно негово затворање.

**Во деветтото поглавје** „Примена на методите на мрежното планирање за распоредување на активности“ се прикажани постоечките техники кои се користат за управување и искористување на сите активности во еден проект и нивна аналитика со помош на некои методи од мрежното планирање.

Последната страница од ракописот е резервирана за користената литература.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите, со користење на поголем број на слики и практични примери, кои го олеснуваат учењето на Управување на ИТ проекти.

Во однос на Наставниот план и програма за студии на Факултетот по информатика, материјалот е соодветен за да може да се користи како учебно помагало по предметот Управување на ИТ проекти.

## З А К Л У Ч О К

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Управување на ИТ проекти“ од авторите вон. проф. д-р Александар Крстев и вон. проф. д-р Зоран Здравев да го прифати за печатење како УЧЕБНИК.**

**Рецензенти:**

**проф. д-р Наташа Коцеска**

**вон. проф. д-р Билјана Златановска**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ - ПРАКТИКУМ „ УПРАВУВАЊЕ НА ИТ ПРОЕКТИ “**
**ОД АВТОРИТЕ ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ,**
**ВОН. ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ЗДРАВЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА**
**ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлука број 1502-146/13 од 18.11.2019 година на 173[та] седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип одржана на 18.11.2019, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Наташа Коцеска, редовен професор на Факултет за Информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Проф. д-р Билјана Златановска, вонреден професор на Факултет за Информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

За изготвување на извештај, рецензија на приложен ракопис - Практикум „Управување на ИТ проекти“ од авторите вон. проф. д-р Александар Крстев, вон. проф. д-р Зоран Здравев.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Практикумот е наменет за задолжителниот предмет Управување на ИТ проекти за студентите од четврта година, осми семестар на студиската програма Бизнис информатика, со фонд на часови 2+2+1 (6 кредити) на Факултет за Информатика при УГД во Штип. Практикумот е во целост усогласен со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Бизнис информатика – прв циклус на четиригодишни студии на Факултет за Информатика.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот, напишан на македонски јазик, содржи 67 страници во А4 формат, подели во 8 тематски целини: Управување со динамиката на проектот, Видови динамика, Структура на планот за динамика на проектот, Методи, Видови на активности, Распоред на динамиката на проектот, Microsoft Office Project и Мрежна анализа. Ракописот содржи 52 слики и 5 табели. Користени се 20 библиографски единици. Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и со одредбите од Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, и во целост ја покрива наставната материја предвидена за 2 (два) часа неделно предавања односно 24 (дваесет и четири) часови по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков Практикум, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Управување на ИТ проекти на ФИ при УГД, не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Во воведниот дел се дава преглед на некои дефиниции и основни поими кај проектниот менаџмент.

**Во првото поглавје** „ Управување со динамиката на проектот “ се дефинира поимот операции на управување со проекти и нивната динамика.

**Во второто поглавје** „ Видови динамика “ опишани се општите поими поврзани со типовите на динамика во ИТ проектите и нивна организираност.

**Во третото поглавје** „Структура на планот за динамика на проектот“ е дадено појаснување на поимот структура на ИТ проекти и како се креира динамика на еден проект.

**Четвртото поглавје** „Методи“ се дава опис на методите кои се користат при Управувањето со проекти и нивните карактеристики.

**Во петтото поглавје** „Видови на активности“ се дава опис на тоа активности се клучни во управувањето со проекти.

**Во шестото поглавје** „Распоред на динамиката на проектот“ се дава зависноста помеѓу функцијата и целта на активностите во проектите и како тие даваат посакуван резултат при управувањето со големи и мали проекти со што се дава јасен приказ за тоа што се треба да опфати еден ИТ проект.

**Во седмото поглавје** „Microsoft Office Project“ се дава зависноста помеѓу активностите во еден проект прикажани со соодветна алатка.

**Во осмото поглавје** „Мрежна анализа“ се дава зависноста помеѓу активностите во еден проект и пресметките кои се карактеристични за еден ИТ проект и се прикажани со соодветна методологија.

Последната страница од ракописот е резервирана за користената литература.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите, со користење на поголем број на слики и практични примери, кои го олеснуваат учењето на Управување на ИТ проекти.

Во однос на Наставниот план и програма за студии на Факултетот по информатика, материјалот е соодветен за да може да се користи како учебно помагало по предметот Управување на ИТ проекти.

**З А К Л У Ч О К**

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Управување на ИТ проекти“ од авторите вон. проф. д-р Александар Крстев и вон. проф. д-р Зоран Здравев да го прифати за печатење како ПРАКТИКУМ.**

**Рецензенти:**

**проф. д-р Наташа Коцеска**

**вон. проф. д-р Билјана Златановска**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ - СКРИПТА „АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ“**
**ОД АВТОРИТЕ ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ,**
**ВОН. ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ЗДРАВЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА**
**ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлука број 1502-146/14 од 18.11.2019 година на 173^та^ седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип одржана на 18.11.2019, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Сашо Коцески, редовен професор на Факултет за Информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Проф. д-р Владо Гичев, редовен професор на Факултет за Информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

За изготвување на извештај, рецензија на приложен ракопис - Скрипта „Академско пишување“ од авторите вон. проф. д-р Александар Крстев, вон. проф. д-р Зоран Здравев.
По преглед на ракописот го поднесуваме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата е наменета за изборниот предмет Академско пишување за студентите од втора година, трети семестар на студиската програма Компјутерско инженерство и технологии, Компјутерски науки и Математика наставна со фонд на часови 2+2+1 (6 кредити) на Факултет за Информатика при УГД во Штип. Скриптата е во целост усогласена со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Компјутерско инженерство и технологии, Компјутерски науки и Математика наставна – прв циклус на четиригодишни студии на Факултет за Информатика.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот, напишан на македонски јазик, содржи 215 страници во А4 формат, подели во 12 тематски целини: Вовед, Што претставува методологијата, Предмет, функции и значење на методологијата на научното истражување, Основни претпоставки за брза и ефикасна научна работа, Поим и класификација на научни методи, Претходно одредување на методологијата на научната работа, Составни делови на методологијата на научната работа, Логичка основа на методологијата на научната работа, Специјалност на методологијата на научната работа, Научна метода, Класификација на научните методи, Фази на методологијата на научно истражување и Академското пишување. Ракописот содржи 6 слики и 3 табели. Користени се 30 библиографски единици. Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и со одредбите од Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, и во целост ја покрива наставната материја предвидена за 2 (два) часа неделно предавања односно 24 (дваесет и четири) часови по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваква Скрипта, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Академско пишување на ФИ при УГД, не е објавена.

**Краток опис на содржината:** Во воведниот дел се дава преглед на некои дефиниции и основни поими кај методологијата на научно истражувачка работа.

**Во второто поглавје** „ Што претставува методологијата “ се дефинира поимот Методологија и се утврдуваат најадекватни начини и постапки водење и имплементација научно истражување, одредување најдобри правила користење научни алати и инструменти, дефинира мерка со која може да се има одредено проверување и добивање научни резултати, валидност на научна постапка и прецизност на технички истражувања.

**Во третото поглавје** „ Предмет, функции и значење на методологијата на научното истражување “ опишани се не само патиштата и средствата за решавање на одредени проблеми, туку се прикажува методологијата како ориентирана и кон проучување на проблематиката поврзана со стекнување на нови знаења со цел да се зголеми квалитетот на научниот систем.

**Во четвртото поглавје** „ Основни претпоставки за брза и ефикасна научна работа “ е дадено појаснување на поимот научна работа и како таа да биде спроведена ефикасно и едноставно за секој нов истражувач.

**Петтото поглавје** „ Поим и класификација на научни методи “ се дава опис на тоа како се делат научните методи според поим и нивна класификација.

**Во шестото поглавје** „ Претходно одредување на методологијата на научната работа “ се дава опис на тоа што претставува определувањето и изборот на метод за извршување на некоја научна работа.

**Во седмото поглавје** „ Составни делови на методологијата на научната работа “ се дава зависноста на сите делови од кои е составена во целина една научна работа и примената на методологиите во истражувањата.

**Во осмото поглавје** „ Логичка основа на методологијата на научната работа “. Важно за логичката основа на методологијата на научната работа се деловите на логиката кои се најнепосредно однесуваат на процесите на вистинитото мислење.

**Во деветтото поглавје** „ Специјалност на методологијата на научната работа “ се дава одговор на клучните прашања за дефинирање на научната работа и дека науката е претежно кохерентен, сложен, развиен систем и подреденост на аксиомите на научните законитости и правилности, научните теории, теории и хипотези и научните докажувања и негирања.

**Во десеттото поглавје** „ Научна метода “ е дефинирана научната метода и нејзините карактеристики и составни делови.

**Во единаесетто поглавје** „ Класификација на научните методи “ се дава детален опис на тоа како се поделени научните методи и нивната примена во академското истражување.

**Во дванаесетто поглавје** „ Фази на методологијата на научно истражување и Академското пишување “ се зборува за самата методологијата, со посебен фокус на фазата на поставување, која се базира на планирање, различни видови на контроли, контролни точки, извештаи, справување со проблеми, ризици, прашалници и сл. Се дава и опис тоа како е можно е да се оформи една специјална група на методи на обработка на податоците. Меѓутоа, истражувањето во пракса, покажува дека методите за обработка на податоците најчесто се јавуваат како делови од општите методи на истражување, како модалитети на нивната примена или како нивни продолженија.

Последната страница од ракописот е резервирана за користената литература.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите, со користење на солиден број на слики и практични примери, кои го олеснуваат учењето на Академско пишување.

Во однос на Наставниот план и програма за студии на Факултетот по информатика, материјалот е соодветен за да може да се користи како учебно помагало по предметот Академско пишување.

**З А К Л У Ч О К**

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „ Академско пишување " од авторите вон. проф. д-р Александар Крстев и вон. проф. д-р Зоран Здравев да го прифати за печатење како СКРИПТА.**

**Рецензенти:**

**проф. д-р Сашо Коцески**

**проф. д-р Владо Гичев**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ - СКРИПТА „ ПРИМЕНЕТО СОФТВЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО ТЕХНИЧКИТЕ НАУКИ " ОД АВТОРИТЕ ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ И ДОЦЕНТ Д-Р ДАЛИБОР СЕРАФИМОВСКИ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА И ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлука број 1502-146/15 од 18.11.2019 година на 173[та] седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип одржана на 18.11.2019, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Цвета Мартиновска Банде, редовен професор на Факултет за Информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.
- Проф. д-р Мартин Лукаревски, вонреден професор на Факултет за Информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

За изготвување на извештај, рецензија на приложен ракопис - Скрипта „ Применето софтверско инженерство во техничките науки " од авторите вон. проф. д-р Александар Крстев, доцент д-р Далибор Серафимовски.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата е наменета за изборниот предмет Применето софтверско инженерство во техничките науки / Применето софтверско инженерство во реална средина за студентите од четврта година, седми семестар на студиската програма Компјутерско инженерство и технологии и Компјутерски науки, со фонд на часови 2+2+1 (6 кредити) на Факултет за Информатика при УГД во Штип. Скриптата е во целост усогласена со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Компјутерско инженерство и технологии и Компјутерски науки – прв циклус на четиригодишни студии на Факултет за Информатика.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот, напишан на македонски јазик, содржи 135 страници во А4 формат, подели во 7 тематски целини: Дефинирање на процеси, Математичко моделирање на процеси, Методи на оптимизација, Методи и техники на софтверско инженерство, Развој и примена на апликативни софтвери, Имплементација на апликативен софтвер во реални средини, Методи на евалуација и тестирање на апликативен софтвер. Ракописот содржи 40 слики и 15 табели. Користени се 30 библиографски единици. Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и со одредбите од Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, и во целост ја покрива наставната материја предвидена за 2 (два) часа неделно предавања односно 24 (дваесет и четири) часови по семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваква Скрипта, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Применето софтверско инженерство во техничките науки на ФИ при УГД, не е објавена.

**Краток опис на содржината:** Во воведниот дел се дава преглед на некои дефиниции и основни поими инженерски процеси.

**Во првото поглавје** „Дефинирање на процеси" се дефинира поимот процеси и се идентификуваат објективните и субјективните потреби за дизајн на процесни системи, кои се поврзани со концепцијата на информатиката, како и од индивидуалните особини на поединецот, соодветно.

**Во второто поглавје** „Математичко моделирање на процеси" опишани се општите поими поврзани со одлуките и моделирањето со помош на математички методи на процесите. Се дава опис на тоа што претставува математички модел, како е изведен и како опишува една структура или операција која се управува според некои ограничувања и поставки.

**Во третото поглавје** „Методи на оптимизација" е дадено појаснување на поимот единствени поими со кои често се оперира и оптимира еден процес. Тие поими најчесто доаѓаат до израз кај примената на математичките методи во изучувањето на процесите на управување и примената на истите во софтверското инженерство.

**Четвртото поглавје** „Методи и техники на софтверско инженерство" се дава опис на тоа што претставува софтверско инженерство, кои се неговите карактеристики, кои се методите и техниките кои се користат при дизајн на системи.

**Во петтото поглавје** „Развој и примена на апликативни софтвери" се дава опис на примената на математичкиот инженеринг и софтверското инженерство, кои се неговите преносити и каква примена имаат истите.

**Во шестото поглавје** „Имплементација на апликативен софтвер во реални средини" се дава детален приказ за практичната примена на апликативните софтвери во избрани реални средини и управувањето и искористеноста од истите. Се дадени одредени практични примери од средини во кои се дизајнирани системи и апликации кои вршат оптимирање на процеси со помош на апликацијата на математичкиот инженеринг во софтверското инженерство.

**Во седмото поглавје** „Методи на евалуација и тестирање на апликативен софтвер". Во последното поглавје се дадени кои се постоечките методи за евалуација и тестирање на софтвер наменет за специјални реални среди од техничките науки и како се утврдува дали еден апликативен софтвер ги задоволува критериумите за реални (вистинити) податоци генерирани преку истите.

Последната страница од ракописот е резервирана за користената литература.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите, со користење на поголем број на слики и практични примери, кои го олеснуваат учењето на Применето софтверско инженерство во техничките науки.

Во однос на Наставниот план и програма за студии на Факултетот по информатика, материјалот е соодветен за да може да се користи како учебно помагало по предметите Применето софтверско инженерство во техничките науки и Применето софтверско инженерство во реални средини.

## З А К Л У Ч О К

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „ Применето софтверско инженерство во техничките науки " од авторите вон. проф. д-р Александар Крстев и доцент д-р Далибор Серафимовски да го прифати за печатење како СКРИПТА.**

**Рецензенти:**

**Редовен професор д-р Цвета Мартиновска Банде**

**Вонреден професор д-р Мартин Лукаревски**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ НА ПРАКТИКУМ ПО ПРЕДМЕТОТ „ГЕОМЕХАНИКА“ ОД ДОЦ. Д-Р ЃОРГИ ДИМОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-171/7 од 10-тата седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 16. 10. 2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Д-р Гоше Петров, Редовен професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Д-р Ристо Поповски, Вонреден професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на рецензија на приложениот ракопис на практикум по предметот „Геомеханика” од Доц. д-р Ѓорги Димов, наставник на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за практикум по предметот „Геомеханика” од Доц. д-р Ѓорги Димов, е конципиран и пишуван според Наставниот план и програмата за предметот Геомеханика, кој се изучува на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, во втора и четврта година на студиската програма Геологија. Предметот Геомеханика се слуша во III семестар на модулот хидрогеологија и инженерска геологија и VII семестар на модулот геологија и геофизика, со фонд на часови 2+1+1. Ракописот претставува комплетен материјал за одржување на вежбите по предметот Геомеханика, преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, наменет за издавање на практикум по предметот Геомеханика, е претставен со текст од вкупно 30 страници, 16 слики и листа од 8 библиографски единици. Текстот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардна методологија, а обемот и содржината ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум што обработува иста содржина досега не е објавена на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината:**

Текстот на ракописот за практикум по предметот „Геомеханика” е поделен на 10 вежби.

Вежбата бр. 1 (Испуканост на карпестите маси) и вежбата бр. 2 (Показател на квалитет на карпеста маса (RQD)) се предвидени за објаснување на начинот на дефинирање на квалитетот на цврсто врзаните карпести маси преку техниката на точно дефинирање и

мерење на испуканоста на истите. Во првата вежба треба да се нанесуваат елементи на пад на пукнатини на стереографска проекција, и да се пресметува средното растојание меѓу пукнатините и густината на пукнатини.

Во втората вежба накратко е објаснет начинот на пресметка на "квалитетот на карпата" - RQD (rock quality designation), во два случаи, кога се работи на дефинирање на "квалитетот на карпата" – RQD на издупчено јадро или за површински испитувања на откриени изданоци. Дадени се и задачи, каде на конкретни примери студентите треба да го пресметат RQD на дупнатина и на откриени изданоци.

Во третата вежба (Крива на гранулометриски состав), од табеларно дадените резултати од анализа со сито, треба да се пресмета кумулативната тежина задржана над секое сито, да се изрази процентот на честици и да се нацрта гранулометриската крива (ова детално е објаснето преку два решени примери).

Во четвртата вежба (Испитување на граници на собирање) е даден начинот на испитување на границите на собирање и карактеристичните вредности на границата на собирање на одредени глиновити минерали.

Во вежба бр. 5 (Збивање на почви) табеларно се дадени резултати од лабораториски испитувања со стандарден Прокторов опит. Врз основа на овие резултати, преку решени примери, се објаснува начинот на утврдување на максималната сува волуменска тежина на збивање и оптималната влажност и графичко претставување на истата. Во оваа вежба е даден и начинот на теренското утврдување на волуменската тежина, спроведено на истата почва со помош на песочен конус.

Вежбата бр. 6 (Тежинско-волуменски односи) ги третира тежинско – волуменски односи во почвата. Дадени се измерени вредности за вкупниот волумен, вкупната маса, содржина на влага и специфична тежина на цврстите почвени честички; и решени примери за пресметка на влажна волуменска тежина, сува волуменска тежина, коефициент на порозност, порозност и степен на заситеност.

Карпестите маси во природата, пред било каква интервенција на човекот, се наоѓаат во т.н. природна напонска состојба. Во седмата вежба (Природна напрегнатост на карпестите маси) е даден начинот на пресметка на природната напонска состојба со примена на хипотезите на Хајм и Терцаги, како и пресметка на јакоста на пукнатинските ѕидови.

Во вежба бр. 8 (Напрегање во почви) се дадени решени примери за пресметка на тоталното напрегање, притисокот на порната вода и ефективното напрегање на хетерогена почва на различни длабочини. Дадена е и пресметка за максималната длабочина на ископот „Н" кој може да се направи во глина испод која се наоѓа слој од песок.

Во вежбата бр. 9 (Практични проблеми при определување димензии на косини) и вежбата бр. 10 (Инженерско-геолошки услови за планирање на сообраќајна инфраструктура), преку конкретни примери се дадени решенија за практични проблеми при определување на димензии на косини. Во деветата вежба е прикажан пример за определување на аголот на косината по методот на Фисенко, и пример за пресметување на димензиите на ров за зафаќање одрони со помош на дијаграмот на Ritchie. Вежба бр. 10 го објаснува влијанието на геолошките структури врз стабилноста на теренот при усечување. Во оваа вежба на скицирани состојби, според елементите на пад на структурните елементи треба да се определи кои косини се поволни, а кои неповолни од аспект на стабилност на истите. Исто така, треба да се нацртат стабилни завршни косини за различни геолошки средини.

## ЗАКЛУЧОК

Материјата обработена во ракописот на практикумот по предметот „Геомеханика" во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Геомеханика, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Според начинот на презентирање на материјата, сметаме дека се исполнети сите стандарди за практикум и дека ќе им биде од голема корист на студентите на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во совладувањето на овој предмет.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да ја прифати позитивната Рецензија за ракописот на практикум по предметот „Геомеханика" од Доц. д-р Ѓорги Димов и истиот да биде издаден како практикум во електронска форма.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Гоше Петров**

**Проф. д-р Ристо Поповски**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „КЛИНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ – ИНТЕРНИСТИЧКИ АСПЕКТИ НА ПРЕГЛЕД НА АДУЛТЕН БОЛЕН” ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ГОРДАНА КАМЧЕВА И ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ВАВЛУКИС, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2002-226/31 од 233та редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки одржана на ден 19.11.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Билјана Илиевска Попоска, насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки, Универзитет “Гоце Делчев” во Штип
- Доц. д-р Валентина Велкоска-Накова, доцент на Факултетот за медицински науки, Универзитет “Гоце Делчев” во Штип

за изготувување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**КЛИНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ – ИНТЕРНИСТИЧКИ АСПЕКТИ НА ПРЕГЛЕД НА АДУЛТЕН БОЛЕН**” од авторите доц.д-р Гордана Камчева и проф.д-р Марија Вавлукис наменет за студентите од прв циклус на студии при Факултетот за Медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:**

Наслов на учебното помагало: „Клиничко испитување – интернистички аспекти на преглед на адултен болен” - скрипта.

Наслов на предметот: Клиничко испитување 1, со неделен фонд на часови 2+2+1, петти семестар, трета година, студиска програма Општа медицина, Факултет за медицински науки кој носи 5 кредити.

Име и презиме на авторите на трудот: доц. д-р Гордана Камчева и проф. д-р Марија Вавлукис.

Приложениот ракопис за рецензија е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната содржина предвидена во студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот ракописот:**

Ракописот е образложен во два дела: општ дел со 128 страници и посебен дел со 335 страници, во А4 формат. Во склоп на текстот се вметнати слики и табели за полесно совладување на материјалот. Обемот и содржината на ракописот се во согласност со фондот за часови на предметот и во согласност до одредбите од Правилникот за единствени основи за оставарување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:**

На Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип досега не е објавен ваков или сличен наслов. Затоа, неспорен е придонесот на еден ваков вид на учебно помагало за студентите кои во своите студиски програми го изучуваат овој предмет.

**Краток опис на содржината:**

Ракописот обработува содржини кои се поделени во две наставни целини, при што секоја целина обработува одделни теми.

Првиот, општ дел го запознава студентот со основите на добрата комуникација помеѓу лекар-пациент и со значењето на правилно земена медицинска анамнеза преку медицинско интервју. Ги опишува подетално структурните делови од медицинската историја. Во продолжение, се задржува и ги опишува сите структурни делови на историјата на болеста, на тој начин олеснувајќи му го на студентот начинот на водење на медицинското интервју. Понатаму, се опишува клиничкиот статус верификуван при клинички преглед на адултен пациент, општиот статус и статусот по системи. Најпрво дава краток опис на посебните физикални методи на преглед. Потоа во детали го опишува прегледот на главата и вратот. Прегледот на градниот кош се задржува на детален опис на клиничкиот наод при преглед на белите дробови, дојката, срцето и кардиоваскуларниот систем. Во делот на клинички преглед на абдомен по топографскиот опис следува опис на редоследот и наодите типични при нормални и посебни патолошки состојби на абдоменот. Во едно поглавје е поместен прегледот на урогениталниот систем со одредени карактеристички прегледи кај маж и жена одделно и завршува со клинички опис на основниот преглед на локомоторниот апарат.

Вториот, посебен дел е поделен на осум дела. Секој од нив е поделен на тематски целини кои ја обработуваат етиологијата, патологијата, клиничката слика и дијагностиката на одделни интернистички заболувања.

Делот кардиологија ги обработува следните целини: кардиолошка пропедевтика со карактеристички симтоми и знаци, физикален преглед и визуелизациони техники за дијагностика на кардиолошки заболувања. Понатаму на кратко се опишани одредени заболувања: коронарна артериска болест ( хронична исхемична болест на срцето и акутен коронарен синдром), болести на миокардот и перикардот, вродени и стекнати срцеви маани, артериска хипертензина, срцева слабост, нарушувања во ритамот и спроведувањето, болести на аортата и периферни васкуларни болести

Делот пулмологија ги обработува следните теми: пропедевтика на респираторен систем, карактеристични симптоми и знаци, физикален преглед, лабораториски и дијагностички методи во дијагностиката на респираторните заболувања: акутни и хронични горнореспираторни заболувања, хронична белодробна опструктивна болест, астма, алергиска бронхопулмонална аспергилоза, пневмонии, апсцес на белодробие, бронхиектазии, белодробна тромбемболија, цистична фиброза, тумори на бели дробови, белодробна туберкулоза, саркоидоза и болести на плевра.

Делот гастроентерохепатологија ги обработува следните теми: гастроентерохепатолошка пропедевтика и пропедевтика со болести на хранопровод желудник, тенки и дебели црева, црн дроб, билијарен систем и панкреас засебно како целина со посебен осврт на одделни заболувања.

Делот хематологија ги обработува следните теми: хематолошка пропедевтика, методи и тестови за испитување на крвта и одредени хематолошки заболувања: анемии, заболувања на гранулоцитната лоза, абнормалности на моноцитно-макрофагниот систем, заболувања на матичната хематопоетична клетка, леукемии, болести на лимфоцитите и нарушување на хемостазата.

Делот нефрологија ги обработува следните теми: пристап кон болен со бубрежно заболување, лабораториски испитувања и визуелизациони техники за дијагноза на нефролошки заболувања: акутна и хроничка бубрежна инсуфициенција, гломеруларни заболувања, полицистична бубрежна болест, инфекции на уринарен тракт, нефролитијаза, опструкција на уринарни патишта и тумори на уринарен систем.

Делот ендокринологија ги обработува следните теми: ендокринолошка пропедевтика, лабораториски испитувања и визуелизациони техники за ендокринолошките заболувања. Понатаму ја обработува пропедевтиката со одредени заболувања на хипофизата, тироидна жлезда, паратироидните жлезди, надбубрежните жлезди, машкиот и женскиот репродуктивен систем,секој посебно како целина и на крај ги објаснува и остеопорозата и дијабетес мелитус.

Делот ревматологија ги обработува следните теми: ревматолошка пропедевтика со лабораториски иследувања и техники на визуелизација на: воспалителни ревматски заболувања (идиопатски артритиси, системски болести на сврзното ткиво пратени со артралгија, инфективни артритиси и метаболички артропатии), дегенеративни заболувања и вонзглобен ревматизам.

Делот токсикологија ги обработува следните теми: токсиколошка пропедевтика и краток опис на труења со лекови, труења со алкохол, труења со печурки, труења со пестициди, труења со корозивни средства, труења со јаглероден моноксид.

Посебно значење на ракописот му дава богатата илустрираност, која го збогатува текстот и претставува негово дообјаснување во однос на начините на клинички преглед на адултен болен од интернистички аспект.

## ЗАКЛУЧОК

Скриптата претставува значајно дело, кое со својата структура и наставните целини кои се елаборирани системски и прегледни на лесен и разбирлив говор, е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, воспримат и да ја разберат суштината на клиничкото испитување кое претставува темел за понатамошното доградување. Секако таа е еднакво корисна и за веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото.

Имајќи го предвид изнесеното, како и намената на овој ракопис, со задоволство му препорачуваме на Наставно- научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да го прифати ракописот „ Клиничко испитување – интернистички аспекти на преглед на адултен болен “ – скрипта од авторите доц. д-р Гордана Камчева и проф. д-р Марија Вавлукис за објавување во е-библиотека.

**Рецензенти**

**Д-р Билјана Илиевска Попоска, насловен вонреден професор, с.р.**

**Д-р Валентина Велкоска-Накова, доцент, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФИЗИКА НА ЗЕМЈАТА” ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р БЛАГИЦА ДОНЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702–146/6 од 8 - мата редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки одржана на ден 3.9.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Тодор Делипетров, редовен професор во пензија
- Проф. д-р Крсто Блажев, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

за изготувување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ФИЗИКА НА ЗЕМЈАТА**” од **авторот доц. д-р Благица Донева** наменет за студентите од прв циклус на студии при Факултетот за природни и технички науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за скрипта „Физика на Земјата“ од доц. д-р Благица Донева, е конципиран и пишуван според Наставниот план и програмата за предметот Физика на Земјата, кој се изучува на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, во прва година, втор семестар, на насоката Географија, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 3+2+2 и носи 8 кредити, вкупно 240 часа. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по предметот Физика на Земјата, е претставен во текст од вкупно 109 страници, 78 слики, 14 табели и листа од 12 библиографски единици. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за скрипта и кореспондира со бројот на часови на предметот Физика на Земјата за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Скрипта што обработува иста содржина досега не е објавена на Универзитет „Гоце Делчев”. Нормално, материјата од некои поглавја помалку или повеќе е застапена и во другите скрипти од геофизичките науки, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата ракописот е автентично дело.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во неколку поглавја и тоа:

1. ПОЛОЖБА НА ЗЕМЈАТА ВО СОНЧЕВИОТ СИСТЕМ
2. ГРАДБА И СОСТАВ НА ЗЕМЈАТА
3. ЕНДОГЕНИ ПРОЦЕСИ
4. МЕТАМОРФИЗАМ
5. ЕНДОГЕНИ ГЕОЛОШКИ ПРОЦЕСИ
6. СЕИЗМОЛОГИЈА
7. ГРАВИМЕТРИСКО ПОЛЕ НА ЗЕМЈАТА
8. ГЕОМАГНЕТНО ПОЛЕ НА ЗЕМЈАТА
9. ГЕОЕЛЕКТРИЧНО ПОЛЕ НА ЗЕМЈАТА
10. ТЕРМАЛНО ПОЛЕ НА ЗЕМЈАТА

Во првото поглавје е прикажан сончевиот систем и положбата на Земјата во него. Земјата претставува една од осумте планети што се вртат околу Сонцето, кое пак е една од стотоците милијарди ѕвезди што се наоѓаат во Галаксијата на Млечниот Пат. Покрај Земјата, во составот на Сончевиот систем влегуваат планетите: Меркур, Венера, Марс, Јупитер, Сатурн, Уран и Нептун, како и сателитите на планетите, неколку илјади мали планети (астероиди), комети, маса од расеан гас и прашина, при што големината на цврстите честички - "прашина" - варира од делови од милиметарот до десетици и стотици метри во пречник. Овие цврсти честички се познати како метеорски тела.

Во втората глава е прикажана градбата на Земјата и нејзиниот состав. За определување на формата и големината на Земјата се користат податоците од астрономските набљудувања, а исто така мерењата од самата површина на Земјата и од вселената.

Познато е дека Земјата се состои од цврста, течна и гасовита материја, кои се наоѓаат во одреден редослед, кои го градат внатрешното јадро и обвивките на планетата. Тие повеќе или помалку претставуваат правилни концентрични слоеви, кои се разликуваат помеѓу себе со нивните физички својства и состав.

Прикажани се густина и маса на земјата; распределба на силата на тежата, топлина на Земјата и потекло на внатрешната земјина топлина, магнетизам на Земјата и хемиски состав на Земјата.

Во третиот дел се опишани ендогените процеси, односно процесите кои настануваат внатре во Земјата од енергијата која се ослободува како резултат на развитокот на материјата во нејзините внатрешни делови.

Ендогените процеси се манифестираат во форма на магматизам, метаморфизам и деформации на земјината кора. Тие се изразуваат со движењето и распределбата на материјата од која е изградена Земјата, со преод на материјата од една состојба во друга, односно од една форма во друга.

Меѓу ендогените процеси, магматизмот ги обединува сите физичко-хемиски и механички процеси поврзани со движењето и кристализацијата на магмата. Магмата претставува густа маса (магма на грчки значи мазиво), силикатен растоп, што доаѓа од длабоките делови на земјината кора или од мантијата. При нејзиното зацврснување (при ладење) настануваат магматските карпи, кои се најзастапени во земјината кора. Кога магмата, при нејзиното движење кон површината на Земјата, нема да излезе на самата површина туку ќе оцврсне во литосферата, таквата појава се нарекува плутонизам или длабински интрузивен магматизам. Процесот на ерупција на усвитена магма, гасови и пареа од внатрешноста на Земјата и настаните што се поврзани со неа се познати како вулканизам.

Четвртото поглавје го опишува метаморфизмот со кои се поврзани различни измени во структурата, минералошкиот и хемискиот состав на карпите, во новонастанати услови, односно под дејство на промена на притисокот и темпеартурата. Се издвојуваат два типа на метаморфизам: 1. контактен метаморфизам и автометаморфизам поврзан со интрудирање на магматските карпи и 2. динамометаморфизам кој е поврзан со тектонските деформации на карпите.

Во петтата глава се обработени движењата во внатрешноста на Земјата, односно тектонските движења. Генерално, тектонските движења се делат на: вертикални и хоризонтални. Вертикалните движења се насочени по радиусот на Земјата, а хоризонталните се паралелни на самата земјина кора.

Вертикалните движења имаат осцилаторен карактер и тие се издвојуват како осцилаторни движења. Како што напоменавме, вертикалните движења имаат општ карактер и тие го создаваат фонот на останатите тектонски движења. Овие движења, кои се манифестираат на големи површини и се усмерени долготрајно во еден правец, во геологијата се познати како епирогени движења, за разлика од орогените (или дислокациони) кои се манифестираат со голем интензитет на диференцираност.

Во шестиот дел е опишана сеизмологијата, која претставува наука за земјотресите, нивното жариште, распространување на сеизмичките бранови низ Земјината внатрешност и сите други појави поврзани со нив.

Дадени се типовите на сеизмички бранови (просторни и површински), како земјотресите и нивните параметри. Прикажан е начинот на одредување на енергијата на земјотресите, регистрирањето и мерењето на интензитетот на земјотресите. Исто така, дадена е и сеизмичноста на територијата на Македонија.

Седмата глава го опишува гравиметриското поле. Гравитационото поле на Земјата зависи од нејзините димензии, внатрешната градба, нејзината положба во Сончевиот систем и ротацијата вдолж траекторијата на нејзината еклиптика, како и меѓусебното дејство на гравитационите сили со Сонцето и другите небески тела. Реално, на гравиметриското поле на Земјата, релевантно е само гравиметриското влијание на Сонцето и Месечината.

Опишана е гратационата сила и гравитационата константа, анализата на гравиметриското поле, како и гравитационото поле на Македонија.

Во осмото поглавје е даден краток осврт на геомагнетното поле. Прикажани се елементите на полето, картите кои се изработуваат врз основа на мерењата на елементите на геомагнетното поле, варијациите на геомагнетното поле.

Зависно од нивната периода и карактерот на варијациите на магнетното поле тие може да се поделат во две групи: Бавни варијации, кои се нарекуваат вековни или секуларни. Тие се во тесна врска со причинителите кои се наоѓаат во внатрешноста на Земјата и се предизвикани од слични или исти причинители кои го предизвикуваат и главното магнетно поле на Земјата и Брзи варијации од периодичен тип чии причинители се во тесна врска со настаните во јоносферата.

Магнетни нарушувања се варијации на магнетното поле на Земјата кои немаат одредена природа и на прв поглед оставаат впечаток на варијации со произволна форма. Кога амплитудата на таквите варијации ќе достигне голема вредност, често пати повеќе стотици па и илјада нанотесли, се нарекуваат магнетни бури.

На крајот од ова поглавје е прикажано магнетното поле на Македонија и основната мрежа на геомагнетните станици, поставени на територијата на целата држава, кои служат за периодични мерења на тие точки во интервал од 3 - 5 години и врз база на опсервираните податоци се формира геомагнетен модел за таа територија.

Деветтиот дел го прикажува електричното поле на Земјата. Геоелектриката е гранка на геофизиката која ги изучува и прати електричните и заедно со геомагнетиката електромагнетните полиња на Земјата.

Познавањето на геоелектричното поле е во тесна врска со изучувањето на магнетното поле на Земјата, но не треба да се заборави придонесот што геоелектриката и другите геофизички дисциплини го даваат во формирањето на пореален модел на Земјата како планета.

Можноста за примена на геоелектричните испитувања се базира на фактот дека минералите кои го сочинуваат карпестиот комплекс поседуваат различни електрични, а делумно и магнетни својства.

Во десетата глава е прикажано термалното поле на Земјата. Топлината со која располага Земјата доаѓа од два вида на извори: извори од внатрешноста на Земјата и земјината кора, процесите кои се одвиваат во Земјата и при кои се ослободува топлина и Извори кои потекнуваат од вселената.

Внатрешните извори, од своја страна, се делат на примарни и секундарни.

Примарните внатрешни извори на топлина во Земјата дејствуваат од времето на нејзиното настанување, а тоа се: распаѓањето на радиоактивните елементи, триењето како последица на плимата и осеката на земјината површина под дејство на привлечните гравитациони сили на Сонцето и Месечината, релаксацијата на еластичните напрегања, гравитационата диференцијација, прегрупирањето на електронските обвивки на атомите и остатокот на топлина од времето на постанокот на Земјата.

Секундарни извори на внатрешна топлина на Земјата и земјината кора се процесите кои се последица од прераспределбата на внатрешната енергија од изворите од првата група. Овие процеси имаат просторно ограничено појавување, посебно во земјината кора и предизвикуваат геотермални аномалии, односно се појавуваат како посебни извори на топлина. Во оваа група на извори спаѓаат: ендотермните реакции, промените во агрегатните состојби, триењето меѓу поедини блокови во земјината кора, литификационите процеси, земјотресите, топлината од вулканизмот и магматските интрузии.

## ЗАКЛУЧОК

Материјата обработена во ракописот за скрипта со наслов „Физика на Земјата“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Физика на Земјата, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во совладувањето на овој предмет.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „Физика на Земјата” од доц. д-р Благица Донева да биде издаден како учебно помагало – скрипта за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Тодор Делипетров с.р.**

**Проф. д-р Крсто Блажев с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФИЗИКА НА ЗЕМЈАТА (ПРАКТИКУМ)"**
**ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р БЛАГИЦА ДОНЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1702 – 171 / 8 од 10 - тата редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки одржана на ден 16.10.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Тодор Делипетров, редовен професор во пензија
- Проф. д-р Крсто Блажев, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

за изготувување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ФИЗИКА НА ЗЕМЈАТА (ПРАКТИКУМ)**" од **авторот доц. д-р Благица Донева** наменет за студентите од прв циклус на студии при Факултетот за природни и технички науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за практикум „Физика на Земјата" од доц. д-р Благица Донева, е конципиран и пишуван според Наставниот план и програмата за предметот Физика на Земјата, кој се изучува на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во прва година, втор семестар, на насоката Географија, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 3+2+2 и носи 8 кредити, вкупно 240 часа. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на практикум по предметот Физика на Земјата, е претставен во текст од вкупно 35 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за скрипта и кореспондира со бројот на часови на предметот Физика на Земјата за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум што обработува иста содржина досега не е објавена на Универзитет „Гоце Делчев".

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во неколку поглавја и тоа:

1. Сончев систем
2. Градба на Земјата
3. Ендогени процеси

4. Сеизмологија
5. Гравиметриско поле на Земјата
6. Термално поле на Земјата

Во првото поглавје *Сончев систем*, прикажани се теориите за Сончевиот систем, односно геоцентричниот модел кој бил предложен од Птоломеј и хелиоцентричен систем, предложен од Аристарх.

Како задача за студентите е предложено скицирање на Сончевиот систем.

Второто поглавје *Градба на Земјата* е претставена градбата на Земјата која се состои од цврста, течна и гасовита материја, кои се наоѓаат во одреден редослед, кои го градат внатрешното јадро и обвивките на планетата. Тие повеќе или помалку претставуваат правилни концентрични слоеви, кои се разликуваат помеѓу себе со нивните физички својства и состав.

Како задача за студентите е поставено скицирање на градбата на Земјата со сите нејзини слоеви и длабочини на кои се наоѓаат.

Во третото поглавје *Ендогени процеси*, на кратко се опишани процесите кои настануваат внатре во Земјата од енергијата која се ослободува како резултат на развитокот на материјата во нејзините внатрешни делови.

Ендогените процеси се манифестираат во форма на магматизам, метаморфизам и деформации на земјината кора.

Во практикумот се објаснети накратко плутонизмот – длабинскиот интрузивен магматизам, вулканизмот, морфологијата на вулканите, типови на вулкани и продукти на вулканската активност. За сите овие подпоглавја е дадена по една задача која студентите треба да ја реализираат (вкупно четири задачи).

Четвртото поглавје *Сеизмологија* се однесува на земјотресите, нивното жариште, распространување на сеизмичките бранови низ Земјината внатрешност и сите други појави поврзани со нив.

Земјотресите се природна појава, која настанува во земјината кора и подлабоко во внатрешноста на Земјата. Тие се резултат од движењета на поедини делови на земјината кора и процесите кои се развиваат во тектоносферата, а кои се постојани и непрекинати во текот на развојот на Земјата.

Како задачи за студентите се дадени да ги набројат и објаснат типовите на земјотреси, како и нивните параметри.

Во петтото поглавје *Гравиметриско поле на Земјата* студентот се запознава со гравитационата сила и редукцијата на силата на тежата. При гравиметриските истражувања кои се реализираат за решавање на различни геолошки проблеми, потребно е да се врши редукција на нормалната вредност од површината на елипсоидот (со кој ја апроксимираме Земјата) на земјината површина, бидејќи аномалното гравитационо поле (ова поле го одразува распоредот на масите во земјината внатрешност) мора да се познава за теренот на кој се вршени истражувањата, а не за површината на елипсоидот.

За таа цел се користат следните поправки за редукција на силата на тежата: Поправка зе висина, Поправка за слој или Бугеова поправка, Топографска поправка и Поправка на Преј.

За студентите се дадени неколку задачи кои, со помош на дадените формули, треба да ги решат.

Во шестото поглавје *Термално поле на Земјата* студентите, накратко, се запознаваат со потеклото на внатрешната топлина на Земјата, односно изворите на топлина кои се наоѓаат во земјината внатрешност.

За студентите се дадени седум задачи кои треба да ги решат. Се однесуваат на конверзија на единиците за температура од една во друга, одредување на температурниот градиент и неколку задачи за одредување на количество топлина.

## ЗАКЛУЧОК

Материјата обработена во ракописот со наслов „Физика на Земјата“ (практикум) во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Физика на Земјата, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Имајќи го предвид изложеното, рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип **да го прифати ракописот „Физика на Земјата” (практикум) од доц. д-р Благица Донева да биде издаден како практикум за студентите по истоимениот предмет.**

**Рецензенти:**

**Проф. д-р Тодор Делипетров, с.р.**

**Проф. д-р Крсто Блажев, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно - научниот совет на единицата**

| | | |
|---|---|---|
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | | |
| **1.** | ***Наслов на тема*** | Издршката во предмети со странски елемент |
| | ***Одлука бр.*** | 1102-168/17 од 20.11.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Вон. проф. д-р Игор Камбовски |
| | ***Кандидат*** | Елена Тасева |
| **2.** | ***Наслов на тема*** | Заштита на детето од насилство во македонското законодавство |
| | ***Одлука бр.*** | 1102-168/18 од 20.11.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска |
| | ***Кандидат*** | Иван Недев |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | | |
| **3.** | ***Наслов на тема*** | Дизајн на мултифункционален мебел применет во мали туристички капацитети |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-332/7 од 1.12.2015 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Катерина Деспот |
| | ***Кандидат*** | Александар Игнатов |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | | |
| **4.** | ***Наслов на тема*** | Важноста на молекуларната дијагностика и скрининг програмите во мониторинг и евалуација на колоректален карцином во Р. Северна Македонија |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-226/28 од 19.11.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Невенка Величкова |
| | ***Кандидат*** | Јованка Трпковска |

| | | |
|---|---|---|
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| **5.** | ***Наслов на тема*** | Банкарски ризици при кредитирање на деловните субјекти во РСМ |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-139/14 од 26.11.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Љупчо Давчев |
| | ***Кандидат*** | Бисера Михајлова |
| **6.** | ***Наслов на тема*** | Жените и лидерството: развој, стил на лидерство и ефикасност со анализа на застапеност на жени лидери во Република Северна Македонија |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-139/17 од 26.11.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Љупчо Давчев |
| | ***Кандидат*** | Радица Јованова |
| **7.** | ***Наслов на тема*** | Организациски и сметководствени контроли и ревизија на залихите |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-139/16 од 26.11.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Јанка Димитрова |
| | ***Кандидат*** | Камелија Трајанова |
| **8.** | ***Наслов на тема*** | Комплексноста на менаџментот на финансиските институции и успешно градење на кариера во Банките и другите финансиски институции |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-139/15 од 26.11.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Трајко Мицески |
| | ***Кандидат*** | Благој Димитров |
| **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| **9.** | ***Наслов на тема*** | Имплицитните лексички негации во германскиот и македонскиот јазик |
| | ***Одлука бр.*** | 1902-155/5 од 27.11.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Драгана Кумановска |
| | ***Кандидат*** | Лидија Ристова |